

мирослав грчев

# пирови победи на патот за европа

ТЕМПЛУМ

# Градог

Ако одбереме објективна, дури не историска туку природонаучна точка на посматрање, за ВМРО можеме да речеме дека е биолошки феномен, елемент на природата. Таа природа е смртоносна за Македонија како што е природата на филоксерата за виновата лоза или компировата златица за компирот или вирусот на еболата за човекот: тоа се штеточини во чии гени е запишана смртта на нивниот домаќин.Така што, наместо на ВМРО, вината за штетите и злосторите што ѝ ги нанесе на Македонија повеќе треба да се префрли на оние што упорно не ја препознаваат природата на тоа инхерентно Зло и ја аболираат злосторничката партија од секаква вина, за да може и понатаму активно да го реализира својот зловестен генетски запис како легална политичка партија. Вистинската вина лежи врз нашите ментори од меѓународната заедница и врз сите нас во библискава земја што неодговорно оставаме таа партија да се гнезди и обновува врз купот украдени пари, во својата украдена штаб-квартира, пред која се простира украдениот партиски плоштад, среде кој жубори фонтана во која бронзеното вмровско лавче везден весело се капе во бистрата комунална вода на македонската престолнина.

Уредник на едицијата: Никола Гелевски

Графичко уредување и дизајн:
Кома

Лектор:
Сузана В. Спасовска

Печатница:
Графика Плус, Качанички пат бб, Визбегово

Издавач:
„Темплум"

Тираж:
200

www.templum.com.mk
templum@t-home.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

304.4(497.7)"2016/2019"(046)
329ВМРО-ДПМНЕ:323(497.7)(046)

ГРЧЕВ, Мирослав
Пирови победи на патот за Европа : текстови од скорешниот заборав 2016-2019 / Мирослав Грчев. - Скопје : Темплум, 2020. - 435 стр. : илустр. ; 20 см. - (Едиција Градот / Никола Гелевски ; кн. 21)

Поговор / Бојан Иванов: стр. 430-434

ISBN 978-608-4871-39-2

а) ВМРО-ДПМНЕ -- Владеење -- Македонија -- Колумни б) Македонија -- Општествено-политички прилики -- 2016-2019 -- Колумни

COBISS.MK-ID 52690693

едиција
ГРАДОТ

книга
21

Мирослав Грчев

# ПИРОВИ ПОБЕДИ НА ПАТОТ ЗА ЕВРОПА

текстови од скорешниот заборав
2016-2019

Темплум
Скопје, 2020

# СОДРЖИНА


Наместо вовед ... 10

Забавен парк за неказнето изживување на Злото ... 15

Нормални избори во ненормални услови ... 19

Референдум за поврат на украдената држава ... 24

Чифлигари со мртви души ... 28

Магионичарската претстава на Мујо и Грујо ... 31

Демонтирање на диктатурата на злото ... 35

Приоритет на историскиот миг ... 38

Една снежна и бајковита зимска ноќ ... 42

„Тунелската свест“ на преживеаното девојче ... 46

Волот в зелка ... 50

Хибернирани кретени по улиците на Скопје ... 54

Гомна во парламентот ... 58

Ернан Кортес, Франциско Писаро и Николае Груеску ... 62

ВМРО, никогаш повеќе! ... 66

„Вистинските луѓе“ од најстар ков ... 70

Неуспешен пуч на вмровските орди! ... 74

Празните рептилски очи на вмровските кољачи ... 78

Зол Вол од водњанскиот дол! ..... 82

Македонскиот политички канцер
наречен вмрома ..... 86

Политичка партија што не смее да постои! ..... 90

Грамадна планина од изопачени закони ..... 94

Изопачени закони, глупаво собрание ..... 98

Денацификација на „Скопје 2014“ ..... 102

Справување со спомениците на Злото ..... 106

Скопје 2014: абортирање на плодот од силувањето ..... 110

Најден е шлемот на Александар Македонски! ..... 114

Ако не ви смрди, тогаш ништо ..... 119

Замок изграден од нормативен отпад ..... 124

Ние сме „измислена нација“ ..... 129

Лажни, но попрво тажни идентитети ..... 133

Војна и мир во балканската дробина ..... 137

Пиперките од уши не ги вадиме! ..... 141

Веселото жуборкање на партиската фонтана ..... 145

Фашистичката „длабока држава“
е сѐ уште на власт ..... 149

Идентитет за кој не се преговара ..... 153

Судбината на човештвото во раце
на полудениот орган ..... 157

Препознајте ја слободата: гласајте без страв! ..... 162

Но, дали слободата ќе умее да пее? ..... 166

Мочање врз проблемот со името,
со инверзна метода ..... 171

Зошто беше полесно да се изгради
„Скопје 2014“, отколку да се сруши? 175

Сите држави и нации се измислени,
па и македонската! 179

Данинг-Кругеровиот ефект
не ја напушта Македоња! 183

Ако „сите сме ВМРО“, македонската
нација не постои! 187

Југословенско сугаре со нарушен идентитет 191

Ем сере, ем зеље бере 195

Скопските копролити скриени под брдо! 199

Наместо да се реформира,
ВМРО треба да се расформира! 203

Божик и роденденот
на македонската нација 207

Жртви загрозени од слободата 211

Грујо и златниот вардарски клен 215

Ружата ќе мирисаше слатко и со друго име! 219

„Веслање“ на бранот на историските тенденции 223

Окамовото сечило за спас на Државниот архив! 227

Калта низ која сѐ уште пливкаме 231

Откршоци од напуштената соба без ѕидови 235

Киеркегардовата формула
за инвентаризација на злосторот 239

Домашното поплавче и глобалниот
потоп на разумот 243

Од каде потекнуваме, што сме и каде одиме? 247

Смртоносна доза нормативен контаминат ........................ 251
Пандорината кутија на Европа ............................................255
Нашиот дробен, непостојан ум............................................259
Исклучокот, живот што значи............................................ 264
Со името и промена на кретенскиот идентитет, молам! ........................................................268
Недостоинство на лажниот идентитет ................................272
Послушајте, патриоти!............................................................276
Исчезнување на консензусот околу основните факти ........................................................280
Северно од Александар, кон Европа ................................. 284
На добар сме пат, а некои веќе и се враќаат!........................288
Од ништото – ништожник бидува!........................................292
Магаре во Прилеп, магаре во Беч ........................................296
Референдумско палмино дрво ............................................300
Ментално осиромашен вмрониум........................................ 304
Во рамки на статистичка и генетска грешка ......................308
Темниот ендек што мириса на буниште ............................. 312
Симетрично решение на асиметричниот спор ................ 316
Затворање на вмровскиот конзулат .................................... 321
Ноќната смена, нашиот водач низ животот .......................325
Или ВМРО или Македонија ..................................................330
Холивудското влажно крпче............................................... 334
Пирови победи на патот во Европа......................................338
Повторно сами со вмровскиот фашизам............................ 342

За свеста на македонскиот стаорец ..... 346
Кретени во совршен вмровски костум ..... 351
Скаска идиот што ја реди ..... 355
Монти Пајтон среде Водњанска! ..... 359
Денот кога се запали факелот на македонската република ..... 363
Есеј за вмрото и копрофагијата ..... 367
Понижувачката тишина на самозаборавот ..... 371
Homo nonsapiens macedoniensis ..... 376
Замаглените хоризонти на нашите копнежи ..... 380
Десно од центарот - гужва, лево нема никого ..... 384
За неолиберализмот, ни нов, ни либерален ..... 389
„Такво нешто како што е општество не постои“ ..... 393
Подобро да испаднеш будала, отколку од воз ..... 397
По стрмна историска суводолица со расипани кочници ..... 401
Во ледената сенка од трагедијата ..... 405
Идно потрошено време ..... 409
Заробено општество ..... 413
Амнестија без покајание ..... 417
За демократијата што тоа не е ..... 422
Држава што не го оправдува своето постоење ..... 426

Поговор ..... 430

# НАМЕСТО ВОВЕД

Повеќе од четири илјади деноноќија македонското општество трпеше порази од мафијашката партија-држава на ВМРО. Оваа епска трагедија го испразни нашево напатено земјиче од неговите најважни и бесценети блага: од младината што избега од земјата, од културата на солидарност и соживот, од моралните вредности, самопочитта и самоспознавањето, дури и од надежта за каква и да е посакувана иднина. Материјалните траги од овие порази денес како отворени гнојни рани ни го дефинираат идентитетот и секојдневиeто. Нашата престолнина стана светски позната депонија на најгротескниот архитектонско-скулптурален кич од кој еманира свежа реа на вмровскиот фашизам. Ние, некогашните поданици на „заробената држава", со чиишто пари е изградено ова чудовиште, го носиме „Скопје 2014" како личен белег со кој и целиот свет и ние самите се препознаваме како нација на кретени, што не е способна да го сочува ниту својот идентитет и културно наследство, ниту сопствената историја, а ниту пак да обезбеди консензус околу основните факти за своето постоење. И, конечно но не и последно, земјата е сурово ограбена од мафијата на ВМРО, а институциите на државата се сеуште потполно декапацитирани и дисфункционални.

Сепак, со здружени граѓански и политички сили и со значителна помош од нашите пријатели од странство, успеавме да оствариме изборна победа над режимот, тенко парламентарно мнозинство и нова извршна власт, што почна да реди и други победи над огромното метастазирано мафијашко-партиско чудовиште на ВМРО. Најголемата победа на новата власт беше

неочекуваното и запрепастувачки елегантно и брзо решавање на заложничката криза што ни ги затвораше вратите во евроатлантските интеграции. За сите овие победи таа плаќаше висока цена, зашто власта ја презема под услови што од самиот почеток се покажаа како неодржливи: услови кои диктираа потреба злосторничката партија да се третира како легална опозиција, во државната администрација да не се замени ниту еден државен службеник, да не се „дразни" вмровски ориентираното население со расчистувањето на архитектонските фекалии од центарот на престолнината, да не се направи генерален реизбор на судии и обвинители и да се одржува правниот и фискалниот континуитет по сите бразди што ги заора претходниот криминален режим.

Затоа, сите овие победи што ги нанижавме во битката со вмровското зло, до тегобност несопирливо ме потсеќаат на веќе пословичните Пирови победи пред 23 века. Кралот Пир од Епир, успеал да влезе во историјата славно победувајќи во две битки против Римјаните, во битката на Аскулум во 279 п.н.е. и една година подоцна, во битката кај Хераклеа. Но, историјата не го памети Пир поради победите над тогаш растечката римска воена моќ, туку поради зборовите што ги изговорил по победите. Според Плутарх, тие зборови биле: „Ако ги победиме Римјаните во уште една битка, ќе бидеме потполно уништени." Пир всушност ја коментирал огромната цена што ја платила неговата армија за добиените битки, па Пировата победа за сите времиња стана синоним за победа која повеќе личи на пораз, зашто според жртвите што се дадени за неа, безмалку не се разликува од него.

Цената што Македонија и ја плаќа на ВМРО веќе сега ги претвора во Пирови победи сите досегашни, а безбели и идни нејзини победи на патот кон геополитичката безбедност и безусловното меѓународно признавање. Зашто, самата политика на кон-

тинуитет и признавањето на ВМРО-ДПМНЕ за легална партија и активна опозиција, практично значи комплетна амнестија на злосторничката партија за сите злостори што ги сторила кога се поистоветила со народот и државата, ги заробила и злоупотребила, и потем ги ограбила и уништила. Општата амнестија што е безгласно но безусловно прогласена над целото ова злосторничко здружување, ги поништува и суштински и практично сите можни победи на патот кон Европа.

Претходните редови, почитувани читатели - со мали измени се разбира - ги напишав во колумна насловена „Пирови победи на патот во Европа" што беше печатена во „Слободен печат" на 20 октомври 2018 година, па не знам точно зошто, но ми дојде да ви ја подметнам денес, две години подоцна, наместо вовед во читањето на овие текстови, извадени од темните и непрозирни води на скорешниот заборав и собрани на купче под истиот наслов.

Скопје, декември 2020

# ЗАБАВЕН ПАРК ЗА НЕКАЗНЕТО ИЗЖИВУВАЊЕ НА ЗЛОТО

**19.11.2016**

> Македонската стварност под власта на еден криминален и морално первертиран режим каков што е оној на ВМРО, во потполност структурално наликува на дистопијата во Вестворлд

Згаден од македонската стварност, потклекнав и побарав олеснување во зашѐеметувачкиот чад на филмските опијати, во високобуџетните англофонски телевизиски серии. И, што ми се случи? Како во старата сказна за неизбежноста од судирањето со сопствената судбина точно таму каде што сте намериле да избегате од неа - и јас налетав на филмската серија Вестворлд. Во оваа амбициозно напишана и продуцирана серија дејствието се одвива во еден огромен забавен парк – Вестворлд, во кој сиот пејсаж, сценографија и костимографија, практично сѐ што се гледа и случува, е како да е извадено од класичните американски вестерн филмови на Џон Форд. Но тоа е единственото што оваа серија ја врзува со романтичните прикази на американскиот див запад.

Серијата е всушност футуристичка дистопија, во која забавниот парк е технолошки супернапредна имитација на измислениот вестерн свет населен со андроиди, човеколики роботи со изглед, интелигенција и перформанси што ги прави идентични со вистинските луѓе. Овие андроиди наречени „домаќини“ ги играат своите улоги само за да им овозможат на вистинските луѓе – „гостите“, супербогатите посетители на паркот – да ги изживуваат своите најниски нагони на злото, неказнето и без последици. Така, тие ги малтретираат и убиваат „домаќините“ секој ден одново, а преку ноќ измасакрираните андроиди одат на поправка - физичка реституција и психолошко ресетирање. Најважната функција на психолошкото ресетирање е бришењето на дневната меморија, односно на сеќавањата на повредите што ги преживеале „услужувајќи“ ги своите гости. Се разбира, проблемите во функционирањето на овој беспрекорен „угостителски“ бизнис се појавуваат кога кај некои андроиди низ сесиите на ресетирања се провлекуваат фрагменти на меморија за ужасите што им се случиле, што придонело во нивните вештачки мозоци да се појават елементи на самосвест и морална интуиција.

Што е одвратно во оваа филмска дистопија? Неподнослива е самата приказна, целиот измислен свет во кој мала група луѓе со пари ги плаќа околностите во кои може сосем неказнето да ограбува, убива и силува, единствено за задоволување на своите најдолни нагони. Уште поодвратно е што измислениот свет на Вестворлд е обмислен како успешна метафора на вистинскиот свет што го живееме во ерата на либерално капиталистичкиот Рај на земјата. Сите групи актери во филмската дистопија – „домаќините“ од редот на андроидите, и „гостите“ од редот

на богатата бизнис елита што го посетува паркот, како и управата на паркот и корпорациите што го финансирале „бизнисот", сите тие проклетници се препознаваат и во вистинскиот живот. А, се разбира, апсолутно најнесварливо во оваа дистопија е што во цели нејзини делови можеме да ја препознаеме родната Македоња, заедно со учесниците во нашиот Истворлд, но и сопствената улога во македонската преродбеничка сапуница - тоа гнасно и морално изопачено, бескрајно повторувано општествено-политичко риалити шоу.

Македонската стварност под власта на еден криминален и морално первертиран режим каков што е оној на ВМРО, во потполност структурално наликува на дистопијата во Вестворлд, а најмногу од се наликуваат основните премиси на постоењето и одржливоста на овој забавен парк на Злото. Тоа се, пред сѐ, неказнивоста на сите злостори што се вршат во паркот и програмски вградената беспомошност на „домаќините", што резултира со нивната невозможност да се одбранат или на каков и да е начин да им наштетат на „гостите" што ги убиваат и силуваат. Понатаму, оваа суштинска нерамноправност меѓу луѓето и андроидите, нагласена со отсуството на какви било „спортски", фер или етички норми и правила, го чини самото мотивациско јадро на атрактивноста на паркот, суштина на неговата „туристичка понуда". Одржливоста на овој ужасен парк за изживување на Злото е можност за ресетирање на „домаќините", што, како што веќе опишав, се врши со бришење на нивните сеќавања на ужасните настани што им се случиле претходниот ден – исто како историскиот ревизионизам и лажењето за минатото на кое сме секојдневно изложени...

Ајајајај, можете да замислите, почитувани читатели, колку многу уживав во серијата во која во перверзниот „парк“ ја препознав Македоња, нејзиното напатено население како „домаќини“, а гостите и управата како владеачката државно-партиска мафија на ВМРО. Самиот се препознав како дефектен андроид на кој поради грешки во програмската платформа му се протнале сеќавања за вистинското минато и болни, кошмарни блесоци на самосвест и рането човечко достоинство.

Нема каде да се избега од морничавата фикција на Вестворлд: како и во филмската верзија, и македонскиот Истворлд повторно се подготвува за генерално ресетирање на „домаќините“, што во серијата се случува кога се менуваат „приказните“ што ќе се „играат“ следните сезони. Генералното ресетирање кај нас го викаме „избори“ и, како што гледам, „управата“ и „гостите“ од ВМРО учествуваат со вообичаената самодоверба дека нивниот систем за програмирање на „домаќините“ и нивната инфраструктура и инсталиран софтвер за местење на изборниот резултат ќе резултира со уште една сезона од неограничено долгото прикажување на нивниот разбојнички серијал.

Зарем никој не сфаќа дека втурнувањето на целото општество во рутината на изборниот ритуал, без да се сменат „правилата на играта“, значи, во услови кога изборите ги организира криминалната партија што со злоупотреба на државата неказнето ги лажирала сите избори во нејзина „режија“ – само по себе ѝ ги намалува шансите на слободата?

# НОРМАЛНИ ИЗБОРИ ВО НЕНОРМАЛНИ УСЛОВИ

**26.11.2016**

> Според моето скромно мислење, ВМРО-Фашистичка не би смеела повеќе да учествува на ниту едни избори во Македонија, зашто безброј пати го прекрши и суспендира Уставот на Републиката.

Предизборната кампања што некни почна со полна пареа да ги полни медиумите со политички говори и слогани, како да го искорна целото општество од неговото секојдневно тркалање, од роморењето на нормалноста што оттекува низ олуците на времето. Ова масивно ресетирање е, меѓутоа, сосем изопачено, зашто „нормалниот развој на настаните“ требаше да биде во секоја смисла ненормален крај на една предолга криминална и авторитарна нормалност – требаше да биде една експлозивна и револуционерна промена на перверзната нормална ненормалност! За жал, се случи токму обратното: монотоната и повторлива предизборна митингашка ритуалност на настаните како уште повеќе да ја „нормализира“ ненормалноста!

Ако прашате некој замислен, непристрасен и не премногу заинтересиран странски набљудувач за настаните во земјава, човекот со зевање ќе ви промрмори дека во Македонија Мајндлес се случуваат уште едни предвремени избори, што најверојатно ќе бидат „мирни и добро организирани", по се изгледа во „демократска атмосфера" и, со вообичаено нормално и досадно исходиште. Со еден збор – на Запад(ниот Балкан) ништо ново. А, овие избори требаше да бидат завршницата на моќната „политичка криза" што конечно ќе му стави крај на раскринканиот клептократско-мафијашки режим на Груевски и неговата ВМРО-Фашистичка! Овие избори се планираното финале на Пржинските договори со коишто меѓународната заедница – вложувајќи го сиот свој политички авторитет – целеше да го сопре пропаѓањето на библиската земја во авторитарна диктатура и да ја врати на патеките на либералната демократија, правдата и просперитетот, повторно во насока на евроатланските интеграции! Да! Очекувањата од овие избори се ништо помалку од паѓањето на партиско-полицискиот режим, демонтирањето на партиско-мафијашката држава и ослободувањето и реституцијата на уставните институции! И, повторното воспоставување на темелните уставни вредности – поделбата на законодавната, извршната и судската власт, владеењето на правото, и се разбира, судската разрешница на веројатно најголемиот партиско-државен криминал во Европа по Втората светска војна!

Но, зошто ништо од ова не се чувствува во воздухот? Зошто луѓето од кои се очекува решително да го употребат својот глас и да ја исфрлат вмровската несреќа од нашата иднина, сè уште загрижено прашуваат: „Ќе паднат ли ОВИЕ, конечно?" Како авторитарните режими да се зре-

ли плодови, што наесен сами паѓаат од дрво? Како да не се случи Вистината за Македонија, и, како криминалниот режим на ВМРО да не е раскринкан, компромитиран и делегитимиран и пред домашната и пред меѓународната јавност? Се чини како во формулацијата на прашањето да е вградена некаква фатална недоверба во сопствената моќ на луѓето да влијаат на исходот на настаните, како тие да се пасивни земни набљудувачи што чекаат решението да дојде од небото - да задува некој моќен ветер и да го собори гнилото дрвиште на режимот. Тоа е затоа, претпоставувам, зашто изостанаа структурните реформи што беа обврска која потписниците на Пржинскиот договор – особено ВМРО и ДУИ – ја преземаа; структурните реформи што требаа според извештајот на Прибе да ги подготват условите за одржување на слободни, фер и демократски избори. Тоа е веројатно затоа што овие избори можеа да личат на нормални избори само доколку криминалниот режим беше претходно соборен и доколку условите за фер и демократски избори беа остварени пред да се организираат изборите.

Вака, имаме контроверзни и перверзни избори што треба да бидат кредибилни, а се одржуваат во некредибилен амбиент; тие треба да се демократски, а се одржуваат во тоталитарна држава во која една партија ги присвоила и ги злоупотребува сите институции и ресурси на државата; и, да бидат фер, значи неутрално и еднакво медиски покриени, а фашистичкиот режим го покрива целиот медиумски простор со својата мрежа приватни пропагандни медиумски контрачети. Повторно имаме политичка утакмица во која натпреварувач, тренер, судија и известувач е партијата на власт, па не е ни чудно што луѓето се колебливи: од смрдеата на режимот што се распаѓа, не можат, кутрите, да ја осетат авата на слободата!

Според моето скромно мислење, ВМРО-Фашистичка не би смеела повеќе да учествува на ниту едни избори во Македонија, зашто безброј пати го прекрши и суспендира Уставот на Републиката; зашто со носење на малоумни и криминални закони го контаминира вкупното законодавство; зашто ја корумпира и уништи македонската демократија и сите нејзини уставни институции до таа мерка што веќе не се препознава нивната смисла; зашто го помножи со нула вкупниот досегашен културен производ на македонското општество и културно-историскиот идентитет на нацијата. ВМРО не би смеела повеќе да учествува на ниту едни избори во Македонија, зашто го уништи во поим демократскиот принцип на партиската плуралност, воведувајќи еднопартиски мафијашки поредок во кој сите други партии се или мафијашки ограноци или псевдодемократски декор. ВМРО не би смеела повеќе да учествува на ниту едни избори во Македонија зашто на територијата на Македонија ги изобличи и первертира темелните системи на вредности – самите поими за Убаво, Добро и Праведно. Всушност, поради Огромниот Злостор што ВМРО го изврши врз македонската држава, култура и целото општество, оваа злосторничка партија би морало да се избрише од регистарот на партиите, а нејзините функционери и истакнати мафијашки соработници да се подвргнат на процес на судско санкционирање на злосторите, казнено-поправни мерки и – некаде во далечната иднина - мерки за нивна ресоцијализација.

Но, за жал, засега ниту една од овие мои мечти судбината не успеа да реализира во библиската земја, а пред нас заканувачки се истопорени перверзните „нормални“ избори под државно-партиска режија на ВМРО, во кои

Македонците ќе треба кротко и цивилизирано, со заокружување на едно бројче во гласачките ливчиња, да го соборат Злото! Ќе смогнат ли Македонците храброст да го заокружат вистинскиот број и да му плукнат на режимот в гроб?

# РЕФЕРЕНДУМ ЗА ПОВРАТ НА УКРАДЕНАТА ДРЖАВА

**10.12.2016**

> Колку далеку ВМРО е подготвено да оди во лажирањето на резултатот на изборите, и колку сме ние останатите подготвени да си ја браниме тукушто вратената слобода.

Гласањето в недела ќе биде еден од најпарадоксалните референдуми што се паметат во демократската практика. Тоа е зашто нема да се избира помеѓу различни политички опции, туку помеѓу слободата и диктатурата на Злото; не помеѓу различни политички програми, туку помеѓу враќањето на уставната демократија и понатамошното пропаѓање во партиско-мафијашки фашизам; не помеѓу различни политичари, туку помеѓу нормални луѓе и криминалци. Неделниот референдум е теоретска загатка и затоа што, практично, на изборите никој воопшто и нема да избира, и тоа поради едноставниот факт што сите ќе гласаат тоа што мораат!

Мнозинството македонски граѓани што ќе гласаат против диктатурата; практично и немаат друг избор поради животниот императив на слободата. Од друга страна, малцинството што ќе гласа за диктатурата, тоа исто така ќе го направи од морање – или поради стравот дека ќе ги стаса правдата за сторените криминали или соучесништвото во нивното извршување, или пак затоа што мораат да ги задржат моќта и парите на коишто станале зависни, или, на крајот, затоа што се уценети, корумпирани и застрашени од партиско-мафијашко-државниот рекет. На овие избори нема ниту неопределени, зашто по Вистината за Македонија и демаскирањето на морално изопачената власт, ниту еден нормален човек со здрава памет не може да биде неопределен. Оние што на анкетите се изјасниле како неопределени или дека не сакаат да се изјаснат, се граѓани што така само се штитат од заканата на тоталитарниот режим, а решиле да гласаат против диктатурата што им ја уништува иднината (доколку беа за режимот, зошто би се криеле?).

Сепак, иако изгледаат неверојатни и единствени, овие наши парадоксални избори откриваат состојби што борбата за власт ги остварила уште и пред да се појави античкиот урнек за современата демократија. Така, во „Животите и мислењата на големите филозофи“ од Диоген Лаертие постои единствен запис за закон што го напишал најстариот и, според преданијата, најмудриот атински законодавец Солон, уште во раниот 6 век п.н.е., што на јавните насилници и ништожници им го одземал правото јавно да зборуваат во собранието. Оваа норма е всушност етичкиот фундамент на демократијата, зашто таа им го дава правото да им пристапат на демократските тела (што се бават со јавни работи) само на луѓе чијашто

чест е неприкосновена. Дека корупцијата, среброљупството и криминогената алчност – кои се суштината на партиско-мафијашкиот режим на ВМРО – не се споиви не само со демократската, туку со каква било власт, можеме да прочитаме и во Платоновата „Држава“.

Платон - постулирајќи го најважното правило што мора да важи за сите што владеат - пропишал дека „единствено ним во државата им е забрането да имаат имот или каква и да е врска со златото и среброто“, зашто „ако стекнат сопствена земја, и куќи, и пари, тие ќе станат бизнисмени наместо владетели, и ќе станат непријателски владетели, а не сојузници на народот, тие ќе мразат и ќе бидат омразени, ќе прогонуваат и ќе бидат прогонувани цело време, повеќе ќе се плашат од непријателите во државата отколку од оние надвор и така и тие самите и целата држава ќе ја втурнат во пропаст.“ И, понатаму, анализирајќи ги слабостите на демократијата и нејзината кревкост на злоупотреба, Платон вели дека најголемата слабост на демократијата е дека таа нема да ги исфрли на власт најдоблесните и најкомпетентните за владеење, туку оние што станале „експерти“ само во добивањето на изборите и, конечно, дека тоа набргу ќе бидат оние што немаат никакви морални ограничувања бескрајно да ја злоупотребуваат својата „експертиза“ само за да останат на власт. Испаѓа дека сите филозофски кошмари на кои предупредувале грчките филозофи се остварени од страна на вмровските лоповишта во Македоња Вечна!

Така што, во услови кога една разоткриена криминална партиско-мафијашка држава излегува на избори против сопствените граѓани, слободарите одат на однапред добиени избори. Како знам, ќе прашате? Па, затоа што антирежимските граѓани се огромното и единствено

легитимно мнозинство во Македонија, а од страна на режимот се криминалци чии резултати се лажирани и нелегални по дефиниција! Поради тоа само две работи остануваат нејасни до недела вечер: колку далеку ВМРО е подготвено да оди во лажирањето на резултатот на изборите, и колку сме ние останатите подготвени да си ја браниме тукуштo вратената слобода. Смрт на фашизмот – слобода на народот!

# ЧИФЛИГАРИ СО МРТВИ ДУШИ

**17.12.2016**

> Во изборите од 11 декември повторно беше на тоталитарен начин погазена самата суштина на правото на слободен избор.

Кога ден пред избори, кревата од далечна туѓина, ќерка ми стаса во татковината да го даде својот глас за подобра иднина, преку лицето наместо ентузијазам имаше некаква темна сенка, и чувство дека стапнува на родната почва со тешко затруена душа. Оваа душевна контаминација и се случила за време на прелетувањето преку мрачниот континент, додека поради неуспешните обиди да заспие, ненамерно го ислушала разговорот помеѓу два млади македонски сопатници што исто така патувале дома да ја извршат својата граѓанска должност. Елем, двете машки деца два саати упорно бамбореле против обврската што им била наметната и морале да ја извршат: „да се појават“ на изборното место, за да „бидат видени и евидентирани“ од нивните господари од ВМРО.

Момчињата ги мачело чувство дека се фатени за врат од долгата рака на нивниот демиург и дека само ако „се евидентираат" и докажат дека „исправно гласале", ќе ги ослободеле од можна казна своите родители што останале во Македонија како заложници на нивниот партиски создател. Цели два саати овие современи македонски робови со спуштен глас и невротичен полушепот се бунеле против ропството што на криминален и фашистички начин им било наметнато со злоупотреба на авторитетот на државните институции. И сето тоа време, во мракот исткаен од фрустрацијата на нивната немоќ, не пробило ниту светле, не пак искра од некаква можност за промена и ослободување од прангите!? А, пак, можноста со глас против режимот да ги уништат киднаперите на нивните души, кај мажињата не се појавила ниту како примисла!

Бројот на ваквите поробени души во библиската земја, всушност, украдени гласачи или еден вид современо робје со феудален чифчиски менталитет и чувство дека нивните души се поседувани и управувани од ВМРО, е – само да проверам во тефтерчето - некаде околу 253 836! И, сите овие украдени гласачи се откраднати со отворено кршење на Уставот, со разбојнички јавно и насилно вршење на криминално дело што во Кривичниот законик се квалификува како Повреда на слободата на определување на избирачите (член 160), Поткуп при избори и гласање (член 162) и Изборна измама (член 165). Запрепастува фактот дека овој најмасовен и најмонструозен начин што еден авторитарен режим го употребува да ја поништи, подјарми и згмечи, слободата на определување и изборната волја на еден значаен дел од популацијата што егзистенцијално зависи од државните ресурси, повторно се минимизира и маргинализира во извештаите од меѓународните и домашните набљудувачи на изборите!

Зошто никој не ги валоризира, квантификува и санкционира стотиците пријавени случаи и форми на притисок на јавната администрација и другите абоненти на државата? Па, за овие случаи важи истото што и за буба-швабите: на една видена со сигурност може да се зборува за стотици или илјади што се фактички присутни, а не се видени. Така и за случаите на системскиот притисок врз избирачите што е субординиран и координиран од Центарот за лаги и злодејство на ВМРО: ако се пријавени и документирани 374 случаи на повреда на слободата на определување на избирачите, тоа значи дека такви кривични дела „успешно“ се изведени врз 253 836 чифлигари од балканскиот Темен вилает. Кога овие украдени мртви души на гласачи и нивните нелегални гласови ќе им се одземат на ВМРО, ќе им останат помалку од 200 000 сирачиња на Алехандро Магно, нивното вистинско – верно и доброволно – гласачко тело, заедницата на „крстоносци“ што гласа за својата партија со истата волја и интелектуален ангажман (и капацитет!) како и кучињата на Иван Павлов што лачеле стомачни сокови секогаш кога нивниот господар ќе им заѕвонел.

А, инаку, во Европската конвенција за заштита на човековите права пишува дека земјите потписнички се обврзуваат да организираат „слободни избори со тајно гласање, под услови што му овозможуваат на народот слободно да го изрази своето мислење за изборот на законодавното тело“. За жал, во изборите од 11 декември повторно беше на тоталитарен начин погазена самата суштина на ова важно право, и тоа делот што зборува за „условите што му овозможуваат на народот слободно да го изрази своето мислење“, без чиешто остварување изразувањето на слободната волја воопшто не е можно.

# МАГИОНИЧАРСКАТА ПРЕТСТАВА НА МУЈО И ГРУЈО

**24.12.2016**

> Поради контрастот помеѓу неговиот селско-нарикачки изговор и ѓоа херојската реторика, ова јавно читание се престори во вистинска надреалистичка самопародија.

Кога Груевски го прочита историскиот Проглас на ВМРО, точно се сеќавам - беше тоа на 17-ти црн декември, не можев да се оттргнам од чувството на шизофрена поделеност на реалностите што овој знаменит настан ги предизвикуваше во свеста на гледачот. Од една страна, траорната милитаристичка содржина на Прогласот претставуваше вистинско објавување на војна на целиот надворешен свет, затворање на земјата за какви и да е меѓународни влијанија, непризнавање на никаква одлука што се коси со фашистичката волја на ВМРО, ликвидација на граѓанскиот сектор во земјата и, се разбира, одбивање да се напушти власта под какви и да е околности. Од друга страна, пак, оваа ужасна содржина на Прогла-

сот беше исчитана од страна на Груевски со глас од кој како да беше исцедена душата, од засипнат, умрен глас што тивко се ронеше ко тресетна земја од неговата уста.

И, иако се работи за досега најзастрашувачкиот Проглас на ВМРО-Фашистичка од кога оваа историска несреќа ја навјаса македонската питомина, тој не уплаши буквално никого. Всушност, веројатно токму поради заразното чувство на поразеност на говорникот, што одзрачи многу посилно отколку малоумната содржина на Прогласот, и уште повеќе, поради контрастот помеѓу неговиот шуплив и веќе препознатливо селско-нарикачки изговор и ѓоа херојската реторика на имбецилното четиво, ова јавно читание се престори во вистинска надреалистичка самопародија. Безбели овој нереален контраст помеѓу македонската постизборна реалност и психопатската заблуда што во своите редови - како внатрешно партиска стварност - ја одгледува ВМРО, ме потсети на неверојатниот виц за Мујо магионичарот, што неодамна на Дежуловиќ средноќ му го прераскажал неговиот пријател Кожо.

Елем, се стретнале Мујо и Хасо по долго време, се прегрнале и изљубиле, и кога Хасо го прашал пајташот што го снемало толку, овој му одговорил дека никако немал време за дружење заради честите настапи. Какви настапи, прашува Хасо, а Мујо му одговара: „Е, јас сеа ти настапувам како магионичар.“ „Не зафркавај“, се смее во неверба Хасо, а Мујо упорен: „Ма, стварно, жими мајка“, запнал да го уверува, „сакаш ли да ти го покажам главниот трик?“. И вади Мујо од магионичарската торба голем чекан, и му го дава на Хасо. „Шо ќе ми е чеканов?“, прашува во чудење Хасо. „Удри ме со него по глава, па ќе видиш.“ „Ма, нормален ли си, баш по глава?“ А, Мујо

се мести, се концентрира и наредува: „По глава, и тоа со цела сила.“ Што да праи, го зел Хасо чеканот и го рокнал Мујо со цела сила по главата, а овој, јасно, ко од гром погоден, се ничкосал ко мртов на земја. Главата разнесена, липта крв, се кренала општа паника, и Мујо во несвест – ко леш, со амбулантно возило го однеле во болница. Тамо го оперирале од повеќеструка фрактура на черепот и тешки повреди на мозокот, па лежел шест месеци во длабока кома, на апарати за одржување на живот, а другар му Хасо секој ден му седел над постела, бдеел, го гледал, му зборувал на уво и му читал весници. Така, еден ден, додека Хасо читал на глас, изненадно – ко по чудо, се буди Мујо до кома. Рипнал Хасо од среќа, занемел, се расплакал, па заблеал распаметен: „Жив ли си, брате мили?“, а Мујо го здогледал, малку се подисправил, во ѓоа магионичарска поза ги раширил рацете, се поклонил и гракнал: „Та-дааааа!“

Нели ви наликува, почитувани читатели, нашиот Грујо на легендарниот магионичар Мујо, кога по имбецилната претстава на уништувањето на македонската демократија, газењето на сите уставни и морални вредности, и потполната криминализација на судството, легислативата, и на правото воопшто; по кретенизацијата на образованието и на генерации златни млади Македончиња и крадењето на пола дузина милијарди народни евра и илјадници хектари народна земја и имоти; по сиот ужас во кој - како во надреалистички виц со кршење глави со чекани – Груевски и ВМРО ја фрлија во кома Македонија, овие криминални билмези излегуваат пред градот и светот и ни го читаат нивниот малоумен Проглас, како ништо да не се случило, како сите да сме се разбудиле од кома, за да го чуеме нивното: Та-даааа?!?

Тука, меѓутоа, завршуваат сличностите помеѓу бесмртниот Мујо и нашиот Грујо: додека првиот се буди без последици од сите негови коми, докажувајќи му ја на светот неуништливоста на динарскиот хумор, вториот е веќе во длабока политичка кома од која никогаш нема да се разбуди, а неговото прогласно „та-дааа“ е само доказ дека ниту тој, ниту неговата камарила, за тоа уште не се свесни. Но, сите нормални Македонци се сосем свесни дека без оглед на резултатите од прегласувањето во Теарце и без оглед на сите одвратни уцени со коишто ВМРО ќе се обидува да ја држи Македонија во заложништво, времето на нивните криминални „магионичарски“ трикови заврши. Засекогаш.

# ДЕМОНТИРАЊЕ НА ДИКТАТУРАТА НА ЗЛОТО

06.01.2017

> Во земји во кои зборовите го губат значењетол, народите неумитно ја губат слободата.

Пред повеќе илјади години еден генијален човек рекол дека во земји во кои зборовите ќе почнат да го губат своето значење, народите неумитно ќе почнат да ја губат својата слобода. Оваа безвремена вистина ние Македонците можевме да ја осетиме на своите кожи и души, зашто последните десет години живееме во општество во коешто владее фашистоиден режим што системски го уништува значењето на зборовите. Под власта на Груевски и неговата ВМРО лагата стана основната алатка за владеење, најважниот производ на државата во форма на разорен медиум, некој вид душевна киселина, во кој се раствори целото македонско општество: македонскиот национален идентитет, колективното чувство за себеспознавање, системите на вредности, способноста за

аналитичка и критичка мисла, достоинството и слободата на граѓаните, чувството за добро и убаво. Вмровската лага ја претвори во Ништо практично целата модерна македонска култура. Деценискoто уништување на разумот и слободната мисла не донесе на работ на потполно институциско обесмислување, коешто ја доведе во прашање и самата смисла на нашата културна посебност и содржината на нашиот државен суверенитет.

За среќа, од моментот кога Вистината за Македонија ја напукна црната порфирна фасада на фашистичката партија-држава на ВМРО, и обезбеди јавен увид во криминалната суштина на режимот, низ таа пукнатина провалија домашните и меѓународните барања за слобода, вистина и правда. Овие светли фарови што бликнаа низ таа пукнатина ја осветлија и можната демократска и слободна иднина и на чудесен начин ја вратија надежта во Темниот Вилает. Заложбите и саможртвувањата на многу храбри луѓе, разбудениот граѓански непомир, протестите на Шарената револуција и пресудниот меѓународен притисок, по двегодишната „политичка криза" во која македонското општество тетеравеше по тесната трага на светлината, ја ширеа пукнатината во режимското црно здание и го обезбедија на крајот доскора незамисливото рушење на режимот. Ви се верува ли, почитувани читатели: ние сме денес чекор до мирно, институционално, уставно-правно, процедурално рушење на режимот на партиско-мафијашката ВМРО! Но, дали ќе го исчекориме тој последен чекор?

Неколку јасни но зловести знаци фрлаат темни сенки врз неколкуте дена што ни претстојат за да го направиме тој судбоносен чекор. Чувствувам дека партиско-мафијашкиот режим своите зли намери повторно сака да

ги спроведе со извртување на значењето на неколку зборови. Тоа се зборовите од членот 90 од Уставот на РМ, во кои се вели дека: „Претседателот на Република Македонија е должен во рок од десет дена од конституирањето на Собранието мандатот за состав на Владата да го довери на кандидат на партијата, односно партиите што имаат мнозинство во Собранието." Нека земат неписмените од ВМРО македонски толковен речник, правопис, граматика; нека консултираат прирачници за елементарно право за тупаци и учебници по базична логика за кретени, за да сфатат дека според Уставот мнозинството од повеќе од 60 пратеници мора да се обезбеди пред истекот на рокот од десет дена и дека Претседателот – кој и да е, конечно: може и да е најглупиот во вселената (каков што е нашиов!) – мандатот за составување на влада може и смее да го даде – бидејќи во нашиот случај ниту една партија нема мнозинство од сите пратеници - само на партии кои веќе обезбедиле докази дека создале договор што им овозможува мнозинство од сите пратеници во Собранието. Десетте судбински денови се единственото време за обезбедување на повеќепартиско мнозинство во Собранието, а времето од 20 дена, според вториот став од членот 90 од Уставот, не е наменет за политичко пазарење за обезбедување на мнозинство, туку само за обезбедување на програма и на состав на Владата!

Така што, ништо не смее да ги попречи СДСМ и албанските партии да обезбедат заедничка политичка платформа за создавање на убедливо собраниско мнозинство! Ништо! Ниту една цена во политичките преговори помеѓу нив нема да биде преголема во споредба со историската добивка што ќе и ја подарат на Македонија – ДЕМОНТИРАЊЕТО НА ДИКТАТУРАТА НА ЗЛОТО!

# ПРИОРИТЕТ НА ИСТОРИСКИОТ МИГ

21.01.2017

Како реагиравме додека го гледавме телевизискиот пренос на последниот од серијата државни удари во организација на мафијашко-партиската држава на ВМРО?

Својот политички гениј Черчил обилно го поткрепувал со раскошен литературен талент, а моќните говори, текстови и изреки што останаа зад него – безмалку сите до една - зборуваат за најважното својство на мудриот политичар: способноста да го препознае приоритетот на моментот, најважното нешто што треба да се направи во дадената ситуација. Ова всушност основно својство на секој делотворен човек е составено од два елементи: првата е способноста да се препознае што е најважното нешто што мора приоритетно да се направи за да се постигне целта, а второто е одлучноста и бескомпромисноста тоа без одлагање и да се направи. Да не гледа како со години талкаме во место во нашиов самопрајски пекол создаден од црната тиња на глупоста и злото, Черчил би ни пора-

чал дека најважното нешто што треба да го направиме ако проаѓаме низ пеколот е да продолжиме да одиме без застанување.

Но, ние го правиме токму спротивното: секој миг застануваме со сите активности за демонтирање на режимот на ВМРО, и тоа на секој можен повод што ќе се појави под божјата капа. Ако удри лето, соборувањето на режимот го одлагаме за по одморите, ако заврне дожд – чекаме да преврне, ако дојде некој од стотината бесмислени државни празници – ние спојуваме уште по некој ден. А, кога ќе ни се појават „уставни“ и „законски“ процедури што содржат понекоја магична бројка на денови, некој рок, што и да е што може да ни ја одложи мислата, одлуката и акцијата што би морале да ја направиме за да излеземе од пеколот, ние богобојазливо се стивнуваме и исчекуваме рокот да помине, за да видиме што ќе правиме отпосле...

Најинтересен и за науката најенигматичен аспект на ова политичко, уставно-правно и здраворазумско тетеравење е контрастот помеѓу сериозноста и дури стравопочитта што ја глумиме почитувајќи одредени рокови во законите и Уставот, и леснотијата и безгрижноста со кои ги кршиме сите содржини на уставните и законските норми опишани со зборови! Неверојатен е фактот дека во библиската земја – барем на видливата површина - владее мир и поредок како во државата во потполност да владее правото, а всушност сите државни органи и институции, практично целото општество да ги крши практично сите уставни и законски норми што постојат. Сè уште ме фасцинира како сите ги одбројувавме десетте дена во кои - според Уставот - Претседателот требаше активно да го координира обезбедувањето на собраниско-

то мнозинство во преговори и консултации со партиите; седевме и гледавме во празно, додека тој – во согласност со неговата природа – не направи ништо. И, по десетте дена колективно ништожење со Претседателот Ништо, мирно и достоинствено изгледавме по телевизиите како овој го прекршува Уставот во сета негова содржина - во словото, значењето и суштината на правната норма (од членот 90 од Уставот), во која јасно стои дека Претседателот „е должен во рок од десет дена од конституирањето на Собранието мандатот за состав на Владата да го довери на кандидат на партијата, односно партиите што имаат мнозинство во Собранието“!

Кој дел од оваа норма не им е јасен на жителите на библиската земја? Оноа „е должен“? Тоа значи дека мора да го даде мандатот САМО И ЕДИНСТВЕНО на кандидатот на партијата односно партиите што ИМААТ мнозинство во Собранието! Што е друго нејасно? Оноа „имаат“ – да објаснам за ретардираните – значи дека кога се доверува мандатот тие веќе морале да постигнат договор, за да „имаат“ мнозинство. И, што направи Председателот на крајот од десетте дена кога не правеше НИШТО? Му го довери мандатот на шефот на партиската мафија на ВМРО, која со злоупотреба на сите државни ресурси и подјармување на сите буџетари и нивните семејства и други ранливи групи, на нелегален начин освоила најмногу пратеници. Дали зборот „најмногу“ (од другите партии) има каква и да е врска со зборот „мнозинство“ (во Собранието)? Нема, се разбира. Што направи, значи, Претседателот Ништо? Го прекрши уставот и изврши државен удар во вистинската смисла на зборот, зашто мандатот за составување на влада го предаде на неуставен и незаконски начин на нелегална и криминална личност. Ехехеееeј, народе македонски!?

И, како реагиравме сите ние, додека го гледавме телевизискиот пренос на последниот од серијата државни удари во организација на мафијашко-партиската држава на ВМРО? Нашата реакција – помеѓу совладувањето на сармата од кисела зелка и печеното прасешко - беше соодветна: ние мирно и достоинствено влеговме во броење на следните Свети 20 дена, за да видиме што ќе направи Хефе дела хунта во неуставните преговори со своите традиционални партнери. И, уште појќе, се занимаваме со комбинаторики – откога сите здружно излеговме од стегата на уставните норми – што ќе се случи ако во уставниот рок од 20 дена Хефе направи или не направи неуставно мнозинство. Дали Ништото ќе му даде пак мандат на Хефе – и така пак и пак, во недоглед, додека конечно не состави мафијашка коалиција, или можеби - следејќи ја сопствената логика на неуставното и правно непостоечкото „најмногу пратеници“ – ќе му го довери мандатот на шефот на партијата што е втора со најмногу пратеници?

Долно и за презир достојно препелкање во место, во тињата на пеколот, наместо од Черчил препорачаната иницијатива да се излезе од него по секоја цена...

# ЕДНА СНЕЖНА И БАЈКОВИТА ЗИМСКА НОЌ

**28.01.2017**

> Апсурдната инфантилност на Мујо и Фата од вицот во потполност се совпаѓа и со малоумната игра што ја играат лидерите на криминалната коалиција на власт ВМРО – ДУИ.

Една снежна и бајковита зимска ноќ, лежат Мујо и Фата во брачен кревет во својата раскошна спална, дневна и трпезарија... и си молчат. Просторијата е удобна, топла и осветлена, а на масата куп храна..., со еден збор - милина! Туку наеднаш, некој тропа на влезната врата, а бидејќи и Мујо и Фата ниту стануваат ниту реагираат, тропањето станува понетрпеливо, за на крајот во куќата да си влезат двајца мажи, очигледно уморни и промрзнати. Луѓето пристојно ги поздравуваат домаќините, објаснуваат дека се загубиле во ноќта и молат за малку одмор и стоплување. Меѓутоа, од нашиве Мујо и Фата не излегува ниту збор; гледаат тие што се случува, ама молчат. Двајцава патници тоа го сфаќаат како одобрување, па седнуваат на масата да одморат. Кога се потстоплиле,

им тргнале очите по храната и пијалоците, па по малку стеснување и размена на погледи, ги запрашале домаќините дали можат да се послужат и окрепнат. По веќе очекуваната нема реакција, натрапниците се фрлаат на јадење и пиење, овој пат без усул и мерка. Кога завршуваат со гозбата, под дејство на стомачната топлина и виното, двајцава безобразно и се свртуваат на Фата со веќе неподносливо апсурдно прашање до брачните партнери - „дал ќе имаат нешто против тие да си поиграат малку со домаќинката в кревет"? Кога и овој пат нема одговор од Мујо и Фата, мажите се соблекуваат, упаѓаат во брачната постела и си ги реализираат сите еротски фантазии што им се насобрале во главите. По оргијата, луѓето се облекуваат, се заблагодаруваат на гостопримството и си одат.

Седи Фата гола во креветот, забрефтана и зацрвенета од штотуку завршениот перформанс, и му се врти на Мујо: „А, бе Мујо, несреќо една - виде ли што направија овие?" Тука Мујо радосен потскокнува, плеска со рацете и вика: „Ахааа, ти прва прозборе и за казна ќе мора да станеш да го изгаснеш светлото!!"

Елем, си седиме така ние, во нашите не толку топли постели, покрај нашите подиспразнети трпези, сиве овие десет години и дваесет и кусур ѓоа уставно орочени зимски ноќи, и си играме помеѓу себе игра на демократска коректност, институционализам и легализам. За тоа време банда на натрапници ни го изеде азното, не искраде и не задолжи и осуди и нас и нашите деца на доживотно економско ропство, и, перверзно уживајќи, не силуваше и нас и нашето минато, и нашите вредности и култура. А, ние гледаме, молчиме и си ја играме играта на едно комформистичко демократско општество во кое работите си се наредени – ко аптекарски шишенца - на сво-

ите места, институциите работат како швајцарски саати, а животот е до досада нормален. Тотално апсурдна ситуација чијашто структурна бесмисла потекнува од потполно несоодветната реакција на жртвите на злосторот, на силуваните странки, на народот македонски, кој еден ден – ако не и порано, кога силувачите и лоповите ќе се заситат и ќе си заминат во мразната ноќ (спроти големиот верски празник Свети Никад), ќе се погледнеме меѓусебе и ќе си пропелтечиме: „А, бе, видовте ли што направија овие?!“

Интересно е дека апсурдната инфантилност на Мујо и Фата од вицов, во потполност се совпаѓа и со малоумната игра што ја играат лидерите на криминалната коалиција на власт ВМРО – ДУИ: тенчат тие некои ѓоа платформи, некои езотерични баљезгарии, кобожем принципиелни политички преговори, како да се работи за 2007 година и како реалноста за државата што ја партизираа, корумпираа и криминализираа, воопшто да не ги допира. Та дури, фактот што за нивното осумгодишно владеење тие ја уништија македонската демократија и инсталираа една клептократска диктатура што политиколозите би ја нарекле „компадор-фашизам“, како воопшто и да не постои, како ништо и да не се случило. И, тука однесувањето на првоотужениот практично и не е толку апсурдно, зашто одбивањето на реалноста е единственото однесување што на нарцисот му овозможува внатрешна психичка стабилност. Но, што, по ѓаволите, прави Ахмети?!

Тој си ја „троши“ единствената шанса да се измакне од позицијата на соучесник во политичко-мафијашкиот мегакриминал и да земе активно учество во демонтирањето на диктатурата на ВМРО и во обновувањето на

македонската демократија! Последното што го измисли овој јунак на вицот – само за да не стапи во правдоостварувачката коалиција со СДСМ - е „мајскиот договор“ од 2007! Се сеќава ли некој на содржината на тоа парче хартија што договорните страни не го ни потпишаа? Тој вербален договор, содржеше пет точки кои тогаш, 2007 година, требаше да ја олеснат коалицијата помеѓу дотогашните непријатели: 1.Список од 46 закони што ќе требаат да се донесуваат со “Бадинтеровото“ мнозинство, 2. Составот на Комитетот за меѓуетнички односи, 3. Поддршка на жртвите на конфликтот од 2001 година, 4. Донесување на закон за употреба на јазиците и 5. Договор за составување на работна група која ќе се бави со начините на формирањето на коалициската влада. Толку. Содржината на „мајскиот договор“ во денешната ситуација - кога треба да се демонтира партиската држава на ВМРО и да се возобнови демократијата и владеењето на правото во Македонија - е апсолутно ирелевантна. Тотален апсурд.

Но, кога сме повторно кај апсурдот, нашето следно прашање деновиве ќе биде: „А, бе, видовте ли што направија овие?!“

# „ТУНЕЛСКАТА СВЕСТ“ НА ПРЕЖИВЕАНОТО ДЕВОЈЧЕ

**18.02.2017**

> Слушам, будали го спомнуваат и „белгиското сценарио“, санќим со Македоња владее стручна и партиски неутрална владина бирократија...

Гледав некни документарна емисија што ја опишуваше веројатно најголемата и најсмртоносната воена опсада на еден град во историјата – германската опсада на Ленинград во Втората Светска Војна, што траеше 872 дена и предизвика смрт на повеќе од милион и половина жители на градот и војници што ги бранеле, како и голем број од евакуираните 1 400 000 жители што страдале бегајќи од пеколот. Но, за чудо, она што најмногу ме погоди в срце, не беа неверојатните бројки на загинатите во овој вистински геноцид, туку сведочењето на една бистра, бодра и насмеана бабичка, што упаднала во деветтиот круг од пеколот кога имала само девет години.

Бабичката раскажуваше дека кога ги потрошиле сите можни залихи и извори на храна, почнале да ги готват

бројните кожени војнички каиши на татка и, и со задоволство се присеќаваше како каишите – кога доволно долго ќе се разварат – биле малку жилави, но сосем подносливо вкусни. Раскажувајќи ведро за вкусот на каишите и чизмите на татка и, бабата со бескрајно шармантна насмевка пријде на моментот кога се што можело да се развари и сожвака било изедено, па мајка и се свртела кон нивната домашна миленичка, расната мачка што не се поместувала од скутот на нејзината баба. Кога старицата одбрамбено ја прегрнала мачката, ќерка и – мајката на нашето деветгодишно девојче – ја ставила пред избор, кој и е помил: мачката или внука и? Се разбира, мачката била зготвена и изедена, а нашата бабичка со неописливо мила насмевка се сеќаваше дека нивното миленичe било неверојатно вкусно. Ми дојде да ја прегрнам бабичката – тоа остарено деветгодишно девојче – кога сфатив дека успеала да пројде низ една од најгрозните епизоди во историјата на човештвото без да ја оштети својата човештина, својата мека и ведра жизнерадост! Како ќе го направеше тоа доколку нејзиниот мозок бил свестен за огромноста и безнадежноста на трагедијата што изела милиони нејзини сограѓани?

Интересно е, меѓутоа, дека оваа „тунелска перспектива“, стеснета свест за фактите од реалноста што ја движат историјата и клучно влијаат на нашите животи, не е привилегија само на детските мозоци, туку и на возрасните, образованите и дури истакнатите аналитички умови. Така на пример, самракот на капиталистичката либерална демократија и повторното глобално тонење во националистички и фашистички ресантимани, останува незабележано или несоодветно опишано, од интелектуалните и политичките елити, како да им се стеснила свеста пред чудовишноста и малигноста на историската

закана што му се надвиснала на светот. Френсис Фукујама, славниот американски автор што по крајот на Студената војна го претскажа „крајот на историјата" и вечниот овоземски рај на либералниот капитализам како „конечна форма на човечкото владеење", деновиве изјави: „Пред дваесет и пет години, немав чувство, ниту пак теорија за тоа како демократиите би можеле да бидат уназадени", но „сега е јасно дека тоа е (и те како) возможно". Како тоа, се прашувам, овој славен автор „немал чувство, ниту теорија", кога кризата на демократиите според небаре истото проклето сценарио го произведоа фашизмот пред осум-девет децении?

Или, уште поинтересен е примерот на Јан-Вернер Милер, авторот на неодамна излезената одлична студија „Што е популизмот?", во која се анализира глобалната криза на демократијата и се поалармантната појава на недемократски тенденции во многу европски и светски држави. Во книгата извонредно јасно се издвојуваат својствата на овие недемократски политики што веќе владеат со многу земји во Европа, што авторот ги нарекува со поимот „популизам". Тој пишува дека „за сите свои неуспеси популистичките влади ги обвинуваат другите – политичките елити во опозиција, или оние што се криjат зад сцената, било да се тие во земјата или во странство". Понатаму, и кога ќе ја преземат власта „и кога ќе ги победат противниците, популистите продолжуваат да се однесуваат како жртви", па „продолжуваат да го поларизираат народот и да го подготвуваат (...) за некој вид на апокалиптички сукоб што самите го призиваат", при што „непријателите никогаш не недостасуваат", и – што е најважно - „тие се секогаш непријатели на целиот народ". Техниката со која владеат популистичките влади се

манифестира на три начина: „како некој вид на колонизација на државата, како масовен клиентелизам (...) и, на крајот, како систематско гушење на цивилното општество“. Се напишал Милер: и дека популистичките власти ја „окупираат“ државата, и дека прва цел им е тотална партизација на судството, потоа на сите други институции на државата, медиумите и конечно, корпорациите што доминираат со економијата. Единствено што не видел овој сјаен аналитичар е дека она што тој го нарекува упорно со еуфемизмот „популизам“, во сите свои својства одговара на она што веќе еден век е познато како „фашизам“. Господине Милер, вашето „откритие“ од пред шест месеци ние, жителите на Македоња Вечна, го живееме веќе цела деценија!

„Тунелската свест“ на деветгодишното девојче од Ленинград, за жал, деновиве владее и со политичките елити на библиската земја и со нејзините жители: земјата дреме мирно чекајќи да се формира реформска, слободарска влада, што треба да го демонтира фашистичкиот монструм на ВМРО од органите и институциите на окупираната македонска држава. Слушам, будали го спомнуваат и „белгиското сценарио“, санким со Македоња владее стручна и партиски неутрална владина бирократија – техничка влада за која времето е небитна категорија! А, со нас владее политичката влада на ВМРО и нејзиниот криминализиран партиско-мафијашки апарат! Алооо, господа! Привилегијата на тунелската свест ја имаат егзистенцијално загрозени деветгодишни девојчиња, а не возрасните што мораат да ја согледаат вистинската стварност и да ја понесат одговорноста на својата возраст и позиција во општеството! Бидете сериозни, по ѓаволите!

# ВОЛОТ В ЗЕЛКА

**18.03.2017**

> Собранието треба да се формира и да избере влада на националниот спас, а Волот во зелка треба да си го добие ќотекот што обилно го заслужил!

Се сеќавам живо на изразот на баба ми, кога ми се закануваше – по бељата што сум ја направил – дека ќе ме „пребие ко вол во зелка“. На лицето и се формираше гримаса што недвосмислено кажуваше дека е многу страшно да бидеш тепан како „вол в зелка“. Бидејќи баба ми беше родена во првата година од дваесеттиот век, во Австро-Унгарската империја, бев навикнат на јазични искази што произлегуваа од ситуации што ми се потполно непознати, но за оваа сликовита метафора – за волот во зелка, повеќе пати барав објаснување, не затоа што не го паметев, туку затоа што секогаш одново ме засмејуваше. Елем, објаснувањето беше дека кога волот ќе скршне од стадото и ќе намириса нива со зелка, тој упаѓа во неа и почнува да ја јаде зелката со слепа и упорна страст, не

обѕирнувајќи се воопшто на стаповите што бијат по него. Се разбира, токму тапата воловска себичност и инает, најмногу придонесуваат за пословично големиот ќотек што волот ќе го „изеде“ додека да ја сфати пораката.

А, зошто ви го раскажувам ова детско сеќавање, почитувани читатели? Веројатно затоа што на него ме потсети воловски тапата упорност со која Ќенефот од Долно Водно „не го дава“, па „не го дава“ мандатот за составување на влада на собранискoто мнозинство. Навистина, има ли посликовит опис на една егоистична и животински слепа безобѕирност, што без оглед на последиците за целата земја и крвавите закани за целото население, ја одзрачува со своето однесување Хорхе Еступидо, отколку што е тоа - „вол во зелка“? Но, во нашата килава стварност на „воловската“ ситуација нешто суштински и недостасува.... А, да, тоа е ќотекот што волот заслужено го добива како реакција од селаните, што е, практично, и суштината на исказот, а што - како што гледаме - во случајот со полудениот претседателски Вол од Долно Водно во потполност изостанува...

Инаку, за ситуацијата во Македоња Вечна – и покрај застрашувачките навестувања за крвави и насилни сценарија – може без премногу цинизам да се рече дека е „нормална“ и дека работите „си се на свое место“. Иако се одржаа избори и се оформи собраниско мнозинство, тоа како во Вечна да не предизвикува никакви политички или институционални последици. Претседателот кој нема надлежност да одлучува дали „ќе го даде“ мандатот за составување на влада, сосем вонуставно „не го дава“ мандатот, и се однесува како ништо и да не се случило: патува на бесмислени „службени“ посети на коишто гордо ја шета својата севселенска глупост и нашата наци-

онална брука. За тоа време ВМРО без каков и да е легитимитет владее авторитарно со сите институции на државата, како да ги наследила од родителите. Се разбира, непостоечкиот легитимитет за својата нелегална диктатура тие сега го одржуваат со вадење на својата ментално ретардирана армија на улиците и со пропагандно закaнување со оружено и крваво исходиште на секој обид за мирен и легален трансфер на власта. Со еден збор – ништо ново.

Она што навистина ме иритира во ситуацијата, не е однесувањето на Волот од Долно Водно, што како да заталкал во зелка, и ги уништува сите претпоставки на легалност, институционалност и државност во опустошената Македонија, ниту пак армијата ретардирани вмровци што се истури на улиците на команда на својот Господар, а, конечно, ниту однесувањето на ВМРО-Злосторничка, што сака вечно да владее од високите прозори на скопската Куќа на фашизмот. Не, кај нив се е јасно: тие се партиско-мафијашка хунта со фашистичка идеологија – тие се криминалците што се борат за своето украдено!

Но, она што навистина ја навредува моралната интуиција е однесувањето на сите други големи политички играчи во оваа македонска нива со зелка, а, пред се, меѓународната заедница. Сите тие што – по природата на нештата – држат стап во рацете, наместо да удрат по волот што ја девастира нивата, тие се однесуваат кон него како да е налудничав монарх што од време на време паѓа во напресметлива јарост, и, во тие моменти, најдобро било да му ш`шкаат, да го галат и да го пуштат да се смири, за да му се врати умот. Наместо да му порачаат на волот со муцка полна со листови зелка, дека тоа што го прави е казниво дело, тие му порачуваат дека ако биде

добар и ако излезе од нивата, тоа нема да остави никакви последици по него! И, уште полошо, однесувањето на целата политичка јавност укажува на сосем изопачен заклучок дека Волот од Долно Водно може – ако сака – и да не го даде мандатот на собраниското мнозинство. Унисоното барање Волот да „ја преиспита својата одлука“ и сепак „да го даде“ мандатот е фактичка афирмација на неговото неуставно монархистичко – и воловско! - право „да не го даде“ мандатот.

Или, накусо речено, однесувањето на домашната и меѓународната политичка јавност како претседателот да може „да не го даде“ мандатот, создава ситуација во која еден неуставен и криминален чин фактички произведува правно дејство. Молењето тој криминалец да „ја преиспита својата одлука“ и да го „даде мандатот“, практично го „легализира“ неговото индивидуално кривично дело во објективен политички проблем. А, би требало сите да се однесуваме како неговата одлука да е надвор од рамките на уставните норми, ништовна и без правно дејство, та воопшто и да не влијае на демократските процедури за воспоставување на законодавната и извршната власт во земјата. Собранието треба да се формира и да избере влада на националниот спас, а Волот во зелка треба да си го добие ќотекот што обилно го заслужил!

# ХИБЕРНИРАНИ КРЕТЕНИ ПО УЛИЦИТЕ НА СКОПЈЕ

**25.03.2017**

> Тие протестираат како да се жртви, а не фашистички контрачети што ја окупирале земјата!

Иако на многумина на прв поглед ќе им изгледа нелогично, но факт е дека реконструкцијата на минатото е многу, многу потешка дисциплина од предвидувањето на иднината. Тоа е така зашто сите сме премногу свесни за инхерентната неспознатливост на иднината, па нејзе и приоѓаме со стравопочит и најголемо внимание. Затоа и пристапот до иднината им го препуштаме на научниците, а за нив, таа е предвидлива во сите области во кои науката ги препознала обрасците на повторување на настаните. Тоа се областите на материјалниот свет што не опкружува, каде што царува челичниот принцип на „униформност на природата", односно на владеењето на истите физички закони во целата вселена.

Во историските науки кои ја изучуваат областа на општествените појави, меѓутоа, до денес не се откриени закони со чијашто помош – врз основа на повторливоста на обрасците на однесување на луѓето – ќе може да се предвидуваат настаните на начин на којшто тоа после Њутновата научна револуција стана можно со физичкиот свет, со планетите и ѕвездите... Неверојатната комплексност на настаните што човештвото симултано ги генерира секој миг, преголемиот број на информации, учесници и чинители вплетени во креирањето на секој момент од сегашноста, почнуваат да исчезнуваат неповратно и да стануваат неразбирливи секој следен миг од течењето на времето. Човековата вечна неподготвеност кон одминувањето на времето станува невозможност и да се запамети и разбере минатото. Од друга страна, фактот што сите со трогателно глупа убеденост мислиме дека минатото ни е познато по природата на нештата – како единствената граѓа за нашиот светоглед и за нашето саморазбирање, не прави најмалку способни вистински да го спознаеме.

Погледот кон иднината е „полесен“ токму затоа што не е оптеретен со самозаблудата за природниот увид во неа, па можеме сосем неоптоварени од предрасуди иднината да ја промислуваме во рамки на нејзината веројатност. Но, веројатноста не е прикладна алатка за разбирање на минатото, па испаѓа дека тоа е потешко да се реконструира и од сосем непроѕирната иднината. Изгледа контраверзно? Ова можеби најлесно се разбира (ако воопшто може да се разбере) на пример позајмен од физиката: ако ставиме коцка мраз во сад, со леснотија можеме да ја предвидиме нејзината иднина – времето на топење, волуменот што истопената вода ќе го зафати и слично, но

не постои никаков начин од водата во садот да сознаеме каква била формата на мразот од кој се истопила.Таа информација од минатото на водата е неповратно исчезната во ентропијата на вселената и токму оваа фатална иреверзибилност на времето ги сместува општествените историски дисциплини во жанрот на фикцијата, а минатото го прави лесна жртва на фашистичката пропаганда која целосно се темели на лажните митови за непостоечкото минато.

Овие немушти рефлексии за неспознатливото време, почитувани читатели, почнав да ги пишувам само за да се одбранам од апсурдната стварност македонска, во која фашизоидната партиска мафија на ВМРО веќе трет месец го малтретира целото општество не дозволувајќи го мирниот трансфер на власта. Изгледа неверојатно, но тактиката на бесрамното разбојништво со кое ВМРО го силува општеството, делува и врз мене, зашто сега – на дофат на цела деценија чеканата слобода – мене ми се повраќа и да пишувам за тоа! Иако Груевски и неговата партиска мафија се неотповикливо поразени и делегитимирани, и мигот на нивното корнење од институциите е несопирливо блиску, сепак, се чини, како се да е џабе: вечниот фашизам покажува неверојатна виталност и свежина! А, таа перзистентност на течењето на времето доаѓа од нивната неосетливост на значењата на зборовите, нивната имуност на моралните вредности, нивната тотална неспособност да сфатат, почитуваат и сочуваат знаење, нивниот недостаток на основните човечки социјални интуиции – емпатијата, сочувството и солидарноста, и, нивното најмоќно својство што им ја овозможува вечната младост – нултата меморија.

Да, оваа нискоорганизирана протеинска материја што како од канализација „спонтано“ се истури по скопските

улици да протестира во одбрана на својата авторитарна мафијашко-партиска власт, има меморискi капацитет само да го препознае гласот на господарот и веројатно сликата и пластичниот мирис на сендвичот со кој ги хранат. Па, тие протестираат како да се жртви, а не фашистички контрачети што ја окупирале земјата! Во нивните мозоци - или онаа каша што како помија им жуборка во черепите – не оставиле никаква трага единаесетте години крадење, гнетење и силување што самите го вршеа над своите сограѓани и комшии: тие гнаси протестираат со истиот патос на жртви како да е 2006 година, или 1998, или 1945, а не пуста 2017?!

Но, овие хибернирани кретени се генетска маана на либералната демократија, зашто слепо признавајќи им ги граѓанските и човечките права и слободи на овие криминалци, таа ги одржува витални и свежи да ја дочекаат нејзината следна криза, во која повторно на измама ќе ја преземат власта, никогаш повеќе да не ја испуштат од раце. Затоа, единствениот ефикасен начин на борба против вечниот фашизам е неговото препознавање како системска болест на општеството, и потоа неговата беспоштедна идеолошка, општествена и индивидуална лустрација што ќе заврши со нивно трајно исфрлање од јавниот живот и забрана за учество во политиката. Доколку ви изгледа прерадикална предложенава терапија, подгответе се уште долго да цапате по улиците на престолнината потопени во политичките фекалии на ВМРО.

# ГОМНА ВО ПАРЛАМЕНТОТ

**01.04.2017**

> Наместо свечена седница на која ќе се слави демократијата и уставниот поредок, криминалната групација на ВМРО истури куп гомна насред парламентот.

Не сакајќи некоја парламентарна група предвреме да се препознае во горниот наслов, веднаш да појаснам дека се работи за метафора што ја опишува моралната изопаченост на една ситуација, а не за (насловно) именување на поединци и групи. Метафората ја позајмив од статијата на Виктор Иванчкиќ „Гомно на гробот", во која овој голем автор ја коментира монструозната хипокризија на актуелната хрватската власт. Имено, хрватската власт отворено ги слави усташките спомени од Независната Држава Хрватска – најзлосторничката фашистичка рожба на Хитлеровата Германија – и воедно, не се откажува од формалното државно чествување на 22 април, денот на жртвите што се убиени во концентрациониот логор во Јасеновац. Уште повеќе, хрватските власти одбиваат да ја

симнат нелегално поставената плоча во самото Спомен подрачје на Јасеновац, веднаш до легендарниот споменик на Богдан Богдановиќ, со која со усташкиот поздрав „За дом спремни“ се слават убијците на илјадниците Срби, Евреи и комунисти во Втората Светска Војна.

Поради ваквото официјално државно скврнавење на геноцидот на невините жртви, хрватската еврејска заедница, како и претставниците на Србите и на антифашистичките организации, веќе втора година одбиваат да присуствуваат заедно со политичкиот врв на хрватската држава на чествувањето на 22 април. Иванчиќ ја опишува моралната перверзност на власта што не се откажува ниту од проусташките сентименти и дела, ниту од лицемерното чествување на усташките жртви како „нова сеанса на комеморативните опсцености, нешто како на погребната церемонија на која „службениот“ свештеник, наместо со наведната глава да ја кажува молитвата и го осветува гробот, да има должност да се посере на него. Да, „За дом спремни“ во Јасеновац е гомно на гробот! И сите што ќе се најдат таму, „според строгите налози на државниот протокол да земат учество во ритуалот на лажното оплакување, ќе мораат добро да си го затнат носот да не ја осетат неговата смрдеа.“

Така што, си помислувам, ние имаме голема историска среќа што Хитлер не му дозволил на нашето ВМРО да направи некоја фашистичка државичка, зашто денес сигурно ќе се соочевме со нивните лицемерни „гомна на гробовите“ на територијата на библиската земја. Шуќур. Но, да не бидеме кусо, ние ги добивме нашите „гомна во парламентот“, што е метафора за лажната парламентарна процедуралност со која пратениците на ВМРО го газат Уставот на Републиката, и ја скврнават и поганат самата

суштина на Собранието – да биде институционалниот стожер на претставничката демократија, каде што ќе се остварува волјата на народот низ акти со кои се воспоставува правниот поредок. И, токму таа чудовишна непропорционалност помеѓу повикувањето на некои деловнички трици (дневен ред, комисии, реплики и дискусии – цел комплет на финти на улични силувачи), и резултатот на таа псевдопроцедурална малтретажа: бескрајното оневозможување на формирањето на уставната власт во Републиката, е вистинската мерка за злосторничката хипокризија на режимските апаратчици од ВМРО. Од една страна се повикуваат на „светите парламентарни права на дискусија и реплика", како и на „светиот дневен ред", од друга пак страна, ја држат во заложништво целата земја, оставајќи ја во институциски вакуум – без легален и при здрава свест претседател, без легална влада и без законодавен дом, слабеејќи го така суверенитетот на македонската држава до работ на нејзиното непостоење! Наместо свечена седница на која ќе се слави демократијата и уставниот поредок, криминалната групација на ВМРО истури куп гомна насред парламентот, оставајќи ги трпеливите пратеници од парламентарното мнозинство и сите нас што гласавме за нив, да си ги затнуваме носовите за да не ја чувствуваме неподносливата смрдеа, и самите да го срамуваме нивното бесрамие! Да, вмровското силување на законодавниот дом е како да се посрале во парламентот! Тие се како „јунаците" од Иванчиќевата метафора - гомна на гробот!

Но, ако се оддалечиме малку од реата на фекалните метафори, почитувани читатели, и од геополитичка перспектива ги погледнеме актуелните македонски премрежиња, ќе воочиме веднаш дека вмровската пар-

тиска мафија, уништувајќи ја однатре државотворната супстанца на Републиката, ја загрозува и меѓународната положба на земјата, доведувајќи го во прашање и самото нејзино постоење. Делата што она Трткаво Поднадуено Ништо од Долно Водно ги прави против Уставот, правниот поредок, па и суверенитетот на Републиката, се најтешки кривични дела против државата!

Во ист кош спаѓаат и сите ѓоа процедурални и псевдопарламентарни опструкции на вмровската Банда: доколку ги гледаме мотивите, умислата и резултатите од нивната гомнарска собраниска претстава, тие исто така вршат велепредавство, го загрозуваат уставниот поредок и го попречуваат функционирањето на највисоките органи на Републиката. Не смее да не залажува нивната отворена и бесрамна, лажна и цинична ѓоа деловничка дисциплина, зашто се работи за злосторничко здружување што исто толку бесрамно и безскрупулозно врши криминал со кој се уништува некогаш со крв платената македонска државност и сувереност.

Гомнарската претстава на криминалните лицемери од ВМРО белки ќе помине, но злосторничката умисла и дејствијата на општа безбедносна загроза не смееме да им ги заборавиме!

# ЕРНАН КОРТЕС, ФРАНЦИСКО ПИСАРО И НИКОЛАЕ ГРУЕСКУ

**08.04.2017**

> Да реагиреле соодветно, како со банда на убијци и разбојници, Астеците со својата армија од повеќе десетици илјади војници можеле во миг да ги збришат Кортесовите ништожници, но тие не го сториле тоа.

Историјата на уништувањето на моќните царства на Астеките и Инките од страна на две банди на човечки олош е стара и веќе секому позната, но со својата безмерна трагичност, таа е секогаш поучна. Приказната е за неверување: кога Ернан Кортес, на чело на своите петстотини разбојници, едно сончено јулско утро 1519 година, згазнал на песоците на денешниот Вера Круз, тој не се двоумел ниту секунда, туку на вџашените доморотци што никогаш не виделе суштества какви што биле шпанските авантуристи – во светкави метални оклопи, јавнати на огромни и бесни животни, со пушки и топови што блуеле оган и смрт на далечина, со еден збор, застрашувачки вонземјани – тој им соопштил дека доаѓа во мир, како пратеник на големиот крал на Шпанија, и побарал

да го однесат директно кај астечкиот цар Монтезума II. Астеците – водени од сопствените правила за гостопримство и дипломатска предусретливост – му дозволиле на Кортес со неговите вооружени бандити да влезе кај Монтезума со сите дипломатски почести. Сред разговорот Кортес го потегнал оружјето и ги искасапил сите чувари на Монтезума (инаку, вооружени само со дрвени палки со камени завршетоци), и го зел домаќинот како заложник. Држејќи го царот на централизираното царство заробен во неговата сопствена палата, Кортес со манипулации ја поделил империјата на различни етнички народи и племиња, предизвикал граѓанска војна и за неполни две години ја поробил повеќемилионската земја на Астеките.

Да реагиреле соодветно, како со банда на убијци и разбојници, Астеците со својата армија од повеќе десетици илјади војници можеле во миг да ги збришат Кортесовите ништожници, но тие не го сториле тоа. Ќе речете, почитувани читатели, дека оваа чудовишна грешка на Астеците е толку неповторлива и неверојатна, што како искуство и не е од никаква полза. Но, само дестина години подоцна, една друга битанга, Франциско Писаро, со банда од само 168 луѓе(!) упаднал во уште поголемото Царство на Инките, и го покорил и уништил дури и за покусо време! На кој тоа неверојатно инвентивен начин Писаро го надбил огромното и добро организирано царство, ќе прашате? Тој едноставно го сторил истото што и Кортес: лажно се претставил како мировен гласник, закажал дипломатска средба и на измама го грабнал Атавалпа, владетелот на Инките, за потоа да го издроби царството на меѓусебно непријателски племиња и да го претвори во историска прашина, а домородечките народи во робје!

Одгатнувањето на тајната на несфатливиот „успех“ на двете малубројни разбојнички банди на Кортес и Писаро во уништувањето на највеличествените царства на американските континенти, може да биде од непроценлива полза за решавањето на македонската современа „политичка криза“. Имено, нашата „криза“ – колку и да е помала по размери и трагичност од онаа американската - ја има истата внатрешна структура како и трагедијата на Астеките и Инките. И нашата државичка е на измама украдена од страна на малубројна разбојничка банда на ВМРО, под водство на внатрешниот Ел Конкистадор де Маседониа, кој – исто како и Кортес и Писаро - власта ја држи застрашувајќи го двомилионското доморoдечко население дека ќе го подели на непријателски народи, ќе го втурне во граѓанска војна и нивната татковина ќе ја претвори во прашина. Во науката превладуваат повеќе теории за тоа како било можно две малубројни банди составени од човечки џган да ги уништат величествените царства на Астеките и Инките. Едни тврдат дека клучна била технолошката предност на Шпанците во воената опрема, други пак, дека тоа бил факторот на изненадувањето и христијанското мисионерство, а најсофистицираните реконструкции зборуваат за предноста на спојката помеѓу истражувачката и освојувачката иницијатива на европските бандити.

Нашата „политичка криза“, меѓутоа, ги елиминира повеќето од овие фактори, и како клучни ги издвојува Глупоста и Злото што резултираат со Апсолутна Неморалност, кои на конкистадорите – исто како и на нашите врмовски бандити – им ја обезбедуваат неограничената иницијатива и ефикасност во вршењето на нивните злостори. Круцијално за нивните „успеси“ се непочи-

тувањето ниту на едни хумани правила: на човечките животи, на каква и да е моралност, или на значењето на зборовите! Тие делуваат како моќни, несфатливи и нечувствителни вонземјани, зашто со нечовечка леснотија лажат, грабаат и убиваат, па не е чудно што секогаш наидуваат на стаписана и задоцнета реакција на нормалните луѓе - жртвите. Радикалното Зло надмоќно продира - како усвитен нож низ путер – во милионските маси на нормални и морално здрави луѓе, зашто овие се ограничени токму од својата човечност, мирољубивост, рационалност и етичност. Овие темелни човечки доблести не само што на луѓето не им ја дозволуваат соодветната и правовремена реакција, туку не им овозможуваат ниту да ги сфатат нечовечките мотиви на Злото што ги уништува. Тоа е така зашто неразбирањето на Радикалното Зло е всушност и темелот на нашата човечност и моралност.

Значи, тајната на „успехот“ на Кортес, Писаро и Груевски е конечно одгатната, па поуката од колонизаторските ништожници, како и од сите современи фашистички режими, би требало да е јасна: Злото не се победува со пасивното Добро, со чекање Злото самото да се опамети и очовечи, туку со симетричната подготвеност Доброто активно да се брани. Така што, македонското мнозинство, силите на Доброто, треба да ја преземат иницијативата во одбрана на Правото и Поредокот, и на вмровските криминалци да им го конвертираат стравот за нивната судбина по мирниот трансфер на власта, во страв од она што ќе им се случи ако власта не ја предадат без насилство!

# ВМРО, НИКОГАШ ПОВЕЌЕ!

**08.04.2017**

> Во целава политичка одвратност постојат барем три добри работи...

Повеќе пати ја аргументирав тезата дека иницијативата што ВМРО ја има во силувањето на македонското општество доаѓа од непресушиот извор на нивната инхерентна неморалност. Таа иницијатива што непрекинато им обезбедува тактичка предност, всушност произлегува од веселата злосторничка слобода да делуваат без какви и да е морални ограничувања и обѕири. Оваа етичка анализа ја поткрепував и со манихејски докази дека Злото, таа Темна Сила што ги управува активностите на ВМРО, е секогаш чекор пред Доброто, зашто во овој двобој Доброто е – како и правдата – по дефиниција реактивно, и се појавува само како одговор на веќе сторениот злочин. За објаснувањето на оваа исконска појава – неисцрпната иницијатива на Злото, се повикував и на психо-социјал-

ните теории за Глупоста – тој најнеистражен и сеприсутен дефект на човечноста, што вмровците ги ослободува од сите инхибиции, од сите можни стеги на знаењето, обичаите или разумот. И, кога помислив дека ги исцрпев сите можности за рационално објаснување на вечната иницијатива на вмровското Зло, што го испразни од смисла македонското општество, наидов на моќно и документирано објаснување за таа злосторничка неуморност на сосем неочекувано место: во еволуционата биологија и во физиологијата на човечкиот организам!

Елем, една од најголемите мистерии на еволуцијата на Хомо Сапиенсот е прашањето зошто природната селекција му дала предност на поголемиот мозок на човековите предци, а не на мускулните и моторичките делови од телото, кога цели 2 милиони години, додека човекот бил во средината на синџирот на исхраната, безмалку не е можно да се препознае вистинската полза од тоа? Дури спротивно, запрепастувачки е фактот дека човековиот голем мозок бил (и сè уште е) скоро неподнослив терет за функционирањето на целиот организам. Големата глава може да се носи само исправено, што пак им ги уништува вратните и крстните прешлени на луѓето, и како последица го има стеснувањето на женската карлица, што пак го направи опасно и преурането раѓањето на човечките млади.

И, згора на сето тоа, најголемото оптеретување на организмот е енергетската неодржливост на мозокот, зашто иако тежи само два до три проценти од вкупната телесна маса, тој троши неверојатни 25 проценти од вкупната телесна енергија во мирување. Кога овие бројки ќе се споредат со другите големи мајмуни, со нашите најблиски роднини – шимпанзите на пример, ќе видиме дека нив-

ниот мозок троши само 8 проценти од вкупната енергија на телото. И, токму тука е запретано објаснувањето на еволутивното и физиолошко потекло на вмровската неуморна иницијатива. Испаѓа дека „нормалното“ функционирање на вмровскиот мозок на телото му заштедува неверојатни 17 проценти од вкупната енергија! Ете, од каде им е на ВМРО навидум непресушната енергија за одржување на иницијативата во убедливо најкретенската претстава за опструирање на правниот поредок, што некој парламент кога и да е ја видел во историјата на човештвото!!

Но, да ја оставиме забавната наука и да и се вратиме на грдата македонска реалност, со една куса и оптимистична анализа. Кога политичките околности се полоши од се што е сочувано во македонската плитка колективна меморија; кога на неподносливо лесен начин ја живееме нашата чудовишно неморална и малоумна стварност, силувани од партиската мафија на ВМРО; кога се неуспешни сите разумни политички и дипломатски усилби криминалниот режим на Груевски мирно да ја предаде власта на легалното мнозинство во Собранието; кога, велам, Злото ќе го затемни целиот недоглед, одненадеж ќе проговори народното искуство со непредвидливо луцидната инверзија на самиот поглед кон работите. И, ќе рече народот македонски во вакви безнадежни ситуации: „А, кој да ти знае зошто е ова добро?“ Е, почитувани читатели, во овој наш оловен миг, добри се барем три работи:

Првата е за вистината. Најдоброто во моментот е сурована вистина за криминалната и авторитарна природа на ВМРО ДПМНЕ, што во очајот на нивните последни мигови на власт самите ја направија навредливо очигледна.

Ова е нивна јавна самопрокламација како злосторници и велепредавници што нелегално и насилно ја држат власта, заканувајќи и се на целата земја и на регионот дека безмилосно ќе ги запалат. И да ги немаа сторено стоте илјади други злостори за последнава деценија, само овој ќе им беше доволен за доживотна политичка дисквалификација. Така што, на сите им е веќе јасно дека не само Груевски, туку и неговата партија не смеат веќе никогаш да учествуваат во македонската демократија!

Второто добро е што злосторничката природа на вмровската партија-држава конечно им стана иритантно видлива и на сите релевантни меѓународни фактори. Она што е најдрагоцено во ова унисоно меѓународно гледиште, е дека злосторничката ВМРО не е само причината за уништувањето на демократијата во Македонија, туку и дека е вистинската закана за стабилноста и мирот во регионот. И дека веќе никогаш не смее да ја држи власта!

И, третото и можеби највредното добро, е дека фашистичкиот идеолошки код на ВМРО, во чиишто гени вирее расизмот - и тоа во своето најпримитивно и најбрутално издание - на неотповиклив начин ги убеди Македонците Албанци, дека ниту една нивна политичка партија веќе никогаш нема да коалицира со ВМРО. Никогаш повеќе!

# „ВИСТИНСКИТЕ ЛУЃЕ“ ОД НАЈСТАР КОВ

**22.04.2017**

> Нивната исконска инфериорност, што е психолошката основа за нивниот ултранационализам, ксенофобија и расизам, се веројатно најстарите психосоцијални својства на првите човечки заедници.

За десет години владеење ВМРО не само што го ограби и го опустоши  македонското општество, не само што институционално ја декапацитира и обесмисли македонската држава, туку и го издроби, антагонизира и претвори во крш практично целото население. Оваа непрекината делба на „комуњари“ и „вистински“ Македонци, на вмровци и поданици, на македонски и други непријателски етнички племиња - албанофоби, Албанци и издајници, на кланови и фамилии - сите конфузни и меѓусебе недоверливи или омрзнати, го направи ова кутивче од држава инвалидна заедница што е веќе на работ на својата историска одржливост. Многумина што не ја разбраа мојата шега за енергетската ефикасност на вмровскиот мозок, ме набедија дека – споредувајќи го со

мозокот на шимпанзите – расистички ги дехуманизирам „вистинските“ Македонци. Но, не, токму е спротивното: јас ги сметам вмровците за вистински луѓе, и тоа од најстарата човечка лоза! Нивната исконска инфериорност, што е психолошката основа за нивниот ултранационализам, ксенофобија и расизам, се веројатно најстарите психосоцијални својства на првите човечки заедници.

Ако не ви се верува – следете ме внимателно. Во далечното минато, примитивните човечки заедици - родбинските кланови или племињата - отфрлале како неразбирливо и неприфатливо се што не е слично или исто со нивните морални, религиозни, социјални или други културни обрасци. Таа заштитна реакција кон другите е стара колку и човештвото, па денес претставува еден вид на праинстинкт или палеорефлексна реакција на одбивност на некои луѓе (од целиот свет) кон различните начини на живеење и неразбирливите јазици, а обилство од недвосмислени докази за ова може да се најде токму во лингвистиката. Античкиот свет, на пример, сето она што не му припаѓало на хеленскиот и римскиот културен образец, го нарекувале варварство. Овој старогрчки збор потекнува од ономатопеја на птичје гракање и изворно ги означувал луѓето што не го зборувале грчкиот јазик, што значи сите странци.

Но, во истото тоа време зборот ги добил и своите пејоративни и навредливи значења со коишто се именувале сите туѓинци – како необразувани, прости и сурови луѓе, со еден збор – дивјаци. Интересно (и не сосем вон темата!) е дека старогрчкиот збор *barbaroi* - варвари, е комплетно сочуван во македонскиот јазик во глаголот „брбори“, и тоа во своето изворно значење – како неразбирливо зборување, односно брборење! Но, да се вратиме на темата на корените на вмровскиот расизам.

Тој праисконски одбрамбен социјален рефлекс за којшто зборував погоре, клучно влијаел на меѓусебното именување на огромен број на племиња и народи. Така на пример, северноамериканското племе Чејени биле така наречени од нивните соседи Дакота индијанците, а значењето на зборот „чејен“ на дакота јазикот било „оној што брбори“, демек, зборува неразбирливо. Чероки индијанците пак, се наречени од нивните соседи Крик, како „оние што не го разбираат нашиот јазик“. Исто е потеклото на називот за Германците во словенските јазици – Немци, што значи дека поради невозможноста да се разберат со Германците, соседните словенски народи ги нарекле неми. Овој наивен, но длабоко вкоренет начин на мислење и однесување на прастарите човечки заедници творел еден конзистентен свет, и клучно влијаел – како што видовме - и на формирањето на јазиците. Во тој светоглед, границите на човештвото се совпаѓало со границите на племињата или на истојазичните групи, па многу често зборот со кој народите се нарекувале себе си, изворно означувал „луѓе“, „вистински“, „добри“, „совршени“, додека оние другите ги поседувале сите негативни својства.

На јазикот на Динка народот од Судан, зборот „динка“ напросто значи „луѓе“, што јасно имплицира дека оние што не се „динка“ не се ниту луѓе. Така, Леви-Строс пишува дека имињата што им биле давани на соседните племиња биле зборови што значеле „лоши“ и „зли“, а „другите„ неретко ја губеле и човечката природа и биле нарекувани со етноними со значење на „мајмуни“ или „гниди“. Ете несоборлив научен доказ дека вмровците се „вистински луѓе“, зашто нивното самоспознавање како „вистинските Македонци“ и именувањето на сите од ма-

кедонски, албански, српски, ромски и друг етнонационален происход за „други“, како да е хиберниран од пред 30 000 години, и донесен свеж и негибнат да се „раскрави“ на македонското сонце.

И, токму во таа „вистинска и исконска човечност“ на војниците на ВМРО – сите мобилизирани во одбрана на Македоња Вечна – е и темелниот проблем на македонската демократија. Бидејќи, според Леви-Строс, „идејата за човештвото што ги опфаќа сите форми на човечкиот вид, без оглед на расата или цивилизацијата, се појави многу доцна во историјата “, тогаш очигледно е дека вмровците ја „промашиле“ целата културна еволуција на видот, и во 21-иот век делуваат со „тазе“ племенски морал и психосоцијални обрасци од палеолитот. Тоа се луѓе што за себе тврдат дека се единствените вистински за владеење со Македонија и всушност ги негираат сите други, колку и да се овие побројни од нив. Тој вечен расизам влече потекло од нивното праисконско, генетски одредено чувство на инфериорност што бара хистерична психолошка одбрана, која пак се колективизира во ултра-национализам, расизам и фашизам.

# НЕУСПЕШЕН ПУЧ НА ВМРОВСКИТЕ ОРДИ!

**29.04.2017**

> Ако ме прашате за каков психолошки профил се работи, ќе ви одговорам со еден релативно стар но во науката сѐ уште хипотетички синдром - малиген нарцисизам.

Додека ги пишувам овие редови, во четврток навечер, фашистичката партиско-мафијашка хунта на ВМРО со својата толпа црнокошуљаши што глумеа народ пред Собранието на РМ, изврши насилен антипарламентарен државен удар! По низата на тивки државни удари со кои во изминативе години ја инсталираа својата криптофашистичка диктатура, хунтата на ВМРО вечерва ги симна маските и им ги позајми на своите јуришни одреди злосторнички да ги окрвават рацете во нападот на македонскиот законодавен дом. Во криминалниот упад во Собранието, повредени се и окрвавени лидерот на СДСМ Зоран Заев, лидерот на Алијансата на Албанците Зијадин Села, Радмила Шекеринска и уште кој знае колку пратеници и други службени лица. Вестите се траорни,

испрекинати и непроверливи, додека јавниот сервис и другите фашистички телевизии го емитираат својот нормален програм како ништо да не се случува. Развојот на ситуацијата е потполно неизвесен, но во моментот е јасно дека крвавиот пуч против врвната уставна власт во земјава е внимателно подготвен и изведен од страна на партиската држава на ВМРО – ДПМНЕ, во содејство со полицијата и злосторничката толпа. И, дека без секакво сомнение овој гнасен и кукавички чин ќе биде и почетокот на формалниот пад и деложирање од власта на оваа одвратна разбојничка банда.

Што ќе се случува понатаму? Ќе нè вовлечат ли криминалните умови на фанатизираните вмровски фаланги во крвава спирала на државно-полициски терор или граѓанска војна, што ќе биде несомнениот крај не само на фашистичката хунта на ВМРО, туку и на Втората Македонска Република и, најверојатно, на македонската држава како таква? Или Груевски го испланирал овој „спонтан“ упад на Вечните Македонци само за нему да му овозможат да ја одигра улогата на помирител и незаобиколлив политички фактор – единствениот што може да ги држи во контрола „нескротливите патриотски емоции“ на неговиот „народ“ и неговите верни полициски ес-ес Заштитни одреди? Вашиот колумнист, почитувани читатели, не учел школо за јасновидци, но рационалната мисла успева да прогледа во непроѕирната иднина единствено низ анализата и детектирањето на повторливите и непроменливите феномени од минатото. Така што, според психолошкот профил на врвот на острата вмровска командна пирамида – а, тоа е Хефе де ла Хунта лично, сметам дека втората од горните две варијанти ќе биде поверојатната детарминанта на случувањата што ќе ни ја одредуваат блиската иднина.

Ако ме прашате за каков тоа психолошки профил се работи, ќе ви одговорам со еден релативно стар, но во науката сѐ уште хипотетички синдром за вид на растројство на личноста, односно дијагноза - малиген нарцисизам. Поимот го сковал големиот социо-психолог Ерих Фром уште во далечната 1964 година, опишувајќи го како „тешка ментална болест" што претставува „квинтесенција на злото". Подоцна, синдромот на малигниот нарцисизам е опишан како „форма на нарцисистичка личност во која сопствената грандиозност се гради околу агресија и самоидеализирање". Поновите истражувања потврдуваат дека „малигните нарциси можат да бидат интелигентни, да зборуваат мирно, да бидат дури и навидум љубезни и со меко срце, и со добри манири. Тие можат да лажат со леснотија, лажно да обвинуваат и да клеветат, да мамат, да крадат, и вешто да манипулираат за да го добијат тоа што го сакаат, а притоа секогаш да се чувствуваат дека тоа што го прават е апсолутно праведно. Затоа што за се што злодејствуваат тие си даваат за право – патолошки егоцентрично - тие своите злостори никогаш не ги доживуваат како нешто погрешно. Тие се решени да ги задоволат своите желби, и бесни се ако бидат оневозможени, при што не само што никогаш немаат чувство за вина или каење, туку имаат тенденција да се чувствуваат како тие да се всушност оние што биле малтретирани". Или, како што е случај со нашите малигни нарцисисти од ВМРО – дека тие „се биле репресирани".

Овој прецизен опис на психолошкиот синдром наречен малиген нарцисизам, е она непроменливо нешто што ме наведува да помислам дека Груевски ќе ја игра грандиозната улога на лидер што ја има политичката моќ да ја контролира толпата на црни фалангисти што

урлаат „за заедничка Македонија", исто како што франкистите ја извикуваа оксиморонската „да живее смртта". Пуштајќи ја толпата фанатизирани кретени од ланец, Груевски и ВМРО сакаат веќе стереотипно да го набедат собранискотo мнозинство за државен удар (кое досадно и повторливо малоумие!), и да ја обезбедат својата умислена историска грандиозност. Но, и таа „игра" ќе им биде попуста, зашто патот за воспоставување на новата власт во Македонија е започнат - бавно и тегобно - но несопирливо и неповратно.

Се разбира, оптимизмот што произлегува од оваа анализа – правена во траорни мигови на агресивно вмровско малоумие и неизвесност – ќе биде уште поголем кога владите на Соединетите Американски Држави и Европската Унија цврсто ќе изјават дека за легална власт во Република Македонија ја признаваат само онаа што произлегува од собранискотo мнозинство, од новоизбраниот Претседател на Собранието Талат Џафери и Вадата што ќе биде избрана од нив. Пречим дека утре наутро ќе се разбудам со убави вести дека поддршката за новата власт веќе стасала, повредените се чувствуваат добро, а пучот на црните фалангистички орди завршил како уште еден бесмислен и неуспешен вмровски злостор.

# ПРАЗНИТЕ РЕПТИЛСКИ ОЧИ НА ВМРОВСКИТЕ КОЉАЧИ

06.05.2017

> 3 % психопати цела деценија ја држат во окупација државата и садистички го силуваат целото општество!

„Ќе падне крв до колена!“, ми излана в лице, заедно со коњска доза алкохолна пареа, утрото на „крвавиот четврток“, еден мој врсник што животот го помина по затвори. Му се насмеав в лице, мислејќи дека изјавата излегла од длабочините на ракијските вирови што му го изгореле мозокот. Но, само неколку саати подоцна се покажа дека криминалните „затворски“ извори биле подобро информирани од мене. Тие знаеле за плановите за собранискиот покољ, поради тоа што организаторите на нападот врз Собранието, сметале на „соработката“ со нив и го планирале активното учество на криминалните ветерани во егзекуциите. И иако, за среќа, планираниот покољ на пратениците не успеале да го изведат, злосторничката толпа успеа да го изврши најмонструозниот злостор про-

тив Републиката во историјата на македонската државност: тие пролеаја крв во законодавниот дом, и тоа крв на највисоките претставници на македонската уставна власт!

Директни учесници во ова најтешко кривично дело против државата и легалните претставници на државниот суверенитет – во улога на инспиратори, подбуцнувачи, подготвувачи, организатори, помагачи и извршители – се претседателот на државата, лидерот на ВМРО и неговата партија, пратениците на ВМРО, партиската полиција, нивната експозитура „За заедничка Македонија“ и цела толпа морални монструми и друг човечки џган. Ден потоа, и, еве, веќе цела недела, злосторниците се однесуваат како ништо страшно и да не се случило, та дури ги оптужуваат и своите жртви за „деловнички“ злостор, оправдувајќи го своето фашистичко дивеење во парламентот како „праведен гнев“ на „заштитниците на државата“!? Ја употребуваат целата пропагандна машинерија на својата партиска држава да го банализираат Злото, и злочинот да го преквалификуваат во норма!

Да биде уште полошо, злосторот продолжи и по Крвавиот четврток, со медиумските и социјално-мрежните реакции на морално изопачените подржувачи на Злото и изразите на злорадост на уште поголема толпа на обесчовечени Македонци. Ако ја погледнете ужасната снимка што ја објави телевизијата Алсат-М, како кољачите од ВМРО го влечат полумртвиот Зијадин Села по собраниските ходници, сосем изненадувачки ќе ве потресе - не самата грозоморност на крвавата слика, туку нечовечката рептилска рамнодушност на фашистичките борци „за заедничка Македонија“, нивните празни очни дупки и, дури, некоја непоимно одвратна гордост, како

да влечат убиено животно со коешто ќе се фотографираат за спомен!? И, викаат, од гробните јами на нивните умрени души: „Ајде, курбан јагне!“, и потоа: „Заев, Заев ни треба!“. Таа чудовишна рамнодушност, таа бездушна кољачка реторика на вмровските кољачи, и тие безизразни рептилски погледи, ги имаа и нивните предци што пред седумдесет и кусур години се фотографираа со исечените глави на македонските партизани. Тие фотографии ми се врежани, за жал, доживотно во меморијата, а истите дехуманизирани изрази на некакво злорадо самозадоволство, се општо место на сите фотодокументи на кои фашистичките кољачи гордо позираат покрај жртвите на својот злостор.

Помислувам, вџашен, како во очајната желба чим поскоро да ја нормализираме изопачената општествена состојба во морално уништената татковина, ние несвесно го „нормализираме“ и воедно го маргинализираме и непростливиот Злостор што е извршен пред наши очи? И, повторно, по кој знае кој пат, го потиснуваме во заборав Злото – неказнето, и дури ненаречено како што треба, со вистинските зборови!? И, повторно ризикуваме системското фашистичко Зло на партиската држава на ВМРО да остане несфатено, неименувано и, поради тоа, и неказнето и неискоренето, и казната да ја стесниме само на неколкуте крајни извршители?! Но, погледнете ги повторно тие кољачки очи, почитувани читатели, испразнети од секаква човечка емоција! Тие не се случаен „природен феномен“ – нив во Собранието ги донесе ВМРО, тие се есенцијата на ВМРО!!!

Уште Дарвин пишувал за емоциите и особено за емпатијата како важен „чинител за опстанокот на видовите“. За разлика од цицачите, водоземците и рептилите не по-

кажуваат никакви знаци на емпатија, додека луѓето (би требало да) поседуваат ум што не ја поднесува болката на другите. Современата социо-неурологија ги потврди наоѓањата на Дарвин, па денес е веќе општо место дека основните биолошки алатки за преживување на луѓето се способноста за симболички говор и емпатијата. Скенирањето на мозоците на тешките психопати покажа дека тие имаат недостаток во системот на неуронски мрежи што го врзуваат мозокот со амигдалата - модулот задолжен за „читање“ на емоциите, така што овие не се во состојба да ги забележуваат емоциите и болките кај другите. Од тука произлегуваат тие рептилски обесчовечени и емоционално празни очи кај вмровските кољачи, што влегоа во четвртокот во Собранието да убиваат пратеници во одбрана на „заедничка Македонија“! Оваа тешка неуролошка фалинка што предизвикува психопатија со злосторничко емоционално слепило, е сигурно причината и за садистичката злорадост на вмровските кретени што го славеа делото на своите „јунаци“.

Големиот број на психопати во земјава не треба да не загрижува, зашто науката проценува дека 3 насто од целиот човечки вид ја има оваа фалинка. Она што треба да не згрози, и да не ни дозволи да го заборавиме и оставиме неказнет вмровскиот злочин, е фактот дека под фашистичката диктатура на ВМРО овие 3 насто психопати веќе цела деценија ја држат во окупација македонската држава и садистички го силуваат целото општество!

# ЗОЛ ВОЛ ОД ВОДЊАНСКИОТ ДОЛ!

**13.05.2017**

> Единствена олеснителна околност за македонското демократско пучанство е што гласањето за волот од претседател беше во потполност лажирано – како и сите избори од 2006 наваму.

Во неговите „Животи и мислења на големите филозофи“ Диоген Лаертие ни го пренесува огорчувањето на Антистен, еден од Сократовите ученици, кон атинската демократија, која – да не заборавиме – била во целост одговорна за скудоумното „судско“ убивање на Сократ, најмудриот и најслободниот ум на атинскиот „златен век“. Антистен – вели легендата - на Атињаните им советувал дека ќе извлечат голем бериќет ако демократски, со гласање, одлучат нивните магариња да станат коњи. Кога овие го одбиле предлогот како бесмислен, и му порачале на филозофот да не ги зафркава, Антистен им одговорил: „Зошто „бесмислен“, кога кај вас цело време се случува нешто уште побесмислено – потполни будали да стануваат водачи само со кревање на рацете!“. Е, за

разлика од Антистеновиот предлог, ние со гласање направивме и нешто уште поглупаво: од вол направивме претседател на државата!

Единствена олеснителна околност за македонското демократско пучанство е што гласањето за волот од претседател беше во потполност лажирано – како и сите избори од 2006 наваму – од страна на вмровската партиско-мафијашка псевдо-држава. Нелегалниот избор и самата функција, волот од шпанската серија - Хорхе Еступидо, едно време молкум ја носеше на своите плеќи, сметајќи на онаа Твенова - дека е подобро да молчи и да изгледа тупаво, отколку да ја отвори устата и да ги развее сите сомнежи (за размерите на својата чудовишна глупавост!). Но, откога на неговите газди – кои, додека им одеше добро, го оставаа мирно да си гнете зелка во својата нива на Водно – наеднаш им тргна многу лошо, тие решија да го употребат како последно оружје во нивната очајничка борба против несопирливата правда. И така, нашиот Вол почна активно да го прекршува Уставот, законите, моралот и здравиот разум, и да ја игра улогата на главна формална пречка за уставниот трансфер на власта, за на крај, и без гласање, да ја изведе својата последна трансформација: од обичен тупав Вол, се престори во Зол Вол. Во велепредавник и мегакриминалец.

Оваа тегобна приказна можевме да ја завршиме како што и ја почнавме - со Антистен, кој прецизно ја предвиде смртта на атинската демократија, порачувајќи им на своите сограѓани – и на сите ко нас скудни во умот - дека „државите неумитно пропаѓаат кога нема да можат да ги разликуваат лошите од добрите луѓе“. Но, по Вистината за Македонија, декемвриските избори, криминалното одбивање на Груевски и неговата ВМРО да ја предадат

власта на легалното собраниско мнозинство, и, конечно, по здружениот злосторнички напад на Собранието и неуспешниот обид за физичка ликвидација на пратениците на демократското мнозинство, никој нормален во Македонија и во светот веќе нема  проблеми со разликувањето на лошите и добрите луѓе во земјава. Нашиот проблем веќе не е во разликувањето на злосторниците од жртвите, „лошите од добрите" – како што вели Антистен, туку во постапувањето со разоткриените злосторници.

Зашто, Крвавиот четврток не беше случаен упад на демонстранти во кој некои егзалтирани будалетинки „во занес" повредиле пратеници, туку планиран и координиран обид за атентат на легалните носители на државниот суверенитет и на самата парламентарна демократија, во кој учествуваа – покрај кољачите од „заедничка" и полицијата – и целиот врв на партиската држава на ВМРО! И, вистинскиот проблем не е што партиското обвинителство и полиција дрско го фалсификуваат злосторот квалификувајќи го како "учество во толпа" или го сведуваат на неколкуте непосредни егзекутори, за чијашто идентификација им треба „геолошко време". Не, нивното однесување е природно и очекувано, зашто тие се учесници и соучесници во злосторот: негирањето на злосторот и одрекувањето на какво и да е учество во него, е заеднички образец на однесувањето на сите злосторници во историјата. Проблемот е што силите на Доброто ги толерираат вистинските инспиратори, организатори и извршители на злосторот, како овие да немаат никаква злосторничка улога во Крвавиот четврток!?

И, на крајот, како врв на оваа државно-правна и, пред се, морална конфузија, ние повторно го чекаме нашиот Зол

Вол од Долно Водно „да се вразуми", „да го почитува Уставот", и да „го даде мандатот" на легалното собраниско мнозинство, за ова конечно да може да состави влада. Но, тоа суштество веќе го прекршило Уставот, недавајќи го мандатот со злосторничка умисла – да ја создаде ситуацијата во која ќе биде извршено убиството на пратениците и парламентарната демократија! Волот веќе го изврши своето велепредавство, тоа е неспорен факт; тој самиот веќе одбра да излезе од рамките на Уставот и законите и да го изврши своето кривично дело - и треба да биде третиран како криминалец!

Знам, почитувани читатели, ќе речете дека институцијата на претседателот треба да се сочува и дека политичката прагма треба да го „бутка" можното, особено што претседателскиот имунитет - во реалните околности на недемонтирана партиска држава – е практично несоборлив. Но, токму од аспект на почитувањето на институцијата на Претседателот на Републиката, од најголема важност е да не биде толерирано неговото газење на Уставот, да не остане неказнет неговиот злостор, за да не биде повторен. Враќањето на довереието во институцијата Претседател на државата нема да се случи со толерирањето на неговите злостори и бескрајното удоволување на неговите неуставни опструкции и криминални каприци, туку со нивната активна осуда, и отвореното искажување на вистината: на попот – поп, на бобот – боб, а на Волот – вол!

# МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИТИЧКИ КАНЦЕР НАРЕЧЕН ВМРОМА

**20.05.2017**

> Карцинома, саркома, лимфома, ВМРОма...

Не сакам да ја расипувам свечената атмосфера на историскиот момент, кога криминалецот со прекар Хорхе „му го довери“ мандатот за составување на влада на легитимниот мандатар Заев, но, рака на срце, моралната интуиција ми јачи гледајќи дека дозволувајќи му да „го довери“ мандатот, ние практично на еден мегакриминалец му го простуваме злосторот, во име на нежната љубов кон институцијата на претседателот, и, веројатно, во слава на божествените капацитети на либералната демократија институционално да ги решава своите неволји, што ли?!

На мојата напатена душа многу повеќе би и годела, на пример, сцената како на Хорхе му се соопштува дека ко-

чијата со мандатарот ќе помине по калливиот пат недалеку од неговото долче, а нему му се дава последна шанса „да се испере“ од злосторот, доколку биде доволно брз во трк да му го врачи украдениот мандат на законскиот сопственик. И, така, Хорхе чека и кисне во калта на тешкиот пролетен дожд, а кочијата со мандатарот никако да наиде! Туку наеднаш, се задава торжествениот шестопрег од зад ридот, во бесен галоп, и го полива Хорхета со црната кал што се одвојува од брзите коњски копита... Тој се созема и почнува да трча по кочијата, лапајќи тона кал што лета од задните тркала, ги цеди последните сили од „газовето“ што му се пафтаат одзади и се фрла јуначки кон подотвореното прозорче на кочијата, го уфрла внатре мандатот, и пресреќен пљаснува во водениот ѓол среде патот... Кочијата со мандатарот одминува фуриозно, а во кадарот што се шири, на селското џаде, сред локвите каллива вода, останува ничкум да лежи Хорхе, ко џиновска кравја лепешка, што испарува и се раствора во поројот... Е, такво „давање“ на мандатот би посакувал да видам, како милосрдна шанса за искупувањето на еден ништожник! Да! Но, да не се занесов малку, почитувани читатели, м?

Елем, најважната работа што на мандатарот и на новата влада ќе мора да им биде водилка во формирањето на нивните политички приоритети, е сознанието за вистинската природа на режимот на Груевски и неговата ВМРО. А, тоа значи и увид во вистинската дијагноза на болеста на македонското општество, исто како и во сеопфатната клиничка состојба на пациентот, односно последиците од десетгодишното уништување на македонската држава, култура и цивилно општество. Зашто, причината за оваа наша голгота не се криминалните дејанија на Гру-

евски, неговата фамилија и вмровската врхушка – како што веќе пречесто се кажува, туку се работи за фашизам, за системска болест на општеството, што ги има зафатено сите државни органи, културни и економски институции и субјекти.

Партизираната држава на ВМРО што десет години пенетрира во сите пори на општеството е како малиген тумор, како канцер што првите две години го „растеше“ својот примарен партиски тумор во органите на извршната и законодавната власт, додека останатите осум и пол години метастазираше во сите ткива на општеството. И, тука, медицинската споредба не е употребена како литературна метафора, туку како вистинска функционална аналогија: канцерот е болест во која мутираните клетки почнуваат интензивно да се множат и развиваат според „свое“ генетско сценарио, без каква и да е врска со организмот домаќин. Убиственоста на канцерот се состои во базичното својство на мутираните клетки – да се множат и развиваат многу поинтензивно отколку што е тоа случајот со генетски усогласениот ритам на создавање и умирање на здравите клетки на организмот. По некое време на хистерично множење и дисеминирање по организмот, одвратното аморфно и дисфункционално тело на канцерот буквално го зазема просторот на вистинските органи и ткива и така ја предизвикува смртта на „домаќинот“. Малигнитетот на канцерот се состои токму во „емитирањето“ на неговите клетки низ целиот организам, каде што овие метастази формираат нови, секундарни тумори.

Се работи за потполно истиот механизам со кој ВМРО ги исполни со дисфункционална, глупа и зла партиска материја првин органите на државата, а потоа метастазира-

ше и во ткивата на општеството. И, како што различните канцери во медицината се нарекуваат во зависност од типот на малигнитетот и диспозицијата на примарниот тумор, како што се карцинома, саркома и лимфома, овој нашиот, што почна во злосторничката организација ВМРО-ДПМНЕ, а метастазира низ целото македонско општество, се вика ВМРОма.

А, кусата политичка поука од оваа сурова медицинска аналогија е дека првата и најважната задача на реформската власт мора да биде успешното корнење на македонската смртоносна вмрома од ткивата на општеството!

Ако ова не им е јасно, или ако се одлучат за терапија со ладни облоги, оваа историска победа над Злото ќе се претвори само во краткотрајна ремисија на канцерот, кој по кусо време ќе се врати да го заврши започнатото.

# ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ШТО НЕ СМЕЕ ДА ПОСТОИ!

**27.05.2017**

> Прифаќањето на вистинската дијагноза за болеста на нашето општество ќе ни овозможи да ја примениме и вистинската терапија.

Колку за потсетување, централната идеја на фашизмот е расно или етнички востановената преродба на нацијата. Затоа, „најтесната“ дефиниција на фашизмот е дека е тоа палингенетски ултранационализам или екстремен преродбенички етноцентризам. Оваа политичка идеја може да се реализира единствено низ механизмите на „тоталната држава“, како што тоа го постулираше Карл Шмит, еминентниот правен теоретичар на Хитлеровата држава.

Тоталитаризмот, пак - сфатен како тотална политичка власт на државата врз општеството - беше воведен како форма на владеење во којашто фишистичката идеја ќе биде обединувачката сила што ќе ги „стопи“ во едно

водачот, партијата, државата и народот. Токму оваа тоталност на фашистичкиот концепт на државата што ги репрезентира и контролира сите аспекти на животот, е и дистинктивното својство на тоталитаризмот. Оттаму и осовната разлика помеѓу авторитарното и тоталитарното владеење: додека првото се ограничува на монополизација на политичката власт и воспоставување на некаков вид на диктатура, второто цели да ги контролира сите аспекти на социјалниот живот и политичкото влијание го протега и на економијата, образованието, институционалната култура и уметноста, историјата, идентитетското самоспознавање и приватните животи на граѓаните. Оваа тоталност на целите и претензиите, тоталитарните диктатури ја реализираат преку партизацијата на сите државни, економски и културни институции и форми на социјалното здружување и комуникација.

Ми се чини дека колку и да ги повторувам овие веќе изветвени учебнички дефиниции за фашизмот и тоталитаризмот, нивните сосем јасни и дури очебијни совпаѓања со својствата на владеењето на Груевски и неговата ВМРО, како воопшто да не ни ги отвораат очите. Ние и понатаму – слепо и упорно – ја негуваме официјалната светска „мантра“ дека либералниот капитализам не може да прерасне во тоталитаризам, и дека македонската „политичка криза“ се должи само на криминалното застранување на врхушката на ВМРО-ДПМНЕ и нивното влијание врз другите институции на државата, како што се судството, обвинителството и на нив слични. Но, доколку се ослободиме од оваа безнадежно погрешна догма и го прифатиме очигледното - дека сме жртви на системски феномен, односно жители на тоталитарна

држава, мислам дека ќе ни се зголемат шансите политичката победа над ВМРО-ДПМНЕ да ја претвориме и во победа над груевизмот - македонската ендемска форма на фашизам.

Прифаќањето на вистинската дијагноза за болеста на нашето општество ќе ни овозможи да ја примениме и вистинската терапија, што значи, да ги исползуваме вредните историски искуства во лечењето од тоталитаристички режими. А, искуството кажува дека првата мерка во лекувањето од тоталитаритарен режим не е (само) судското процесуирање на поединечните криминални случаи, туку пред се, забранувањето на дејствување на политичката партија што го извршила мегазлосторот, што ја „заробила" државата, ја укинала демократијата и ја злоупотребила власта за воспоставување на тоталитарна диктатура. Ако ова ви звучи многу радикално, ќе ви одговорам, почитувани читатели, дека токму таа „мека" состојба на свест е јасна индиција дека ние не сме само жртви на тоталитарната држава, туку одамна сме и нејзин органски дел!

А, рака на срце, ВМРО-ДПМНЕ одамна ги исполнува сите услови за забрана на дејствувањето и бришење од Судскиот регистер, пропишани во Законот за политичките партии. Во членот 3, на пример, се утврдува дека „(...) дејствувањето на политичките партии не може да биде насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост," а целиот свет веќе знае дека ВМРО го стори токму обратното. Или, во членот 5 „се забранува секаква дискриминација врз основа на членување или нечленување во политичка партија", а не треба да трошам премногу зборови дека

политиката на вработување и, конечно, вкупната економија – не само во јавниот, туку и во приватниот сектор, веќе деценија се одвива под апсолутно дискриминирачки критериуми во полза на членовите на ВМРО. Понатаму, во членот 7 стои дека „политичките партии не смеат (...) да дејствуваат во органите на државната власт (законодавната, извршната и судската), како и во јавните претпријатија, јавни установи и други организации основани од Република Македонија, општините и градот Скопје", при што ВМРО она „не смеат" го приктикува како „бездруго требаат" до таа мерка што практично партијата е срасната со овие институции. Заморно, почитувани читатели? Еве, само уште еден член од законот, членот 9 – како мала шега за развеселување - што утврдува дека „политичките партии се непрофитни организации", хахаха! ВМРО го „спроведе" овој член во пракса како кражба на народните пари и партиско богатење без преседан во историјата!

Така, што – да скратам – единствениот пат за враќањето на демократијата во напатената Македонија е системската департизација на државата и општеството, а „департизација" во наши услови значи „девмроизација". А, пак, првата и најважна мерка на девмроизацијата на општеството е забраната за дејствување на оваа криминална антиуставна партија и нејзиното бришење од Судскиот регистар!

# ГРАМАДНА ПЛАНИНА ОД ИЗОПАЧЕНИ ЗАКОНИ

**02.06.2017**

> Како и зошто собранието се претвори во глупава и непотребна институција, што произведува глупави и штетни закони?

„Да замислиме дека сте идиот, и да замислиме потоа дека сте пратеник во Собранието... но, јас се повторувам.“ Оваа шега Марк Твен ја напишал пред век и кусур, пародирајќи го кадровскиот капацитет на американскиот законодавен дом, но сигурен сум дека шегата ќе му пробие череп и секому што последнава деценија ја следел работата на Собранието на Република Македонија. Навистина, увидот во работата на Собранието, а особено читањето на неговиот најважен, „злато вреден“ производ – законите што ни ги уредуваат буквално сите аспекти на животот, ја навредува интелигенцијата на нормалниот човек. Нашата легислатива, илјадите закони и подзаконски акти што се на сила не само што се противуставни, меѓусебе противречни, назадни и коруптив-

ни, туку се и нефункционални, неписмено напишани, нелекторирани и дури номотехнички неисправни. Ќе прашате: како е тоа можно?? Како и зошто собранието се претвори во глупава и непотребна институција, што произведува глупави и штетни закони? Одговорот е сложен и повеќеслоен, но суштината му е лапидарна: затоа што ВМРО го претвори во спореден колосек на нивната извршна власт - попатна станица за верификација на непрегледните композиции на глупави, штетни, неуставни и криминални закони што во Собранието стасуваат во форма на партиски директиви. Еднаш напишани, во темните и влажни одаи на Волчјата Јама, тие – секогаш во итна и забрефтана постапка – ќе протатнеа низ „институциите на системот", ќе подзастанеа на собранискиот спореден колосек, потоа композицијата ќе свртеше од кај водњанското долче, каде што Волот ќе ставеше на нив отисок од својата чепунка, и – уште истата ноќ – тие ќе осамнеа во службениот весник.

Оваа бесконечна продукција на глупави закони во Собранието е всушност закономерна последица од основниот механизам за злоупотреба и уништување не само на парламентарната демократија и правото, туку и на здравиот разум во оваа напатена земја. Тој механизам се состои во простата квантификација на целиот систем на „претставничката демократија", и исфрлувањето од него на значењето на зборовите, логиката, целисходноста, и каква и да е разумна содржина. Тоа е така зашто за ВМРО добиените 51 насто од пратениците претставуваа „мандат" за господарење, крадење, силување и секакво друго злоставување на 100 насто од библиската земја и нејзиното население. Поради тоа, Собранието се „испразни" од смисла и разум, зашто овие веќе немаа што да партиципираат во одлуките на партиската врхушка. Толку просто!

Ниту во нашиот огледен либерално демократски Устав, а ниту во еден друг „напреден“ устав во светот, нема заштита против оваа злоупотреба, зашто либералната демократија и не е замислена да се бори со сопствената Глупост и Зло. Еве, во членот 2 од нашиот Устав пишува дека „суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните“, и дека тие „власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници по пат на (...) непосредно изјаснување.“ Потоа, во членот 61, овие претставници го сочинуваат Собранието кое е „носител на законодавната власт во Републиката“. Читајте понатаму колку сакате, почитувани читатели, но никаде нема да најдете дека пратениците не смеат да бидат глупави и зли и дека нивното мнозинство не смее да носи малоумни, штетни и противуставни закони.

Ќе ви сликувам, за пример, со еден член од моќниот системски закон што ја уредува приватната сопственост, една од темелните вредности на уставниот поредок. Се работи за членот 121 од Законот за сопственост и други стварни права, во кој – спротивно на Уставот и на принципите на светското законодавно искуство – е уреден начинот како со криминална градба се создава „легална“ сопственост во Македоња Вечна. Членот вели дека „на градежен објект изграден без одобрение за градење градителот со самата градба не се стекнува со сопственост, а до легализација или рушење на тој објект (...) ужива судска заштита која му припаѓа на сопственик“. Има ли нешто помалоумно и поизопачено во вкупната историја на правото? Со ова се уништува единствениот „лек“ што правото го измислило против криминалот и корупцијата – а тоа е темелниот принцип дека противправно стекнатиот имот не може да се легализира. А, овој зломислен член токму ја дава рецептурата како украденото не само

да се легализира, туку му одредува и правна заштита како на законита сопственост!

Понатаму, во вториот став, се вели дека „градителот на (криминалниот објект) може да стекне сопственост на таков објект, (...) доколку објектот се вклопува во урбанистичкиот план, а градбата се потврди со одобрение за градење (...) и се запише во јавната книга“. Внимавајте на неверојатната криминална креативност на творецот на овој правен монструм: со овој став е уништен и обесмислен вкупниот систем на урбанистичкото планирање, зашто – според него - плановите веќе не се прават за да ја планираат идната градба, туку за во нив коруптивно да се „вклопат“ веќе изградените дивоградби! Потоа, членот го корумпира целиот државен систем на контрола на сопственоста со „легалното“ фалсификување на одобрението за градење, за на крајот, тоа да се „круниса“ со запишување на противправно стекнатото во катастарот. Овој закон, инаку, го креираше и донесе Груевски уште далечната 2001 година и од тогаш тој ја изопачи и буквално ја криминализира вкупната урбанистичка и градителска легислатива и пракса во библиската земја Македоња. Алелуја!

А, зошто за оваа наследена планина од глупави и зли закони, пишувам во овие ѕвездени мигови, кога треба да ја славиме зората на новата влада и светлата иднина што таа треба да ни ја донесе? Затоа што, за жал, и оваа блажена еуфорија - цела деценија чекана, е сè уште во темната сенка од Планината изопачени закони и институции; планина на Злото што допрва мораме да ја копаме и рамниме... решително, тегобно и упорно, додека не излеземе од проколнатата сенка на вмровскиот осој.

# ИЗОПАЧЕНИ ЗАКОНИ, ГЛУПАВО СОБРАНИЕ

10.06.2017

> Колку и да изгледа контроверзно, општонационалната интелектуална инсуфициенција е воедно и причина за губењето на нашата слобода и нејзина последица.

Епитетот „заробена држава", што Македонија го доби од своите странски пријатели, е внимателно избран еуфемизам што цели да ја изрече вистината, но на нежен и претсретлив начин. Вистинските зборови за суштината на нашата „политичка криза" е дека владеењето на ВМРО структурно ја изопачи нашата уставна либерална демократија во квази тоталитарна партиска држава со фашизоидна идеологија. Оваа партизација на институциите на државата понатаму закономерно и несопирливо го предизвика не само нивното декапацитирање, туку и заглупувањето на целото општество. Така што, Македонија во последната деценија доживеа вистински цивилизациски регрес, еден вид на пад на вкупното знаење и умеење – во некои аспекти вистинска кретениза-

ција – каков им се случуваше само на општества прегазени од страшните тоталитарни режими од 20 век. Колку и да изгледа контроверзно, но оваа општонационална интелектуална инсуфициенција е воедно и причина за губењето на нашата слобода и нејзина последица.

Оваа директна врска помеѓу знаењето и слободата, на паметните луѓе им била позната уште од дамнина. Историјата ни ја сочува славната анегдота за грчкиот филозоф Аристип од Кирена, кој отишол во Атина привлечен од Сократовата слава, но – за разлика од Сократ – бил на зол глас дека премногу ги сака овоземните луксузи што можат да се купат за пари. Елем, филозофот ја знаел и цената и вредноста на работите, па кога еден човек му го донел својот син, со молба да го земе на учење кај него, Аристип му побарал надоместок за трудот од цели 500 драхми. Кога таткото на момчето реагирал изненадено: „Па, за таа (огромна) сума можам да си купам роб!?", филозофот му одговорил: „Купи си, па за истите пари дома ќе имаш два роба!".

Ќе помислите, почитувани читатели, дека оваа извонредна анегдота, што така директно и интелигентно го поврзува знаењето и слободата, е вовед во анализа на нашиот тешко оштетен образовен систем, што интелектуално ги инвалидизира нашите деца. Но, не, ова беше вовед во темата за структуралната глупост на нашиот законодавен дом; институцијата што треба да ги произведува најпаметните, најправедните и најцелисходните интелектуални производи на нашата повторно родена демократија – законите што треба да не изведат од предолгата зима на нашето незадоволство.

Но, како нашето Собрание ќе ја постигне таа превисока цел, кога со децениската партизација и погрешната

пракса, тоа веќе не е способно да обезбеди ниту елементарна процедура што ќе гарантира дека законите што ги донесува се писмени, стручни, во согласност со Уставот, меѓусебе усогласени и – најважното од се – паметни и целесообразни!? Да, вулгарната партизација на парламентот стана една од основните причини за стручната некомпетентност на најважната институција на нашата демократија. За што, всушност, се работи? Основната дејност на законодавниот дом е да донесува закони, и оваа највитална функција на демократската држава се остварува низ процедура што треба да ја овозможи јавната, политичката и – најмногу од се – стручната веродостојност и квалитет на предложените закони.

Овие три основни проверки се вршат низ јавната расправа, стручната дискусија и – на крај - политичката дебата, кои се предвидени да се вршат во повеќефазната постапка за донесување на законите. Најважната фаза во донесувањето на законите е нивното „чешлање" во ресорните комисии – работните тела на собранието – каде што е задолжително учеството на најеминентните стручњаци од сите области од коишто се и законите што се предмет на процедурата. А, како да се обезбеди ова, кога законите веќе цела деценија одат по итна постапка, јавната расправа веќе никој во земјава не памети дека постои, а експертската дебата во ресорните комисии веќе никој не ни знае дека треба воопшто да ја има!?

Така што, ако го анализираме само последиов аспект на работата на Собранието – инволвирањето на стручните луѓе, на врвните експерти во своите области, во работата на ресорните комисии, ќе заклучиме дека еднопартиското собрание во нашата социјалистичка татковина, во далечното и заборавено минато, беше неспоредливо

попаметно од ова плуралистичкото и ѓоа демократското денес. Тогаш, собраниските комисии имаа повеќе надворешни членови отколку пратеници; тоа беа експерти што ги делегираа стручните и научните институции, како и специјализираните стопански субјекти и јавни претпријатија. Денес, меѓутоа, веќе нема луѓе што се сеќаваат дека ресорните комисии се измислени само заради спојката помеѓу политичките претставници од партиите и претставниците на експертското знаење од целото општество.

Денес, велам, и наназад веќе долги годиништа, ресорните комисии се составени само од избраните пратеници што го сочинуваат и пленарниот состав, па иако и по дефиниција не можат да бидат стручни за најразличните области од илјадите закони што ни го регулираат животот, тие стануваат единствените членови на повеќе комисии. Повикувањето на стручњаци е, додуша, овозможено со членот 122 од Деловникот на Собранието: „Работното тело може на седницата да поканува научни, стручни и јавни работници (...) и на други организации, институции и здруженија заради изнесување на мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на телото", но оваа можност највнимателно се одбегнува, за да не му попречи на партиското „знаење" на ресорните комисии.

И, за крај, да ја парафразирам славната изјава на Ганди, а и на Толстој – пред него, дека ако сакаме Собранието да ни ја смени на подобро нашата тешко оштетена и „заробена" Република, тогаш тоа првин треба да се смени себеси. И, да ни ја донесе слободата ширум отворајќи му ја вратата на Знаењето.

# ДЕНАЦИФИКАЦИЈА НА „СКОПЈЕ 2014“

**17.06.2017**

> Длабоко сум убеден дека справувањето со спомениците на вмровскиот фашизам мора да биде еден од најважните приоритети во процесот на општествено-политичката обнова на Македонија.

Најголемата грешка што новата реформска власт во Македонија може да ја направи во процесот на возобновувањето на уставниот поредок и демократијата, е да ги остави негибнати спомениците на вмровскиот фашизам, весело и безгрижно да ја слават криминалната идеологија на партиската држава на ВМРО. Зашто, две работи мораат да ни бидат кристално јасни. Првата е дека фрагилната победа на силите на Доброто е само политичка рамка – не повеќе од детонација на стартниот пиштол - за отпочнување на процесите на темелното реформирање на уставните институции и воведување на владеењето на правото и разумот. Втората е дека заздравувањето од системската болест на општеството, што длабоко ги оштети сите културни и цивилизациски

вредности, не е можно ниту да отпочне без да се справиме со спомениците и зданијата што ВМРО ги крена во слава на својата илјадагодишна тоталитарна власт и на изопачената расистичка идеологија за нашето ариевско античко потекло и идентитет. Ова беше многупати речено во текот на мрачните единаесет години на изопачување на нашата култура и идентитетско самоспознавање, но имам чувство како значењето на оваа културна реанимација на Македонија да бледнее засенета од чадот на дневнополитичките пожари што новоформираната власт мора да ги гаси во од.

Длабоко сум убеден дека справувањето со спомениците на вмровскиот фашизам мора да биде еден од најважните приоритети во процесот на општествено-политичката обнова на Македонија. Денацификацијата на тесното централно градско подрачје на престолнината – таканаречениот „проект Скопје 2014", мора да се случува паралелно и во синергија со департизацијата на институциите на државата и на целото општество. Конечно, апсолутно е невозможно да се врати правото во Македонија, а да не се расчистат илјадите прекршувања на Уставот и законите што се направени од криминалната партиска држава во процесот на „градењето" на овој фашистички зафат. А, не е можно ниту да се замисли рехабилитацијата на македонската култура и националното достоинство, додека „Скопје 2014" убедливо пред светот не идентификува како ментално попречена нација што себе си се претставува со најгрдите во вселената, злосторнички глупави, историски фалсификувани, лажни, бездарнички и кичерски споменици, зданија и фасади.

Не треба да се занесуваме со флоскулите дека нашава „политичка криза" е единствено и неповторливо иску-

ство, и дека не треба да избрзуваме туку решението да му го оставиме на времето, зашто светот веќе се справувал со вакви ситуации и тоа во многу поголема магнитуда. Искуствата од денацификацијата на постхитлеровска Германија се потполно апликативни и за департизацијата на поствмровска Македонија. Овие искуства се имплементирани во нашата засега тајна директива, чиишто извадоци ги цитирам:

„ДИРЕКТИВА БР.30 ЗА ДЕНАЦИФИКАЦИЈА
Предмет: Ликвидација на вмровските фашистички споменици и музеи

1.За имплементација на оваа Директива се наредува следното:

- Од денот кога директивата стапува на сила, ќе биде забрането да се планира, проектира, гради, инсталира или на друг начин да се излага каков и да е споменик, меморијал, градба, натпис, амблем, плакат или на друг начин да се одржува во живот духот и идеологијата на вмровската фашистичка и терористичка традиција, или да се одржува сеќавањето на злосторничката партија ВМРО и нејзините водачи, како и настани од историјата што го слават нејзиното владеење и недела.

- Сите видови на постојни објекти што се претходно наведени треба да бидат порушени, уништени и отстранети до 1 јануари 2018 година.

- Цел на оваа законска директива не е да казнува или да се реваншира, туку да го спречи повторното оживување на злосторничкиот дух и фашистичка идеологија на ВМРО.“

Вака треба да изгледа законското справување со „Скопје 2014“, зашто токму вака изгледаше и оригиналната

Директива бр.30 што со сила на закон ја издаде воената команда на американската окупациска војска во Германија во раната 1946 година. Извадоците од Директивата се автентични, освен што за потребите на колумнава, на местото на оригиналното „Nazi Memorials and Muzeums" го вметнав нашето непрежалено фашистичко ВМРО. И, да, оригиналниот рок е јануари 1947. Значи, справувањето со симболите, спомениците и меморијалите на нацистичкото Зло, силите победнички во Втората Светска Војна го сметаа за неопходен и незаобиколлив прв чекор во обновувањето на германското општество и воспоставувањето на демократијата во тукуштo победената партиска држава на Хитлер.

Историските поуки се повеќе отколку јасни: како ќе беше можно воскреснувањето на германското цивилно општество, доколку на него паѓаа темните сенки од монструозните споменици на злото, кукастите крстови, столбовите на геноцидната ариевска архитектура и скулптурите што го славеа германскиот натчовек што ги направи најголемите злостори во историјата? Истото важи и за нас – се разбира, во многу помала размера и со „попрефинети" средства, но идентични по својата природа - зашто, да не се залажуваме: Алесандро, Фелипе, Ќосето и сите други кошмарни „нешта" од „Скопје 2014" не се ништо друго отколку нашите споменици на Злото, нашите ариевски митови и нашите кукасти крстови.

# СПРАВУВАЊЕ СО СПОМЕНИЦИТЕ НА ЗЛОТО

**24.06.2017**

> Враќањето на културниот идентитет на престолнината треба да го извршат стручњаците за тоа!

Замислете дека сте жртва на злобна шега на судбината, во која бивате киднапирани од група перверзни криминалци и потоа подвргнати на серија незамисливи тортури. Злосторниците – од само ним познати психопатски мотиви – ве подвргнуваат на серија на менгелеовски хируршки зафати, во кои ви го менуваат личниот опис: на место на носот ви ставаат грутка црвена гнетава маса, устата ви ја шират од уво до уво во гримаса на одвратна насмевка, веѓите ви ги пресадуваат високо насред челото, а целиот скалп ви го вадат и го заменуваат со огнено портокалов џбун! Кога – по чудо – се ослободувате од ова заробеништво во кое ви е осакатено телото и уништено достоинството, сознавате дека скапата серија перверзни хируршки изживувања била платена со ваши пари! На

крај, се соочувате со својот лик во огледалото: од таму ве гледа чудовиште од кловн што изгледа како да е креиран да го игра главниот негативен лик од холивудската филмска сага за Бетмен. Ве интересира ли, почитувани читатели, што ви се случува понатаму, во овој замислен хорор?

Првин, вие веќе не сте оној што сте биле – не одговарате на сликата од лична карта, а впрочем, не се препознавате ниту самиот, та не ве препознаваат ниту најблиските. Кога конечно ги убедувате дека сте жртва на најперверзно насилство и врискате во солзи да ви се помогне и веднаш да ви се врати идентитетот - вашето родено лице и, конечно, да се спроведе правдата и да се казнат починителите, вашата околина реагира сомнително чудно и конфузно. Едни ви велат дека и не изгледате толку лошо, други пак дека можеби сте чудовиште, но дека со време ќе се навикнете на тоа, а трети – дека е нерационално да се фрлаат пари за толку скапи пластични операции само за да си го вратите поранешниот изглед. Згора на тоа, сите што ќе ве видат од страна, ве гледаат или со сожалување или со подбив, зашто ним им е јасно дека се работи за ментално пореметена личност, штом дозволила да биде доведена во толку гротескна и понижувачка состојба.

Доколку успеавте да се замислите во оваа кошмарна ситуација, и доколку почувствувавте макар трошка од очајот што би ве обземал доколку се работи за сурова реалност а не за фикција, е тогаш ќе бидете во состојба – множејќи ја таа трошка со милијарда – да ја сетите болката што ќе ја истрпеше Македонската Култура – да беше жива душа! – по криминалното изживување со нејзиното лице и суштина, што злосторничкиот режим на ВМРО

и го направи со таканаречениот „проект Скопје 2014"! Така што, перверзно е да се зборува за естетиката, или за архитектурата, или за градежната вредност на овој најголем злостор врз македонската култура, државност и достоинство, зашто центарот на престолнината е „место на злосторот", а, длабоко ранетата македонска културна посебност е жртвата на овој грозоморен злостор! Во такви околности единствената пригодна, хумана и цивилизирана тема за којашто може да се зборува, е само начинот и средствата на справувањето со повредите здобиени во несреќниот настан, односно реконструктивните зафати за враќање на злосторнички оштетениот лик и идентитет во нивната претходна, првобитна состојба.

Сите нормални општества во слични ситуации реагираат на еден единствен начин: секогаш кога жртва на злосторот се уништени градски јадра со кои се идентификува нацијата, општеството не прашува за цена кога треба да ја реституира претходната состојба! Најпознат е случајот на центарот на Варшава, што Хитлеровата солдатеска го срамни со земја, како освета за востанието што полските патриоти го кренаа летото 1944 во градот. Целото полско општество повторно си го изгради историскиот центар на престолнината, како гест на заздравување на нацијата од актите на Злото и како симбол на своето идентитетско траење, реконструирајќи го предвоениот изглед на градот од сочуваните поштенски картички, фотографии, цртежи на студентите по архитектура и дури од сликите на градот што венецијанскиот сликар Бернардо Белото ги насликал во масло во средината на 18-иот век.

Нашата катастрофа со „Скопје 2014" е уште покомплексна од полската, зашто наместо обединување во несреќата, предизвика ментална и идентитетска конфузија што

ја подели и кретенизира нацијата! Ние како уште да не сфативме дека најважната работа во справувањето со разорните штети од „Скопје 2014“ е дека спомениците и зданијата што го грдат лицето на престолнината не се акти на градење, туку криминални акти на рушење и крадење! Тие го срушија нашиот уставен поредок, нашиот идентитет и достоинство, и нашата меѓународна положба и углед! Спомениците и зданијата од „Скопје2014“ не се ништо друго туку акти на фашизоидно државно насилство и вандализам! Единственото што тие го симболизираат и чиј спомен активно го слават е Злото и фашистичкото политичко лудило од кои се породени!

Така што, во справувањето со спомениците на Злото новата реформска власт не смее да ја повтори грешката што го овозможи нивното раѓање: тие се змиски пород на политичкиот волунтаризам и автократија, што ги инструментализираа институциите на државата и го исфрлија целото професионално знаење на Републиката од сферата на одлучување. Справувањето со последиците од повеќегодишното дивеење на оваа автократска вмровска психопатија, затоа, мора да им се препушти на департизираните ресорни министерства, односно на стручните и научните институции и реномирани експерти од областите на правото, урбанизмот, архитектурата и уметноста. Враќањето на правдата и културниот идентитет на престолнината, не треба да бидат предмет на политички арбитрирања или јавни лаички дебати, туку обврска на нацијата што ќе ја извршат оние што го поседуваат стручното знаење за тоа!

# СКОПЈЕ 2014: АБОРТИРАЊЕ НА ПЛОДОТ ОД СИЛУВАЊЕТО

**01.07.2017**

> „На кого личи?“ – вика гордиот ариевец. Македонија бебето го погледнува и одговара: „Не го знаеш човекот!“

Се оженил така Мујо со Фата, по долга и чедна – да не речам платонска – љубов. По правата брачна ноќ, излегол младоженецот по навика во кафеана, да се види со другарите за да го „залијат“ новото животно искуство. Нормално, првото што го прашува машката банда Мујота е „каква била Фата во кревет?“. Мујо прави мангупско лице и им се доверува на другарите: „Што да ви кажам, дечки... некои велат дека била многу добра за оние работи, а други пак ми кажуваат дека ич не ја бивало....“. Овој сјаен виц се тркала по Балканот веќе половина век или повеќе, а улогата на глупавиот младоженец гордо ја носеа претставници на сите народи и етнички посебности што го населуваат овој несреќен полуостров. Несопирливата смеа што вицот вечно ќе го предизвикува, се

должи на апсурдната мешаница од некомпетентност и глупавост, и гордост и самодоверба, што одзрачуваат од балканскиот младоженец. Коктел од „доблести“ што кај машките деца што се смеат на вицот побудува чувство на безбедна супериорност над наивниот младоженец, чувство што произлегува од убеденоста на секој маж дека не е возможно тој да се најде во улогата на глупиот Мујо.

Но, во вечната библиска земја Македоња, спојката помеѓу тоталната некомпетентост и глупавост, со исто толку екстремната гордост и самодоверба, го претвори вицот во историја, низ појавата што некоја будала со нежна родителска љубов ја нарекла „Проект Скопје 2014“. И, така, по првата брачна деценија во која Грујо ја држеше во заробеништво и безмилосно ја силуваше младата Македонија, се собрале машките деца од вмровската штаб-квартира да ја залијат годишнината, и, се разбира, не можат а да не му го постават – мангупски оклештени, и со залигавени усти – најважното прашање: „И, како се покажа во кревет невестата... ја болеше ли многу?“. А, Грујо прави невина фаца и ги крева рамениците: „Жими мајка – не знам... Некои велат дека врискала многу, но мене воопшто не ме заболе...“. Колку време и да помине, и, на какви ли си таму перверзни балкански премрежиња да се однесува, структурата на овој вечен виц останува непроменета во поделбата на улогите: машката страна е глупак што е горд на своите кретенски дела, а женската страна го носи прималниот грев на Ева таа е секогаш жртвата што е самата виновна за својата судбина.

Дека оваа дискретна морална изопаченст на стариот виц може да им одолее на сите ситуации, потврдуваат и деновиве често започнуваните муабети за судбината на несаканиот пород од децениското силување. Иако одлу-

ката за абортусот на злиот плод што настанал како резултат на еднострано насилство, е право што на силуваната мајка со закон и го дозволуваат не само сите секуларни демократии, туку и многу религиски конзервативни земји, во библиската земја оваа тема не е сè уште приоритет ниту на владата, а не се слуша ни дека справувањето со „Скопје 2014" е во распоредот на која и да е институција од тукуштo ослободената жртва на силувањето. Ситуацијата е драматична, но најтрагичното во неа е што изгледа како не само што никој не се чувствува виновен за насилството, туку како никој да не се чувствува повикан и да се справува со последиците од него.

Лежи, така, младата Македонија целата во крв, како фрлена во чекалната на запустената хируршка болница, со расфрлани екстремитети и отворени рани од суровото насилство, а во неа безбедно зрее злиот плод на долгогодишното силување. На секој хирург – само да погледне – би му било јасно дека жртвата е во толку тешка здравствена состојба, што задржувањето на плодот би ја предизвикало нејзината сигурна смрт. На секој хирург, велам, по секавичен увид во состојбата на пациентот, би му било сосем јасно дека абортирањето на злиот плод не е само правична и морално исправна одлука, туку дека се работи за единствено исправниот медицински приоритет да се спаси жртвата на силувањето! Да, но на хирурзите никој не им кажува дека имаат – некаде, на резервниот перон од кафкијански многуходничната болница – едвај живо тело на садистички силувана жртва, што е во критична состојба! Од жртвата истекува животот, а единствената динамика во болницата – наместо очекуваните сцени на трчање на медицинските лица од сите специјалности и екипирање на хируршката екипа

- е предизвикана само од трепкањето на расипаните неонки...

И, така, следниот ден, по првата ноќ што силуваната жртва ја поминала сама во чекалната, се собираат македонските мажиња, свежо избричени и со гелосани фризури, да ја „залијат" со ракија и муабет новонастанатата ситуација. И, се разбира, не можат а да не го прашаат дежурниот ноќен вратар на болницата: „А, брат, шо велиш – што ќе биде со младата?" Овој се чувствува важен и го брчка челото: „Не знам, дечки, дискутиравме цела ноќ со колегите од „хигиена"...., а дојдоа и некои што го гледале онадуењето со години..., и, што да ви речам – некои велат да се почекало, други велат дека не треба да се вади, оти се давало пари... тоест, се давал напор..., а трети велат дека треба да се сочува детто, оти, велат – младава и така и така е веќе онадена...".

И, така, еден ден, по чудо преживеаната жртва на силувањето, пораѓа живо и здраво чудовиште, што уште како зол плод го добило перверзното име „Проект Скопје 2014". Исцрпената и изобличена, безнадежно апатична мајка, го покажува бебето монструм од прозорот на третиот спрат од породилното, долу на Мујо – гордиот татко и директен генетски наследник на Алехандро Магно. „На кого личи?" – вика од долу гордиот ариевец. Македонија го погледнува странечкум бебето и му одговара: „Што да ти кажам – не го знаеш човекот!".

# НАЈДЕН Е ШЛЕМОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ!

**08.07.2017**

> Симболите се постварни од реалноста, а симболите на злото се посмртоносни и од смртта!

Еден кус и подбивен бугарски виц се расеа деновиве по македонските социјални мрежи, како глуварче носено од моќни кибернетски ветришта. Го пренесувам глуварчето како што слетало: „Македонски археолози откриха шлема Александар Македонски. Радостни, те копаха още 4 часа и намериха и мотоциклета му!“. Хахаха, прекрасен епиграмски виц, што убиствено прецизно ја слика македонската идентитетска мизерија во која не втурна вмровската малоумна александризација. И повеќе од виц: се работи за вистинска дијагноза, украсена со феноменален хумористичен пресврт на крајот.

Секоја чест, браќа. Навистина, има ли појасна визуелизација на безнадежната глупост на нашето децениско се-

државно инсистирање на наследството на постхумните остатоци на Алехандро – како крунски доказ за нашите родбински наследни права – од наоѓањето на оригиналната сообраќајна опрема и дури личното мотоцикле на големиот антички воин? Но, вицовите со етнонационални јунаци секогаш носат сериозни пораки за некои општествени состојби, менталитети и – како во нашиов случај – јасни податоци за најстарата натпреварувачка игра помеѓу народите: психосоцијалното подредување според чувствата на супериорност и инфериорност. Од вицов за мотоциклето на Алехандро, весело одзрачува супериорноста на бугарските автори на кибер глуварчето, една топла човечка надмоќ – небаре сожалување - што со векови на Балканот се одгледува кон заштитените селски будалетинки.

А, паметам време – откога прогледав, па до пред некоја деценија – кога ги гледавме сите наши (југословенски!) комшии со чувство на некаква вродена, небаре кралска супериорност. Оние од социјалистичкиот лагер ги гледавме од високо, со благородничка емпатија, зашто ги сметавме заробени во сталинскиот кафез што ние одлучно го отфрливме. А, оние од западна Европа ги гледавме гордо и супериорно, зашто бевме победници над фашизмот од кој сите тие подлегнаа. По истокот парадиравме како поп звезди, и со денес потполно нестварна леснотија ги „поднесувавме“ нивните завидливи погледи и додворувања . Додека по западот чекоревме цврсто и одлучно, како ние, тогашните младинци - зелен јужнословенски бостан – лично да сме ги ослободиле од окупација. Знам, звучи како забегано старечко бладање, но имам куп јасни сеќавања како шетам по европските метрополи со чекор на ослободител, а крпените фармер-

ки-ѕвонарки ги пафтам како украсни сари од улански коњанички чизми.

Дома, пак, немаше ден во кој ќе испуштевме прилика да не си раскажеме по некој омаловажувачки виц за комшиите, на пример: „Му се јавува по телефон Брежњев на бугарскиот лидер Тодор Живков и му се обраќа – Ало, товариш..., а Живков уплашено го прекинува – Товарим, другар Брежњев, товарим...“ . Кога задоволно ќе се оклештевме на сто пати чуениот виц – што сеедно ни ја милуваше суетата , ќе прејдевме на другите комшии: „Зошто албанските подморници одат цело време горе и долу?“ – и тука нараторот со рака прави стрмна синусоида, а сите во глас одговараме: „За морнарите да земат воздух!“. И уште илјада вакви, инфантилни, елементарни и евтини подбивања, што ги сметавме за природен поредок на нештата, за космички закон во кој е засекогаш уредено дека ние сме горе, а другиве доле.

И, сета таа наша детска, вулгарна и со ништо заслужена супериорност, ја шетавме по светот единствено затоа што го правевме она што и сите деца: се идентификувавме со нашите татковци – победници во светската антифашистичка војна. Се сметавме за природни господари на светот, зашто се идентификувавме со она што и бевме: млада и модерна самосоздадена нација што ја оствари сопствената национална и културна еманципација во оганот на најголемата од сите војни, под знамето на најдоблесната од сите идеологии, а сето тоа под водство на најголемата глобална легенда на отпорот против фашизмот – маршалот Тито и неговите партизани. Прашањето за националниот идентитет – особено помеѓу нас младинците – воопшто не постоеше: сите знаевме што сме и кои сме – и бевме горди на тоа! Конечно, за првите поло-

вина и кусур век од постоењето на македонската држава, нација и култура, нашиот идентитет го градеа – и изградија! – нашите најталентирани и најголеми луѓе: поети, писатели и уметници, научници и инженери, и други сериозни Македонци од сите струки. И, наеднаш – или, можеби, не така нагло? - сето тоа го испуштивме во канализација, кротко и апатично, во деценија на национален себезаборав и индиферентност!

Дозволивме – во „достоинствена“ конформистичка тишина - нашиот победнички и модернистички идентитет да ни го украде најдолниот талог на нацијата – фашистичката вмровска фаланга, губитниците во народно-ослободителната војна и соработници на бугарската фашистичка влада, за првин да го избрише сето создадено, да го претвори во ништо, а потем да го замени со понижувачка, лажна и перверзна гротеска. Во оваа културно-историска трагедија, многу, многу поглупа и поапсурдна идентитетска трагедија од онаа Едиповата, славната револуционерна социјалистичка епопеја во која ја создадовме македонската држава и култура станува маргинална епизода, а централна фигура на новиот перверзен идентитет стануваат Алехандро Магно и вмровските фашисти како наследници на неговата полубожествена крв.

За лажните идентитети Жид напишал дека „е подобро да се биде омразен за она што си, отколку да бидеш сакан поради она што не си“, но, не – ние отидовме многу подолу: ние ја отфрливме почитта и љубовта што ја уживавме поради она што бевме, во замена за сожалување и подбив поради она што не сме. Поради шлемот на Александар Трети Македонски и неговото мотоцикле марка ВМРО. Има ли подолна позиција во меѓународната игра на социјално подредување?

Така што, мораме да сфатиме, почитувани читатели, дека додека на главниот плоштад на престолнината дречи и ечи апсолутно најглупавиот и најштетниот државно-споменичен артефакт во македонската историја – споменикот на Александро Магно, Македонците нема да излезат од вмровската политичка јама. Ако не разбереме дека исфрлањето на спомениците на Александро и неговото семејство од јавниот простор е поважно и од украдените милијарди, и од сторените криминали и дури од економската депресија во која се давиме, се што ќе направиме ќе биде само турирање в место на „Александра мотоциклето“ во дното на јамата и фрлање кал од задното тркало врз „шлема“ што гордо ќе го носиме. Тоа е тоа: симболите се постварни од реалноста, а симболите на злото се посмртоносни и од смртта!

# АКО НЕ ВИ СМРДИ, ТОГАШ НИШТО

**15.07.2017**

> Сетилото за мирис е најдиректното од нашите пет сетила.

Насловот го позајмив и преадаптирав од српскиот портал „Пешчаник“, од неговиот сјаен слоган – „Ако ви е добро, тогаш ништо“. Навистина, ако се наоѓате во историска надолнина по која се тркала вашиот свет, и си поставивте задача со мисла и критика да реагирате на случувањата околу вас, која е групата на граѓани на кои им се обраќате? Се разбира, тоа се оние луѓе кои – како и вие – не се чувствуваат добро во околностите на општествен регрес, зашто оние на коишто им е добро во доба на колективни несреќи, се токму гнасите што профитираат од нив, малата група на јавачи на апокалипсата што триумфално галопираат по надолнината.

Тука се – за жал - и неопределено големата маса луѓе што на прашањето „како си?“ одговараат „викај: добро-

оо!“, зашто, кутрите, глумат дека им е добро, бранејќи се од општата неволја со индиферентност. Смрдеата во насловот, меѓутоа, беше потребна за да фрли светло на специфичната ситуација во која деновиве се наоѓа Македонија. Имено, тоа е ситуација во која изворот на неподносливата децениска партиско-мафијашка реа е присутен во сите институции и пори во општеството, но библиската земја, во еуфоријата на првите 100 дена од реформската влада, глуми како вмровската смрдеа на волшебен начин да исчезнала. И, иако македонското сонце на слободата секојдневно заоѓа зад сè уште недопрените планини политички и криминален измет, ние се однесуваме „посткризно“ опуштено, пуштаме времето смирувачки да жубори и глумиме како планините вмровски гомна веќе воопшто и да не ни смрдат?! Како е тоа можно, што не е в ред со нас?

Овој парадокс можеби можеме подобро да го разбереме со помош на најновите откритија на неурологијата за олфакторното сетило (како што науката го вика сетилото за мирис). Се работи практично за „грдото пајче“ на човековите сетила, за најпотценетото човеково сетило кое сите го сметаме безмалку за закржлавено и непотребно. А, испаѓа дека е токму обратното: сетилото за мирис во нашиот нос е веројатно најмоќното сетило со кое еволуцијата го опремила човекот! Веќе постојат докази дека бројот на различни мириси што човекот може да ги разликува се приближува до бројката од илјада милијарди, што е драматично повеќе од неколку милиони бои или половина милион тонови, со кои располагаат нашите „кралски“ сетила – видот и слухот. Структуралната важност на ова сетило може да се илустрира и со фактот дека за него се „потрошени“ дури 5 проценти од

нашиот вкупен генски запис. Човечкото сетило за мирис е толку прецизно, што може да го препознае мирисот од само неколку молекули што низ носот ќе влезат и ќе ја допрат нежната површина на сетилото, на „таваницата“ од носната шуплина!

И, можеби најважното: сетилото за мирис е најдиректното сетило од сите пет што ги имаме. Видот, слухот, допирот и вкусот, мозокот ги преработува во сложени процеси, може да се рече, дури, дека тие – како што е случајот со најценетото сетило, видот – буквално се создаваат во мозокот. Мирисот, меѓутоа, е директна хемиска реакција на физичко молекуларно присуство на материја; тоа е дразба што се прима толку директно и блиску до централниот нервен систем што може да се рече дека органот за мирис е дел од самиот мозок! Поради тоа, сетилото за мирис не лаже никогаш, миризбите се паметат најдолго и далеку попрецизно од секоја друга меморија, а бидејќи се испраќа директно во хипокампусот и амигдалата – клучните подрачја во мозокот што управуваат со учењето, меморијата и емоциите, мирисните сеќавања несопирливо побудуваат слики, асоцијации и емоции.

Најинтересното за ова моќно, директно и „најискрено“ наше сетило е воедно и она најпознатото за него: дека чувствувањето на мирисите – дури и оние опасните или неиздржливо одвратните – исчезнува само по неколку минути, доколку сте во ситуација кога морате да останете во замирисаниот простор. Тоа во неврологијата се вика олфакторна адаптација, а всушност претставува механизам со кој мозокот буквално го „исклучува“ сетилото, откога ќе помине доволно време за да одлучи како да реагира на информацијата.

Кои две сознанија од функционирањето на сетилото за мирис се од најголема важност за разбирањето на нашата системски засмрдена ситуација? Првата е дека смрдеата е непосреден физички контакт на хемиски молекули со сетилото што е практично структурален дел од мозокот. Тоа, пак, буквално значи дека кога ви смрди на фекална канализација во строгиот центар на македонската престолнина, во сенката на јавнатата коњска карикатура висока 26 метри, тоа е зашто имате парче вмровско гомно што ви се залепило директно на мозокот!! Јасно?! Ова ви звучи вулгарно, валкано и одвратно? Тоа е затоа што се работи за сурова материјална вистина: фекалната контаминација што зрачи од вмровските градби и споменици, исто како и менталната смрдеа што избива од стотиците криминални и малоумни закони и други акти – да не го спомнувам зрачењето од негибнатата огромност на партиското присуство на ВМРО во јавниот простор – се лепи директно на нашите мозоци и непосредно ја труе нашата морална и човечка суштина. Адаптацијата на оваа смртоносна реа и нормалното однесување, кое е ништо повеќе од лажен основ за нашите кревки надежи, се само одбрамбен механизам што ги „исклучува“ информациите од нашите сетила, и на тој начин само го продолжува времето во кое сме изложени на разорното делување на контаминатот.

Еволуцијата го опремила човекот со фантастично ефикасно сетило што го информира разумот за присуство на опасни и штетни материи. Таа имала навистина слепо поверение во човековиот разум, зашто му овозможила да го исклучува ова скапоцено сетило, но воедно била немилосрдна кон оние што по грешка го употребиле овој прекинувач, зашто нив ги осудила на изумирање или

живот во мизерија. Затоа, не смееме да се навикнеме на вмровската смрдеа, не смееме да оставиме времето да не натера да го сметаме „Скопје 2014“ или скопската Casa del Fascio во која е сместена вмровската штаб-квартира, или, самото ВМРО, како наша нормалност, зашто со време фекалната наслага на нашите мозоци ќе стане толку дебела, што првин ќе ја замени сивата мозочна кора, а потоа и целата маса под неа.

А, конечно, ако не ви смрди – тогаш ништо!

# ЗАМОК ИЗГРАДЕН ОД НОРМАТИВЕН ОТПАД

**22.07.2017**

> Контаминираниот нормативен шут – тоа мора да ни стане на сите јасно – мора да се изрие од нашата легислатива со багери.

„Беше доцна навечер кога К. пристигна. Селото лежеше во длабок снег. Ништо не се гледаше од брегот на кој се наоѓаше замокот; беше обвиен во магла и темница, и ниту најмал призрак светлина не го одаваше големиот замок. К. долго стоеше на дрвениот мост што од патот водеше кон селото и гледаше нагоре во привидната празнина.“ Вака почнува Кафкиниот „Замок“, едно од најдобрите четива во историјата на книжевноста, и веројатно најмоќната алегорија за безнадежноста што ја генерира отуѓената и злокобно бирократизирана власт. Низ сите страници на недовршениот роман, добронамерниот К. - кој добил информација дека е назначен за геометар на замокот, живее во селото под замокот и се обидува да стаса до него и да контактира со надлежните лица и ор-

гани..., но испаѓа дека тоа воопшто не е можно. Феудалната атмосфера на немоќ, надеж и залудност, што Кафка ја плете во неговиот „Замок“, е веројатно и најдоброто книжевно насетување на европските тоталитаризми и опис на граѓанското пропаѓање или „потчинувањето на секојдневното“ – како што го формулирал Ками. Алегорична феноменологија на власта – како нешто што е сеприсутно и воедно отуѓено и отсутно, сеприсутна закана на неразбирливите закони парадоксално подржана од нивното општо неделување. Со еден збор, тоа е веројатно најпрефинетиот опис на партиската држава што вмровската деценија ни ја остави во наследство: Македонија како запустено село, изолирано и завеано во снег, а над него голем замок на вечното вмро, обвиен во магла и темница, замок од кој се владее, но невидлив и недостапен, замок до кој не може да се стаса. Темна и сеприсутна отсутност на вмровското сенишно зло.

Се разбира дека не зборувам за премногу видливата, дречавата и наметлива гротеска – купиштата бесмислени столбови, стиропор штукатура и кобожем-скулптури, со кои вмро ја испогани престолнината, туку за еден сосем друг и невидлив баласт што и повеќе од видливиот не влече удолу, кон дното. Тоа се стотиците криминализирани, со противречности и злосторничка тапост испреплетени, неразбирливи и заканувачки неупотребливи закони, што ни останаа во наследство од диктатурата на Груевски. Ваква темна „нормативна материја“, како проклета црна пајажина, е вплетена во сите закони што ја чинат правната инфраструктура на македонската држава. И таму каде што целите закони не беа предмет на изопачување и криминализација, вмро ќе вплетеше по неколку члена - што ѓоа ги обезбедуваат правата на граѓаните – со коишто го градеа темниот замок со бескрајно

многу ходници и врати. Потполната неупотребливост на овие членови за остварувањата на правата на граѓаните, од друга страна е неверојатно ефикасна во обезбедување на феудалното чувство на немоќ и залудност, најпосакуваната состојба на духот на несреќните поданици на авторитарната власт – чувство на стрплива подреденост и трајна заплашеност од последиците и од дела што воопшто не ги сториле.

Како пример за оваа морбидна пајажина, создадена само од леплива правничка ароганција зајакната со тотална глупост, ќе земам еден навидум сосем незлоблив и простодушен член - славниот член 41 од Законот за јавните патишта, во кој се уредува дека Агенцијата за државни патишта издава дозволи за поставување на натписи, рекламни табли, инсталации, заштитни огради и слично. Во оригиналниот закон членот се состои од 5 става во кои се уредени постапките за одбивање на барањето за издавање на дозволите и правото на жалба. Тоа им било очигледно преедноставно на вмровските бирократи од Замокот на Злото, па 2011 со измени и дополнувања на Законот додаваат уште ставови, со коишто е трасирано бесконечното патешествие во место на нашиот граѓанин - благонадежниот господин К.

И, така, во ставот 5, доколку Агенцијата не го донесе решението, К. има право во рок од три дена да поднесе барање до архивата на директорот на Агенцијата, во ставот 7 директорот треба да одговори за пет дена, но доколку не донесе решение во рокот (став 9), К. може да го извести во следните пет дена Државниот инспекторат. Државниот инспекторат врши надзор во следните десет дена (став 10), а во став 11 го задолжува директорот да донесе решение во понатамошните 10 дена, и конечно, доколку овој

не постапи му дава дополнителен рок (став 12). Понатаму, доколку и овој пат директорот не постапи, инспекторот е должен да поднесе прекршочна пријава (став 13), после која сигурно мислите дека ова е конечно крајот? Но, не, зашто во ставот 14 К. има право да поднесе пријава до Државниот инспекторат ако инспекторот не поднесе пријава. И, конечно – готово? Не, зашто ова е само почетоткот: во следните седум става кутриот К. може да се жали на кој се не, и ако не успее никаде, може да поведе управен спор пред надлежниот суд. Сите осетивте олеснување, нели, зашто за само 21 став од најдолгиот член во светското право, нашиот господин К. конечно стаса до правдината? И, повторно не, зашто членот има уште цели 38 става (!) во кои на К. му се „обезбедуваат правата" на жалба, на пријава, на коленичење по бескрајните ходници од Замокот, и со тоа, всушност само се плете неразмрсивата црна пајажина на тоталитарната држава на вмро. И, ништо друго. И, се разбира, му се набива на нашиот јунак длабоко во потсвеста чувството на трпечка субмисивност и „конструктивна" феудална „потчинетост на секојдневната" благонадежна безнадежност.

Членот 41 за кој ви раскажувам, има неверојатни 59 (ехехееej!) става пресувано и номотехнички конфекционирано отровно правничко ѓубре, што не служи за ништо друго туку како граѓа за темниот замок на вмровската криминална и фашистичка легислатива. Тоа е оној ист лавиринтски Замок на Кафка, што е сместен високо над селото и завиткан во магла до невидливост, до стабилна состојба на мистична сеприсутна отсутност, во која илјадниците законски норми не служат за ништо друго туку за потполна психосоцијална парализа на граѓанското општество. Затоа, рушењето на овој Замок мора да

биде темелен приоритет во реформите што треба да ја ослободат македонската „заробена држава“ и македонското силувано општество. А, контаминираниот нормативен шут – тоа мора да ни стане на сите јасно – мора да се изрие од нашата легислатива со багери, исто како и шутот од рушењето на псевдо-архитектонскиот замок наречен „Скопје 2014“!

# НИЕ СМЕ „ИЗМИСЛЕНА НАЦИЈА“

**29.07.2017**

> Најтешката навреда што можеа да ни ја упатат беше дека сме „измислена нација“, и тие бладања не ни можеа ништо, зашто секогаш можевме да им кажеме со супериорна насмевка: „Ваистину сме измислена нација!“

Отишол Мујо во Америка на печалба и – по неколку години мртва тишина – наеднаш му пишува на другар му Хасо да батали се во татковината и да дојде кај него преку големата вода. Му пишува така Мујо на другарот да си немал гајле, зашто тој се збогатил, станал моќен, ќе го прибрал кај себе и ќе му обезбедел лесна и бесна иднина. Се кренал Хасо од дома, продал се, и отпатувал во Америка. Мујо го дочекува облечен нападно сиромашно, скоро во партали, па по прегратката, здогледувајќи му го зачудениот поглед на Хасо, му намигнува и му вели – „Ова јас се преправам, зашто ќе ми се бесат просјаци, не ќе можам чекор да направам“. Смирен, трга Хасо со Мујота овој да му го покаже имотот и да го смести кај него дома. Пешачат три саати - Мујо му објаснил дека не влегува во

лимузина поради одржување на здравјето - до најлуксузниот кварт во градот и застануваат пред една велелепна палата, оградена и уредена како за сликање. „Е, ова ти е мојата куќа“ – вели Мујо. Хасо зинал и не верува, гледа - пред куќата наредени Ролс-Ројс лимузини, и го прашува Мујота – „А коливе, исто се твои?“ „Мои, а чии ќе бидат“ – вели Мујо надмено. Туку, во тој миг на балконот се појавува најубавата жена на светот, па Хасо му се врти на другарот и веќе со восхит прашува – „А, оваа убавица, која ти е?“ Мујо крева веѓи и го прегрнува заштитнички другарот – „Тоа ти е, брат, жена ми.“ „Стварно?“ – вика Хасо избезумен од среќа, кога на терасата излегува еден висок и господски облечен човек и ја прегрнува интимно жената, бацувајќи ја лефтерно зад увцето. Хасо се вџашува и избезумено му вреска на Мујо – „А, овој? Кој ти е па сега овој?“ Тука Мујо го погледнува другарот со топал и убедлив поглед, и му одговара – „Е, тоа, мој драг Хасо, тоа сум ти јас. Лично.“

Интересно е, почитувани читатели, како овој генијален виц – кој како да го пишувал Чехов – секогаш измамува одушевени, но тажни насмевки – исто како и хуморескиte на големиот писател на кусата проза. Човек да се замисли, дали тажниот сентимент што зрачи од приказнава за Мујовиот измислен свет, доаѓа од емпатијата кон неговата грда судбина или од издајничкото чувство дека дел од таа слабост на идентитетот и потребата од создавање на измислен свет, практично, живурка некаде длабоко во секој од нас? Всушност, ако човек се замисли малку подлабоко, ќе дојде до заклучок дека доза на самозалажување не само што му е неопходна секому за одржување на сопственото его, туку и дека истата имагинација што ја изведува оваа суштествена операција

за психичката одржливост на личноста, ги обезбедува и сите социјални, значи, колективни и идентитетски категории за хомогенизација на човечките заедници. Кога ќе ги протриете очите, испаѓа дека во процесот на раѓањето на нациите колективното измислување на националниот идентитет е практично неизбежен и фундаментален дел од процесот.

И, тука, во магичниот процес на создавањето на нацијата, почнуваат и сите парадокси врз кои почива овој, за современото човештво исклучително важен феномен. Првиот парадокс е што иако нацијата е измислена и како појава и како поим - бидејќи е политичка конструкција и плод на човечката имагинација, сите учесници во оваа моќна масовна илузија чинат се за да се убедат себе си и целиот свет, дека нивната нација е нешто објективно, втемелено во историјата и објективизирано со лингвистички, етнички и културни факти. Вториот парадокс на нацијата и национализмот го формулирал Бенедикт Андерсон кој напишал дека нацијата „е толку влијателна идеја што луѓето ги тера да гинат за нивните нации, додека истовремено таа идеја е исклучително тешко воопшто и да се дефинира". А, за овој парадокс најмалку знаат токму оние што за нацијата се подготвени најмногу да направат или да жртвуваат за неа. Овие инхерентни парадокси на нацијата и националниот идентитет, потоа – како генетска грешка - ги генерираат сите идентитетски и националистички проблеми што ја исполнија со чемер и гибел целата историја на последните два века, колку што постојат нациите.

Така што, македонскиот национален идентитетски проблем – од кога во оганот на светската војна ја „измисливме" нашата нација, никогаш ниту беше наш

проблем, туку на оние што не можеа да се помират со објективната реалност на нашето постоење. Најтешката навреда што можеа да ни ја упатат беше дека сме „измислена нација“, и тие бладања не ни можеа ништо, зашто секогаш можевме да им кажеме со супериорна насмевка: „Ваистину сме измислена нација!“. Нација што постои, зашто се самоизмисли – како и сите други нации во светот. Денес и децата во школо учат дека нациите се појавиле на хоризонтот на историјата на крајот на 18-иот век, а од денешните две стотини дури повеќе од четири петини се измислени во последните сто години.

Вистинските проблеми со националниот идентитет почнуваат кога умоболни поединци што ќе дојдат на власт во поедини нации, самите ќе го проектираат сопственото пореметување на личноста и сопствениот проблем со идентитетот - на целата нација. И ќе почнат да ја „лечат“ со измислување на потполно лажно и дури гротескно минато - како што Груевски и неговата ВМРО ни го направи во деценијата од нашиот национален кошмар. И, обратно, кога реформската влада на Зоран Заев го стокми договорот за добрососедски односи со Бугарија – лесно и победнички, како проблем и да немало – договорот со својата содржина само го потврди нашето супериорно „самоизмислено“ постоење. Како проблем и да немало!

И, така, кога случаен намерник што заталкал на главниот плоштад од македонската престолнина, ќе го праша Груевски – „Која е будалана што јавнал толку грд и несмасен коњ?“, овој ќе го прегрне заштитнички, ќе му се загледа в очи со влажен поглед и ќе му одговори – „Е, тоа, мој драг господине, тоа сум ви јас. Лично.“

# ЛАЖНИ, НО ПОПРВО ТАЖНИ ИДЕНТИТЕТИ

**05.08.2017**

> Нација: група луѓе обединети со помош на заблудата за своето минато и со омразата спрема своите соседи.

Својот автобиографски роман „Добриот Сталин“ Виктор Ерофеев го започнува со луцидна но брутална вивисекција на неговото и општочовечкото незнаење за сопствените родители и за минатото од коешто сме создадени: „Родителите се неразвиени негативи. Од сите лица што ги среќаваме во животот, најмалку ги познаваме своите родители, токму затоа што и не ги среќаваме, туку таа иницијатива изворно е преземена од нивна страна: тие не среќаваат нас. Папочната врпца никогаш не е пресечена – ние сме создадени од нив токму толку колку што не ги разбираме. Така е обезбеден колапсот на знаењето. Сето друго е сочинето од погаѓања и претпоставки.“

Навистина, да си постави човек задаток да седне со молив в рака и да напише што знае за своите родители - не

сеќавања за настани, слики и емоции, туку што навистина знае за нив, ќе се згрози над фактот дека нема да може да исполни ниту цела страница. Ако оваа срамна темница на непознавањето, овој „колапс на знаењето“ почнува веќе од нашите родители, колку ли малку вистини знаеме за нивните родители, за нашите баби и дедовци? Направете си го овој суров тест, почитувани читатели, и ќе видите дека нема јунак во безвремената библиска земја, во вечното завештание на Алехандро Магно, што ќе може да ги напише сал имињата на своите осум прабаби и прадедовци, од чиишто гени е произлезен. Но, нека не ве шокира овој резултат, зашто таков јунак - „од мајка роден“, нема да се најде никаде на нашата луда планета.

Ако, значи, вселенската темница на нашето тотално незнаење се отвора во сета своја мрачна и студена шир, веќе од третото колено на нашите непосредни предци, од чиишто неиссечени папочни врпци уште се сопнуваме, колкаво ли е незнаењето за предците од пред повеќе колена, со векови наназад? Или, уште повеќе, колкаво ли е нашето неразбирање за неброените мириади никаде незапишани, необележани, незапаметени и апсолутно непоимливи настани од коишто е создадено нашето минато? А, сепак, секој од нас го гради своето самоспознавање, својот идентитет, своето национално самочувство, токму врз фундаментите создадени од ништо другу туку од празнината на сопственото незнаење, на „погаѓања и претпоставки“, како што ламентира Ерофеев, и од предзаспивни скаски, легенди и митови. И – каков што е случајот и со секое друго незнаење – колку што е тоа поголемо, толку е помала свеста за него кај луѓето, а колку што е помала оваа самосвест (за сопственото незнаење), толку е поголема самоубеденоста во усвоените заблуди.

Кусата историја на нациите и национализмите обилно ни ја докажува оваа парадоксална обратна пропорција: на колку поголема заблуда бил втемелен основачкиот национален мит, толку поекстремни и поострастени армии на луѓе тој мобилизирал, и толку повеќе невини жртви и несреќи создавал. И обратно: нациите воспоставени на реални и скорешни настани – а сите нации се скорешни, како и на настани и личности ослободени од илузивната мистика на митолошкото или сакралното; значи, национално-основачки, но световни, граѓански и овоземски херојства и епопеи, за коишто постојат многу документи, докази и живи сеќавања на основачката генерација, тие нации и национални чувства не предизвикуваат зла страст и несреќа, најверојатно затоа што не ги мобилизираат најагресивните и најнетолерантните глупаци.

Погодивте, пишувам за отровниот вмровски мит за македонската нацонална суштина, за најглупавата лага на сите времиња – дека македонската нација потекнува директно од Алехандро, а дека за нејзиното државно и културно остварување пресудни ти биле токму вмровските бандити. Оваа накарадна и умоболна митологија Груевски и ВМРО на криминален и незаконски начин, со измама, закана и злоупотреба на сите државни ресурси, насила им ја наметна на сите Мадедонци, како сифилистична рана да ја носат на лицето наместо нос. Оваа грда национална краста го „краси“ центарот на македонската престолнина во обличјето на заумната и бездарничка симболика на таканаречениот „проект Скопје 2014“, но нејзините бацили се расеани секаде низ оболеното тело на нашето општество. Овие два лажни идентитета за само една деценија авторитарна контаминација, успеаја нашата нација да ја дефинираат токму како што е најци-

ничната дефиниција на нацијата од Карл Дојч, дека тоа е „група на луѓе што се обединети со помош на заблудата за своето минато и омразата на нивните соседи“.

Но, најтажното во овие лажни идентитети е што се тие происход на вистински народни трагедии и историски несреќи, чиишто болни меморији се потем носени како исечени корења завиткани во избеглички бовчи, во повеќе егзодуси низ дваесеттиот век. Вмровскиот мит го создадоа – во времето кога само поединци ја сонуваа македонската држава – сите оние што сеќавањето на родната земја го однесоа во соседна Бугарија, од кајшто вмровците сонуваа за Македонија убивајќи Македонци. Вториот мит - оној за Александар, настанал - исто како што во времето на прогонството на Израелитите настанал и митот за Мојсеј – како ирационална утеха на избеглиците што беа со меч и оган избркани од своите огништа во Северна Грција, за да се расеат по светот, а мнозината да се вратат најблиску до својот некогашен дом – во новородената Социјалистичка Република Македонија. Двете болни носталгии, со време престорени во горки ресентимани, и носени во патолошка вонисториска бременост, ги породија овие два мита што немаат никаква врска со настанувањето и суштината на современата македонска држава, но поради коишто Груевски и ВМРО го разорија модерниот граѓански македонски национален идентитет.

Така што, лажните идентитети за ВМРО и Алехандро, што ја доведоа во прашање егзистенцијата на македонската државна и културна посебност, се попрво тажни идентитети, зашто се исткаени на основа од стари но стварни трагедии и солзи, во која се вплетени криминалните аберации и психопатиите на Партијата што сакаше сите да не измисли одново.

# ВОЈНА И МИР ВО БАЛКАНСКАТА ДРОБИНА

**26.08.2017**

> Братскиот српски народ својата иднина може да си ја види во нашето скорешно минато.

За само четрнаесеттина дена, колку што бев во постојбината на митските кентаури, под илјадагодишните дабови од коишто во дамнина бил изделкан Јасоновиот Арго – лаѓата што ги носела Аргонаутите во нивната потрага по Златното Руно, за тие секавични две недели митска изолација, на балканот се случија и Војна и Мир.

Слушнав, со блажено задоцнување, дека Македонија и Србија биле во војна, дека имало забивање бодежи в грб на национално ниво и дека во војната учествувале сите Македонци и Срби во вселената. Но, за среќа, пред воените разорувања да ја достигнат својата највисока магнитуда, пред експлозивноста на sударот да ја достигне критичната маса - чијашто гравитација неповратно ќе

ја создадеше најголемата црна дупка во овој дел од универзумот, (што ќе го всмукаше светот во својата астрофизичка ништотија); безмалку милиметар пред библискиот смак на светот, сепак победи разумот, и мирот – како по чудо – повторно завладеа со центарот на вселената, во нашата легендарна балканска дробина. Уште со бјаломорските кристали сол на кожата, втрчувам и го палам телевизорот да сознаам што всушност се случило, и гледам – Македонија и Србија се најдоа на светските вести – што е најлошата вест воопшто, но содржината на веста беше смирувачка. Велат, мирот и разумот завладеаја повторно во темното буре во кое некогаш се чувал барут, а денес шупликаво мириса на црвоточина, винска мувла и расипан расол; мирот бил постигнат со дијалог, што бил поздравен во целиот свет.... а, можеби и пошироко.

Но, целава оваа непостоечка, но перверзно реална војна и мир, укажува на суштествената лажност на стварноста што ја создаваат политички управуваните медиуми. Таа лажна стварност што порано ја создаваа тоталитарните држави, денес – веќе триесеттина години, најмалку – ја создаваат современите демократии што не забележале дека тоа веќе не се. На таа нова тоталитаристичка стварност креирана од симбиозата на етно-национализмот и неолиберализмот укажуваше уште во деведесетите германскиот филозоф Петер Слотердијк, кој медиумските катастрофични остварувања како што беа македонско-српската војна и мир, ги нарече со терминот „национал-журнализам“. Германскиот филозоф ги нарекува современите нации „колективи на заедничкото слушање“ (и гледање, би додал јас), па таквата нова и сеопфатна „информираност“ на луѓето тој ја изедначува со „заробеност“ што лесно се претвара во колективна заблуда, занес, гнев или која било психо-социјална состојба.

Виктор Иванчиќ ни раскажува дека во средината на деведесетите Слотердијк одржал предавање под наслов „Јака причина да се биде заедно“, во кое ја дефинирал улогата на т.н. национал-журнализам како произведувач на „вообединувачки хистерии и интегрирачки паники“ чијашто основна цел е да ја одржува нацијата како „вибрирачко медиумско тело“. Медиумите, според него, се посветени нацијата како „информиран колектив“ со трајни тематски иритации да ја држат на купче, па така современите нации стануваат „општества на самовозбудувањето“ што своето постоење го одржуваат со медиумски индуцираниот стрес. Овој основен ниво на хистерија, паника, страв, па конечно и омраза и гнев, и е неопходен на современата медиумска нација за да се сочува од погубните прашања на разумот, а секогаш кога за оваа цел ќе занема домашни теми, во помош се повикува – односно се конструира, се измислува – секогаш постоечкиот „непријател од општа пракса“ - оној Другиот.

Оваа творба на српскиот „национал-журнализам“ ја доживеав како веќе видена, и тоа до повраќање повторно и повторно гледана на домашните национал-медиуми, цела деценија и кусур. Така што, братскиот српски народ својата иднина може да си ја види во нашето скорешно минато, а часовникот може да го подеси според датумите кога на лудаците од вмро им текна својот лажен и кичерски турбо-македонизам да го слават со поставувањето на огромни метални бандеришта на коишто го окачуваа националното знаме, со што – ги слушавме кретените како ни објаснуваат – го подигаа либидото на нацијата. Е, деновиве прочитав, со задоцнување – се разбира, како и српските браќа се бават со кревање на гигантски знаменосни јарболи со истите национал-либидозни мотиви. За греота.

Затекнав, меѓутоа, во домашниот медиумски простор, една мека и недоволно тактична злорадост, што претпоставувам дека потекнува од сосем неоснованото чувство на супериорност – од очигледната заблуда дека ние сме го надминале нашиот „колапс на разумот“ од времето на владеењето на малоумниот вмровски тоталитаризам. Оваа сурова заблуда, за жал, е манифестација на истата состојба на духот на нашата „информирана нација“ што беше долгогодишен „пациент“ на вмровскиот национал-журнализам; тоа е истата стеснета свест што се правеше недоветна додека цела деценија глумеше „нормалност“ и го овозможи владеењето на една клептократска партиска држава. Преуранетата еуфорија од смената на власта не смее да не залаже во согледувањето на нашата структурално уништена и кретенизирана реалност, зашто огромното тело на вмровскиот општествен и културен канцер уште се башкари распослан по целата територија на библиската земја.

Премногу навикнати од деценискотo правење недоветни, како да заборавaме дека департизацијата на институциите на државата практично не ни започнала, културната денацификација уште не ја ни согледуваме добро, а за деконтаминацијата на нашата ничкосана свест уште не сме нашле ниту идеолошки и интелектуални алатки. Додека непостоечката војна со Србија лесно ја добивме, допрва треба да го извојуваме нашиот домашен мир.

# ПИПЕРКИТЕ ОД УШИ НЕ ГИ ВАДИМЕ!

**02.09.2017**

> „Господине,“ вели со љубезна насмевка нашиот јунак, „имате пиперки во ушите“.

И така, влегува Мујо во воз, на славната делница Шамац – Сарајево, но, таму - наместо одамнешните југословенски калакурници, кога места во возовите се фаќаа на ранжирни станици, долго пред композициите воопшто да се формираат, а на перон во воз можеше да се влезе само преку прозорот од купето - елем, наместо омилениот метеж од младоста, Мујо упаѓа во сенишно празен воз! Очајно желен за попатна социјална интеракција, макар чанче муабет, додека возот успивно дрангара по ударничката пруга, Мујо трча по празните вагони и бара жива душа како вода во пустина... Конечно, во едно купе здогледува патник како отсутно гледа низ прозорот, ја отвора страсно вратата и радостен се фрла на седиштето од каршија. Додека патникот воопшто не обраќа внима-

ние на Мујо, овој забележува нешто сосем невообичаено и чудно, што му е добар повод да ја почне конверзацијата: патникот имал ставено по една пиперка во секое уво!

„Господине," вели со љубезна насмевка нашиот јунак, „имате пиперки во ушите". Бидејќи патникот не реагира на оваа куртоазна забелешка, Мујо се наведнува и со појак глас веќе подвикнува: „Имате пиперки во ушите!" Човекот, меѓутоа, ни да трепне. И, така, да не ја раскажувам целата градација на обиди на Мујо да му укаже на човекот на очигледниот проблем со ушите, работата ескалира во сцена во која нашиов јунак му ја врти насила главата на патникот и му урлика во фаца: „Имаш пиперкиии во уши-тееееееееe!!" И, тука, се разбира, човекот го здогледува Мујота, мило се насмевнува и простосрдечно му одговара: „Извинете што не ве слушам, но имам пиперки во ушите."

Што е вонвремено во овој прастар виц на апсурдот? Тоа е токму дефиницијата, безмалку математичката формула на механизмот на создавањето на апсурдниот хумор, но и на апсурдните ситуации во стварниот живот. Да претпоставеше Мујо дека патникот мора да е свестен за пиперките во неговите уши, односно дека е најприродно самиот таму да си ги ставил; да помислел Мујо една секунда рационално, немаше да има хумор, ниту виц, а немаше да има ниту апсурд. Апсурдот, всушност, го создава отсуството на разумот, па така бенигните пиперки – признавам, оригиналот беше со банани - му станаа главен животен проблем на будалетинката Мујо, а не на случајниот патник што тивко и скромно ги шетал пиперките во воз.

Интересно е дека од аналитичките варијации на апсурдната ситуација од вицов, можат да се изведат практично

сите стратегии за решавањето на бескрајниот проблем на апсурдот околу спорот со името помеѓу Република Македонија и Република Грција. Првата стратегија може да се деривира од прашањето – чиј проблем се пиперките во ушите, и, бидејќи е јасно дека е тоа Мујо, а не невиниот носител на пиперките, тогаш да му се остави на оној што проблемот го создава самиот и да си го решава. Оваа стратегија од нашата страна бара силен и трпелив играч на масата, што секогаш ќе може да издржи подолго во играта на незаинтересираност. Да се држевме ладнокрвно до разумот и да го одржувавме апсурдот од грчката страна на границата, ќе можевме да им порачаме на ЕУ и НАТО дека нашето членство е блокирано само поради нивниот внатрешен проблем во непрепознавањето на нивните геостратешки приоритети и поради неразбирливо апсурдните проблеми на една нивна членка. Проблемот е нивен, па тие и нека го решаваат. Конечно, геополитички гледано, на ЕУ и НАТО им е многу поважно оваа балканска чварка да стане нивна членка, отколку на нас!? Ова навидум еретичко тврдење е самодокажливо и вистинито, затоа што тие се Империјата што мора јасно да ги препознава своите геополитички приоритети, а консолидирањето на длабоката заднина е секогаш врвен империјален приоритет. Од друга страна, ние воопшто немаме геополитички приоритети од проста причина што немаме ниту геополитика! Ние сме ослободени од грижата за геополитичките проблеми, зашто самите сме геополитички проблем!

Но, оваа „царска“ дипломатска стратегија можевме да ја „играме“ само додека апсурдот беше исцело во рацете на запењавениот Мујо, а ние кротко, скромно и разумно, трепкавме со очите и си ги носевме гордо пиперките,

односно името, на пат по светот. Тогаш се појави Груевски и ВМРО со најапсурдната и апсолутно најмалоумната стратегија во вселената: да го „врзе“ нашето име за нашата крв, а неа, пак, за фараонската, полубожествена крв на Алехандро Магно. Крвта, се разбира, оваа злосторничка организација веднаш ја врза и за светата земја македонска, и со тоа апсурдот победоносно им го одзема на Грците и го направи наш национален идентитет. Со џиновските фигури на Алехандро и Фелипе во центарот на градот, ние станавме виц-држава што ги рационализираше грчките неразумни барања, и ги престори во општоприфатливи нивните поплаки на нашиот забеган и ирационален иредентизам. Поантимакедонска појава од ВМРО историјата не познава, а поштетна политика за нашето национално достоинство и меѓународна позиција од вмровската александризација на земјата не е возможно ниту да се замисли. Има ли надеж, ќе прашате?

Се разбира, одговорот е повторно во вицот со Мујо и пиперките во ушите: апсурдот најдобро се решава кога не го ни забележувате. Се вози така Kosиас во купе на македонските железници, испотен од тешката запурнина и изнервиран од мувите што го лазат..., но, најмногу од се го избезумува мажето со чатма веѓи што седи безгрижно одспротива и делува како да е несвестен за дрскиот факт дека има пиперки во ушите!? Kosиас се поднаведнува и раздразнето му се обраќа на дрзникот: „Господине, имате пиперки во ушите!“, а овој невино ги брчка веѓите во кровче и изненадено прашува: „Какви пиперки?“

# ВЕСЕЛОТО ЖУБОРКАЊЕ НА ПАРТИСКАТА ФОНТАНА

**08.09.2017**

> Пред белата Куќа на фашизмот весело жуборка партизираната јавна фонтана со разјарениот вмровски лав среде неа.

По безмалку четири дециниските бесен кариер со кој коњаниците на неолибералистичката религија го освоија светот, планетата се најде – за прв пат во својата историја - во запрепастувачки хомогена атмосфера на безидејност, празно едноумие и некаков глобален колапс на рационалната мисла. Оваа карактеристика на раниот 21 век, неодамна починатиот харизматичен автор Марк Фишер ја опиша како „време без иднина", во кое привидниот глобален триумф на неолибералниот капитализам се претвори во „сеопшта исцрпеност на општествено-политичката имагинација". Ова е време во кое никој не успева да ја замисли иднината вон диктатурата на капиталот, односно вон хоризонтот на единствено можниот „капиталистички реализам". Оваа планетарна парализа

на мислата не се манифестира само во доменот на немислењето за иднината, туку уште повеќе во аберациите со кои се согледува стварноста, во некаква мисловна катаракта во која се заматува значењето на зборовите и се губат вредностите околу коишто е постигнат глобалниот либерално-демократски консензус.

„Македонскиот случај“ може да послужи како вистинска студија на случај, во која  контролирано и мазно, за само една деценија, се изведе една – додуша маалска и бандитска – но суштински неолибералистичка револуција. Груевски и неговата мафијашка партија дојдоа на власт поддржани од домашните и меѓународните капиталистички и политички елити, сите масовни медиуми и, се разбира, голем дел од лумпен-пролетерските маси што замислуваа дека се од бога избрани да бидат капиталистичка средна класа. И политичката програма и предизборната реторика на Груевски, во далечната 2006, ја одразуваа чистата доктрина на неолиберализмот: тоа беше еден тотален Хаековски поглед на светот во кој севкупната реалност се структурира по моделот на економската конкуренција, во кој слободниот пазар не е само дел, туку е тоа општеството во целост. Отворањето на македонскиот пазар за слободен влез на меѓународниот капитал, натпреварот помеѓу економските оператори и општата дерегулација на економските процеси, беа најважните и најгласните флоскули на Груевски на коишто масовно се аплаудираше.

Безмалку никој не забележа дека оваа идеологија – исто како и пред неполн век Хаековата – во потполност ги запоставува практично сите либерално-демократски и хуманистички вредности што се антагонисти на секоја деспотија и експлоатација: социјалната правда и пра-

вичната распределба на благосостојбата, слободата и човечките права, слободните избори, поделбата на трите власти и т.н. Сите овие вредности, како и во првиот неолиберализам помеѓу светските војни, беа оставени да се подразбираат во општеството што му е во потполност подредено на слободниот пазар, кој воедно треба да биде и најефикасниот лек против најстрашната општествена чума – комунистичкиот тоталитаризам.

Дека антикомунистичката идеологија на неолиберализмот закономерно се претвора во фашизам или друга парафашистичка општествена креатура, тоа им беше невидливо и на теоретичарите на првиот неолиберализам - каков што беше Хаек, исто како и на сведоците на денешното глобално тонење во десничарски популизам, ултра-национализам и идентитетски хистерии. Монотеистичката доктринарност во која капиталот е единствениот бог, ги прави луѓето потполно слепи на појавата на фашизмот, па во „македонскиот случај“ неолибералниот Груевски - без никакво општествено „триење“ или отпор - инсталираше тоталитарна партиска држава во рамките на истиот огледен либерално-демократски устав и институционален уставен поредок што го усвоивме во 1991 и што го имаме и денес.

Груевски и неговата фашистичка ВМРО уште еднаш докажаа дека практично никакви институционални промени не мораат да се направат, за од една огледна либерално-демократска капиталистичка држава да се создаде фашистичко тоталитарно уредување. Дека - колку и да изгледа парадоксално - фашистичката револуција во либералната демократија се случува без револуција! Македонската студија на случај уште еднаш докажа дека либералната демократија не само што не е способна да

ја препознае опасноста од фашизмот, и не само што не е создадена да се бори против тоталитаризмот, туку дека овие се генетски вградени во фундаменталната неолиберална премиса за натпреварот и правичната победа на посилните.

„Македонскиот случај“ на фашизам од провинциско-мафијашки тип премногу отворено укажа на смртоносната идеолошка и општествено-политичка фаличност на глобалната неолибералистичка вера – за да биде забележан, признаен и санкциониран. Општата осуда на режимот на Груевски не дојде затоа што лидерите на слободниот свет се згрозија од нашиот компадор-фашизам, туку затоа што овој локален „капо ди тути капи“ дозволи да биде срамно фатен „на дело“ во масивната кражба и злоупотреба на државата. Доктринарното едноумие на неолиберализмот како глобален идеолошки хегемон, не го познава и признава фашизмот како реалност, зашто за него постои само еден реален непријател – непостоечкиот комунизам!

Токму поради ова идеолошко слепило, ние упорно се преправаме дека се е во ред со нашето општество, иако државата сè уште не е департизирана, иако јавниот сервис е сè уште фашистичка инсталација, а во центарот на градот дречат симболите на вечниот ариевско-антички македо-фашизам, предводени од белата Куќа на фашизмот, пред која весело жуборка партизираната јавна фонтана со разјарениот вмровски лав среде неа.

# ФАШИСТИЧКАТА „ДЛАБОКА ДРЖАВА“ Е СÈ УШТЕ НА ВЛАСТ

**16.09.2017**

> Претстојните локални избори се историска можност за уште една доза хемотерапија на тешко оболеното македонско општество, против малигната вмрома од којашто болува.

Кога во едно либерално капиталистичко општество една партија што по пат на избори дошла на власт, ја злоупотреби и „проголта“ државата и сите нејзини институции, и својата партија и лидер му ги наметне како неограничени владетели на целото општество, тогаш тоа е малигно заболување на општеството што во 20-от век го добило и своето генеричко име – фашизам. Ова смртоносно заболување, меѓутоа, цели дваесет години - помеѓу двете светски војни, во либерално капиталистичкиот свет се сметало за успешен општествено-политички експеримент, за решение за економските кризи што капитализмот неодминливо ги предизвикува и за најефикасно политичко оружје против комунизмот и социјалистичките форми на владеење.

Таа ужасна глобална заблуда го чинеше човештвото повеќе од 80 милиони жртви, поголемиот дел убиени во геноциди незапаметени во историјата, во кои исчезнаа повеќе од 40 милиони невини Словени, 6 милиони Евреи, милион Роми и повеќе од 20 милиони Кинези. По победата над фашизмот секому на светот му беше јасно дека добиената војна против Злото е само почеток на процесот на неговото потполно искоренување – еден вид општествена хемотерапија, после која оболените од фашизмот можеа да се сметаат за исцелени. Тој системски процес на искоренување на Злото и справување со неговите последици, кој во Германија беше наречен денацификација, подразбираше укинување на злосторничката партија, казнување на истакнатите злосторници, исфрлување на нејзините членови од јавниот и политичкиот живот и уништување на нејзините симболи и споменици.

Но, најскапо платената лекција во историјата, човештвото ја заборави за разочарувачки кусо време: заборавена е не само терапијата и малигноста на фашизмот, туку и вистинскиот победник во војната против ова вечно Зло! Само неколку децении по Војната, глобалната перцепција на фашизмот наскоро оболе од деменција, што од 80-ите наваму прерасна во активна релативизација и историски ревизионизам. Социјализмот како најдоблесната и најмодерната општествено-политичка идеја на сите времиња - кој беше вистинскиот победник над фашизмот, денес, во глобалната перцепција на 21-от век, изгледа како да ја загубил Втората светска војна! Зашто, да не заборавиме, социјалистичката модернизација на општествата не беше карактеристика само на земјите на „реалниот социјализам“, туку и на водечките либерално

капиталистички земји во Европа и во Светот. Таканаречените „златни триесет“ години по Втората светска војна, кои се остварени со Кејнзијанските економски мерки што во капитализмот воведоа социјална правда, поправедна распределба на богатството и работнички права, беа по својата природа реализација на социјалистичкиот проект!

И, сепак, и наспроти тие херојски искуства, денес живееме во свет во кој лекцијата од Најкрвавата Војна како да е потполно заборавена, а неолибералниот капитализам на денешницата претставува безмалку дистописко враќање во 19-от век, векот на безмилосниот слободен пазар, колонијализмот и империјализмот, во кој владееја, или поточно - во кој се измислени, агресивните национал-идентитетски романтизми, репресивните национализми, етно-шовинизми и расизми. Како што ламентира Борис Гројс - „Се што беше постигнато во дваесеттиот век, на овој или оној начин е уништено. Не само социјализмот, туку и социјалната држава и демократските институции, интернационалистичките држави, организациите итн.“

Оваа глобална општествена регресија ја погоди Македонија под името на ВМРО и нејзиниот водач Груевски, кои не вратија и државотворно и културно, и според нашиот колективен интелектуален капацитет и според нашето идентитетско самоспознавање, длабоко во минатото, безмалку во времето на нашето непостоење, во преднатално и предмакедонско време. Ова историско лелекање, почитувани читатели, нема за цел да ги задуши новоразбудените надежи на Македонците од сите етнички потекла, туку напротив, да укаже на некои лекции од минатото, што се од судбинска важност за претворањето

на нашите надежи во стварност. Сеќавањето на минатото е неопходно за да не заборавиме дека партиско-мафијашката држава на ВМРО, што цела деценија тотално ја обликуваше вкупната општествена стварност во библиската земја, сѐ уште не е победена, а уште помалку искоренета! За да не заборавиме дека таа злосторничка партија не е подвргната на процесот на девмроизација, и дека злосторниците од нејзините редови успешно, упорно и ведро ја блокираат работата на Собранието и реставрацијата на демократијата. Дека тие сѐ уште ги држат своите мафијашки инсталации како метастази во целиот организам на општеството, а нивниот украден партиско-мафијашки имот – милијарди евра! – е сѐ уште во нивните џебови.

И, да, да не заборавиме дека водата во украдената фонтана украсена со украдениот бронзен партиски знак, сѐ уште весело жуборка, среде украдениот јавен скопски плоштад, пред единствената (и таа украдена!) мусолиниевски торжествена Casa del Fascio во Европа!

# ИДЕНТИТЕТ ЗА КОЈ НЕ СЕ ПРЕГОВАРА

**30.09.2017**

> Баш обратно: мораме да преговараме за нашиот психопатски идентитет!

Секој човек лесно признава дека заборава – дека има растечки проблеми со меморијата, но ретко кој признава дека има проблеми со своето мислење. Тоа е затоа што луѓето живеат во заблуда дека нивната меморија е одделен мозочен сервис што и е на услуга на интелектуално и емоционално автономната свест. Оваа заблуда во науката почнала да се развева преку тажниот живот и приклученија на Хенри Молејсон, тешко болен од епилепсија, кому 1953, на 27 годишна возраст, во Хартфордската неврохирургија му отстраниле две парчиња од мозокот – левата и десната страна на хипокампусот.

Хипокампусот е сместен длабоко, може да се рече, во средиштето на мозокот, и составен е од две лимбички

парчиња што заличуваат, со малку имагинација, на морско коњче – од кај што го добил и името. Функцијата на овој дел од мозокот дотогаш и била непозната за науката, па тоа незнаење им овозможило на хирурзите да претпоставаат дека неговото вадење ќе ги намали невообичаено тешките епилептични напади на болниот. По операцијата, меѓутоа, тој веќе не можел да се сети на ништо што се случило дури и минута претходно: секој разговор му бил за прв пат, секое лице му било ново и непознато, а му исчезнале и сите сеќавања од скорешното минато. Секоја просторија во која што престојувал по операцијата била нова за него, а медицинскиот персонал што го негувал морал на секоја средба да му се претставува одново. Хенри не се препознавал ниту себеси, па секогаш кога ќе се видел во огледало или на фотографија – мислел дека се работи за некој „стар човек“.

Хенри Молејсон поживеал уште 55 години живот, во кој секој ден му почнувал од нула, а трагедијата на неговиот живот – за која не бил свестен, зашто не можел да ја запамети – му ја откри на светот неверојатно комплексната функција на мозочната меморија. Овие сознанија се однесуваат токму на најзагадочните аспекти од работата на човечкиот мозок и природата на нашата свест. Губитокот на паметењето го направи Хенри потполно неосетлив на болка и рамнодушен кон задоволствата, зашто токму паметењето на субјективниот однос кон сопствените чувства и искуства, исто како и на сопствените релации со луѓето и околината, излезе дека е клучно за поимањето на сопственото постоење. Меморијата е клучна и за интересот и за волјата, и за доживувањето на болката и среќата, практично за се што не прави единствени личности што комуницираат со светот што не опкружува.

Губејќи ја способноста на паметењето, Хенри Молејсон не само што го загубил односот кон просторот и времето, и релациите со другите луѓе, туку и својот идентитет и човечност.

Читајќи за судбината на Хенри Молејсон и за неверојатните сознанија за функцијата на мозочната меморија, бев особено погоден од очебијната паралела што постои помеѓу невролошката и социјалната меморија – нашето колективно паметење. Огромна заблуда е дека општествената меморија е работа на институционалната историја, и дека е тоа автономна област чиишто проблеми нема да му попречат на општеството, или на нацијата, да го продолжи својот живот во потрага по колективната благосостојба. Напротив: народите што биле подвргнати на идеолошка и пропагандна операција со која им е отстрането паметењето на сопственото минато, страдале од истите последици по нивното идентитетско самоспознавање, нивната способност правилно да реагираат на настаните, да го спознаваат времето и просторот, и да препознаваат и чуваат хуманистичките вредности: да ги разликуваат доброто и злото, убавото и грдото.

Ние ова би морале најдобро да го знаеме, зашто бевме подвргнати на децениски третман на бришење на колективната меморија, засилен со активна пропагандна, образовна и идеолошка кретенизација од страна на вмровската државно-мафијашка мозочна хирургија! Всушност, најсилниот доказ дека ни бил изваден колективниот хипокампус, е токму општата несвесност за природата и магнитудата на злосторничката операција што беше извршена врз нас: нам секој ден ни е како да е ни е прв – како до вчера да не бевме „заробени“ од партиско-мафијашкиот режим на вмро! Одиме на избори

како да ни се први, нови и „неотпакувани“ – како на нив да не учествува злосторничката партија што би морало да биде избришана од регистарот на партии! Слушам и дека Груевски нуди нов почеток, нова вмровска ера – како да сме нација од два милиони Хенри Молејсони, што не ги паметиме лицата и настаните од вчера, а од децениското уништување на македонската држава и култура не ни останале ни молекуларни трошки меморија. И уште, вели лидерот на моќната вмровска злосторничка „опозиција“, дека за идентитетот не смеело да се преговара – како тој да не е најодговорниот за бришењето на нашето паметење и за креирањето на нашиот нов идентитет на ментално оштетена нација со шизофренично ариевско потекло!?

И, навистина: за кој тоа идентитет не смее да се преговара? Зарем за идентитетот изграден врз палеолитскиот континуитет на алексадровската раса и нејзините вмровски фашистички фаланги – за него не смеело да се преговара? Не, господа: единственото што треба да го направиме – ако сакаме да се оправиме од вмровската лоботомија – е токму обратното: да преговараме за нашиот психопатски идентитет, и да го трампаме за иднина во која ќе ја вратиме меморијата за нашето вистинско минато. Зашто, додека постои вмровската фашистичка штаб-квартира, нејзините фаланги во нашите собранија и институции, и нивните споменици на Злото распослани по центарот на престолнината, ние ќе живееме како и Хенри, доживувајќи се секој ден – кога ќе се здогледаме во огледало - како „некоја стара будала со антички шлем на главата“ !

# СУДБИНАТА НА ЧОВЕШТВОТО ВО РАЦЕ НА ПОЛУДЕНИОТ ОРГАН

**07.10.2017**

> На оние што не го слават 23 октомври како државен празник – сè додека тој датум стои на грбот на македонската фашистичка партија – им го честитам 11 октомври.

Збунувачки е фактот дека исклучително мал број на луѓе се раѓаат со проблематичен бубрег – на пример, но затоа нема човек што не се родил со проблематичен, „фаличен“ мозок, со орган што му прави проблеми на својот „стопан“ од раѓањето па до смртта. Оваа контроверзна биолошка вистина како да укажува дека на еволуцијата и недостасувало време да го „доврши“ овој витален орган, пред тој дефинитивно да ја преземе судбината на човештвото во свои раце и биолошката еволуција да ја претвори во социјална односно во културна појава, и на тој начин, практично, да ја алиенира судбината човекова од природата.

Откога човековиот фаличен орган ја престори биолошката еволуција на видот во културен феномен, чијашто

развојна компонента се повеќе од антрополошка станува технолошка по својата природа, судбината на човештвото, а и на целата планета, почна забрзано – со експоненцијална функција – да се урушува и да излегува од каква и да е контрола... Зашто, како што технологијата почна да се развива побрзо од културата, така и човештвото западна во се поголемо „доцнење во разбирањето" на стварноста, што се одметна, како некоја туѓа сила да ја зела во свои раце. А, всушност, таа темна мистична сила на злото, што го бутка живиот свет на планетата во пропаст и го обезбедува потполното неразбирање на опасноста, не е никаква вонземјанска или астрофизичка мистерија, туку тоа е нашиот полуден и безнадежно „недовршен" мозок.

Една од најраширените грешки во мислењето, за нас особено интересна фалинка за која може да се рече дека е „фабричка грешка" во еволуциски недовршениот процес на оформување на мисловниот орган - е несфаќањето на времето, или поточно, проектирањето на елементите од денешната стварност наназад, кон минатото. Оваа проекција наназад правниците ја нарекуваат „nunc pro tunc", што во превод би значело „сега за тогаш", и таа се употребува за нормативни акти со ретроактивно дејство. Но, „сега за тогаш" - грешката во мислењето, е толку раширена во општествено-политичкиот живот на нациите, што веќе никој не ја ни забележува, та дури станува и темелна премиса на конституционалните акти на државите или фундаментална претпоставка за идентитетското саморазбирање на нациите.

Така, на пример, во Преамбулата на Уставот на Република Македонија од 1991 година (пред да биде заменета со Амандманот 4 на Уставот на РМ од 2001), стои дека Уста-

вот е донесен „Тргнувајќи од историското културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање на своја држава...“. Значи, во Преамбулата, постоењето на македонската нација и култура, заедно со државотворната колективна акција, практично се проектира векови наназад, како фундаментална претпоставка за донесувањето на Уставот. Оваа тотална невистина - од аспект на историските факти, и бесмислица - од аспект на нелогичниот и длабоко погрешен регрес во мислата, е, меѓутоа, толку општоприфатена грешка во мислењето, што станала и основа на саморазбирањето на граѓаните на библиската земја.

Но, појавите и настаните имаат свој датум во историјата, било да се тие колективни и општествени или индивидуални и лични. Никој, при здрав ум, не би направил таква грешка кога се работи за една конкретна личност: се знае дека за една индивидуа клучен датум за нејзиното настанување и појавување на светов, е датумот на раѓањето. На кој, се разбира, му претходел датумот на зачнувањето, и, доколку сакаме да и додадеме елемент од романтичната историја на личноста, може да се земе предвид и датумот на запознавањето на неговите родители. Па, така, доколку од мислењето ја отколониме грешката на проектирањето на македонската државна и културна појавност векови или милениуми наназад, и ја земеме биолошката метафора за раѓањето, тогаш, романтичната – но и крвава – родителска романса за македонската држава почнала на 11 октомври 1941 година! Зачнувањето се случило на 29 ноември 1943, на Второто заседание на АВНОЈ – кога македонскиот народ и држава за прв пат во историјата биле впишани во еден др-

жавотворен акт, а раѓањето и на државата и на нацијата се случиле на 2 август 1944, на заседанието на АСНОМ. Но, во списокот на државните празници на Република Македонија, оваа дијамантски цврста вистина за нашиот државен и национален настанок, воопшто не е веродостојно одразена: 29 ноември и нашето зачнување воопшто не го славиме, а 11 октомври се изгуби во дузината вмровски и верски празници што немаат никаква врска со македонската држава и за кои нема ама баш никаква причина да бидат на списокот на државни празници!

Од злоупотребата на оваа „фабричка грешка“ на човековиот мозок, произлегоа и најсериозните последици од вмровското владеење во последната деценија: поистоветувањето на ВМРО и вмровската партија ДПМНЕ со македонската држава. Со малоумна мозочна грешка, акронимот ВМРО – која е основана 1920 и е распуштена 1934 од страна на бугарската држава – се проектира наназад и се поистоветува со организациите на Даме, Гоце и другарите, што не се викале ВМРО, туку МРО, ТМОРО и друго, кои се основале на крајот на 19-от век и згаснале пред Балканските војни. И, така, со тежок ментален фелер, ние имаме дебело парче од популацијата што се идентификува со терористичко-фашистичка организација создадена и распуштена од бугарската царска тајна полиција, а својата малоумна идентификација потоа ја проектира на целото население на библиската земја, урлајќи го слоганот: Сите сме ВМРОООО! Да, само благодарејќи на еден полуден орган ние завршивме со државен празник на 23 октомври, што фашистичката ВМРО-ДПМНЕ го слави како свој партиски роденден!? И, тој кретенизам никој не ни помислува да го исправи, сакајќи белки да и даде придонес на невролошката наука,

со консензуален државен доказ за биолошки детерминираниот кретенизам на нацијата, што ли?!

П.С. На оние што нема да го слават 23 октомври како државен празник – се додека тој датум стои на грбот на македонската фашистичка партија - им го честитам 11 октомври, денот кога нашите родители ја почнаа романсата што резултираше со рожбата на македонската држава и култура!

# ПРЕПОЗНАЈТЕ ЈА СЛОБОДАТА: ГЛАСАЈТЕ БЕЗ СТРАВ!

**14.10.2017**

> Дежурниот страв кај животните и кај човекот создава психосоцијални обрасци на однесување што се карактеризираат со недоверба и агресија.

„Стравот глава чува“ – вели старата народна поговорка што е безброј пати потврдена во сечие искуство. На науката и е денес сосем јасно дека стравот е една од „најстарите“ емоции, што има клучна улога во дарвинското натпреварување на видовите за одржување на животот. Постојат јасни анатомски и невролошки докази за ова: амигдалата, делот од мозокот што е „одговорен“ за создавањето на стравот како емоционална состојба што го подготвува организмот да реагира и да се одбрани од заканувачка ситуација, се наоѓа длабоко во еволуциски најстариот дел на мозокот. Важноста на стравот и брзината на реакцијата на организмот се гледаат и од фактот дека сетилото за мирис – кое е исто така едно од најстарите наши сетила – е директно поврзано со амигдалата,

за сигналот за опасност воопшто да не „губи време“ да биде обработуван во мисловниот дел од мозокот. Оваа директна врска со амигдалата, на малку посложен начин, ја имаат и сетилата за вид и слух, кои по „кратенка“ првин известуваат во амигдалата, а потоа одат во мозочната кора каде што стануваат предмет на мислењето.

Дежурниот страв кај животните и кај човекот создава психосоцијални обрасци на однесување што се карактеризираат со недоверба и агресија. Недовербата е, всушност, стабилна заштитна состојба кај луѓето, што, меѓутоа, ги прави сите социјални појави невозможни, зашто ги изолира човечките единки во стравот од сите други. Така, по трагата но во спротивна насока, дојдовме и до светлата страна на оваа најстара заштитна функција на мозокот. Отсуството на стравот, е всушност, довербата како состојба на свеста врз која се темелат сите социјални врски и институции на човештвото: љубовта и пријателството, семејството и родовите заедници, како и сите форми на заедништво и групни идентификации во општествата. Практично, врз основа на стравот и довереноето, на сосем парадоксален начин се темелат сите форми на владеење во историјата.

Владеењето со страв е „најстарата“ и најлошата форма на власт, позната уште од почетоците на историското време, што се практикува – како што видовме од македонската црна деценија што едвај одминува – и ден денес, насекаде по оваа напатена и силувана планета. На стравот, дури, може да се гледа и како на основа за појавата на многу цивилизациски пронајдоци – државата, градовите, судските институции, законите и обичаите, религиите и што се не. Томас Хобсовата „природна состојба“ на човечките односи е стравот на сите од секого, па таа –

сепак хипотетичка и невозможна состојба – би резултирала со „војна на сите против секого“. Оваа филозофска фикција на Хобс, резултира со единственото природно право што во хипотетичката „природната состојба“ на човекот го структурира општеството: тоа е правото на најсилниот. А, правото на најсилниот е право за коешто постојат премногу сведоштва дека пречесто ја пишувало човечката историја, и, за жал, право на чијашто реализација во стварноста се почесто наидуваме и во матните зори на 21-иот век.

Од другата страна на спектарот на видовите на владеење би требало да биде владеењето со полна доверба и солидарност, што со просветени владеачи било можно безмалку во сите видови на владеење што се вршело со поддршка на боговите, но денес владеењето без страв се смета дека е можно само во демократијата. Неспорен факт е дека без меѓусебната доверба на луѓето не може да се замисли не само едно среќно и просперитетно општество, туку ниту животот како таков. Зашто, човекот доаѓа на свет со полна доверба во љубовта и грижата на родителите и светот во кој влегува, и понатаму, секој поединечен чекор во животот ќе му се темели на доверението што ќе го има во луѓето и институциите. Нам, всушност, довербата ни е вградена способност што не разликува од животните, еден вид биолошка подготвеност врз основа на која ќе ги градиме сите социјални релации во животот. Во таа смисла, може да се рече дека доверението е всушност најголемиот општествен капитал, зашто тој е срцевината на секоја општествена релација или институција, било да се работи за социјални, економски, политички, религиски или други појави.

Испаѓа дека играта помеѓу доверението и недовербата е од суштествена важност во животот, а оваа „игра“ стану-

ва особено актуелна во времето пред избори. Изборите се всушност натпреварување на политичките партии за освојување на највредниот општествен капитал, за плодоуживање во отстапената психосоцијална срцевина на човечките општества – довереnieто на граѓаните. Затоа, почитувани читатели, сфатете ги крајно сериозно претстојните локални избори, зашто тоа се првите навистина слободни избори од 2006 година! Ова ќе бидат првите избори во коишто вашето доверение – најскапоцениот човечки капитал воопшто! – ќе бидете во состојба да го отстапите на онаа политичка опција што ќе ја изберете без влијание од стравот, уцената, рекетот и сите други видови на партиско-мафијашка закана што ВМРО ја вршеше врз вас цела деценија!

Затоа, граѓани на Република Македонија, не ситничарете, не паѓајте во малограѓанска заблуда дека се ова обични локални избори, затоа што не се: ова е референдум за исфрлање на ВМРО од нашата иднина, во кој вашето скапоцено доверение треба да го дадете на оние што ви овозможија да гласате без страв!

# НО, ДАЛИ СЛОБОДАТА ЌЕ УМЕЕ ДА ПЕЕ?

**21.10.2017**

> Не, додека ВМРО не се избрише од регистарот на партии, со закон не се забрани политичката злоупотреба на акронимот, а партискиот имот на ВМРО не биде конфискуван.

Насловот е импровизиран превод на божествените стихови на давно и прерано починатиот српски поет Бранко Миљковиќ, стихови што во целина би можеле да бидат химна и морално-филозофска водилка на македонската пост-вмровска обнова. Послушајте ги крајните стихови од неговата маестрална песна „Поезијата ќе ја пишуваат сите“, во кои како да пее за нашата заробеност под режимот на злото и екстатичното отфрлање на вмровскиот јарем во првиот круг од локалните избори:

„Кој песната не ја слуша,
ќе ја слуша бурата што рика,

но:
дали слободата ќе умее да пее,
како што робјата пееја за неа?“

Да, почитувани читатели, нашата слобода веќе не е во прашање: неа – во неделата што мина – луѓето ја почувствуваа во воздухот, онака бистар и провезен со зраците на ниското есенско сонце, и со полни гради од таа слободарска ава му рикнаа НЕ! на вмровското зло и на неслободата што ја трпеа цела деценија. Победата е грандиозна – се разбира, не е уште комплетирана, зашто ќе мора да се „истрча“ и последниот круг од овој маратон – но таа веќе ни ги наполни белите дробови со вишок на кислород, што предизвикува блажена несвестица и некаква детска неверба во среќата што не снајде...

И, што мислите, дека е готово со „заробената држава“, и дека дојде часот да и погледнеме на иднината во очи, да зачекориме ведро кон северно-атлантските интеграции, очекувајќи овој поход да го следи мелодијата на нашата распеана слобода? Ќе умее ли, ќе може ли нашата слобода да запее... со до грло полната уста вмровски политички, уставно-правен и културно-историски отпад и шут, цели планини од гомна што оваа партиско-мафијашко-државна организација го трупаше врз градите на македонската слобода цела деценија и кусур?!

Би сакал да може да запее – нашата слобода, мислам – но, не ќе да е можно.

Не ќе да е можно нашата слобода да запее ко хомеровска муза, пред ние – нејзините носители и уживатели – сериозно, посветено и педантно да ја завршиме нашата работа: да ги засукаме ракавите и да ги сринеме фекал-

ните вмровски пејсажи што денес го чинат македонскиот државен и културен хоризонт. Пет големи гомнени вмровски планини фрлаат најголеми сенки врз нашата иднина, што треба чим поскоро да се дефекализираат односно девмроизираат. Првата ја чинат законодавната, извршната и судската власт, со „независните“ државни институции; еден алувиален пејсаж што повеќе од деценија беше нанесуван од вмровските геофекални слоеви. Втората е локалната власт која е темелно испразнета од самото значење на зборот „самоуправа“. Третата е сочинета од безумните споменични и псевдо-архитектонски блуеници со кои на светот му докажавме дека потекнуваме директно од Букефал, и со кои направивме идентитетско салто мортале во кое од модерна и достоинствена нација, станавме бедници без идентитет и достоинство. Четвртата е културната и образовната планина-пустина создадена од отсуство на разум и мегатони кретенизирачка пропаганда во која заталкаа – некои за секогаш, а некои трајно оштетени - повеќе од десетина изгубени генерации златни македонски деца. И петтата, нашата гордост, нашата највисока фекална планина - врвот на Македонските гомнени Хималаи – е, разбира се, самата ВМРО!

Значи, уште не го истрчавме ниту победничкиот круг, уште од кафените и смрдливи планини вмровски контаминат не сме сринале ниту колку за под нокти, а веќе „пискотници се слушаат од Галичник“ до Гевгелија: дека ВМРО требало да се „реформира“, да се осоврмени и подмлади, да се ослободи од можеби дузина луѓе што ја искомпромитирале, и од тој катарзичен процес за недела, можеби месец дена, да излезе како чиста и модерна, неодоливо конструктивна опозиција!? Зашто, „сите сме

ВМРО“ и „ВМРО и е потребен на Македонија“? А, секоја помисла на санацијата од вмровската историска катастрофа било „реваншизам“, та дури се спомнуваат и „рисјанското милосрдие“ и националното „помирување“?!

Дали сме ние нормални? НЕ, не, не, неее... ние сме очигледно тотално и веќе безнадежно ненормални!!!

Па, ВМРО е како партија одговорна за „заробената“ македонска држава, што ќе рече дека таа е злосторничка партија што ги сторила сите кривични дела од одделот на Кривичниот законик со наслов „Кривични дела против државата“! Таа како партија ја уништи македонската демократија, го обесмисли и кретенизира парламентот и институциите на државата, украде милијарди евра јавни даночни пари и ја исфрли татковината од животните планови на нашите деца!

ВМРО е лоповска партија што краде откога постои: знамето го украде од интернационалното анархистичко движење; партискиот грб го украде од македонската историска хералдика и од едно илинденско знаме; годината на основање на партијата ја украде од националната историја, и тоа со гнасен фалсификат, зашто 1893 година била основана МРО – Македонската револуционерна организација – цели 27 години пред бугарските царски тајни служби да ја основаат ВМРО во 1920; илинденците ги украде од нив самите и ги направи вмровци; Александар го украде од историјата на човештвото и од пазувите на грчките соседи; партиските седишта ги украде од наши пари, на чело со единствената Куќа на фашизмот во Европа, пред која е – а, ова никогаш не го пропуштам! – украдениот партиски плоштад со украдената партиска фонтана што весело жубори среде него.

И, кога прашува генијалниот поет со загробен глас - „дали слободата ќе умее да пее“ како што цела деценија ние пеевме за неа, одговарам – не, додека ВМРО не се избрише од регистарот на партии, со закон не се забрани политичката злоупотреба на акронимот ВМРО, украдениот партиски имот не биде конфискуван, а петте планини вмровски гомна сринати до земјата целица.

# МОЧАЊЕ ВРЗ ПРОБЛЕМОТ СО ИМЕТО, СО ИНВЕРЗНА МЕТОДА

**28.10.2017**

> Решението е едноставно до вулгарност: треба да се измочате во дупката и топчето само ќе излезе од неа!

За решавање на најтешките проблеми големите умови ја користеле можеби најмоќната ментална алатка што му е дадена на разумот – таканаречената инверзна метода. Во новиот век методата особено ја фаворизирал германскиот математичар Јакоби, чијашто препорака била дека човекот „мора секогаш на проблемот да му пријде од обратната страна". Меѓутоа, на таа „извртена страна" на проблемот може да и се пријде од многу различни насоки. Се сеќавам на еден таков проблем на кој наидов учејќи го инверзниот пристап во инженерските науки, кајшто проблемите се многу често од таква природа што мораат да се решаваат на неконвенционални начини.

Проблемот гласеше вака: имате празна соба со мазен бетонски под, во кој постои дупка со кружен пресек и

дијаметар од 41 милиметар, длабока 20 сантиметри, во која е ставено пингпонг топче со пречник од 40 милиметри. Проблемот се состои во тоа да го извадите топчето од дупката, располагајќи со парче челична жица долго 60 милиметри, пластичен конец долг 140 милиметри и клешта „моторцангла" со краци од 40 милиметри. Проблемот е навидум едноставен и практичен, но неверојатно тежок за решавање. По долго размислување ќе дојдете до заклучок дека решението е недостижно... Освен ако не му пријдете на проблемот од сосем невообичаена страна и не помислите што друго ви е на располагање за неговото решавање? И, да, решението е едноставно до вулгарност: треба да се измочате во дупката и топчето само ќе излезе од неа!

Оваа демонстрација на инверзното размислување, „надвор од кутијата" во која е заробен проблемот, во историјата на науката веројатно сериозно ќе ја оспори славната теорема на Тричко „дека некои проблеми не можат да се решат само со „стапот" в рака", но највисокиот дострел на оваа моќна мисловна алатка ќе биде решавањето на Гордиевиот јазол на македонските евро-атлантски интеграции – проблемот со името! Затоа, почитувани читатели, ќе ви ја демонстрирам инверзната метода во решавањето на овој (досега) сосем нерешлив проблем, и ќе ви покажам дека неговото решение е едноставно и лесно остварливо.

Инверзната метода во решавањето на организациски или политички проблеми се состои практично од ментална вежба во која си поставувате обратна цел од онаа вистинската и барате одговори на прашањето што треба да направите за да ја постигнете таа инверзна, обратна цел. Во случајот со името македонско и спорот што го

имаме со Грција околу изнаоѓање на „заеднички прифатливо решение“, примената на инверзијата ќе ни го постави следниот задаток: што треба да се направи – од двете страни во спорот – за тој да не се реши никогаш? Ако за цел го поставиме нерешавањето на спорот, односно ако проблемот го дефинираме како „решен“ доколку ги изнајдеме постапките што ја гарантираат неговата нерешливост, ние практично ќе ги детектираме ставовите и постапките што во стварноста треба да ги одбегнуваме, зашто со инверзната метода ги откривме сопките во неговото реално политичко разрешување. Елем, што треба да направат двете страни во спорот за да тој и практично и теоретски да стане нерешлив?

Првин, двете страни треба проблемот да го зголемат најмногу што можат, додавајќи му ги сите аспекти што се на располагање, а за кои не може да се преговара: историјата, правдината, достоинството, политичкиот и моралниот кредибилитет, националната гордост и идентитет. Второ, ова презголемување на проблемот треба да ги досегне своите пароксизматички онтолошки размери: грчката страна да смета дека со нашето уставно име ние не смееме да постоиме, а ние да застанеме на становиште дека со промена на името ние ќе престанеме да постоиме. И, трето и последно, овие „да се биде или да не се биде“ позиции да се операционализираат со црвени линии што најмногу ги оддалечуваат преговарачките позиции: нивната – за тоа дека ние немаме право на името „Македонија“, и нашата – дека името е се што имаме, та нема да го менуваме во никаква форма, а тоа е најлесно ако во одлучувањето се вклучат целите нации.

Што, значи, ни кажува инверзната метода, откога го „обезбедивме“ нерешавањето на проблемот со името?

Една од најмоќните алатки на здравиот разум јасно ни укажува дека во реалната историја на проблемот и двете страни ги употребувале токму оние постапки што морале да ги одбегнуваат по секоја цена, доколку сакале проблемот да биде решен! И, така, почитувани читатели, проблемот со името се решава за месец дена, само одбегнувајќи ги глупостите наведени погоре и преземајќи го обратното: проблемот да се миноризира и претвори во техничко прашање за погодно име за надворешна употреба, што нема никаква врска со куклтурно-идентитетски, онтолошки или други аспекти на постоењето на соседните нации; прашање што ќе го решат технички комисии на ливче хартија, што потоа ќе го испратат во Обединетите Нации.

И, толку: надворешно име! Егзоним – име коешто за една земја или нација го употребуваат странците. За разлика од ендоним, што е име со коешто самите се нарекуваме. Зарем никој не забележал дека Финците својата земја ја нарекуваат Суоми? Или, дека Грците својата земја ја нарекуваат Елада, а себе си Елени? А, дека целиот свет ги вика – секој според својот јазик и изговор – со некоја варијанта од името Graeci, како што старите Римјани ги нарекле Грците на својот латински, во нивните први меѓусебни контакти?! И, што ужасно им се случи на Елените што целиот свет ги вика со збор што воопшто не е грчки? Ништо. Тоа е затоа што старите Грци ја употребувале инверзната метода за одбегнување на глупоста, што очигледно не им е позната ниту на новите Грци, ниту на нивните македонски соседи.

# ЗОШТО БЕШЕ ПОЛЕСНО ДА СЕ ИЗГРАДИ „СКОПЈЕ 2014“, ОТКОЛКУ ДА СЕ СРУШИ?

**04.11.2017**

> Рушењето на споменициите на Злото е вистинското градење на нашата слобода и култура: затоа ќе да е толку мачно и тегобно! Но, слободата – како и секоја вредна градба - има своја цена што мора да се плати!

Колку многу се изопачи животот во Македонија, во текот на одвратната вмровска деценија што мина, може да се види деновиве и од фактот што во земјава како да не се на сила некои од основните физички закони што владеат со целата вселена!? Еве за што се работи: сите знаеме – зашто ни било кажано уште во лулка – дека е многуструко полесно нешто да уништиш, отколку да го создадеш. Животот ова правило ни го потврди илјадапати, па тоа општочовечко искуство се преточи во норми, закони, обичаи и поговорки. Популарните Марфиеви закони, што во ерата на масмедиумите и интернетот го преплавија светот, всушност зборуваат – сите до еден – за поголемата веројатност работите да тргнат по лошо, отколку на добро. „Ако нешто може да тргне по лошо,

тоа и ќе се случи" – наводно гласела првата верзија на законот, што подоцна доби уште илјади свои варијанти. Истиот Марфиев бодар песимизам – низ метафората дека се што постои еден ден ќе се претвори во прашина, е длабоко вткаена и во потката на сите религии и на секое долго паметење. Но, најфасцинантниот факт за овие практични и духовни искуства на човештвото, е што тие се совпаѓаат со природниот закон што ја уредува динамиката на енергијата во целата вселена - со веројатно најшироко применливиот физички закон во природните науки: Вториот закон на термодинамиката!

Но, да не ве заморувам, почитувани читатели, со физички закони што се на рабовите и на моето разбирање - само неколку зборови за Вториот закон за термодинамиката ќе ви помогнат да го сфатите и севселенскиот парадокс на „Скопје 2014". Елем, законот вели дека вкупната ентропија во вселената има константна тенденција да се зголемува. При што, ентропијата во оваа равенка е величината што го одразува количеството на деградирана енергија и материја, или, за нас луѓето – „потрошеното" и неискористливо гориво и отпад. Очигледната вистинитост на овој универзален закон секојдневно се потврдува со зголемувањето на отпадот што цивилизацијата го произведува со материјалната експанзија и потрошувачка, а во астрофизички размери тој ја предвидува таканаречената топлинска смрт на вселената, како последица на нејзиното ширење и ладење. Ете зошто секогаш им е полесно на оние што рушат и уништуваат: на нивна страна е вселенскиот закон за деградацијата на енергијата и материјата! Ете од кај е потеклото на бескрајната иницијатива и ефикасност на Глупоста и Злото - тоа е така зашто на јавачите на Апокалипсата вселенскиот ветер на ентропијата секогаш им дува в грб; тоа е злосторничкиот

ветер на пропаѓањето, што ќе стивне дури откога ќе ја завитка целата вселена во ледена и темна смрт.

На овој севселенски закон - според кој рушењето е полесно од градењето, му противречи единствено Македоња, со својот интергалактички славен ѓоа проект „Скопје 2014"! Испадна дека „проектот" беше каде-каде полесно да се изгради отколку да се сруши! Библиската земја ги демантира законите на термодинамиката! Овој научен пробив ќе биде веројатно најголемиот придонес на Вечна кон развојот на природните науки! На вмровската „заробена" држава практично никој не и попречи да направи стотина измени на урбанистички планови, правилници и закони, потоа да ги прекрши сите нив и да ја изведе најголемата кражба на сите времиња градејќи го „Скопје 2014". Зашто, украдени беа не само неколку милијарди евра, туку и слободата, демократијата и правото, украдена беше и Републиката, заедно со сите нејзини институции, нашето достоинство, нашата историја, идентитет и самосвест. Сето тоа се случи лесно и мазно, без мрчења и отпори, без демонстрации или дебати, најчесто прекуноќ, а потоа како нормална дневна рутина.

Гранитно цврст факт е дека ништо полесно не се случило во историјата на Македонија отколку градењето на „СК 2014"! Но, денес, кога треба да се справиме со последиците од оваа елементарна катастрофа, со овој антицивилизациски земјотрес, со овој срамен вмровски културоцид; денес, кога се ослободивме од стравот што ја подмачкуваше изградбата на спомениците на Злото, и од опортунизмот што вршеше лубрификација и обезбедуваше мазно и тивко силување на општеството; денес, велам, самиот помен на враќање на уставниот и просторниот поредок и спроведување на законот, со отстранување на

најодвратните и најштетните злостори, наеднаш разбуди илјадници гласови и причини зошто „Скопје 2014“ да не се рушело?!

Само во корумпираната ропска свест на македонскиот „ослободен и горд“ граѓанин е можно изопачувањето на севселенското правило дека е многу полесно да се руши отколку да се гради: тука не само што е потешко да се руши, туку оваа термодинамичка аномалија има и своја морална пропорција, еден вид македонски придонес на Марфиевата „легислатива“. Законот би гласел: „Колку е градбата покриминална, погрда и поглупа, и колку се нејзините последици поголеми за македонската државност и култура, толку гордиот Македонец погневно и подостоинствено ќе стане во нејзина одбрана!“

Но, шегата на страна, фактот што градењето одеше лесно, а рушењето изгледа невозможно, укажува на суштината на проблемот – „Скопје 2014“ беше вистинското рушење на уставниот поредок и на јавниот простор – затоа одеше така мазно! А, рушењето на спомениците на Злото е вистинското градење на нашата слобода и култура: затоа ќе да е толку мачно и тегобно! Но, слободата – како и секоја вредна градба - има своја цена што мора да се плати!

# СИТЕ ДРЖАВИ И НАЦИИ СЕ ИЗМИСЛЕНИ, ПА И МАКЕДОНСКАТА!

**11.11.2017**

> Мисирков: „Нација уште немаме, но ќе имаме".

Вицов е дојден од странство, од некогашната држава чиешто име во Македоња Вечна сè уште не е препорачливо пречесто да се спомнува. Вака гласи прашањето: Зошто Црногорецот секогаш држи два камена покрај креветот? А, одговорот е: првиот камен му служи за да го изгасне светлото, а со вториот проверува дали прозорот е затворен! Каков фантастичен скок во апсурд, во два чекори!! Но, додека првиот чекор - со кој „јунакот" ја крши сијалицата – има сепак целесообразно дејство, добиено само со презголемување на мрзата на нашиот јунак, вториот чекор е скок во друга димензија, во непоимлив деструктивен апсурд во кој скршениот џам станува потврда дека прозорот бил затворен!? Овој втор чекор всушност веќе не и прилега на црногорската мрзливост, туку повеќе на

психопатијата на Вечниот Македонец, кој постојано го одржува скршен прозорот на неговата инфериорна и нарушена личност, оставајќи смртоносна промаја – едиповска жива рана! - на местото на потеклото и идентитетот.

Таа едиповска жива рана – што во свеста ја носат не само вмровските ес-ес одреди, туку и жртвите на нивната пропаганда – е веројатно вистинската причина зошто денес не пишувам за стогодишнината од Октомвриската револуција, туку за постанокот и природата на нациите. А, самиот повод за оваа тема е последната од многуте вмровски црни кампањи за јавен линч на мојата напатена маленкост, во коишто на населението на Вечна му се сервираат лаги за тоа што некаде ѓоа сум изјавил, а со цел да бидам прикажан како душман на се македонско, како државен непријател и предавник, бугарски, грчки и српски платеник, агент на ЦИА, Сорос, Коминтерна и т.н... Пишувам за оваа гнасна црна пропаганда само поради фактот што и најодвратната лага со себе секогаш носи две болни вистини: едната за своите автори, а другата за состојбата на свест на оние што лагата ја „лапнале“, ко речни сомови, со слепо разјапени усти.

Елем, делот од мојата изјава за Музејот на Југославија што побуди хистерија во вмровските штаб-квартири, медиуми и социјално-мрежни инсталации, гласи вака: „Ние денес се враќаме во - за нас Македонците - преднатално доба... пред македонската држава, кон крајот на Втората светска војна, буквално да биде измислена и за прв пат основана во рамките на Југославија, и во неа да се еманципираат македонската нација, македонската култура и македонскиот јазик, сите македонски симболи и уметнички достигања...“. Што во оваа изјава може да му пречи на еден нормален, ментално здрав Македонец?

Ништо: таа е составена од општопознати и неспорни историски факти – дека македонската држава е за прв пат основана во рамките на југословенската федерација, и дека во неа беа еманципирани (значи ослободени, од emancipatio – ослободување) македонската нација, култура и јазик! Тука нема што да се коментира или демантира, но, ако одиме „по трагата, во спротивна насока", барајќи ја вистината за авторите на лагата од вмровските наслови, доаѓаме до клучниот збор - „измислена".

Зборот „измислена" така стана мојот „смртен грев" само затоа што ја поткопува фундаменталната вмровска теза дека македонската нација, народ, држава и самото вмро – како нивен творечки агенс, се вонвременски и трансцендентни појави, кои постојат отсекогаш, ако не и од порано. Тој несреќно одбран збор – „измислена", упаѓа како карпа во скршениот џам на вмровската едиповски нарушена личност, во идентитетската дупка што бара потврда во бескрајната проекција на постоењето на македонската нација наназад, во праисторијата, па потем веројатно и во геолошката историја на планетата. Но, за иронијата да биде поневеројатна, вмровската лага за „измислената нација" што ми ја ставија в уста, испадна дека сосем се совпаѓа со научната вистина за постанокот и природата на нациите.

Да, сите нации, па и македонската, се измислени! „Секоја поголема човечка заедница – било да е тоа модерната држава, средновековната црква, древниот град или архаичното племе – е втемелена на заедничките митови што постојат само во човечката колективна имагинација" – пишува историчарот Харари, и додава: „Не постојат боговите во вселената, не постои нацијата, ниту парите, ниту човечките права и законите, а ниту пак правдата, вон за-

едничките фантазии на луѓето.“ Еден од најреферентните автори за прашањето на нациите, Бенедикт Андерсон, ја дефинирал нацијата како „измислена заедница“, во смисла дека сите материјални услови за раѓањето на нацијата, постојат само како основа за измислувањето, споделувањето и градењето на меѓучовечките врски. Според Андерсон нацијата не е „измислена заедница“ затоа што е лажна или не постои во стварноста, туку затоа што секоја поголема човечка заедница чиишто членови лично не се познаваат меѓусебе, мора по дефиниција во голема мерка да биде измислена на начин кој ќе обезбеди плебисцитарна верба во таа замисла. Конечно, првиот, најголемиот и најзаслужниот за раната интелектуална артикулација и афирмација на македонската национална и културна посебност – Крсте Петков Мисирков, бил сосем свесен за природата на нацијата, кога изјавил дека „нација уште немаме, но ќе имаме“.

А, зошто Вечниот Македонец секогаш до креветот држи два камена? За со мазниот камен да ја одржува едиповската дупка во својот идентитет, а со рабестиот да се удира по глава мислејќи го најважното прашање за македонската нација: дали стаорецот што ја преживеал јукатанската катастрофа пред 65 милиони години – од кого потекнуваат сите цицачи на планетата – е од македонски национален происход?

# ДАНИНГ-КРУГЕРОВИОТ ЕФЕКТ НЕ ЈА НАПУШТА МАКЕДОЊА!

**18.11.2017**

> Децениските процес на кретенизација низ кој помина целото општество, нѐ направи неспособни за самокорекција која ќе ги задоволи платоновските стандарди на критичкото мислење.

Еден од најголемите филозофи во историјата – Платон, во своите размислувања за идеалниот систем на власт, заклучил дека за доброто владеење не е пресуден самиот систем, било да е тоа демократијата, олигархијата, монархијата или тиранијата, туку компетентноста, знаењето и моралноста на носителите на власта. Бидејќи живеел во време кога стотиците градови-држави и неколкуте кралства во Медитеранот биле веројатно најголемата лабораторија за различните начини на владеење во историјата - а бил и сведок на легендарното доба на атинската демократија - неговите сомнежи во демократијата како систем останале свежи и релевантни до ден-денес. Македонскиот „случај“ со вмровската деценија може да послужи како уште еден доказ дека и современиот либе-

рално демократски систем – каков што е уставно-правно и институционално инсталиран во Македонија – сам по себе, без Платоновите услови, не гарантира остварување ниту на една од неговите декларирани темелни вредности. Сите бевме сведоци на ужасниот факт дека и без каква и да е системска промена, режимот на Груевски продуцираше стварност која му доликува на еден тоталитарен, мафијашко-капиталистички и регресивен систем на владеење, а не на оној што е вграден во Уставот. Наместо Знаење и Правда, добивме Глупост и Зло.

Но, дали ја сфативме, дали ја научивме оваа – од Втората светска војна до денес – најскапа лекција што историјата ни ја даде? Дали ги детектиравме критичните точки во системот, што им овозможуваат на Глупоста и Злото така лесно однатре да го первертираат системот? Не знам. Имам чувство, дури, дека деценискиот процес на кретенизација низ кој помина целото општество, не направи неспособни за самокорекција која ќе ги задоволи платоновските стандарди на критичкото мислење. Како целата заедница да упаднала во Данинг-Кругеровиот ефект, еден вид когнитивна „замка 22“, во која – како последица на системската кретенизација – намалената способност за расудување ни оневозможува да станеме свесни за сопствената декапацитираност. Што, пак, резултира со илузорна супериорност и невтемелена самодоверба, кои, конечно, беа „заштитните знаци“ и на идиотите од ВМРО!

Како пример ќе го земам – повторно! – „славниот“ член 72 од последниот вмровски Закон за просторно и урбанистичко планирање, во кој стои дословно: „При изработка на урбанистичките планови со кои се уредува просторот за градби со намена домување во станбени куќи

процентот на изграденост на градежната парцела треба да изнесува 70%..." и т.н. Само со овој член, почитувани читатели, само со еден член од законот – успеавме да го поништиме целиот закон и самата смисла на системот на урбанистичко планирање, зашто неговата основна цел е со стручно и инклузивно одлучување да се одреди мерката и природата на развојот на секое поединечно место во Републиката, што – се разбира – треба да се прави во урбанистичките планови. Сега ние имаме прецизно решение кое е исто за сите парцели со станбени куќи со дворови, од Маврово до Берово, и од Куманово до Охрид! А, ова малоумно решение закономерно ги уништува сите парцели и сите дворови во кои ќе биде реализирано!

За да ви сликувам што во просторот значи кога „процентот на изграденост изнесува 70%", замислете парцела што е широка 20 и длабока 30 метри, значи една пристојна парцела од 600 квадратни метри површина, на која може да се испланира и проектира сосем пристојна куќа со сосем пристојно дворно место со зеленило и се што треба. Доколку се исполни законската одредба, на парцелата ќе се втисне површина за градење и објект 16 метри широк и 26 метри длабок, што ќе рече дека околу него ќе остане – од сите страни! – само тесен појас од по 2 метри до оградата!! Овој член закономерно произведува идиотски простор недостоен за живеење, без двор, без растојание до соседите, без осончување, проветрување, поглед... без ниту една хумана вредност воопшто. И тој член се применува масовно во изработката на урбанистичките планови ширум библиската земја, тивко и идилично, докажувајќи дека единственото библиско во Македонија е размерата на нашата глупост.

Како да го сликувам безумието на овој член и штетните последици што ги произведува во просторот? Тоа е како во некојси „Закон за јавното здравје“ да им се пропише на хирурзите задолжителен протокол дека во третманот на болното и нефункционално срце кај пациентите, тоа треба да се замени со карбуратор од половна „Лада“, на пример! Навистина чувствувам инфериорност пред инвентивноста на Глупоста, и слабост на имагинацијата во измислувањето на одредба толку глупава и штетна како што е таа од членот 72! Но, ќе се запрашате, зошто инсистирам токму на овој член, кога има толку други слични или можеби позли? Се разбира – веќе погодувате – затоа што наслушнав дека постои иницијатива од собраниското мнозинство за измени и дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање, и тоа измени што го опфаќаат токму членот 72 - измени во кои процентот на изграденост се „корегира“ на 60%!! Наместо првиот ден по конституирањето на Собранието овој член да се избрише од законот, тој се „дотерува“ да овозможел малку повеќе зеленило, па излегува како да ја корегираме одредбата од „Законот за јавно здравје“, при што наместо болното срце на пациентот ќе му се вградува карбуратор од нова, наместо од половна „Лада“!?

П.С. Злото го победивме – барем номинално – но на Глупоста не и е гајле за нашите добри намери. Таа се победува само со разум, метода и знаење, колку и да се тоа непопуларни дисциплини во оваа напатена земја!

# АКО „СИТЕ СМЕ ВМРО“, МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА НЕ ПОСТОИ!

**25.11.2017**

> Македоња Вечна е најдобриот пример за односот помеѓу Незнаењето и Злото, зашто врвовската глупост непогрешно го препозна правилото дека колку се оди во минатото толку е помало знаењето за него.

Никој појасно не ги довел во непосредна врска Знаењето и Доброто отколку Сократ. За него Знаењето е Добро, а незнаењето Зло. Ова преклопување на неговата епистемологија со етиката тој го искажал низ ставот дека Доблеста или Доброто почнува со свеста за сопственото незнаење, а дека секоја слепа верба во сопственото знаење е безвредна, дека таквото знаење е практично незнаење. Со оваа фундаментална научна сомнеж и свест за погрешливоста и релативноста на знаењето, Сократ ја заработил својата смртна казна од страна на атинскиот демократски суд, а две и кусур илјади години подоцна таа стана основата за рационализмот и подемот на науката и знаењето што го обезбедија прогресот на човештвото се до денешниот ден. Интересно е дека Сократова-

та релација помеѓу Знаењето и Доблеста сè уште владее како непишан природен закон меѓу луѓето, зашто сите големи зла во историјата се резултат на злоупотребата на човечкото незнаење. Може дури да се рече дека колку луѓето помалку знаеле за некој поим или појава, толку поголема била нивната подготвеност да жртвуваат се за неа. Порано тоа биле боговите – за кои и ден-денес никој не знае ништо, потоа се појавиле апстрактните идеи за нациите, расите, а денес светот се тресе од поимот на културните идентитети, што ги вовлекуваат повторно „во игра" и боговите и нациите.

Македоња Вечна е најдобриот пример за односот помеѓу Незнаењето и Злото, зашто вмровската глупост непогрешно го препозна правилото дека колку се оди во минатото толку е помало знаењето за него, па настанокот на Македоња, но и на македонската држава, култура, нација и јазик ги помести наназад во вечноста, во несознатливото минато пред почетоците на времето, а особено пред сомнителните научни шпекулации за 13 и кусур милијарди години „младата" вселена. Така вмровската апсолутна убеденост во појави за кои не знаат апсолутно ништо, стана состојба на свест - еден вид политичка религија, со која се „заразени" повеќе Македонци отколку што смееме да си признаеме. Поимот и појавата на нацијата – за коишто никој не знае ништо или пак погрешно мисли дека знае се – не се случајно во центарот на нивната религија. Рака на срце, мора да им се признае добриот инстинкт за глобалните политички тенденции, зашто националните идентитети станаа повторно движечки сили на многу општествени промени, практично во сите држави на планетава. Но, колку и да е повторно присутен во животот на луѓето, поимот на нацијата е сè уште повеќе обвиткан со заблуди отколку со знаење.

Ако човек почне да „копа“ по книгите што ја обработуваат материјата на нациите и национализмите, ќе дојде до интересно – и невесело – сознание дека дилемите и заблудите околу дефинирањето на поимот и објаснувањето на појавата на нацијата се исто толку актуелни и денес, како и пред век и пол – кога се напишани првите умни расправи за оваа клучна општествена појава. И, човек доаѓа до впечаток дека некои од првите мудри мисли за нацијата како да останаа „најмудри“ и до денешниот ден. Такво е и делото на контроверзниот Ернест Ренан „Што е нација?“, издадено во далечната 1882, во која овој мислител како да ги разбива нашите денешни заблуди, побивајќи го концептот за етно-нацијата во кој таа се формира околу заеднички јазик, религија, култура и етничко потекло. Неговата концепција сите овие чинители ги смета за можни и важни, но не и неопходни услови за настанок на нацијата, а го афирмира концептот на граѓанската нација во чиешто јадро е поместена политичката волја на луѓето да живеат заедно во една држава.

Некои мисли на Ренан се сѐ уште можеби највдахновените и секако најконструктивните дефиниции на нацијата: „Нацијата е духовен принцип. Две работи, што всушност чинат едно, го сочинуваат овој духовен принцип. (...) Првата е поседување на заеднички сеќавања, а втората е денешната меѓусебна согласност и желба за заеднички живот, волја за продолжување на вредностите од неподеленото наследство. (...) Во овој процес (можеби парадоксално) е важно заборавањето, а би рекол дури и историското бришење, кое е клучниот фактор во создавањето на нацијата, поради што честопати некои историски истражувања и толкувања претставуваат опасност за принципот на нацијата. (...) Поради тоа, и покрај различ-

ните етнички потекла, обичаи или јазици, (...) нацијата е создадена практично од широката солидарност, што ја сочинуваат свеста за жртвите што биле поднесени во минатото, исто како и оние што луѓето се подготвени да ги поднесат и во иднина. Таа солидарност, конечно, само го претпоставува минатото, зашто тоа е кондензирано во сегашноста и во опипливата вистина за согласноста и јасно изразената желба да се продолжи со заедничкиот живот. Постоењето на нацијата е, простете ми за метафората, дневен плебисцит – исто како што и индивидуалната егзистенција е постојана афирмација на животот."

Колку е очигледно дека Ренановата дефиниција за нацијата е не само вистинитото сценарио според кое настанала македонската нација, туку и единствената формула за опстанокот на денешната Македонија! Таа е, поради тоа, чиста негација на вмровската визија за „националното единство" што е фундирана во принципот на исклучивост и поделби на македонската нација според етничката, религиската, политичката, племенската и мафијашката припадност. ВМРО во тој контекст ја претставува најантимакедонската појава во нашата историја, па ако е вистина дека „сите сме ВМРО", тогаш мораме да се помириме и со непостоењето на македонската нација. Но, ние сепак постоиме, нели?

# ЈУГОСЛОВЕНСКО СУГАРЕ СО НАРУШЕН ИДЕНТИТЕТ

02.12.2017

> Честит 29-ти ноември, денот на зачнувањето на македонската држава и еманципацијата на македонската нација!

Некни, в среда, мина уште еден безличен, сив и влажен, мамурлив 29-ти ноември, уште еден неодбележан и непразнуван 29-ти ноември, додавајќи така уште еден годишен нанос тиња врз вистината за потеклото на нашата држава, врз сеќавањата за сопственото државно појавување на светската општествено-политичка мапа, продлабочувајќи ја така тивко и незабележително, во недоглед, сопствената криза на идентитетот. Зашто, државниот идентитет – како и секој идентитет, впрочем – се гради првин од податоците за датумот, местото и околностите на зачнувањето и настанокот на државата, како и описот на нејзините посебности и единственост во почетокот на нејзиното постоење. Што, се разбира, потоа ќе се слави и чествува додека државата постои и

додека постои континуитетот на нејзините колективни мемории од коишто е, впрочем, изграден нејзиниот идентитет.

Конечно, основното значење на зборот „идентитет“ е „исто“, „истоветно“, (филозофите можеби ќе го преферираат „истост“), па идентитетот е воедно збирен квалитет на секое индивидуално нешто да биде исто на себе си, поради што тој в себе ги носи и податоците и својствата што го разликуваат од сите други. Токму затоа упорното државно непразнување на 29-ти ноември е очигледен симптом на длабоката идентитетска дупка што се продлабочува уште од почетокот на нашата државна независност 1991; дупка која – со помош на тешката државно-партиска идеолошка механизација – ВМРО ја претвори во огромен површински коп – идентитетска јама видлива од стратосферата – во која ги натрупа своите историски фалсификати и безумни бладања за тоа кои сме и што сме.

А, на 29-ти ноември 1943 година, во босанското Јајце, се одржа Второто заседание на АВНОЈ – Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Југославија, на кое ова тело се прогласи за носител на суверeноста на новата југословенска федерација, за врховно законодавно претставничко тело на сите југословенски републики и народи. Токму во Одлуката број 3 на Второто заседание – за прв пат во историјата на светот – во еден државно конституционален документ е спомнат македонскиот народ како посебен државотворен национален ентитет! Ееееј, народе македонски: 29-ти ноември е роденденот на југословенската федерација исто колку и на нејзините федерални единици, или барем ден на нивното зачнување сред виорот на најголемата од сите војни! А, ние

– во списокот на државни празници – славиме дузини на неисториски датуми од настани апсолутно нерелевантни за настанокот на македонската држава – од настани кои воопшто и не се случиле!? - додека датумот на нашето државотворно зачнување го оставаме несочуван и незапаметен, неславен и непразнуван, на есенската гнилеж, да исчезнува од супстанцата на нашиот национален идентитет, во рамнодушното и безобличнороморење на времето?!

За да ја поими апсолутната неверојатност на тој настан, човек треба да фрли поглед на мапата на Европа и да се вчудоневиди од тој мразен 29-ти ноември 1943 година, кога целата Европа беше под власт на фашистичката чизма: од Северна Африка и Егејот, Италија, Франција и Шпанија, се до Норвешка на север, сите балкански земји и длабоко во Советскиот сојуз – до Ленинград на Балтикот и Крим на Црното Море. Во тој континент згазнат од најмоќната и најзлата армија што дотогаш ја газела планетата, во средината на тоа разбранувано и смртоносно фашистичко море, во едно бајковито балканско планинско место светна антифашистичката искра како вселенска супер-нова и најави раѓање на нов слободарски планетарен систем! Вака гласи славната точка број 2 од Одлуката број 3 од Второто заседание на АВНОЈ:

„За да се оствари принципот на сувереноста на народите на Југославија, за Југославија да ја претставува вистинската татковина на сите свои народи и никогаш да не стане доминион на која било хегемонистичка клика, Југославија се гради и ќе се изгради на федеративен принцип, кој ќе ја обезбеди полната рамноправност на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, односно на народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.“

Ако погледнете малку повнимателно, ќе забележите дека практично сите југословенски народи веќе имале своја државност или некаква државотворна историја, сите освен Македонците, што значи дека македонската држава е југословенска доцна рожба! Ние сме галено сугаре што во своите зрели години манифестира криза на идентитетот, криејќи го потеклото, родителите и не славејќи ги настаните што го одредија нашето зачнување и раѓање. Но, токму врз основа на авнојската одлука, неполна година потоа, се воспоставени основачките органи на првата и единствената македонска држава во историјата, АСНОМ и дефинитивното институционално раѓање на македонската Република! Република, што денес ужива во својата независност и сувереност, но, за жал, страда воедно и од тешко ментално вмровско нарушување на личноста.

Годинава, конечно, земјава зачекори храбро кон својата посветла иднина, но сè уште – по инерција, белки - премолчувајќи ги своите вистински родители и податоците за настаните и околностите на своето зачнување. Може ли да се очекува оздравување на идентитетскиот пациент? Се надевам – да! Честит 29-ти ноември, денот на зачнувањето на македонската држава и еманципацијата на македонската нација!

# ЕМ СЕРЕ, ЕМ ЗЕЉЕ БЕРЕ

**16.12.2017**

> Прашањето што да се прави со петрифицираните фекалии од СК014 стана „Да се биде или не?“

Оваа сликовита и стара народна поговорка јасно зборува дека вршењето нужда во долче што е богато обраснато со самоникло зеље, било од најстари времиња преференција на нашите предци – од проста причина што големиот, мек, а жилав лист на зељето се користел како најпосакувана тоалет хартија уште од појавата на првите Македонци на планетата. Поговорката, меѓутоа, цели да сликува една сосем специфична – и особено штетна - психосоцијална појава, која од времето кога на Земјата постоеле само Македонците, потем несопирливо се проширила и на целиот човечки род. Се работи за подмолноста и лицемерието на многумина, во нивните напори да ја „рационализираат“ и „социјализираат“, па дури

да ја направат навидум општествено полезна нивната сопствена голема нужда. Токму оваа морална порака на насловната поговорка – а не нејзината пасторалност или лирска сликовитост - е вистинската причина зошто народната умотворина ја ископав од трезорите на македонското културно наследство. Погодивте, нели, дека повторно и се навраќам на темата на антиквизацијата на македонската етногенеза и на античкото ребрендирање на националниот идентитет, што ВМРО ја изведе со уништувачка ефикасност во единаесетте години од својата диктатура на Глупоста.

Тоа ни се случи точно како во поговорката: откога ја затрупаа македонската престолнина со нивните прескапо платени, а уметнички и културно безвредни срања, бездарнички и до кретенизам некадарно изделкани во некаков налудничав порно-барок стил, тие земаа да не убедуваат дека нивното фекално ребрендирање на македонскиот национален идентитет било од суштествена општонародна полза – за да го спасат името македонско, и да ги зајакнат пред светот нашите позиции во преговорите за пронаоѓање на „заемно прифатливо решение“ за името. При што, нашата најголема историска трагедија е што – очигледно – успеале да убедат многу вжештени македонски патриоти дека „не дека сереле, туку зеље береле“, зеље од кое ќе се пече традиционалниот зелник, што духовно ќе ја прехранел македонската паства додека ги трпи библиските премрежиња на кои не изложила меѓународната заедница. Поради тоа, во земјата владее нерешителност и недоумица дури и за потребата од чистење на куповите гомна на скопските плоштади, улици и кејови, но и за способноста на македонското општество за таа катарза.

Но, да се разбереме: времето не работи за нас, зашто од една страна луѓето се навикнуваат на неподносливата реа на канализација во околината на фекалните споменици од „Скопје 2014“, па не е далеку денот кога и оваа смрдеа ќе биде прифатена како составен дел од нашиот идентитет; од друга страна пак, долгото време сака да ги фосилизира човечките гомна и така да ги петрифицира во вистински камени споменици што дефинитивно ќе го овековечат нашето културно самопоништување. Така што, прашањето што да се прави со петрифицираните фекалии од „Скопје 2014“ стана шекспировското „да се биде или не“, на кое е се потешко да се одговори, зашто влегуваме во психолошката стапица на Данинг-Кругеровиот ефект, за кој пишував некни. Се работи за тоа што самиот факт што ние се прашуваме што да правиме со еден таков суперсептичен, отровен и културоциден отпад – каков нормални нации го рушат и евакуираат во првите три месеци од соборувањето на режимот што ги изградил - непобитно укажува на фактот дека веројатно поради веќе предолгата изложеност на радиоактивните споменични гомна, нас ни е сериозно оштетена интелектуалната, па и когнитивната моќ да донесуваме какви и да е одлуки или вредносни судови. Испаѓа дека немоќта да се пресметаме со фекалното загадување во центарот на нашата престолнина, станува видливата мерка на декапацитираноста на нашата култура, а овој колапс на разумот практично и не се однесува на тенката скрама на новата власт што како чипкано миљенце се напрега и чепи да го препокрие огромното тело на вмроизираната бирократија, туку, пред се, на македонското општество како целина.

Време е, затоа, да ги одмериме „позитивните“ ефекти од александризацијата на нашата етногенеза и нацио-

нален идентитет, што се слави со петрифицираните фекалии од „Скопје 2014“: до споменичното окаменување на вмровската александризација на нашето потекло, ја имавме на наша страна целата меѓународна заедница, која грчките спорења на името на нашата држава унисоно ги сметаа за ирационални и неоправдани. Додека денес ситуацијата е сосем обратна: грчките барања станаа разбирливи и оправдани за целиот свет, зашто токму налудничавото поврзување на нашето државно име со хеленската династија на Аргеадите, стана општоприфатениот доказ дека во Република Македонија се одгледува иредентистички и профашистички мит што ја загрозува стабилноста на регионот. А, врзувањето на името со националниот идентитет токму преку ликот на Александар Трети Македонски, фатално го поткопа и нашето право на името македонско, зашто за нација што така лесно го менува идентитетот - со кој се здоби како победник во антифашистичката епопеја во Втората светска војна и гордо го носеше 70 години, сите очекуваат дека ќе смени и се друго.

Така што, вмровското серење во никој случај не било „зеље берење“, туку зељето – како и нашето национално достоинство и идентитет – било само тоалет за нивната психопатска нужда! Психопатска нужда која резултираше со културен измет, што – ако не го исчистиме - ќе не идентификува во веки веков.

# СКОПСКИТЕ КОПРОЛИТИ СКРИЕНИ ПОД БРДО!

**23.12.2017**

> „Скопје 2014“ да се изнесе од градот, да се закопа во земја, под некое мешесто брдо, далеку од Македонија, да ги чека со милениуми своите археолози, за да ги прелаже да не ни помислат дека ние сме биле такви кретени.

Додека последнава деценија македонската цивилизација правеше шампионски напори за сопствено деградирање во културно-историски отпад, претставувајќи - можеби за прв пат во историјата – вистинска авангарда во оваа бизарна олимписка дисциплина, во едно далечно и јалово, со прашина просеано место во јужна Турција, што локалното население го вика Ѓобекли Тепе – нешто како Мешесто Брдо, се случува несомерлива археолошка и антрополошка сензација, вистинска револуција во историските науки за човекот. Се случува револуција што не само што ги поместува сите развојни цивилизациски календри милениуми наназад, туку и ги револуционира и сфаќањата за почетоците на населувањето на човештвото, за раната улога на светилиштата

за формирањето на првите населби, и, веројатно, за првата религија на планетава...

Сè започна 1994 година кога германскиот археолог Клаус Шмит се искачил на Ѓобекли Тепе да ги провери своите сомнежи дека камените врвови што виркале од прашината, всушност не се византиски гробни плочи, туку дело на некоја многу постара цивилизација. Кога – заедно со неговите турски колеги – зеле да ја отстрануваат земјата околу вирнатите камени споменици, почнало да им се открива – како во филмовите со Индијана Џоунс – мистериозно кружно светилиште во чијашто средина биле поставени исправени огромни камени плочи, совршено обработени во планпаралелни фигури обликувани како буквата „Т“, високи и до 5 метри и тешки цели 18 тони! Стоеле овие човеколики те-фигури, украсени со барелјефи со ретка убавина, стилизирани животни и геометриски орнаменти, исправени – ко нови! - стоеле милениуми без да бидат срушени или поткршени ни помалку ни повеќе туку цели 11 600 години!! На археолошката наука не и е позната ниту приближно волку монументална градба, волку вешто обработени камени монолити, прецизна кружна сува камена ѕидарија и совршено обработени барелјефи, уште цели седум милениуми, се до египетските пирамиди!

Мистериозните наоди во Ѓобекли Тепе ќе бараат сериозни доработки на досегашната општо прифатена теорија на Гордон Чајлд, „таткото“ на поимот „неолитска револуција“ - што е процес што се случувал помеѓу осмиот и четвртиот милениум пред нашата ера, кога ловечко-собирачките групи на хомо сапиенсот почнале да се населуваат и да ги култивираат житородните треви и да ги припитомуваат домашните животни. Според теоријата

на Чајлд, неколку милениуми подоцна се случила (повторно од него) наречената „урбана револуција“ и појавата на градовите и првите држави, дури во четвртиот и третиот милениум пред нашата ера. И, дури во урбаната револуција се оствариле основните цивилизациски услови да се случи функционалното и социјалното раслојување на населението и формирањето на специјализираните групи на владетели, свештеници, војници, занаетчии, земјоделци и т.н. Оваа специјализација го овозможила откривањето на технологиите, точакот, едрото, металите, писмото и мемориските, државните и верските институции, практично се што ја карактеризира глобалната цивилизација и ден-денес. И, само таа специјализација и социјална организација била способна да обработува камен од далечни каменоломи, во огромни димензии, да обучи и мотивира каменорезачи да ги украсат овие камења и да обезбедат стотици или илјади луѓе за транспорт со голи раце...

Како, тогаш, пред 11 600 години, на преодот од мезолитот во неолит, 7 000 години пред урбаната револуција, луѓето од јужна Анадолија, уште ловци и собирачи, здружени во ретки и малубројни семејни групи, секогаш во покрет по храна; како било можно тие да се организираат да најдат и на високопрофесионален начин(!) да обработат камени човеколики фигури што тежеле и до 16 тона... и да ги качуваат и исправат на врвот на Мешестото Брдо? Но, оваа нерешлива мистерија се зголемувала со секоја фрлена лопата земја: како копале, археолозите наоѓале се повеќе и повеќе вакви кружни светилишта, со исправени камени монолити како „танцуваат“ со кренати раце во нивните средишни кружни сцени!? Излезе, конечно, дека единствената причина што оваа севселанска

сензација не дочекала нас – во 21 век – негибната, како вчера изградена, со сите - сепак кревки, исправени човеко-богови, и, ниеден кутнат, скршен или издробен; дека единствената причина била што нивните градители и корисници, откога ќе ги изграделе, по некое време внимателно ги затрупувале со земја, и граделе други, слични на нив, преку нив или непосредно до нив, на истото Мешесто брдо... Неверојатно, нели?

Има ли појасна порака, почитувани читатели, од оваа што мистериозните ловци-собирачи-градители од јужна Анадолија ни ја испратија токму нам, на нивните директни наследници (зашто, на сите ни е јасно дека чудото на Ѓобекли Тепе можеле да го изградат само македонските ѕидарски тајфи што во тоа време биле на гурбет во Анадолија, на враќање од Атлантида)? Има ли појасна порака, се прашувам, за тоа како се постапува со потрошените божества, со безвредните споменици, како што се нашите споменични копролити во центарот на Скопје? Јасно е: тие треба нежно да се затрупаат со земја, како никогаш да ги немало, за животот да продолжи понатаму! Да, треба да ги послушаме нашите предци, пронаоѓачите на Првата религија на светот: „Скопје 2014“ да се изнесе од градот, да се закопа во земја, под некое мешесто брдо, далеку од Македонија, да ги чека со милениуми своите археолози, за да ги прелаже да не ни помислат дека ние сме биле такви кретени, што во 21-от век(! ) сме можеле да ги изградиме тие национални срамови! Ве молам!?

# НАМЕСТО ДА СЕ РЕФОРМИРА, ВМРО ТРЕБА ДА СЕ РАСФОРМИРА!

**30.12.2017**

> Најмалку што би морало да се направи во процесот на департизација на земјата е да се избрише ВМРО-ДПМНЕ од судскиот регистар на политички партии и да ѝ се одземе украдениот имот.

ВМРО-ДПМНЕ избра нов претседател на партијата, а изборот веќе му го честиташе американскиот амбасадор во Македонија. Во честитката амбасадорот го повика ВМРО-ДПМНЕ „да игра конструктивна улога во зајакнувањето на демократските процеси и владеењето на правото, како и унапредување на односите со соседите". Точка. Дали тоа значи дека партијата што е виновна за единаесетгодишното разнебитување на македонската демократија и уставниот поредок на земјата, и за беспримерниот партиско-мафијашки грабеж на јавните пари и општите добра, е практично – како партија – ослободена од вина и е легитимирана како легална и потенцијално „конструктивна" опозиција? На сите ни е јасно дека оваа порака доаѓа директно од Олимп, но дали тоа значи дека

со изборот на нов претседател ова злосторничко здружување како да поминало под божественото виножито, та од другата страна на божилакот – како во митските чудесии – оваа тоталитаристичка партија-држава излегла како „измиена“ од одговорноста за сите злостори што ги изврши додека беше на власт?

Се разбира дека не треба да го обвинуваме либерално демократскиот Олимп за ваквата акутна амнезија за сите системски вмровски злостори, зашто и сите ние, една долга година се однесуваме како ВМРО-ДПМНЕ да е легална и легитимна партија!? Целава земја – а, гледаме, и целата меѓународна заедница – упорно глуми нормалност, една дементна рутина во која вниманието на јавноста е фокусирано единствено на истражните постапки и судските процеси што СЈО ги започна против неколкумината највисоки шефови на вмровската партиска мафија. Стварноста што ја генерира оваа дементна политика упатува на во светот повеќепати „одиграното“ сценарио во кое за системски општествено-политички злостори на крајот судски се процесуираат неколкумина „истакнати“ поединци на чело со нивниот шеф, а сите други добиваат амнестија, зашто „слушале наредби“, „ги спроведувале законите“ или трпеле политички „притисоци“. Ова сценарио може да се нарече „шпанско“, „португалско“ или „чилеанско“, зашто профашистичките режими што во дваесеттиот век владееле со децении во овие земји, се демократизирале со „меки“ политики на заборав, симболични судски процеси на по некој озлогласен поединец од врхушката, и континуитет и легализација на сите злосторнички редистрибуции на капиталот и ограбените општи добра. Ќе бидеме ли сведоци на „чилеанското“ сценарио тука, во библиски напатената Македонија?

Ќе биде ненадоместлива историска грешка за нашата кревка демократија ако справувањето со последиците од владеењето на партиско-мафијашкиот режим на ВМРО го сведеме на судско гонење на мафијашката врхушка, а ја запоставиме одговорноста на ВМРО како партија, и ги забошотиме вистинската системска природа на последиците од нивното ограбување, културоцидната политика и идеолошката кретенизација на општеството. Во вакви случаи вистинското решение не е реформирање, туку расформирање на ВМРО! За таа партија важи стариот латински принцип: „Quod initio vitiosum est, non potest tracti temporis convalescere", а по наше - што е лошо од својот почеток, не може да се поправи со тек на времето. Или, би додал на претходното: ниту со декларативна демократизација и ѓоа реформирање на партијата. Зашто, претворањето на земјата во примитивна партиска и мафијашка деспотија, и, поистоветувањето на ВМРО со македонската држава, тие два мегазлостори се во самиот генски код на оваа злосторничка партија. Тука нема што да се поправа: додека постои ВМРО, таа ќе биде смртна закана за македонската демократија и култура.

Доволно е да се тргне од зачетокот на ВМРО-ДПМНЕ, кога во метежот на брзата политичка плурализација во раните деведести по ужасна грешка и се дозволи на партијата да го украде од преднаталната национална историјата акронимот ВМРО, на кој нема никакво право. Потоа, да и се дозволи да го присвои средновековниот земски грб на „македонските земји", а на него – само со две годишта: 1893 – 1990, да ја присвои целата историја на револуционерните организации МРО(1893), ТМОРО(1896) и ВМОРО(1905), и да ја спои со одвратен историски фалсификат со ВМРО, која е формирана дури по Првата светска војна.

Па, згора, да го поништи целиот период на создавање на македонската држава во Втората светска војна и нејзиниот вкупен културен процут, се до 1990, кога ѓоа „завршила“ тајната “борба“ на ВМРО за македонската независност! Во знакот, грбот и генот на ВМРО е вградена лагата, грабежот и присвојувањето на македонската национална историја и држава!

Овој „ген“ на партијата, го прави логичен и неизбежен и нејзиниот најголем злостор - партизацијата на сите државни институции и обединувањето на партиската моќ со приватниот бизнис, практично „заробувањето“ на целата држава! Партизација на државата со волкава тотална темелност правеа само фашистичките режими на Мусолини и Хитлер! Така што, најмалку што би морало да се направи во процесот на департизација на земјата – кој уште не сме го ни започнале – е да се избрише ВМРО-ДПМНЕ од судскиот регистар на политички партии, да и се одземе украдениот имот, со закон да се забрани употребата на акронимот ВМРО и другите симболи украдени од историјата, и дури отпосле да се формира „реформираната“ ДПМНЕ, како политичка партија што ќе го почне својот нов демократски политички живот, без фашистичкиот и криминално стекнат багаж. Или, работата е веќе завршена?

# БОЖИК И РОДЕНДЕНОТ НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА

06.01.2018

> Во моментот на обединувањето на Италија само околу 2,5 проценти од населението на Италија го разбирало и секојдневно го употребувало италијанскиот јазик!

Деновите што не делат од Божик, малкумина си ги уништуваат со залудно решавање на метафизички прашања за своето постоење, но, сепак, нели е сосем перверзен фактот што Македонците – заедно со сите христијани на светов – го знаат точниот датум на раѓањето на бого-човекот што никогаш не се ни родил, но апсолутно никој од нив не го знае роденденот на сопствената нација? Навистина, нели е парадоксално што сите го знаеме денот кога се родила една митска и неисториска личност, и дури, си ги споделуваме бизарните детали од неговото зачнување, но за сопствената нација – една сеприсутна и неотповиклива историска реалност – за неа не се знае ниту кој ја зачнал, ниту кога се случило тоа, ниту пак е познат денот на нејзиното раѓање?!

За времето на создавањето на македонската нација се лицитира практично од нејзините први пелени, па така постојат верзии дека нашава нација е „измислена“ од страна на маршалот Тито и Коминтерната во Втората светска војна. Поради овие „зли јазици“, тие што сакаат да не понижат и помножат со нула, не нарекуват „вештачка“ нација. Од ова страдаат многу тврдокорни Македонци што тешко се навредуваат од овие „инсинуации“ и – кутрите – очајно тежнеат датумот на раѓањето на македонската нација да го поместат подалеку во минатото. Едни се задржуваат на крајот на 19 век и македонските преродбеници и револуционери, други се идентификуваат со бугарскиот цар Самоил кој веројатно бил Ерменец по етнички происход, трети пак, се потполно убедени дека нацијата потекнува од Александар Велики или порано – од првиот од македонската кралска династија од Арг – Пердика. А, најглупавите се убедени дека сме првата нација на планетава, веројатно уште пред хомо сапиенсот еволуциски да се издвоил од другите примати.

Како и секогаш, за другите нации се знае повеќе, додека вистините за сопствената нација се звиткуваат во велови псевдоисториска мистика. Најплодните дискусии за нацијата се случиле во 19 век, првиот век кога таа станала економска, социјална, историска и општествено-политичка стварност. Еден од најважните проблеми тогаш бил националниот „праг“, односно најмалата демографска и територијална големина што може на нацијата да и обезбеди одржливост. Тогаш, во 19 век, нацијата се сметаше за вообединувачки ентитет, каков што беа американската, британската и француската нација, кои беа плод на обединување на повеќе кралства, народи, религии и јазици. Германскиот економист Фридрих Лист, кој

е еден од првите теоретичари на „националната економија“ пишувал дека „големата популација и распространетата територија богати со многу ресурси, се битните услови за постоењето на една нормална нација... Нација што има мал број на жители и мала територија, особено ако има и втор јазик, може само да поседува саката литература, и фалични институции за развој на уметноста и науката. Малата држава не може никогаш да ги доведе до совршенство различните гранки на производство во рамките на својата територија“. Токму заради ова преовладувачко мислење во Европа, поимот „балканизација“, што влегол во употреба кон крајот на 19 век и особено по Првата светска војна, го доби своето пејоративно значење на фрагментација на големите региони на повеќе премали и неодржливи нации. Ова беше еден од многуте аспекти на македонската преднатална теоретска и геополитичка проблематика, за која беа свесни и првите што ја сонуваа македонската нација.

Но, уште поинтересно прашање од големината на „новороденчето“ се самите чинови на зачнувањето и раѓањето на нацијата, односно прашањето со кое најмногу се манипулира во мистификацијата на раѓањето на нациите: што произлегло од што – првин била државата, па националниот јазик, па нацијата, или обратно? Тука се многу поучни примерите на големите европски нации. Денес мнозинството луѓе подразбираат дека италијанскиот национален и јазичен континуитет се протега длабоко во минатото, барем до стариот Рим... но, ужасно грешат! Италија се вообедини во една држава дури во 1860 година, при што единствена основа за обединувањето бил италијанскиот јазик што го знаеле само припадниците на образованата елита, така што во моментот на обеди-

нувањето само околу 2,5 проценти од населението на Италија го разбирало и секојдневно го употребувало! Оваа мала група луѓе во мугрите на италијанската национална еманципација биле единствената потенцијална италијанска нација – никој друг тогаш не се чувствувал како Италијан! Поради тоа, Масимо Дазељо, италијанскиот државник и писател, на првата седница на Собранието на новото обединето италијанско кралство, изјавил: „Ја создадовме Италија, сега мораме да ги создадеме и Италијаните". Оваа длабока вистина за нациите ја искажал и вистинскиот ослободител на Полска и „татко" на модерната полска нација во 1918 година, полковникот Пилсудски: „Државата е таа што ја создава нацијата, а не нацијата државата."

Не сакам да помислите, почитувани читатели, дека во овие празнични денови сакам да инсинуирам дека примерите за создавањето на современата италијанска или полска нација, во која било смисла можат да претставуваат урнек според кој би можел да се одреди и роденденот на македонската нација. Не. Дека почетоците на постоењето на нашата нација се поместени во мугрите на времето, укажуваат и најновите научно-патриотски истражувања, кои раѓањето на македонската нација го датираат во времето кога уште бевме едноклеточни Еукариоти, пред две милијарди години! Христос се роди!

# ЖРТВИ ЗАГРОЗЕНИ ОД СЛОБОДАТА

**13.01.2018**

> Слободното време и безделничењето, всушност, се вистинските родители на филозофијата, на аналитичката и критичката мисла, и на логиката.

Да не беа долгите празнични денови исполнети со купишта бесмислени обреди, облигаторни социјални роења и исцрпувачки прејадувања, луѓето ќе можеа да го искористат ова слободно време за размислување и за утврдување на вистинските приоритети за годината што се раскрили пред нас. Но, да беше така, верувам дека празниците набргу ќе беа укинати. Зошто? Па, затоа што основна должност на секоја влада е грижата за здравјето на населението, а токму слободното време е исклучително штетно за луѓето – особено за нивното ментално здравје, затоа што го побудува слободното размислување. Но, што има тука лошо, ќе прашате? Па, лошото е во тоа што човечкиот мозок еволуциски не е подготвен за размислување, туку само за верување, па за нормал-

ниот човек мислењето е крајно деструктивно и секогаш со неизвесно исходиште, што во празнични околности може да поприми епидемиски и катастрофични размери...

Оваа тајна им е позната на одговорните влади уште од античко време, од кога и потекнува зборот „школо“, што на стариот грчки - skhole – како по иронија, значело „слободно време“, „безделничење“, односно место и ситуација во која може да се размислува слободно и неограничено од дневните обврски и рутини. Слободното време и безделничењето, всушност, се вистинските родители на филозофијата, на аналитичката и критичката мисла, и на логиката. Затоа, откога античките Грци му го открија на светот пандемискиот потенцијал на оваа ментална болест, владите на сите држави воведоа задолжително школство, во кое целата популација млади луѓе биваат изложени на долгогодишен ментален третман што ќе ги направи неспособни за размислување, и поради тоа ментално здрави и работоспособни членови на општеството. Изобилството на верски и патриотски ритуали со кои се исполнуваат неработните денови, се гаранција дека непредвидените испади и емисии на болеста, или – недај боже – рецидиви или мисловни метастази, нема никогаш да се појават.

Оваа грижа за менталното здравје на населението е најизразена кај тоталитаристичките власти, каква што беше онаа на Груевски и неговата Национал-социјалистичка работничка партија (ВМРО). Всушност, овој систем на владеење - тоталитаризмот, и го добил своето име токму поради тоталната грижа за менталното здравје на населението. Одредени автори оваа сеопфатна грижа за мирниот сон и успокојувачкото неразмислување на на-

селението, ја нарекуваат културоцид или кретенизација на луѓето, но овие термини сè уште предизвикуваат дебати во научните кругови. Она, меѓутоа, околу коешто во науката постои потполна согласност е дека кретенизираното население има постабилно и попредвидливо однесување од некретенизираните популациски групи и фрагменти, што првите ги прави вистинскиот фундамент на секое здраво општество.

Супериорноста на стабилниот кретенизиран ум над неврастеничниот мозок што се грчи во спазми на здрав разум и логика, може да се согледа во успешното нерешавање на практично сите проблеми што вмровскиот системски кретенизам ги создаде во изминатите децении и кусур. Еве, да примеруваме со најкретенскиот од сите кретенски „проекти“ - „Скопје 2014“ - што чинеше милијарда евра исцедени од крвта и лимфата на питомото население на библиската земја. Нема ли подобар доказ за супериорноста на кретенизмот: Кога се градеа криминалните и штетните објекти и споменици од т.н. „проект Скопје 2014“, апсолутното мнозинство на кретенизираното население достоинствено и храбро молчеше, тивко и унисоно одобрувајќи го процесот на бетонизација на дотогаш недоволно видливиот кретенизам што владееше со земјата. За целото тоа време, малиот број ментално нестабилни личности, нездраво наклонети кон логика и право, не можеше да пронајде НИТУ ЕДНА ПРИЧИНА зашто овој злочин би се реализирал?! И, обратно, сега, кога истата мала и презрена група на неврастеници укажуваат дека владеењето на правото и разумот во Македонија може да се возобнови само ако се демонтираат криминалните споменици, се појави факторот на стабилност во земјата, отелотворен во молчаливите соучесници во градењето на „Скопје 2014“ и здрави-

от фундамент на вмровската диктатура, кој без проблем измисли МИЛИЈАРДА ПРИЧИНИ зошто не би требало да се очистат петрифицираните вмровски фекалии од центарот на градот!

Каков пораз на неврастеничниот разум и хистеричното право, кои успеваат да пропелтачат само ограничен број неинвентивни докази дека се работи за мегакриминал, дивоградба и културен злостор, додека здравиот и стабилниот дел од општеството покажува неограничена креативност во продуцирањето на милијарди „ингениозни“ и незамисливи причини зошто „Скопје 2014“ да остане нашиот лик и идентитет во веки веков: од верската перверзија дека рушењето е грев, а криминалното градење доблест, до фискалната содомија дека се немало пари за рушење; од малоумниот аргумент дека туристи се сликале пред вмровските копролити, до предупредувањата дека рушењето ќе ја зголемело озонската дупка и ќе ја изместело земјината еклиптика!

Разумот бил секогаш инфериорен пред глупоста, а правдата спора, но затоа недостижна, секогаш кога жртвите на системската кретенизација ќе се почувствуваат загрозени од слободата што ги затекнала неподготвени! Неволно ослободените жртви на системското домашно насилство сега го оправдуваат силувањето што го трпеа молчешкум како чин за којшто дале пристанок – иако не биле прашани! - зашто слободата ја чувствуваат како загроза во која нивното молчење за време на диктатурата би можело да се протолкува и како соучесништво. Многу ги жалам!

# ГРУЈО И ЗЛАТНИОТ ВАРДАРСКИ КЛЕН

**19.01.2018**

> Пеца така Грујо на Вардар и – како по чудо - фаќа златен клен! Рипката веднаш му нуди да му исполни една желба, една – па нека е и најневеројатната на светот. Мисли Грујо и наеднаш му се огрејува лицето...

Дошол Мујо да пеца на Вардар, веројатно привлечен од истата причина како и туристите што заталкале во стиропорниот копрополис на вмровската престолнина, маѓепсан од адиктивниот мирис на канализација, што од споменикот на Алехандро, па преку плоштадот, царува со речното корито, се до излезот од градот... Пеца, така, Мујо, и ужива и во античката глетка и во мирисните сензации што ги дразнат сетилата... кога наеднаш, стапот му се витка, Мујо повлекува машки... и фаќа мала, но опулена и одлучна златна рипка. Оваа веднаш му се обраќа: Ако ми го поштедиш животот, Мујо - вели рипката – ќе ти исполнам една желба! Како една – се нервира Мујо – секоја будала знае дека златните рипки исполнуваат по три желби!? А, не, – одмавнува со главата златна-

та рипка – тоа со трите желби беше во дамнешните социјалистички времиња, кога Тито шеташе по земјата... Сега е капитализам, демократија, и мерките за штедење се задолжителни и за нас, златните рипки. Туку, кажуј една желба, па колку и да е луда и невозможна – јас ќе ти ја исполнам! Се мисли Мујо, и бидејќи е душа од човек, решава да ја искористи единствената шанса за чудо во животот, и да го разреши македонскиот судбински гордиев јазол. Вади тој ливче од задниот џеб и дрвено моливче, ги подава на златната рипка и ја формулира желбата: Ајде тогаш, напиши ми го решението на грчко-македонскиот спор околу името - едно достоинствено решение што ќе биде прифатливо за двете страни! Оцагорува очи златната рипка, ко да голтнала олово, а не јадица, и почнува да пелтечи и да се вади од беља: А, не, те молам, реков една желба, па нека е и најневозможната, ама оваа безнадежна перверзија со името е катастрофа и за моите чудесни можности... Ај, не се лути, батали името македонско, смисли друга желба и ќе бидеш награден со нејзиното исполнување... овој пат зихер! Мисли Мујо, мисли... и конечно насмевка му го огрејува лицето: А, да ми ја направиш Фата да биде убавица, а?! Тука рипката реагира брзо и сурово: Вади тоа хартијата и моливчето, Мујо, дај одма тоа името да го решиме!!!

Голема мудрост избива од овој легендарен босански виц, што сред најголемата гибел во Европа по Втората светска војна, со хумор ја „лечеше“ нерешливата квадратура на кругот на босанско-херцеговските етничко-територијални поделби. Како и сите вистински мудрости, таа е толку едноставна и очигледна, што му е невидлива на нормалното човечко око. А, во вицот со Мујо и златниот вардарски клен, станува во секунда јасно дека не-

решливата апорија околу „спорот за името“, што само при помен буди безнадеж, меланхолија и пониженост, станува наеднаш решливо пред сенката на многу поголем проблем, пред присилата на вистинската неволја. И, навистина, релативитетот на проблемите во животот е прашање што секојдневната имагинација не може да го долови лесно: така, се сеќавам живо, како баба ми често ги коментираше тешките ситуации со поговорката „што се мора – не е тешко“. Каква е тоа глупава поговорка, протестирав јас, кога мене ми изгледаше дека е обратното: најтешко е токму она што се мора, а не е тешко само она што се сака, и никако подруго!

Таа моја детска логика е веќе цела деценија инфантилниот фундамент и на нашата национална стратегија во „спорот“ со Грција, во која ние се поставуваме како галени деца во оваа одвратна, сурова и асиметрична меѓународна бандитска геополитичка игра, во која играчите „вредат“ толку колку што поседуваат гола сила. А, ние упорно се повикуваме на правото и правичноста, на разумот и човечкото разбирање! И, од кого очекуваме родителска емпатија? Од суровите играчи на геополитичката табла на коишто им ги гледаме само чизмите, мамузите или можеби само со клинци окованите ѓонови!? Во „играта“ во чиишто правила од самиот почеток пишува дека ние сме понижената странка, ние бараме достоинствено решение, кое нема да предизвика чувство на национално понижување, кое нема да задира во нашиот национален идентитет и слични инфантилни ламентации. И, што направивме самите за да го одржиме нашето достоинство, како ние го сочувавме нашиот национален идентитет, како ја сфативме историската нужност?

Ние земавме и со бел фекален експандиран полистирен го покривме и го префасадиравме нашиот моде-

рен, просветен и еманципиран интернационалистички идентитет, и го заменивме со лажен, ретрограден, профашистички мит за „крвта и земјата“ македонска! И, нашиот нов налудничав и лоповски идентитет го брендиравме со шизофрената верзија за нашето потекло од античката хеленофилска македонска династија, на чело со Фелипе, Алехандро и Букефал, сите излиени во дилетантски бронзени споменици од милијарда евра!? И, тоа не ни беше доволно, туку џиновите-творци на нашата културна посебност, на нашиот литературен јазик, ги нарековме „џуџето од Небрегово“ и ги лустриравме како полициски кодоши?! И, така, со сите државни ресурси, идеолошки и пропаганден апарат, на светот му објавивме дека сме кретени без достоинство, самопочит и самосвест, коишто цела деценија толерираа партиско-мафијашка банда што не само што ја ограби земјата, туку од културен аспект ја направи контингентна појава, што нема ниту сеќавање, ниту почит кон сопствената историја, а уште помалку кон сопствените творци и остварените вредности?! И, што сега?

Пеца така Грујо на Вардар и – како по чудо - фаќа златен клен! Рипката веднаш му нуди да му исполни една желба, една – па нека е и најневеројатната на светот. Мисли Грујо и наеднаш му се огрејува лицето: Да ми го направиш „Скопје 2014“ убаво и достоинствено, може? А, не – му одговара златниот клен – ама Фата лепотица ќе ти ја сторам!

# РУЖАТА ЌЕ МИРИСАШЕ СЛАТКО И СО ДРУГО ИМЕ!

**27.01.2017**

Историјата се тркала по нерамен терен, особено на збрчканиот балкански рељеф, па кога ќе фати надолнина – како што е оваа, по која се лизгаме повеќе од деценија – цели општества почнуваат да работат против себе и да ги одгледуваат сопствените грешки како традиции, како некаков си нов, изместен и изроден идентитет... Во такви надолни времиња се изопачуваат сите вредности, сите морални и естетски ориентири, и тоа до таа мерка, што кога ќе наиде прилика да се поправат работите и погледот во бездна да се смени со угорна перспектива за спас и надеж, опортунистите што молчеа за време на злодејството, наеднаш се наоѓаат повикани да се побунат против светлата перспектива, во одбрана на идентитетот на кретени, што во меѓувреме го усвоија како „традиција“.

Така е со секој аспект од националната катарза што историски сме обврзни да ја спроведеме: така е со т.н. „проект Скопје 2014", во кој се крадеше во тишина во која исчезнаа и нашиот идентитет, и културната суштина на македонската национална посебност и уставниот поредок.... Но сега, кога сме исправени пред обврската да го реституираме уништеното, и да го очистиме Скопје од најотровното загадување што постои на белиот свет, е, сега, се дигна хорот на тивки колаборационисти, како во Вердиева опера, да хучи и бучи како за рушењето на секоја дивоградба и на секој скулпторален кретенизам требало да се распише референдум, или да се бара планетарен семакедонски консезус!?

Така е и со спорот со името, за кој владееше „конструктивна" тишина за сето време додека ВМРО го поткопуваше нашиот меѓународен углед, а со тоа и нашите шанси за добивање на билет за светлата иднина. А, сега, кога се најде храбар човек да исчекори од дупката на националистичкото лудило, и да го вложи својот политички кредит во решавање на проблемот, се разбуди хорот на Вечни Македонци да се побуни против преговорите за името - истите Големи Македонци што во минатата деценија културно не понижија повеќе од сите клети непријатели заедно, и го сведоа нашето идентитетско самоспознавање на „ерга гомнес"!

Така, во нашите надолничарски ново-традиции, бебето се фрла во канализација, а валканата вода и легенчето се чуваат и слават како да се работи за Светиот грал - како звукот од последната голтка Христова да ѕуни од него. А, да се читаше Шекспир во библиската земја, во најљубовната трагедија на сите времиња – Ромео и Јулија, ќе ги прочитаа Македонците моќните стихови во кои очајна-

та Јулија ја разоткрива бесмисленоста на човечките надолничарски „традиции“. Приказната се вие околу љубовта на младиот пар, која е осудена на пропаст поради тоа што Јулија и припаѓа на фамилијата Капулети, а Ромео на Монтеки, на две фамилии што се „по традиција“ непријатели. Јулија го преколнува Ромео (во мојот немушт превод):

„Твоето име е мојот душман
Зашто ти си ти и без него.
„Монтеки“ не е ни рака ниту нога
Ни лице ни тело ниту што и да е
Што мажот го има. Друго име за себе
Да земеш – името не е ништо!
Тоа што го викаме ружа
Ќе мирисаше слатко и со друго име!“

Името на ружата, им вели Шекспир на Македонците, е ништо во споредба со нејзината суштина, со нејзиниот идентитет, што го чинат нејзините својства - нејзината форма, убавина и нејзиниот чаробен мирис. Така што, оние што ја застапуваат малоумната теза дека името е целиот идентитет и дека Македонците немаат ништо освен името... тие практично потврдуваат дека не препознаваат ниту една доблест или културно-историска вредност, што стои зад името македонско, што македонската нација го изградила за седумдесет и кусур години од постоењето на нашата Република. Ако името е се, тогаш ние веќе сега немаме ништо.

Еве како надолничарската традиција за претворање на македонскиот идентитет во Ништо, работеше сиве овие години откога сме „свои на свое“. Македонската држава се роди и израсна во самостојна Република со ѕвездата петокрака на своето чело, а првото што го направивме по

прогласувањето на независноста е менувањето на нашето родно и историско знаме за украдено, за потем меѓународната заедница да не натера украденото да го вратиме и да донесеме ново. Потоа го унаказивме и државниот грб, искорнувајќи ја дивјачки петокраката и од него. Потоа почнавме да ги рушиме, крадеме и претопуваме бистите на единствените свети Македонци – со петокрака на челото - што ги положија своите животи во фундаментите на нашата сегашна држава. Потоа ги кренавме најголемите срам-споменици на светот, на местата на коишто се очекува да стојат националните вредносни и идентитетски ориентири, и, така го помноживме нашиот дотогашен идентитет со нула. И, тоа не ни беше доста, па ги уништивме и архитектонските споменици на македонскиот модернизам - меѓународно признаени вредности на нашиот модерен идентитет, преливајќи ги со бела експандирана фекалија. И, не, и тоа не не задоволи во надолничарењето, туку ги изгнасивме и творците на нашиот литературен јазик, поетите и писателите што ги напишаа најубавите и највредните македонски стихови и реченици.

И, сега? Сега можеме само да заклучиме дека македонската ружа шири фекална реа до самото небо, но името нејзино – зад кое не оставивме ни грам културно-историска супстанца – ќе го чуваме до последната капка крв! Потоа ќе преминеме на шприцери!

# „ВЕСЛАЊЕ“ НА БРАНОТ НА ИСТОРИСКИТЕ ТЕНДЕНЦИИ

**03.02.2018**

> Проблемот е оригинерно грчки, зашто тие заимаа проблем со постоењето на нашата независна држава во раните деведесети – и веднаш се обидоа проблемот да стане наш, а не нивен.

Седи Мујо сред ноќ на креветот, со оцагорени очи во темната спална, и зрачи нервоза и очај. Се буди Фата опечена од хистеријата што ја еманира Мујо и го прашува мажа си што го држи буден и распаметен цела ноќ. Мујо и вели дека позајмил пари од другар му Суљо, комшија од истата зграда, и му ветил дека до први парите ќе му ги врати. И?, вели Фата, што има тука за неспиење и очај? Па, немам ни динар, шепотејќи вреска Мујо, а први – ене го како се ближи! Тука Фата се замислува и го прашува Мујота - а Суљо, знае ли Суљо дека си шворц и дека не можеш да му ги вратиш парите? Мујо одговара хистерично - ма што збориш, не смеам ни да го видам, се кријам по скали и ходници, случајно да не го сретнам... ќе умрам од срам и секиранција! Тука Фата нагло станува, го от-

вора прозорецот, и урла со моќен бронзен глас од кој се тресат комшиските прозори: Суљоoo, џабе ги чекаш парите од Мујо – човекот нит има нит скоро ќе ги заима парите!! Го затвора прозорецот, легнува, и му дофрла на Мујо – е, сега можеш мирно да спиеш: Суљо слушна дека си шворц, и сега тој ќе се јаде и секира по цели ноќи...

Како и сите вицови со легендарниот босански брачен пар, и овој содржи единствена мудрост, и повеќе, дури – вицот содржи универзален и моќен иљач, формула за „лечење" на сите проблеми. Префрлувањето на проблемот на друг, неговата „социјализација", „дислокација", „интернационализација" или, народски, неговото подметнување на друг, е едно од најстарите и најефикасни „оружја" за справување со сопствените проблеми. Овој планетарен лек е незаменлив и широко применуван – било да се работи за поединци и нивните внатрешни психички проблеми, било за социјалните групи, било пак да се во прашање држави или супер-империи. Конечно, овој ефикасен лек е виновникот и за нашиот проблем со името.

Проблемот е оригинерно грчки, зашто тие заимаа проблем со постоењето на нашата независна држава во раните деведесети – и веднаш се обидоа проблемот да стане наш, а не нивен. Нивниот проблем со нашето име требаше да стане наш проблем со нашето име. Бидејќи тоа не се случи, комшиите го префрлија проблемот во Обединетите Нации, но нашето државно водство на чело со Киро Глигоров успеа со Времената спогодба повторно да им го врати нивниот проблем на Грците, да се јадат и секираат по цели ноќи... Но, како и во сите долги и грди приказни, доаѓа до пресврт кога соседот става вето на нашето членство во НАТО и ЕУ, пресврт што може да се

нарече дупли салто, зашто успеа проблемот да стане не само наш, туку и на НАТО и ЕУ.

Грчкот проблем со нашето име стана геополитички проблем на НАТО, зашто воено-стратешкиот сојуз – откога во Русија повторно го препозна својот противник, стана свесен за фактот дека македонската територија – макар формално – е сè уште „небранета“ територија, длабоко во позадината на неговите жешки источни граници. Проблемот со името стана суштински проблем и за Европската унија, не заради љубовта по нашата Македонија, туку поради грижата за сопственото постоење. Имено, како и сите ексклузивни клубови на светот, европскиот клуб на нации практично „живее“ од енергијата на новопристапените членови, од нивните соништа за Европа, исто како и од слаткиот надворешен притисок што го одржуваат оние што уште не станале членки, но тоа страсно го посакуваат. Унијата го прифати проблемот како свој, во моментот кога сфати дека грчкото вето ја става под ризик нејзината безусловна посакуваност „живот што значи“. Елем, кога проблемот со името стана практично нивен проблем, НАТО и ЕУ првин почнаа да се однесуваат рационално и да вршат притисок на Грција да не им го попречува растежот, но, веднаш потоа, откога ВМРО и Груевски со малоумната александризација ја „рационализираа“ грчката параноја, тие почнаа да се однесуваат прагматично и – погодете! – го применија лекот на Фата: го префрлија проблемот во библиската земја!

И, така, веќе со години грчкиот проблем со нашето име стана најмногу наш проблем, а нашите пријатели од Сојузот и Унијата обилно ни даваат до знаење дека проблемот е, безмалку, единствено наш, но дека нивната подготвеност за помош во неговото решавање, исто како

и наградата за успешното окончување на спорот, не треба да се доведува во прашање. И - крај, господа: да имаше некој алтернативна визија за нашата иднина без да го решиме спорот со комшиите, да можеше да се препознае силата што ќе го гарантира нејзиното остварување, тогаш, можеби, ќе имаше и зошто да се зборува. Но, бидејќи таква алтернатива никој во земјава не изрече (освен поединечни будалетинки чијшто збор не дофрла ни колку плунката во која е спакуван), нам ни останува само да „весламе“ со бранот на историските тенденции. Тоа е реалност што малите земји мораат да ја препознаат исто како и во Хегеловата развојна дефиниција на слободата – како напредување на свеста за слободата низ спознавање на историските нужности. Нели, колку едноставно?

На крајот: дека грчкиот проблем со нашето име произлегува од нивното почетно неприфаќање на нашето постоење – тоа сите го знаеме. Дека ни е проблемот наметнат во вид на егзистенцијална историска уцена – и тоа ни е познато. Дека се работи за гнасна неправда – и тоа ни е јасно. Но, дали тие сознанија ни помагаат да го решиме проблемот? Не! Затоа, помеѓу нашето име и нивното Републикасеверсеверозападнановогорнамакедоња, мора да се најде разумен компромис. А, што е разумен компромис – сите знаеме.

# ОКАМОВОТО СЕЧИЛО ЗА СПАС НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ!

**10.02.2018**

> Вратете го државниот архив во неговата родна зграда!

Колку време ќе му треба на македонското општество да се оправи од културната катастрофа што му ја приредија режимот на Груевски и неговата ВМРО? Одговорот, за жал, не може да се знае се додека не се познати вистинската природа и обем на уништувањето, зашто во прашање е културоцид што институционално го декапацитираше целото општество, па и оние што би требало да го водат процесот на рехабилитацијата. Помина бајаги време од – барем формалната – смена на антидржавниот режим на Груевски, но општеството уште нема ниту приближна слика за тоа колку длабоко се раздробени фундаментите на македонскиот државен и културен проект. Поради оваа самоодржлива деструкција што ВМРО ни ја остави во наследство, девастирањето на

македонската култура деновиве стана нападно видливо токму таму каде што Глупоста и Злото го достигнаа својот пароксизам – во монструозниот „проект Скопје 2014“!

Уште еден банален зимски дожд повторно ја извади на виделина ужасната вистина за Државниот архив на Република Македонија, чијашто збирка на документи е под акутна и сериозна закана да исчезне во мувла и вода, само затоа што владата на Груевски насила го искорна од неговата стара и наменски изградена зграда – во којашто функционираше беспрекорно половина век – и го смести во одвратното здание на „архитектите“ Груевски и Јанакиевски, заедно со Археолошкиот музеј и Уставниот суд. Ова здание, кое е „знаменосецот“ на архитектонското фалсификување на центарот на Скопје, е вистински споменик на Глупоста и Злото - и тоа од неговата злосторничка замисла, се до исто толку криминалната градежна реализација - поради што тоа, како за показ, на секој дожд од горе прокиснува, а од доле се поплавува.

Владата стана свесна за опасноста од уништувањето на еден од најзначајните темели на македонската државност и култура, но решавањето на проблемот е очигледно опструирано од домино ефектот што е предизвикан од насилното преселување на Архивот: од фактот дека власта стариот објект на Архивот во меѓувреме го наменила за Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал! Збунета од наследениот вртложен хаос што го заматува здравиот разум, Владата очигледно не може јасно да ги одмери вистинските влогови во оваа ужасна „игра“, зашто објави умирувачко соопштение дека „проблемот интензивно се решава“ и дека „за згрижување на Архивот се отворени сите опции“. Уми-

рувачко соопштение што шири паника: како тоа – „сите опции“?!?

Е, кога ќе чујам дека „сите опции се отворени“, почитувани читатели, првото што и  советувам на Владата, е да подзастане малку и да се потсети на епистемолошката метода на големиот англиски филозоф од 14-иот век, Вилиам Окам. Овој знаменит мислител е денес широко познат по неговата основна метода со која „економирал“ со бројот на хипотези во решавањето на секој проблем, метода што англискиот математичар од 19-иот век Вилиам Хамилтон ја нарекол „Окамовиот брич“ или „сечило“. Елем, оваа метода го афирмира принципот на едноставност како централна тема на Окамовиот пристап, со кој тој ги елеминира непотребните хипотези во расправата за која било теорија. Се разбира, овој принцип во филозофијата е познат уште од Аристотел, но Окам го употребувал толку често и успешно, што денес тој најмногу се поврзува со неговото име. Принципот на едноставноста сугерира дека поедноставната теорија има повеќе шанси да биде вистинитата, или, применето на сите проблеми на светот, Окамовото сечило ни кажува дека „за она што може да се реши со помалку (хипотези или средства), сосем е безполезно да се употребат повеќе“. Всушност, Окамовото сечило е метода за решавање на проблеми што има за цел да го намали ризикот од грешка. Зашто, според него, колку повеќе опции разгледуваш во решавањето на проблемот, толку поголем е ризикот дека можеш да ја избереш погрешната.

Ако се вратиме од овој кус епистемолошки излет назад, во грдата реалност на насилно искорнатиот Архив од неговата безбедна и функционална зграда, (заедно со збирката документи врз кои е изградена македонската

култура и држава), и ако се замислиме пред загрижувачкиот факт дека Владата ги разгледува „сите опции“ за згрижување на културно-историскиот фундамент на државата, нашиот совет до Владата би бил да не ги разгледува „сите опции“, туку одлучно да го примени Окамовиот брич во решавањето на проблемот. Конечно, во ова решение и нема многу филозофија, туку само здрав разум и едноставност од која зрачи Вистината. Но, сепак, еве ги аргументите: 1.Старата зграда е проектирана специјално за Архивот, а успешноста на проектот е докажана со повеќедецениско функционирање; 2.Одвратното порно-барок здание во кое е бутнат Архивот не е наменето да и служи на ниту една институција што е сместена во него: тоа е смислено како споменик на груевизмот и профашистичката ВМРО, а Државниот архив, Уставниот суд и Археолошкиот музеј се жртвувани само за да му дадат легитимитет на криминалното здание; 3.Не постои друга зграда во градот што може да ги задоволи функционалните барања на Архивот, и 4.Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал е тоа што може да функционира во која било административна зграда, но Архивот е безбеден само во својата матична зграда!

Затоа, дами и господа, другари и другарки, употребете ја фантастичната Окамова мисловна алатка и намалете го ризикот од грешка: разгледувајте ја само вистинската опција за спас на Државниот архив, и вратете го во неговата родна зграда!

# КАЛТА НИЗ КОЈА СЀ УШТЕ ПЛИВКАМЕ

**03.03.2018**

> Најлошото што може да ѝ се случи на новата власт е да потоне во баналноста на дневната рутина на животот.

Си пливкаат така, опуштено и незаинтересирано, две млади рипки, и се разминуваат со постара риба што им плива отспротива. Рибата им климнува со главата и љубезно ги поздравува: „Броутро, дечки, како водата?“. Двете рипки пропливуваат уште некој метар, кога една-та застанува со израз на чудење и и се обраќа на другата: „Чекај, а што беше тоа – вода?“. Со оваа веќе пословична приказна го започна својот говор пред дипломците на Кенјон колеџот, култниот американски писател и предавач Дејвид Фостер Валас, неполни три години пред да си го прекрати животот. Со сказната „Што е вода?“, Валас луцидно сакаше да укаже на фактот дека најочигледните и сеприсутните реалности на нашите животи се најчесто оние што најтешко се забележуваат и обмислуваат

– токму затоа што се секојдневна баналност. И дека загледувањето во „водата низ која пливаме", подзастанувањето и замислувањето над текот на секојдневните баналности што безмалку во потполност го исполнуваат времето што го живееме, можат често да бидат од пресудна животна важност.

Погодивте, зборувам за досадниот континуум на нашето секојдневие, во чијашто баналност и нормалност како да се потполно загубени големите настани од пред година дена – промената на власт што требаше да биде револуционерна, исто како и грандиозните реформи што требаше да ги ослободат „заробените институции на државата", и за 180 степени да ја свртат вертикално надолната линија на нашата вмровска реалност. И, се разбира, комплетно да ја сменат непроѕирната вода во која пливавме цела деценија. Во рутината на секојдневието, како да не забележуваме дека и покрај големото олеснување поради исчезнувањето на стравот од заканата и рекетот на партиско-полициската мафија на ВМРО, сè уште пливаме во матната чорба во која се растворени килотони вмровски политички отпад, во која пливаат белите фекални споменици на фашизмот, купишта отуѓени институции, илјади недемократски и малоумни закони и прописи, комплицирани и обезчовечени процедури, што рутинирано ги спроведува – како да се ајхмановски возови – истата отуѓена вмровска администрација...

Така што, најлошото што може да и се случи на новата реформска власт – и на сите наши надежи со неа – е да потоне во баналноста на дневната рутина на животот, да „ги гаси пожарите" што секој ден ќе зачадат понекаде, да се однесува како да е најважно одржувањето на континуитетот на работата на органите на државата; како ме-

рилото на нејзината успешност е да покаже дека може вешто, во од, да го преземе управувањето на сериозно хаварисаното возило на македонската демократија... и да заборави да подзастане, да се подзамисли малку над длабочината на структуралните промени што мораат да се изведат. И да се организира и да ги мобилизира најдобрите луѓе, стручњаци и конечно - целото општество, во обновата од општествено-политичката и културно-историската катастрофа што ни се случи во деценијата вмровска власт.

Зашто, вистинските промени што ќе го вратат просперитетот и надежта во нашето напатено земјиче, се од таква магнитуда и од таква комплексност што е невозможно да се изведат со истата административна рутина, истите закони, деловници и процедури, и истите „стручни служби" по нашите министерства и органи, што во изминатата деценија не втурнаа во оваа кал. Политиката на континуитет нема да ја „разбуди" неопходната политичка имагинација за општествено-политичката катарза што мораме да ја изведеме сите заедно. И, сосем сигурно, нема да може да ја мобилизира позитивната енергија, да ги регрутира најспособните и најстручните, да го вратат издишаниот дух на нацијата и да го возобноват функционалниот капацитет на институциите на државата.

Се загледал ли некој во густата непроѕирност на водата низ која секојдневно несвесно пливкаме, ко двете рипки од сказната? Па, во Македонија е веќе заборавено знаењето и умеењето на правење на рамен асфалт по улиците!? Ние веќе не знаеме ни што е планирање и зошто служи!? Во Македонија веќе никому не му пречи што безмалку сите државни институции, медиуми, портали и издавачки куќи, веќе со годиништа пишуваат со букви што не

постојат во македонскиот правопис!? Кај нас стана можно судија да бара вештачење од Математичкиот факултет за тоа дали 0,10 е два пати поголемо од 0,5 (а, ова да не е шега)!? И, не постои таа глупост, таа неписменост, правнички срам и нелогичност, што не поминала во последната деценија низ стручните служби на министерствата и владата и не била донесена како закон во нашиот законодавен дом!? Ние веќе не умееме да застанеме и да се запрашаме каква е водата низ која пливаме, па не ја ни забележуваме нејзината каллива непроѕирност и конзистенција. Всушност, ние заборавивме и што е тоа - вода.

Е, сега, можеби и не е се така црно, можеби ме занесе малку моќната метафора, зашто, сепак, се свртивме и „запливавме“ кон вистинската цел. Но, човек не смее да ја потцени моќта на слепилото што ја предизвикува текот на баналното секојдневие што ни бие в очи. Тоа е струјата на времето што Сартр – во своето најважно филозофско дело „Битие и ништожност“, ја опишува како поништувачка сила помеѓу нашето сегашно и минато Јас. Сегашното Јас е секогаш во движење, и никогаш се нема себе си како предмет на самонабљудувањето, поради што природно упаѓа во бекство од одговорноста, што пак, ја предизвикува плитката самодоверба, која Сартр ја нарекува „лоша вера“.

Неопходно е, значи, да подзастанеме и да се запрашаме каква е водата низ која пливаме, и што треба да направиме за да ја разбистриме. Не е доцна, но може да стане.

# ОТКРШОЦИ ОД НАПУШТЕНАТА СОБА БЕЗ ЅИДОВИ

**10.03.2018**

> Сеќавањето е како напуштена соба без ѕидови: темен простор низ кој едвај се проаѓа, купишта слики и фрагменти расфрлани насекаде...

Нашето сеќавање е како напуштена соба без ѕидови: темен простор низ кој едвај се проаѓа, купишта слики и фрагменти расфрлани насекаде, предмети и физиономии што со несигурен чекор ги заобиколуваме... Оваа прашлива и претрупана соба, секогаш кога ќе ѕирнеме во неа, ги менува своите просторни својства и секое наше движење го претвора во од низ непознат ходник изненадувачки полн со блиски, интимни чувства и присни ситуации. И, сепак, во таа замрачена и со пајажини премрежена соба без ѕидови, во тој секогаш таинствен лабиринт, лежат расфрлани единствените остатоци од нашето сопствено минато, и мозаични откршоци за сето она што го знаеме за светот и за себеси. Таа неуредна дро-

бина е практично целото наше сопство, се што го чини нашиот идентитет и нашето Јас.

Оваа никогаш расчистена и проветрена просторија има непредвидлив табиет, непослушен и несоработлив, и може да се рече, дури, дека е секогаш во намќоресто и каприциозно расположение. Нема некој од нас што не го осетил инаетот на сопствената меморија, која - секогаш кога ќе посакаме јасно да евоцираме некое сеќавање - ни ја поттура злорадо својата празна запуштеност, некакви нејасни и замачкани претстави низ кои не остава да талкаме немоќни... А, кога ќе се откажеме од залудниот напор, или немаме воопшто намера да упаѓаме во таа негостопримлива дупка, од неа избиваат слики и емоции, цели ситуации, доживувања и таинствени но неприродно јасни сеќавања и асоцијации. Испаѓа, практично, дека целиот наш идентитет, сите сеќавања што не обликуваат како единственост, се само случајни фрагменти што по сопствен каприц се закачиле за нас, како густи и лепливи пајажини што сме ги собрале пробивајќи се низ запуштената соба на нашето секогаш непостоечко минато.

Чувствениот полнеж на сеќавањата е уште помистериозно својство на собата без ѕидови: топли бранови на среќа можеме да чувствуваме низ сеќавањата на катастрофи, а меланхолична тага знае да не завитка иако низ главата ни извираат слики од ведри настани. Оваа противречност со фотографска острина ги краси моите сеќавања на катастрофалната скопска поплава, есента 1962 година. Иако јасно го паметам мазното, земјанокафено чудовиште, што тоа попладне се излеа од Градскиот парк и Илинденска, и бистро го евоцирам целиот филм во придушени тонови – лицата на комшиите, на сите возрасни од нашиот влез, искривени во ужас; калливата вода како

со моќен и нереално густ и светкав слап се прелива низ влезот и понира во подрумите, со разјарена сила што се заканува да ни ја урне и однесе целата зграда; иако, велам, живо ги евоцирам сликите на трагедијата, овие траорни сеќавања не ми будат и соодветни емоции, туку се чудно празни од чувства, како неми документарни филмови за непознати настани.

Но, заедно со овие празни слики, ми надоаѓаат и сеќавањата на деновите што следеа – мемории преплавени со чувство на надреална, бајковита среќа! Всушност, што се случи: кога водата се повлече од улиците, пред очи ни се појави езеро – како од детските сказни! – вистинско езеро во дворот на Учителското школо, зашто еден век старата зграда Идадија лежеше на терен што е половина метар или повеќе под околните улици, па бидејќи беше ограден со силна ѕидана ограда, се претвори во градско езеро што држеше вода се до идната пролет. Сликата беше надреално убава: езерото мазно ко огледало, со дрвја што се ргранувaа и нагоре и надолу, а на средината на езерото – моќен дворец што лебди во просторот, со два спротивни крова и симетрично небо над него и долу, во езерскиот одраз. Езерото фати тенок мраз таа зима, и деновите – кога калта по улиците ја прекри девствена снежна белина – ние децата ги уживавме како да живееме во една од бајките со кои родителите тогаш ја хранеа нашата имагинација. Бранови од среќни чувства предизвикани од евокации на дамнешната катастрофа: толку неверојатен порој на сеќавања, што, помислувам, како да се чист плод на мојата имагинација, како ништо од тоа и да не се случило, како да сум го измислил и езерото и дрвјата и дворецот насадени во своите огледални одрази... и рипчињата што следната пролет ги фаќавме

со раце, заробени во течната кал во која се претвори езерото.

И, како што реков, овие противречни и непослушни сеќавања се вистинската содржина на нашата личност и на нашиот идентитет. Зашто, идентитетот не е одговор на прашањето кои сме, туку што сме - што носиме со себе. Поради тоа, не се работи воопшто за еден наш идентитет, ниту пак за нешто цврсто и трајно, што е подложно на куса и еднозначна дефиниција или свесна одлука. Тоа е меморискиот багаж што го носиме низ животот, секогаш променлив, дури каприциозен, зашто самиот се закачил за нас додека патуваме низ временската соба без ѕидови. А, ако една индивидуална идентитетска градба може да биде толку сложена, никогаш доречена и сосем ирационална, тогаш што се случува со колективната идентификација или химерата што толку лесно се нарекува национален идентитет?!

Е, сега, додека приказната за нашиот внатрешен идентитет е пресложена за една колумна, онаа што зборува за надворешниот идентитет - за сликата што другите ја имаат за нас – таа влегува најчесто во една реченица. Една слика, една личност или еден настан е доволен за целиот свет според него да не препознава како нација. Па така, додека ние упорно го држиме најголемиот споменик на Букефал на планетата, светот ќе не идентификува како кретени што во центарот на престолнината слават коњ како Татко на нацијата.

# КИЕРКЕГАРДОВАТА ФОРМУЛА ЗА ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЛОСТОРОТ

**17.03.2018**

> „Соочи се со фактите за тоа што си, зашто самиот тој увид го обезбедува менувањето на тоа што си.“

Еден кус цитат од деветнаестовековниот дански филозоф Сорен Киркегард, кој со безмалку математичка точност ја опишува состојбата на свест што на човека може да му го обезбеди „правото на сопствен избор“ – а, со тоа и моќта на сопственото менување - може успешно да се употреби и во расветлувањето на поствмровскиот статус кво, во кој последните месеци се дави македонското општество. Цитатот гласи: „Соочи се со фактите за тоа што си, зашто самиот тој увид го обезбедува менувањето на тоа што си.“ Всушност, Киркегардовата формула за самоменувањето е применлива во сите општествено-историски ситуации во кои царува лагата како „официјална вистина“, кога револуциите и промените настануваат како последица од еманципацијата на вистината за соп-

ственото општество. И падот на режимот на ВМРО беше иницирал од „бомбите“, што не беа ништо друго отколку детонации на гнасната вистина за режимот, и за целото општество што беше окупирано од неговата партиска држава. Така што, вистината за Македонија - како со блиц осветлувана од експлозивните прасоци на перверзните аудио снимки, беше всушност само ветување за еден многу поопсежен и подлабок проект на општествена катарза што требаше да се случи по падот на режимот и воспоставувањето на нова, демократска и реформска власт.

Но, за да се спроведе таа катарза, тоа темелно прочистување од длабоката корупција, како и реформирањето на декапацитираните институции на државата – да не ја спомнувам најтешката операција за декретенизација на културата! - за да се спроведат реформите, велам, повторно е неопходна „Киркегардовата формула“, повторно и уште долго време мораме да се соочуваме со фактите за тоа што сме, за да го обезбедиме менувањето и реформирањето на она во што се претворивме во изминатата деценија. И, тука, во исполнувањето на основниот услов за сопственото реформирање потфрливме сите ние – долгогодишните учесници во македонската транзициска сапунска опера; сите ние, но најмногу од сите – новата власт, што требаше да го носи барјакот на промените!

Излезе дека наместо да ја одгледуваме тешката метода на истражување и соочување со грдата вистина за себеси, и педантно и строго да ја испишеме црната книга на состојбите и злосторите што се направени во последната деценија, за да го овозможиме враќањето на нормалноста, ние го избравме обратниот – и многу полесен! – опортунистички пат на нормализација на затекнатата состојба! Наместо да ја измериме и обнародиме вистина-

та за нашата несреќа, ние ја прифативме каква што ја затекнавме, како објективност и нормалност со која треба да се помириме, или како идентитет (на кретени!) што е историски предодреден.

Меѓутоа, на прашањата за тоа колкави и какви се штетите од деценискиот владеење на партиско-полициската мафија на ВМРО, мора да се најде одговор: тоа ни го должи новата власт, а тоа најмногу си го должиме и самите на себеси. Жален факт е дека до сега не ни е испорачан ниту еден релевантен и систематизиран одговор на многу суштествени прашања, од кои практично зависи природата и насоката на нашето посакувано менување на подобро. Еве некои од нив: Колкав е вкупниот број на државни и јавни службеници што во редовен работен однос ги прими режимот на ВМРО, а колкава е бројката на оние што ги вработи со договори за дело; колку од нив беа или станаа членови на партијата што ги вработи, и, колкава е превработеноста во државните органи; конечно, колкава е партиски и мафијашки индуцираната кадровската атрофија на образовните и здравствените институции? Колку закони и подзаконски акти се донесени во последната деценија со цел да се обезбеди владеењето на ВМРО, и да се криминализира законодавството во полза на владејачката партија-бизнис-држава-мафија? Колку и кои измени на закони и прописи се донесени со цел да се изведе тотална пререгулација на сите текови на животот, што на граѓанинот или на претприемачот му се непремостлива пречка без да го плати мафијашкиот „пицо“?

Понатаму, колку стотици или илјади непотребни, а некои и перверзни овластувања, лиценци, согласности и позитивни мислења се воведени како норма за вршење на професиите, како и за „подмачкување“ на секоја

управна постапка, се со цел секој граѓанин да се заплетка во пајаковата мрежа на партиско-државната контрола? Колку милиони квадратни метри градежно земјиште е откраднато од Република Македонија во полза на партиската мафија, со сенишни решенија на државните органи? Колку милиони квадратни метри земјоделско земјиште е отуѓено од Република Македонија со криминални и ѓоа „законски“ постапки? Колку милиони евра од Буџетот на РМ се ненаменски потрошени на кретенизација на населението? Колку милиони евра се потрошени на заглупувањето на нашите деца и млади, со пропагандно псевдоисториско вмровско ѓубре, со малоумни учебници и со хендикепирани преводи? Итн., итн.

За да се одговори на овие, и на уште многу други слични животоважни прашања, не е потребно да се направи „невозможното“: да се пронајде „каменот на мудроста“, да се реши „квадратурата на кругот“ или некоја друга мистификација. Потребно е да се направи една елементарна и незаобиколлива процедура кога се презема власта, или претпријатие, или кога се купува имот, половно возило... практично, кога се презема што и да е! Потребно е да се направи инвентаризација на владата, министерствата, институциите, јавните претпријатија, општините.... потребно е да се направи попис на добрата, средствата, луѓето, парите, долговите и злосторите. Како воопшто мислиме да правиме реформи, кога не сме направиле опис и попис на работите што треба да ги реформираме, не сме ги попишале и опишале злосторите и штетите што и се нанесени на Мајката Татковина?!

За да се направи оваа инвентаризација сè уште не е доцна, но еден ден од блиската иднина, што неумоливо ни ита во пресрет, како да е истрелан од огнено оружје, тоа бездруго ќе стане.

# ДОМАШНОТО ПОПЛАВЧЕ И ГЛОБАЛНИОТ ПОТОП НА РАЗУМОТ

**24.03.2017**

> Заглупувањето на македонската култура под дејство на мрачната вмроизација, ни се случи како мала, провинциска поплава предизвикана од разорните сили на светскиот потоп на прогресивните мисли.

Едгар Алан По ја дефинирал глупавоста како „талент за неразбирање“. Оваа луцидна интуитивна дефиниција што ја разоткрива длабоката психолошка основа на човековата глупост, меѓутоа, може да не однесе во погрешна насока да го набљудуваме овој општочовечки феномен како вродена маана. Генетската „формула“ на глупоста не е во состојба да даде објаснение на нејзиното најочигледно и најконтраверзно својство: дека докажано паметни и образовани луѓе, знаат и преку ноќ да станат тешки глуперди, додека неедуцирани и интелектуално скромни ликови неретко и во тешки ситуации знаат да делуваат сосем разумно и мудро.

Студијата на случај со тајна шифра „Хорхе еступидо“, ја просветли во таа смисла светската наука за глупоста, за-

што постојат сведочења дека човечето порано – пред да стане Хефе дела естада, било сосем нормално суштество, додека по изборот, во милионити дел од секундата не се претвори во најмасивната вртложна црна дупка на глупоста во познатиот универзум. Испаѓа дека Бонхоферовата дефиниција на глупоста - дека всушност се работи за сложен психосоцијален феномен, еден вид на ситуациски индуциран „дефект на човечноста“, подобро ни ги осветлува недофатливите димензии на оваа сеприсутна но таинствена појава.

По сѐ изгледа дека глупавоста е стеснета состојба на духот предизвикана од социјална ситуација во која не само човечкиот интелект, туку и карактерот, не се снаоѓаат добро. Таа се појавува како реакција на егото во моменти кога тоа е приклештено помеѓу свеста за сопствениот мал интелектуален формат, наспроти несовладливата амбиција за искачување на социјалното скалило повисоко отколку што му „дофаќа губерот“. Оваа инхерентна психосоцијална спротивставеност на неспособноста и амбицијата, ја создава потоа глупоста, којашто еднаш создадена, почнува да вртложи и да ја зголемува масата со помош на суетата и ароганцијата! Како се случува овој самосоздавачки вртложен феномен? Болното его на алчниот по социјално признание – кога ќе го препознае потсмевот на околината како резултат на неговата прва глупост - како заштитен механизам ја вклучува горделивоста, што го тера да ја „рационализира“ сопствената глупоштија со правење на уште поголема глупост, што, пак, предизвикува дури и поголема ароганција која така ја зголемува темната маса на глупоста до астрофизички размери...

Но, дека глупоста може да има и свои историски причини и да опфаќа цели нации и држави, до неодамна не му

беше познато ниту на проминентниот македонски огранок на Светското научно друштво за изучување на глупоста. Факт е, меѓутоа, дека веќе постојат премногу научни докази дека Македонците стануваат се поглупави од година в година, и дека овој навидум необјаснив регресивен тренд (што доби замав со вмровските идентитетски политики), манифестираше вртложно зголемување на глупоста на национално ниво, и тоа според стрмна експоненцијална крива. А, не се работи ниту за наследна, ниту за културно-историски обусловена глупост или „традиција“, зашто првите четириесет години од раѓањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација, бевме не само паметни и креативни, туку и шампионски рационални и прогресивни. Испаѓа дека процесот на забрзано заглупавување кое резултираше со национална ренесанса на малоумието, што, како што реков, достигна интергалактички размери, ни се случи дури откога се стекнавме со „векови сонуваната“ независност. Дали е ова „случајна коинциденција“, или се работи за културно-историска обусловеност?

Јас би се кладел на второво, зашто југословенскиот социјализам се темелеше на најдоблесните универзални вредности, било да се работи за остварените човечки права и квалитетот на животот, или пак за интелектуалниот производ и културата. Тој – југословенскиот социјализам - го беше прифатил до сржта на своето битие Европскиот и Американскиот модернизам од крајот на 19 и првата половина на 20 век. А, тој модернизам беше непосредна консеквенција и продолжение на просветителството и позитивизмот – едно сеопфатно општествено движење со прометејска мисија, движење кое најмногу од се ги афирмираше творечките моќи на човекот. Тој универзален модернизам во чијашто плацента се разви

и македонскиот општествен и културен идентитет, имаше неограничена верба во научните сознанија, рационалистичките методи и моќта на човекот да ги преобликува и унапреди околностите на својата егзистенција. Во пазувите на тој светоглед и во коло со другите јужнословенски народи – колку и да изгледа тоа сега неверојатно! – ние Македонците создадовме една респектабилна култура и цивилизација, и, неспорно бевме не само паметни, туку и се попаметни целото тоа време.

За жал, модернизмот имаше жестоки противници секаде во светот: на запад, против него беа апсолутизмот на старите империи, десничарскиот популизам, традиционализмот, колонијализмот и фашизмот, додека во Југославија и нашата непрежалена Македонија, тоа беа подмолните „кочничари" на прогресот, застапниците на митовите на национализмот, биготизмот и одгледувањето на лажни идентитети и омраза. Од осумдесеттите години, модернизмот почна да ги губи битките секаде во светот, а по распаѓањето на социјалистичкиот блок и левата политичка мисла, тој капитулираше и го положи оружјето пред силите на глобалното мрачњаштво, транзициските капитализми, неолибералистичкиот колонијализам, економскиот расизам и новиот псевдодемократски фашизам.

Излезе дека заглупувањето на македонската култура под дејство на мрачната вмроизација на општеството, ни се случи како мала, провинциска поплава што е предизвикана од разорните сили на светскиот потоп на прогресивните мисли и разумот. Дали ќе успееме на локално ниво да и се спротивставиме на глобалната тенденција? Останува да видиме, но не сум сигурен дека таквата перспектива е математички воопшто можна.

# ОД КАДЕ ПОТЕКНУВАМЕ, ШТО СМЕ И КАДЕ ОДИМЕ?

31.03.2018

> Секој ден што ќе осамне со тој срам на плоштадот Македонија, само ја продлабочува нашата мизерија!

Големиот француски сликар Пол Гоген, во деведесеттите години од деветнаесеттиот век, избегал далеку од зовриениот Париз, од семејството и урбаниот живот, барајќи го рајот на земјата во далечното Тахити, каде мислел дека во девствената островска средина ќе може да ги најде одговорите на основните прашања за потеклото и смислата на човековото постоење. Спомен на оваа фаза на Гогеновиот живот е една од најзначајните слики во неговиот опус, на која уметникот ги напишал трите детски прашања, што веројатно му проаѓаат низ глава – во одреден миг од животот – на секој замислен човек. Прашањата гласат: „Од каде потекнуваме?“, „Што сме?“ и „Каде одиме?“.

Одговарајќи на овие прашања во својата книга „Куса историја на напредокот“, Роналд Рајт наведува дека науката практично одговорила на првите две прашања: ние потекнуваме од некои мајмуни што пред пет милиони години ја населувале Африка, така што денешните примати се наши роднини, а не предци. И, најголемата разлика помеѓу шимпанзите и нас не е од биолошка или генетска природа, туку во фактот дека последните три милиони години нив ги обликувала природата, а нас – во се поголема размера со текот на времето – не формирале влијанијата на нашата сопствена култура.

Човечката култура, а не разумот, е она што дистинктивно нè дефинира како вид. Културниот експеримент е практично процесот што почнал доминантно – и преку секоја мерка – да „управува“ со биолошката еволуција на планетата Земја. Природата на овој експеримент и неговата несопирливо зголемувачка магнитуда, веќе одамна дава јасни знаци дека е вон секаква рационална контрола, и дека – ако „напредокот“ на човечките усилби продолжи уште малку во досегашната насока – најверојатно ќе ја уништиме планетарната биосфера на начин што може да се спореди само со ударот на астероидот што пред 65 милиони години ги „збришал“ диносаурусите од површината на земјата. Како што вели Рајт, Природата ќе мора да слегне со рамениците и да заклучи дека тоа што им дозволила на мајмуните да управуваат со лабораторијата, можеби едно време било забавно, но дефинитивно се покажало како лоша идеја.

Се чини како истата трагична структура да ја одликува и драмата на македонскиот културен и државен експеримент. Кога еден непристрасен истражувач би застанал на централниот плоштад на македонската престолнина,

во сенката на чудовишниот споменик на Александар Велики, без секунда двоумење би заклучил дека се наоѓа во точката каде што митската оска на македонското самоспознавање вертикално ја прободува планетата, емитирајќи ги во вселената одговорите на најважните прашања за нашето потекло, идентитет и државотворност. Од каде потекнуваме? Од античка Македонија! Што сме? Вечни фиданки никнати од Александровото семе! Каде одиме? Никаде, се разбира! Можеме да бидеме сигурни дека непристрасниот истражувач, исправен пред толку безумно инфантилен - и некадарен, и бездарнички! - одговор на најважните онтолошки и есхатолошки прашања за македонскиот културен експеримент, како што е тоа пластичната инсталација што не идентификува како најглупавата групација културно модифицирани мајмуни во вселената; дека тој – истражувачот – бездруго ќе слегне со рамењата и ќе помисли исто што и Природата во Рајтовата метафора: идејата да им се дозволи на мајмуни да управуваат со македонскиот културен експеримент се покажа катастрофална!

Македонските културни вредности од минатиот век се збришани како што некогаш давно им се случи и на диносаурусите. Споменикот на Александар Велики кој кичерски патетично повикува на божествените височини, сурово ја исцртува најниската – и завршната! - точка на македонскиот културен експеримент. Таа неартикулирана грутка метал, камен и бетон е, всушност, отелотворената точка на тој неуспешен проект. Или, како што Честертон ја коментирал „големата драма“ на човечкото потекло: „Ако не е вистина дека некакво божествено суштество паднало од небото, тогаш единственото што може да се рече е дека едно од животните потполно се поместило од памет.“

И, кога стасавме до потполното помрачување на разумот, неверојатниот пад на режимот на ВМРО ги отвори прозорите на нашата надеж: помисливме сите, со поматена свест од радост, дека е можно да го свртиме уништувачкиот тек на ентропијата македонска во обратна насока! Во состојба на стеснета перцепција на стварноста – кога очајниот разум и отстапува место на ирационалната надеж – се понадевавме дека ќе можеме самите на себеси, и на целиот свет, да ја демантираме реалноста за историскиот крах на нашето достоинство и за срамниот губиток на паметта што доведе до пропаст на националниот идентитет и самоспознавање!?

Но, не: неспособноста да се справиме со културната катастрофа наречена „проект Скопје 2014“, и да го исчистиме Александар од нашиот јавен простор и од нашата национална лична карта, не враќа неумитно во нашата реалност, во јамата на нашата безнадеж. Секој ден што ќе осамне со тој срам на плоштадот Македонија, само ја продлабочува нашата мизерија! Во надолни историски тенденции, статус квото работи против жртвите на ентропијата, па така и опстојувањето на споменикот на Александар уште повеќе ја комплицира нашата позиција, преклопувајќи се со преговорите за спорот за името. И, да парафразирам еден голем поет и хумориста од соседството: тешко е да се биде Македонец, но доцна!

# СМРТОНОСНА ДОЗА НОРМАТИВЕН КОНТАМИНАТ

14.04.2018

> Секоја секунда што живееме озрачени од ова штетно законодавство ја зголемува количината на културниот отров во нашите организми.

Во одбраната и заштитата на човечките животи од смртоностното дејство на разни радиоактивни, јонизирачки, хемиски и други контаминации, е сторено многу: не толку колку што е вложено во развојот на контаминатите, но денес постојат цели научни дисциплини што ги открија и измерија сите штетни и смртоносни видови на контаминација. Три параметри се клучни за оценка на штетноста на контаминацијата: нејзиниот вид, применото количество и времето на изложеноста. Науката утврдила дека во ѓаволската работа со контаминацијата, важна улога во крајниот ефект на труењето игра и поделбата на директна надворешна контаминација и на внатрешна контаминација, односно разорното влијание на контаминатот што веќе се наоѓа во организмот. Денес

постои огромен број на стандарди и закони што прецизно ги одредуваат граничните дози на штетните зрачења и материи. Но, ако побарате стандард или троа ум и искуство за најштетната од сите контаминации, онаа од која настрадало и сѐ уште страда најголем број луѓе на планетава - мерено буквално во милијарди! – а тоа е културната контаминација... е, за неа нема да најдете ниту збор рационална стручна литература.

Меѓутоа, недостатокот не само на стручното знаење за штетните последици од културната контаминација, или за смртоносните дози од зрачењето на радиоактивното културно ѓубре, туку и отсуството на свеста дека воопшто сме изложени на опасност, нас – преживеаните од културната катастрофа наречена ВМРО – може да нѐ чини многу повеќе одколку што сакаме да поверуваме. Зашто, не смееме да заборавиме дека за културната контаминација важи истото како и за другите смртоносни радиоактивни супстанци: несвеста за опасноста го продолжува времето на изложеност, а со тоа се зголемува и примената доза, што, на крајот почнува да работи и однатре – низ огромната количина кретенски информации, текстови и говор, учебници и закони, безумни споменици и одвратни градби, што веќе пенетрирале во нашата свест.

Нема шега, почитувани читатели: нека не ве залажува падот на вмровскиот режим и прекинот на деценискoто производство и дисеминација на културоцидна материја! Планината отровни културни лајна што ни ги остави ВМРО – спомениците и зградите се само нејзиниот видлив врв! – е сѐ уште тука, меѓу нас и во нас, а нашата несвест и неподготвеност, двоумење и неволност да го сринеме и евакуираме од нашата стварност тој културен

Чернобиљ, само го продолжува времето на нашата изложеност на контаминацијата, ја кумулира примената доза во нашите веќе сунѓерести мозоци и ја зголемува шансата за летален крај на македонскиот културен проект.

А, огромната планина културни лајна, во голема мерка се состои од нормативна материја, од илјадници отровно глупи и штетни закони, прописи, правилници и уредби - што не само што го диктираа животот минатата деценија, туку се сè уште на сила! Најморбидниот аспект на ова труење е што општеството веќе ја „голтнало" смртоносната доза: законите ги прифативме, ги живееме и ги сметаме за нормалност, а најироничното е што уште и се гордееме што сега ги почитуваме и ги браниме тие отровни норми повеќе и од нивните инспиратори и творци. Во овој нормативен контаминат е навистина отелотворен Орвеловиот тоталитаристички апсурд од неговата „1984": овие закони се безаконие, правдата во нив е злостор, а наместо логиката и разумот, во нив владее ирационална глупост или тапа разбојничка ароганција.

Со примери за ова мое хиперболично тврдење можам да исполнам 26 тома собрани дела нормативен контаминат, но еве, симболично, да почнам со Законот за концесии, еден исклучително важен закон чијшто предмет би морало да биде заштита на јавниот интерес и општите добра што се даваат на концесија. Еве како законот го објаснува својот предмет на заштита во членот 1: „Со овој закон се уредува доделувањето на концесија на добра од општ интерес (...), правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други

прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес (...)". И, толку: наместо општото добро, законот ги штити од ризик само лицата што нашите општи добра треба да ги добијат на концесија! Но, дека смртта секогаш - парадоксално - има и смешна страна, се гледа подолу, во членот 4, каде се дефинираат поимите во законот: „Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:" – и, во точката 4 од истиот член, се објаснува клучниот поим во законот: „Јавно приватно партнерство" има значење како што понатаму е опишано во овој закон"!?! Хахаха, генијално!

Примерот, почитувани читатели, случајно го „собрав" од полица, на помин, не наведнувајќи се ниту да ја чепнам карпата по која одиме – таа масивна стврдната нормативна магма што вмровската малоумна легислативна дијареа ни ја натрупа за оваа мрачна декада. Зборот ми е: секоја секунда што живееме озрачени од ова штетно законодавство ја зголемува количината на културниот отров во нашите организми. Затоа, чистењето на контаминираните закони од вмровската космичка глупост – а тоа не се само неколкуте закони од правосудниот систем, туку уште неколку стотини други! - треба да е највисоко во агендата на нашата општествена рехабилитација. Времето не ги лечи раните на оние што се изложени на контаминација – туку само ја зголемува веројатноста дека ќе ја достасаат својата смртоносна доза!

# ПАНДОРИНАТА КУТИЈА НА ЕВРОПА

**21.04.2018**

> Нашето постоење како држава е како пеперуткин лет - нежен, непредвидлив, необезбеден...

Значењето што едно нешто го има, неговото име и изглед, она што вообичаено се смета за неговата мерка и тежина – во почетокот безмалку секогаш е погрешно и произволно... но, тоа погрешно значење се зајакнува од генерација во генерација, само затоа што луѓето веруваат во него; постапно, грешката или случајноста стануваат дел од тоа нешто, стануваат нејзиното тело. Она што во почетокот било само привид или заблуда, на крајот – безмалку секогаш – станува неговата суштина. Со овој цитат на Ниче започнува Мазоверовата куса историја на Балканот, сликувајќи ја со моќна филозофска мисла судбината на самиот географски поим што денес се употребува како да постоел од секогаш. Но, пред неполни два века никој под небеската капа не го употребувал овој

поим за нашето презрено полуостров: Балканот практично не постоел до втората половина на 19-от век. Османското царство во тоа време – и векови station наназад – владеало со „Румелија“, а не со Балкан, со „Римските“ земји што царството ги проголтало заедно со Константинопол, со европските фрагметни од Источното Римско царство. Некаде во тоа време Балканското полуостров по грешка го добило своето име: поради заблуда за протежноста на планината Балкан, за која до половината на векот европските географи погрешно верувале дека го маркира целиот регион, како што тоа го прават Пиринеите. Колку и да е бесмислено, поради обична географска заблуда Балкан станува име на целата југоисточна Европа.

Своите политички, цивилизациски и други – главно пејоративни – значења, Балканот ги заработил во текот на создавањето на националните држави на Србите, Бугарите, Грците и Црногорците во 19-от век, и потоа, со воведот во крвавиот 20 век, со ужасните масакри на војските и цивилното население во Балканските војни. Во тоа време, стариот свет – цивилизиран, по безмалку половина век примирје - на нашиот роден Балкан му ги додаде негативните конотации на симбол на насилството, дивјаштвото и примитивизмот. Иако овие атрибути „цивилизираната Европа“ стоструко повеќе ги заработи во Првата светска војна, погрдното созвучје што му се залепи на Балканот ечи при изговорот и ден-денес. Другата презирна конотација што Балкан му ја подари на царството на светските јазици е т.н. „балканизација“, што може да се преведе како „ситнодржавност“ или дробење на мали државички. Овој нов збор, што со еден вид на антономазија произлезе од нашиот Балкан, успеавме со свежи напори, по распаѓањето на Југославија, да го

направиме повторно често употребуван атрибут во светскиот геополитички говор.

Дека оваа запаллива смеша од својства на Балканите – комбинацијата од насилен простаклук, дивјаштво и тенденција кон ситнење на државата, племенско групирање и произведување на непријатели, стана веќе излитено планетарно клише, кажува и општоприфатената метафора за „балканското буре барут". Но, дека сме Пандорината кутија на Европа - таа убава митолошка метафора му ја должиме на еден млад, екстатично активен и харизматичен новинар што често известувал од Балканот во деценијата пред Првата светска војна. Тој генијален маљчик се викал Лав Бронштајн Троцки, и токму негова е анализата, напишана уште 1909 година, дека „Балканот е Пандорината кутија на Европа". За да се затвори Пандорината кутија од која излегле сите зла на светот, Троцки пророчки предвидува дека „само една единствена држава на сите балкански народи, создадена на демократска и федеративна основа – по примерот на Швајцарија или Северно-американската република – може на Балкан да му донесе меѓународен мир и услови за силен развој на производните сили...".

Пророчката мисла на Троцки беше првин остварена од историјата – со југословенскиот експеримент, за на крајот на векот балканскиот полуостров повторно да ја оправда својата превртлива природа, со распадот на југословенската федерација. Во предвечерјето од југословенската етида, еден друг гениј – можеби еден од најголемите историчари и интелекти на 20-от век – Ерик Хобсбаум, во неговата маестрална студија „Нациите и национализмот од 1780", напиша: „На пример, да претпоставиме, заради аргументацијата само, да се создаде

„Европа на нациите“ во вилсоновската смила на зборот, (...) Шпанија би била намалена за Еускадија и Каталонија, Британија пак, со сецесијата на Шкотска и Велс, Франција со отцепувањето на Корзика, а од Белгија би настанале две земји... Понатаму на исток, државите на совјетската зона на влијание би оделе по сопствен пат, можеби со Словаците, кои би се одвоиле од Чесите, и со Балкан што би се изделил помеѓу Словенците, Хрватите, Србите и проширената албанска држава, и со независната Естонија, Летонија и Литванија, што би се појавиле долж Балтикот. Може ли да се претпостави дека таквата балканизација, проширена на целиот свет, би обезбедила траен и стабилен политички систем?“ Да, пророчката хипотеза на Хобсбаум во голема мерка се оствари, зашто балканизацијата на Балканот ја породи нашата независност, но на пророковото прашање историјата уште го смислува одговорот!

Поуката од оваа куса историја на една географска заблуда е следна: нашето постоење како држава е како пеперуткин лет - нежен, непредвидлив, кршлив и необезбеден од никаква историска детерминираност, па малоумната деценија под режимот на ВМРО ги загрози самите фундаменти на нашата егзистенција. Ако не ги исправиме грешките од „глупавата деценија“, ризикуваме времето да ги претвори во нашата нова ничеовска суштина!

# НАШИОТ ДРОБЕН, НЕПОСТОЈАН УМ

28.04.2019

> Еден просечен жител на Атина од пред 3000 години би бил денес помеѓу најбистрите, интелектуално најживите и емоционално најстабилните луѓе во целиот развиен Запад.

Пред неполни шест години, еден познат професор на Стенфорд универзитетот, Џералд Кребтри, напиша статија за „нашиот кршлив и непостојан интелект“, што предизвика голем одек во научната заедница и реакции кои сѐ уште ја брануваат јавноста. Комбинирањето на наодите на неколку науки – генетиката, антропологијата и неуробиологијата, на Кребтри му овозможи да претпостави дека еден просечен жител на Атина од пред 3000 години би бил денес помеѓу најбистрите, интелектуално најживите и емоционално најстабилните луѓе во целиот развиен Запад. Тезата на Кребтри е дека огромниот број на гени што го „подржуваат“ нашиот интелект воедно не прави ранливи на случајни генетички промени што можат да ги намалат нашите интелектуални и емоцио-

нални способности како вид. Тоа значи дека во изминатите 3000 години, или околу 150 генерации, во услови на опаѓање на „притисокот“ на природната селекција што постоела во претходните милениуми - кога за да преживеат луѓето морале да бидат многу снаодливи, под влијание на неселективното размножување во густо населени општества, човештвото било практично осудено на процес на интелектуална деградација. Со еден збор, за жал, човештвото заглупавува како вид и наскоро ќе мора да се откаже од атрибутот „сапиенс“ што самото арогантно си го закачи како медал.

Иако стариот професор Кребтри навлече бура од негативни реакции од генетичката фела, во кои колегите му извадија купишта аргументи што докажуваат дека тезата му е произволна и погрешна, и дури сожалливо го оптужија дека заталкувајќи вон полето на својата експертиза си дозволил под старост да „бере зелени“, читајќи ги критиките забележав повторување на еден моќен аргумент против хипотезата за заглупувањето на човештвото. Имено, поголемиот број умни научници ја подвлекоа очигледната слабост на тезата на Кребтри, а тоа е дека таа и противречи на стварноста во која недостасува „клиничката слика“ на пациентот кој би требало веќе да е видливо оглупавен. Демек, велат критичарите на Кребтри, постојат премногу докази дека коефициентот на интелигенција – на ниво на светската популација – континуирано расте, а за да биде воопшто можна обратната хипотеза.

И, тука, почитувани читатели, ја здогледав темната пукнатина во мисловното тело на светската наука: ним, кутрите, очигледно воопшто не им е позната студијата на случајот за Македоња Вечна. А, да имаа увид во колосал-

ното децениско заглупавување на целото македонско општество под диригентската палка на Груевски и ВМРО, мислам дека ќе беа помилозливи кон стариот научник, и дека ќе дојдеа во земјата од којашто потекнува целата бела раса и сите ариевци на планетата, да го изучуваат ѓаволскиот механизам на интелектуалната деградација што денес му се заканува и на целото човештво!

За да не бидам обвинет за неаргументиран наод дека општеството ни е опасно заглупавено и интелектуално декапацитирано, ќе ви извадам пример за тоа како во „ослободена“ Македонија, со вмровски закони (што сè уште и упорно се на сила!) се артикулира областа во која би требало интелектот, знаењето и експертизата најмногу да се почитува и негува. Тоа е областа на судското вештачење уредена со Закон за вештачењето, што во меѓувреме стана „кондицио сине ква нон“ на нашата „ослободена“ нормалност. Но, првин, да расчистиме со основните поими: што е вештачење и кој би требало да вештачи? Елем, вештачење е стучна експертиза од која било стручна и научна област што на судот ќе му го осветли патот и ќе му помогне да дојде до вистината за секој поединечен случај. А, вештак би требало да биде искусен и референтен стручњак во својата дисциплина, истакнат и опитен експерт во своето стручно или научно поле.

А, што вели Законот? Во Законот за вештачење, во член 2 точка 5 стои: „Вештак“ е лице кое има лиценца за вештачење од соодветната област и е запишан во регистарот на вештаци.“ Точка. Збогум на паметта: вештак во Македонија не е оној што знае, што учел, работел и проучувал, истражувал, објавувал, пишувал, проектирал и екс-

периментирал - една цела кариера за да стане експерт во својата област, туку тоа е „лице“ што има лиценца за вештачење в џебот!? И, обратно, можеш да имаш и две Нобелови награди, но ако немаш лиценца – не можеш да вештачиш, батко, зашто ти си неупотреблив за македонското судство!!!

И, како се доаѓа до лиценца за вештачење, што наеднаш „лицето“ го претвора - како со магично стапче - во експерт? Се полага стручен испит, алелуја! Со еден стручен испит од Законот за вештачењето, во македонската малоумна стварност се заменува стварното знаење и умеење што се стекнува со децении посветена работа, искуство и професионален ангажман... испит, што може да го полежи секое дете, но е неразбирлив за искусни експерти со 30 години пракса! И, дури, во членот 9, Законот поучно објаснува дека „стручниот испит се полага заради проверка на потребното стручно знаење од соодветната област“! Ајајајај!

А, дека секоја вистинска трагедија има и смешна страна, може да се види во членот 18 став 11, кој се заканува дека: „Глоба од 10 000 евра ќе се изрече на овластеното правно лице кое спроведува испит за вештаци, А НЕ ГО БЛОКИРА РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИОТ ОПСЕГ ВО ПРОСТОРИЈАТА“. Хахахаха! Законодавците очигледно имаа јасен увид во криминогениот и тупавиот понавџачки и препишувачки менталитет на македонските професионални вештаци... тргнувајќи веројатно од сопственото искуство!? И, што да ви кажам на крајот? Со законот за вештаци се обезбедуваат гаранции дека на долг рок во македонското судство знаењето и експертизата, значи

вистинското вештачење нема да има никаков пристап. Заглупувањето стана законска норма! Па, додека живееме ѓоа „ослободени“ од вмровската диктатура на глупоста, „богобојазливо“ почитувајќи ги стотиците нивни малоумни закони, само ја продлабочуваме тенденцијата кон понатамошно интелектуално декапацитирање на целото општество. Како што – мислејќи веројатно само на нас – напиша и стариот Кребтри во својата поплукана статија.

# ИСКЛУЧОКОТ, ЖИВОТ ШТО ЗНАЧИ

**05.05.2018**

> Решенијата на нашите проблеми не се – и не може да бидат – во областа на „нормалноста“ што толку упорно ја глумиме.

Светската криза на либералната демократија во последните децении во многу нешта наликува на кризата од триесеттите години од 20-от век, во која практично исчезнаа безмалку сите либерални демократии на европскиот континент. Таа криза Бенјамин ја опиша како процес во кој исклучокот – вонредната состојба – станува правило и се претвора во ненормална нормалност. И, тука повторно се судруваме со „македонската политичка криза“ од деценијата на владеењето на ВМРО, за која повеќе пати утврдивме дека е токму криза што ја карактеризира состојба што ја дефинираше Бенјамин - на исклучување на демократијата што прераснува во правило и норма.

Интересно е дека и година дена по симнувањето на ВМРО од власт, во политичката јавност - исто како и во интелекуалните кругови - не само што не постои ниту обид за теориско, филозофско или политиколошко објаснување на колапсот на македонската демократија, туку целото општество (обилно помогнато од нагласениот ентузијазам на меѓународната заедница) повторно глуми „нормалност" и континуитет на сувереноста, државноста и демократијата, и се преправа како нивното комплетно суспендирање (цела деценија!) воопшто и да не се случило. Како фашистичката декада на ВМРО да била „настинка што поминала лесно како што и дошла" и не оставила видливи структурални штети зад себе. Всушност, како што не го препознавме фашизмот пред 12 години - како исклучок од владеењето на правото и слободата - и го „живеевме" трпеливо глумејќи нормалност, така и денес не забележуваме дека тешките структурални оштетувања што мафијашкиот тоталитаризам му ги нанесе на македонското општество, можат да се „залечат" само со прогласување на исклучок - на вонредна ситуација, во која се подразбира дека ќе бидат применети и вонредни мерки за медицинскиот третман на „заболениот".

Убаво теориско објаснување на проблемот на нашата „заматена" државна сувереност - искривоколченото невладеење на правото и како памучен тил кревката демократија - може да се најде на не толку изненадувачко место: во делото на Карл Шмит, големиот германски теоретичар на правото и политиката, кој во јавноста остана запаметен како „крунскиот правник на Хитлеровиот Трет Рајх". Ползувајќи го парадоксот на општото што се дефинира преку исклучокот, Шмит изведе виртуозна теориска дефиниција на политичката сувереност преку

нејзиниот исклучок, всушност преку вонредната состојба и диктатурата. Пишува тој: „Исклучокот (...) е случај што е исклучен од општата норма.“ И, додава дека односот помеѓу исклучокот и правилото останува сочуван во форма на суспензија. „Нормата се применува на исклучокот така што не се применува, така што се повлекува од него. (...) Не е исклучокот тој што се издвојува од правилото, туку правилото – суспендирајќи се себе си – го создава исклучокот, и на тој начин самото се конституира како правило, останувајќи секогаш во тесна врска со исклучокот.“

Државната сувереност, исто како и просторот во кој владее правото, се дефинира себе си со препознавањето на границите во кои правото владее, а тоа е граничниот простор во кој правото самото се укинува, прогласувајќи вонредна состојба, во која тоа - како што е дефинирано во уставниот поредок – веќе не постои. Така сувереноста и владеењето на правото, практично се прошируваат за да „делуваат“ и вон своите граници, и тоа на сосем парадоксален начин: преку сопственото укинување. На тој начин, диктатурата станува не само составен дел на демократијата, туку ја презема улогата и на нејзината крајна потврда и дефиниција. Оваа навидум езотерична и „тешка“ филозофија на правото, ја покажува својата ефикасна применливост во објаснувањето на комплексните историски ситуации – како што е тоа „македонската политичка криза“ – доколку се применува инверзно, во обратна насока. Имено, доколку диктатурата како исклучок од правилото – стане правило, значи, со криминал го заземе просторот на владеењето на правото и стане норма – имаме ситуација на правило без исклучок, односно исклучок што се однесува како правило, или неограничена норма на невладеење на правото или

владење на неправото. Токму како што и се случи на библиската земја!

Поради тоа, од парадоксот на правилото што се потврдува и се дефинира со исклучокот, може да се донесат инверзни заклучоци што се клучни за разрешувањето на македонските егзистенцијални проблеми со справувањето со последиците од вмровската уништувачка декада: со декапацитираното општество, исто како и со нерешливата апорија на таканаречениот грчко-македонски спор со името. Решенијата на нашите проблеми се во сфаќањето дека последиците од вмровскот фашизам – како состојба што го исклучуваше владеењето на правото – не може успешно да се разреши со нормалност што неограничено ја продолжува и ја легитимира состојбата на „ненормална нормалност“, туку само со воведувањето на вонредни мерки што неа – ненормалната нормалност - ја укинуваат.

Исто како и со „спорот за името“: него можеме да го разрешиме само ако сфатиме дека се работи за исклучок од правилото, за простор што е вон владеење на правото и вон нашиот суверенитет. Проблемот е решлив единствено со вонредни мерки што се исто така вон „територијата“ на нашиот суверенитет и уставното право, и претставуваат нивно исклучување, па се токму поради тоа во состојба нив суштински да ги афирмираат и потврдат.

Оваа „философија“ – стуткана во колумна – е можеби тешко разбирлива, но е всушност едноставна „како гравче“: таа објаснува дека решенијата на нашите егзистенцијални проблеми не се – и не можат да бидат - во областа на „нормалноста“ што толку упорно ја глумиме, туку во територијата на вонредните состојби во коишто реално се наоѓаме веќе со години.

# СО ИМЕТО И ПРОМЕНА НА КРЕТЕНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ, МОЛАМ!

**19.05.2018**

> Глувата индиферентност на безнадежноста на мнозина Македонци ни стана емоционален оклоп.

Набљудувајќи ја енергичната, безмалку метеорска ефикасност на политичката волја што ја манифестираат младите премиери на Македонија и Грција во нивните напори да најдат „за двете страни прифатливо“ решение на децениски зачмаениот „спор“ околу името на милата ни држава, осетив како - заедно со будењето на дамно потиснатата надеж - почнува да ме тресе вистинска јанѕа: можно ли е дека сме пред историското решение? А, што ако овие сјајни младинци сепак не успеат да ги победат темните инерции на ирационалноста балканска, на глупоста, злото, омразата и интелектуалната пустелија што се негува во двете земји со голема страст? Како да се уплашив од сопстената разбудена надеж, комформистички ушушкан во глувата индиферентност на безна-

дежноста што мене и на мнозина Македонци ни стана емоционален оклоп со кој се браневме од бесмислата и пропаѓањето во деценијата на владеењето на ВМРО. Зашто, воскреснатата надеж е како новороденче: веднаш ја ставаш до срцето и сфаќаш дека си обземен со неа, дека таа е најважното нешто на светот, за чиешто здравје и живот ќе се грижиш безусловно, а грижата ќе ти буди сал стравови - нешто лошо да не и се случи...

Најмногу од се ме загрижуваат неколку зборови што деновиве често се повторуваат од многу квалификувани политички усти, а се шират по медиумите и јавноста како нервни гасови. Тоа се зборовите достоинство и идентитет. Тие се условните категории што ќе „пресудат" дали ќе се најде решение или не. Спорниот услов – што никој под небото македонско не го доведува во прашање – е решението да ти било „достоинствено", односно да не го нарушувало нашето национално достоинство и идентитет. Ќе речете, почитувани читатели, што има спорно во ставот дека решението ќе биде прифатливо и одржливо единствено доколку не го чепне достоинството и идентитетот? Ах, ќе ви одговори мојата застрашена надеж: нема ништо спорно во ставот, но се е спорно со дефиницијата на поимите „достоинство" и „идентитет", односно со сфаќањето на содржината на зборовите, и, конечно, со неможноста да се препознае таа „тенка црвена линија" зад која се сместени кревките ентитети на човечкото достоинство и националниот идентитет.

На достоинството и идентитетот сите се повикуваме како да се работи за нешта што се не само кристално јасни, туку и исто току цврсти и неменливи, и тоа не само за поединци, туку и за целата нација!? А, не мораме да спроведуваме анкети што ќе вклучат илјадници испита-

ници, доволно е да се запрашаме себе си – знаеме ли ние воопшто што значат поимите, која е нивната содржина, како се препознаваат границите на достоинството, како гласи нашиот колективен идентитет? Ќе видите дека анкетата ќе резултира со неразбирање и повеќегласност кај секој поединечен испитаник, кај секој што самиот ќе си ги постави сериозно овие прашања.

Впрочем, дека достоинството не е нешто со што човек може да се шегува, покажува и Универзалната декларација на човечките права, таа Магна карта на човештвото и вистинскиот морално-правен и цивилизациски Еверест на човечкиот вид. Преамбулата на Универзалната декларација почнува со зборовите: „Бидејќи признавањето на вроденото достоинство, и на еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човештвото се темелите на слободата, правдата и мирот во светот;" и повторно, во членот 1 стои: „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права."! Човечкото достоинство е, значи, според Универзалната декларација, вистинскиот извор од кој сила влечат и сите други човечки права, а на кои се темелат и „слободата, правдата и мирот во светот", па е навистина загрижувачки фактот што немаме ниту интелектуални алатки да го препознаеме и дефинираме достоинството, а уште помалку можеме да го употребиме како рационален и мерлив факт во едни крајно прагматични дипломатски преговори како што се овие за името македонско. Секој човек очигледно има чувство, некаква морална интуиција, да ја осети таа емоција, но дали има двајца на планетава што чувствуваат еднакво?

Ако консултираме речници, ќе го добиеме значењето на зборот достоинство: тоа е дигнитет, углед, високо

звање, чувство на важност, почит и самопочит, или, како состојба – достоинството се дефинира како својство на личноста да биде признаена дека е вредна за почит, респект и чест. Оваа речничка дефиниција достоинството практично го поврзува со идентитетот на личноста, односно со начинот на кој секој човек се самоспознава, и со респектот што социјалната околина препознавајќи го му го укажува. Значи, повторно сме на почетокот на приказната: како ќе го препознаеме решението, темелејќи го врз критериумите на неповредливост на достоинството и идентитетот, кога националниот идентитет го менувавме последнава деценија со темпо со кое се менуваат валкани чорапи, а тие промени згора ги направивме и на најнедостоинствен начин во историјата на светот?!

Триесет метри високиот кич на главниот плоштад на престолнината е го дефинира нашиот национален идентитет, а нас непогрешно не идентификува како нација на будалетинки што се во гротескна заблуда за сопственото потекло и себепознавање, а тоа е воедно идентитет што ефикасно го ничкосува нашето достоинство на дереџето што го имаат сите будалетинки на светот – да бидат „вредни“ за потсмев и сожалување. Така што, ако јас се прашувам какво да биде решението по однос на нашето реално остварено вмровско достоинство и идентитет, јас би нарачал: Недостоинствено решение, со задолжителна промена на кретенскиот идентитет, молам! Итно!

# НЕДОСТОИНСТВО НА ЛАЖНИОТ ИДЕНТИТЕТ

**26.05.2018**

> Навидум оперетската кич претстава со „Скопје 2014“ како сценографија, успеа да изврши вистински културоцид над македонскиот културен идентитет.

Со арамиското преземање на идентитетот на потомци на античките Македонци, фашизоидната хунта на Груевски на измама му го замени на народот македонски неговиот модерен идентитет за украден и лажен, при што оваа замена е платена со губитокот на најнеобновливиот ресурс на нацијата - нејзиното достоинство. Затоа, секој Македонец со минимум достоинство и морална интуиција, мора да чувствува тешко понижување зашто без да биде прашан бил престорен во припадник на нација која - поради одвратно големиот споменик на Александар Трети Македонски на главниот плоштад од престолнината - целиот свет ја смета за идентитетски конфузна и недостоинствено ментално лабилна.

Всушност, со мамењето на нацијата дека целиот нејзин идентитет се содржи во името и дека единствена содржина зад него е нашето кобожемско античко македонско потекло, режимот на ВМРО успеа да ја уништи самата суштина на националниот идентитет и достоинство, разорувајќи ја неговата културна содржина. Зашто, да се потсетиме: идентитетот на личноста е знаењето за самиот себе си и свеста за сопственото себство, додека националниот идентитет е сублимат од институционалната меморија за културните факти во која се преплетуваат и општествено-политичките и државно-правните аспекти на колективното сеќавање. Личните и државните имиња се, значи, само формалните ознаки на огромните психо-социјални и културно-историски идентитетски архиви на чиишто кровови се веат идентитетските симболи. Имињата и називите се само натписи над влезовите на зданијата во коишто се сместени идентитетските содржини и во чиишто депои трансцентентно егзистира духот на националното достоинство.

Испаѓа дека работите се токму обратни од пречесто повторуваните клишеи во македонската јавност, зашто луѓето и државите често си ги менуваат имињата без последици по идентитетот и достоинството, додека суштинското менување на когнитивната и културната содржина кај личноста е симптом на тешко психичко заболување, а кај нацијата е симптом на нејзината декултурација и исчезнување. Така што, дифамирајќи ја социјалистичката македонска култура и историја, и, заменувајќи ја вистинската херојска епопеја на македонските партизани и полвековниот девствено македонски културен производ со лажната митологија за македонското златно доба под знамето на Александар Трети Ма-

кедноски, фашизоидната вмровска деценија ја помножи со нула единствената реална македонска култура, а со тоа и супстанцата на македонското постоење и достоинство. Навидум оперетската кич претстава со „Скопје 2014“ како сценографија, успеа да изврши вистински културоцид над македонскиот културен идентитет, после кој станува тегобно и да се зборува за македонската култура или за македонскиот идентитет, а уште помалку за македонското национално достоинство.

Денес, кога во неверојатната и исто толку неизвесната разврска на гордиевиот грчко-македонски спор околу нашето име, идентитетот и достоинството станаа клучните зборови што жонглираат на оптегнатата жица што води до решението, ние мораме да се отрезниме и да ги сфатиме реалностите на нашата позиција. Тука најважна е „надворешната“ функција на идентитетот - како перцепција и препознавње од страна на светот, и на достоиството - не како наше интимно чувство, туку како наш одраз во очите на другите од кој произлегува признанието дали и колку сме вредни за почит и достоинство. Вистината тука е сурова: додека нѐ препознаваше според „титовката“ со петокрака, светот нѐ почитуваше како млада, горда и достоинствена нација која се самосоздаде во антифашистичкиот оган на Втората светска војна, додека денес во нас гледа очајна нација со тешко пореметување на идентитетот, гледа умоболник со заменет идентитет, кој наместо вообичаената наполеонска шапка, на главата го накривува импровизираниот шлем на Александар со црвена метла како петелска кикиришка озгора. Каква може да е тежината и респектабилноста на нашата преговарачка позиција додека нашиот идентитетски споменик на плоштадот Македонија еманира

со своето малоумие през временските длабочини на вселената?

Практично сето напишано погоре е цитат или парафраза од текстови што ги напишав пред повеќе години, за време на долгата деценија во која режимот на ВМРО ги реализираше своите злостори над македонската држава и култура. А, зошто е сето тоа актуелно и денес, кога сме веќе година дена „осободени“ од вмровското зло? Пред сѐ, затоа што длабоките структурални штети, што вмровскиот фашизам му ги нанесе на македонското општество, егзистираат сѐ уште длабоко вградени во нашата денешнина, заедно со Алехандро и неговото семејство, како моќни докази дека нашата идентитетска шизофренија е сѐ уште акутна болест на колективната свест, болест што нѐ идентификува како нација.

# ПОСЛУШАЈТЕ, ПАТРИОТИ!

**02.06.2018**

> Имбецилите не се бацили, туку луѓе и патриоти токму како нас.

Во деновите на продолжената приквечерина на грчко-македонскиот спор за името, не можам да се воздржам а да не ви го прераскажам, почитувани читатели, вицот што легендарниот Кожо му го кажал по телефон на Дежуловиќ, во два саатот по полноќ, според својот настран обичај. Елем, седат Мујо и Хасо во кафеана и се печат на пролетново сонце. Мујо срка кафе и тапо гледа пред себе со дефокусиран поглед, а Хасо ја нурнал главата во отворен весник на чијашто насловна се ѕирраат зборовите „достоинство“, „идентитет“, „капитулација“, и што се не. Наеднаш, Хасо ја крева главата и го прашува другарот: „Богати, Мујо, а што се тоа имбецили? Некои животни, инсекти или некакви бацили?“ „Ма какви ба-

цили,“ одговара Мујо, „тоа се луѓе, токму како што сме ти и јас.“

Претпоставувам дека нема потреба да го објаснувам значењето на клучниот збор во вицот - дека имбецил е латинскиот назив за малоумник, тапоглав или глупак, но сигурно ќе се запрашате како овој сјаен виц го поврзав со драматичните конвулзии на нашето повредено човечко достоинство, исправени пред историската одлука за промена на уставното име на државата? Признавам, асоцијацијата не е видлива отпрва и воопшто не е директна. Се работи за истата ситуација во која од позиција на Мујо гледано, еден негов сосем коректен исказ од вицот, се престорува во смешно признание дека и тој и другар му Хасо се имбецили – доколку исказот го „читаме“ однадвор, од позицијата на набљудувачи што уживаат во смешната страна на Мујовиот исказ. Оваа метода во науката се нарекува „децентрација“ – поместување на точката на гледиштето од центарот на случувањето, што во многу ситуации – не само во науките за човекот и општеството, туку и во природните науки – ја обезбедува точката на гледиштето од која единствено може да се наѕира „објективизираната“ или научно прифатливата вистина.

Така што, гледано од центарот на нашите души, кај што трансцендира неомеѓениот космос на нашето достоинство, гордост, самопочит, идентитет и што сè не, ние сме најголемите жртви на една неправедна и нерамноправна геополитичка преорганизација на континентов, што се заканува да го оштети нашето вродено и со Универзалната декларација на човечките права гаранирано достоинство. Од таа спиритуална длабочина – и далечина! - гледано, тоа што некои народи истиот пресврт во политичката тектоника на Европа ги чинеше стотини илјади

изгубени животи, што милиони други ја изгубија татковината и милиони трети мораа да емигрираат ширум светот, а десетици – да не речам стотици - милиони го загубија социјалниот статус и сигурната егзистенција, сето тоа изгледа далечно и замаглено во недогледот, во споредба со неподносливата болка на нашата повредена самопочит.

Но, ако се измрдаме некој сантим од центарот на нашата себична, суетна и егоцентрична вселена, ќе можеме да ги согледаме работите какви што ги гледа секој од надвор. И, ќе можеме да го видиме сето она што за овие три децении – а, особено последната деценија на нашето национално распаѓање и самокретенизација - ние самите сме направиле за да ја „сочуваме" или заслужиме сопствената самопочит. Списокот на долни дела на самопоништување, цивилизациски и културен суицид е бескраен. Тука е пред се нашето одрекување од вистинските родители на Републиката, од вистинските херои што ја остварија  македонската државна и културна рожба, нашето криење на матичните документи закитени со петокраката ѕвезда, ничкосување на нашите книжевни првенци и творците на нашиот литературен јазик, кодификаторите на нашето кирилско писмо и втемелувачите на вредносните системи на просветителството, рационализмот, позитивизмот, секуларноста, еднаквоста и слободата. Потоа, тука е фалсификувањето на нашата историја и нејзиното заменување со малоумната и фашизоидна митологија за ВМРО, и втемелувањето на гротескната митологија за нашето античко македонско потекло... Постои ли во овие злодејствија нешто достоинствено?

Но, има уште многу: нашето сенародно потчинување на една лоповска банда на која ѝ дозволивме да ја ограбува земјата цела деценија, да го заглупави населението до непрепознавање, да ни го замени нацоналниот идентитет за психопатска карикатура, и да обезбеди 80 насто од нашите млади да сакаат да ја напуштат земјата, 66 насто да се функционално неписмени, а 50 насто да се невработени. Колку достоинство можеме да почувствуваме кога ќе се соочиме со фактот дека самите сме го урнисале сопствениот образовен систем до дерецето кое на ПИСА тестот за одредување на математичката, научно-техничката и литературната оспособеност македонските млади ги сместува на длабокото дно, на 69 место од 72 тестирани  нации? Дали постои нешто понедостоинствено на светот отколку на сопствениот пород да му ја уништиш иднината, онеспособувајќи го интелектуално?

Ако, значи, се поместиме од центарот на вселената на нашето „рането достоинство“, ќе здогледаме два конзистентни референтни системи со кои можеме да ја опишеме нашата ситуација во спорот со името. Првата споредбена референца се милионите факти за нашето сопствено национално самопонижување и самозаглупавување, а втората е големината на „противникот“ со кој преговараме. Тоа не е Грција, туку тоа се ЕУ, НАТО, ОН и САД – и тоа сите заедно! Во околности уредени со нашата докажана долност и непропорционалната огромност на нашиот партнер во преговорите, секое решение што ќе го постигнеме – без оглед за кое име ќе се работи – ќе биде најдостоинственото и најхраброто нешто што сме го направиле во последните децении!

А, точно вели Мујо: имбецилите не се бацили, туку луѓе и патриоти токму како нас.

# ИСЧЕЗНУВАЊЕ НА КОНСЕНЗУСОТ ОКОЛУ ОСНОВНИТЕ ФАКТИ

**09.06.2018**

> . Планетава е пред повторна „морална девастација", како што ја нарече Томас Ман во 1936, или вистински интерконтинентален „психолошки и морален слом".

Дека либералната демократија е во тешка криза, практично ширум целата планета, и тоа веќе цели четири децении, долго време беше безмалку невидлив феномен. Колапсот на „реалната демократија" од социјалистички тип во деведесеттите, е еден од чинителите што оваа криза ја направи невидлива, зашто ја завитка во победнички одори и го исполни хоризонтот со светкави конфети што ја славеа нејзината „победа" над „комунизмот". Втората причина за невидливоста на страотната криза на либералната демократија е директна последица од таа глобална „победа": таа стана општо место, сеприсутен феномен, што од страна на нејзините најголеми апологети е дури наречен и „природна состојба" на формите

на управување со модерните држави во светот. Така што, откога стана „природна" кризата стана општо место кое се поопшти и себеси и се направи невидлива како што е тоа воздухот во кој стварноста е нурната. Па, иако е најважниот елемент на нашиот живот, воздухот – додека го има - воопшто не го привлекува нашето внимание: ние обично се интересираме само за објектите нурнати во него, што се исклучок од овој невидлив медиум. Или, како што тоа го формулирал Кјеркегор, ние „за општото никогаш не размислуваме со страст, туку со мирна површност... од друга страна, само исклучокот е тој што општото го разгледува со енергија и страст."

Коренот на оваа глобална криза на масовните демократии е во исчезнувањето на хуманистичката и моралната содржина од државните политики и нивното се повидливо претворање во биополитики. Кога грижата на политиката стана грижа за „голиот живот", како што го формулира Агамбен, суверeноста на државната моќ почна контроверзно се повеќе да се поместува подалеку од „граѓанинот", а се повеќе кон припадноста на некој измислен идентитет – било да се работи за национален, народен, етнички, верски или кој било друг идентитет. А, токму политиката на социјалната хомогенизација врз идентитетска основа беше карактеристична за биополитиката на големите тоталитарни држави на 20-иот век. Оваа суштинска блискост помеѓу современите либерални демократии и тоталитарните држави се темели на нивните заеднички биополитички корени, зашто, инаку би биле необјасниви леснотијата и брзината со која современите парламентарни демократии се претвораат во тоталитарни режими, а тоталитарните режими од минатиот век практично во миг се трансформираа во парла-

ментарни демократии. И во двете обратни трансформации „проработи“ истиот биополитички принцип што за прифатлив и пожелен систем на владеење ја смета онаа организациона форма на државата што ќе обезбеди поуспешна гаранција на грижата, негувањето, контролата и уживањето во голиот живот.

Современата бегалска криза што е навидум непосредниот поттик за масовното појавување на идентитетските хистерии и во земји во коишто тоа доскора беше незамисливо, е всушност последица, а не причина за масовното будење на фашизмот и на фашизоидните социјални феномени. Уште Хана Арент, во својата книга за империјализмот, укажа дека парламентарните демократии по дефиниција не се во состојба да ги афирмираат и одбранат човечките права врз кои конституционално – и декларативно - го темелат својот суверенитет. „Концепцијата на човечките права што е заснована на постоењето на човечкото суштество како такво (со вродени и неотуѓиви права), пропадна во истиот миг кога оние што (со полн глас) ја заговараа се соочија со (избеглиците, односно со) луѓето што ги изгубија сите специфични одредници (и идентитети), освен голиот факт дека се човечки суштества,“ пишува Арент. Се покажа дека во системот на националната држава таканаречените свети и неотуѓиви човечки права во вистинската смисла на зборот исчезнуваат кога нема да можат да се поистоветат со правата што произлегуваат од државјанството односно од припадноста кон одредена национална држава.

Денешното патетично хистеризирање околу загрозеноста на националното достоинство и идентитет, почитувани читатели, не е карактеристично само за нашата Македоња – кревка и најмила, непрежалена и до болка пре-

сакана – зашто истата лажна загроза ги тресе и Америка и Англија, и Русија и Италија, и.... која се не голема парламентарна капиталистичка демократија. Тоа е истата слабост на умот, истиот дефект на човечноста што пред еден век успеа да ги воздигне националните и расните мотиви во „вистиниските извори" на индивидуалното и колективното здравје, и да ги породи фашистичките тоталитаризми во Европа. Исчезнувањето на вредностите на просветителството и хуманизмот, човечките и социјалните права, и нивното заменување со идеализиран, шундерски и кичиран – но и закaнувачки зол и смртоносен - традиционален свет на митовите и ритуалите, што тогаш го карактеризираа глобалниот поход на фашизмот, за жал, го гледаме и денес. Го гледаме, но не можеме да го видиме.

Така што, промената на името – лично, семејно, народно, државно, уставно или кое и да е – е трошка од ништо, споредена со катаклизмата што современите историски тенденции на поништување на вредностите на моралот, разумот и хуманизмот, се заканува да му ја приредат на светот. Планетава е пред повторна „морална девастација", како што ја нарече Томас Ман во 1936, или вистински интерконтинентален „психолошки и морален слом". Овој пандемичен интелектуален и морален колапс го карактеризира тоталитарност на либералната демократија што премногу заличува на фашизам, што е придружена од истата индиферентност кон етиката и знаењето, истиот историски ревизионизам и истото исчезнување на консензусот околу најосновините факти.

# СЕВЕРНО ОД АЛЕКСАНДАР, КОН ЕВРОПА

**15.06.2018**

> Денешниот западен свет е во цивилизациска и културна смисла непосреден производ на хеленистичките бранови што со милениуми ја заплиснуваа Европа.

Учебниците по историја и површното знаење одамна не се сомневаат дека 1453 година и паѓањето на Константинополис под власта на младата и растечка Отоманска империја, ја претставува вистинската прекретница на неповратното историско поместување на центарот на научниот, уметничкиот и цивилизацискиот напредок од европскиот југоисток – кај што беше вкоренет повеќе од 2000 години - во Западна Европа. Иако историската наука последниов век ја ревидира оваа заблуда, вистината за пропаѓањето на Византиската цивилизација и нејзините последици, за жал, не стасала до многу луѓе. Тоа е затоа што фактите за уништувањето на Цариград и неверојатните блага акумулирани во него, заедно со најголемата количина запалени книги во дотогашната

историја, се толку грди што Европа ги криеше и од самата себе си. А, вистинската причина за пропаста на најголемата и највеличествената цивилизација на Средниот век е Четвртата крстоносна војна, или поточно, нејзиното издајство и прекршувањето на дадената заклетва да се војува за Христијанската кауза, и скршнувањето од планираниот поход на Светата земја заради безумното освојување, ограбување и уништување на источниот светилник на христијанството – Цариград, уште во 1204 година.

По дивјачкото ограбување и уништување на Цариград од страна на војничкиот и христијанскиот „крем" на Европа, градот и царството што го претставуваше, веќе никогаш не се оправија. Кога Мехмед Втори го зазел Цариград 1453 година, градот веќе бил град на духови, со цели квартови во стари урнатини обраснати со плевел и чкаљ, со запуштен изглед во кој на местото на безбројните господски куќи и палати никнале дрвја, а на некогашните плоштади и широки авении градското население ја обработувало земјата со усеви и зарзават, за да ја преживее сиромаштијата. Но, уништувањето на Цариград 1204 година од страна на малоумниците од Четвртиот крстоносен поход остави многу поголеми последици отколку што е тоа материјалната пропаст на византиската култура: може да се рече дека овој крстоносен злостор со кој управуваа најстрашните чудовишта на човештвото – Глупоста, Злото и Алчноста, го означи и крајот на Средниот век и почетокот на Ренесансата во Италија и Европа, и изврши клучно влијание врз целата нововековна европска историја.

Пресвртот во културниот развој на Европа и нејзиното „излегување" од темниот Среден век, во најголема мерка

се должи токму на последиците од тоа ужасно западноевропско дивјаштво, пред се на брановите на миграција на грчките научни, филозофски, уметнички и занаетчиски елити од уништениот Константинополис веднаш по 1204 година, првин во Венеција, потем во другите италијански градови – Фиренца и Рим, за на крајот, по паѓањето на Константинополис во османлиските раце, во времето на процутената Ренесанса, да ги преплават сите европски дворови. Во никој случај не е презголемување ако се рече дека токму на оваа миграција на византиската интелектуална елита може да и се припише заслугата за повторно разбудениот интерес за филозофијата, уметноста и науката на грчката и римската антика, за настанувањето на Ренесансата, а подоцна и на просветителството, хуманизмот и научната револуција што ја породија денешната глобална цивилизација.

Кога човек ќе ја пролиста малку повнимателно историјата, ќе види дека нововековната фасцинираност од грчкиот придонес кон европската и светската култура, не се изразува само низ инспирациите на Петрарка или подоцнежните романтичарски занеси на Бајрон и Колриџ завиткани во опиумски чад, ниту се тоа повикувањата на одеците на атинската демократија, туку е тоа директното и непосредно вградување на грчкиот човечки интелектуален материјал, длабоко во фундаментите на денешната Европа. Грчките емигранти што ги освоија сите европски центри по 1204 и 1453 година беа „граматичари, хуманисти, поети, писатели, печатари, учители, музичари, астрономи, лекари, архитекти, академици, уметници, писари, филозофи, научници, политичари и теолози“, кои на Западна Европа и ги пренесоа сочуваните елементи од акумулираното знаење од грчката антич-

ка и византиска цивилизација, кои пак, на територијата на Западна Европа во најголема мерка не го преживеале темниот среден век. Списокот на овие врвни експерти во своите струки, кои немале во тоа време рамни на себе во целата Европа, е преголем за овој формат. Можеме само да заклучиме дека насобраното знаење од тогашниот центар на светот, буквално се пресели во западна Европа и одигра една од клучните улоги во градењето на денешната западна цивилизација.

Во светлото на овие бегли историски реминисценции, станува јасно дека нашите преговори за отворањето на вратите на македонските перспективи во заедницата на европските држави и под евроатлантскиот војно-политички безбедносен чадор, всушност не се водеа со нашите соседи, туку со потомците на нивните предци од стариот и средниот век што се преселија на запад. Денешниот западен свет е во цивилизациска и културна смисла непосреден производ на хеленистичките бранови што со милениуми ја заплиснуваа Европа. Среќната разрешница на денецинискиот спор со името македонско, што до пред некој ден беше потполно незамислива работа, претставува потполно неверојатна, безмалку бајковита завршница на еден валкан шовинистички, националистички, тесноград и плиткоумен дисконтинуитет на кутурната хеленизација на светот.

Особено во светлото на фактот дека ништо од клучното цивилизациско влијание на хеленистичките плодови на културата врз модерниот свет, немаше да се случат без експлозијата на хеленската цивилизација што во стариот век ја изведе најголемиот од сите хелени – Александар Трети Македонски.

# НА ДОБАР СМЕ ПАТ, А НЕКОИ ВЕЌЕ И СЕ ВРАЌААТ!

**22.06.2018**

> Молчешкум гледаме како булдожерите го јадат армираниот бетон на модерното здание на стоковната куќа Беко, наместо да го издробат партискиот плоштад и белата Куќа на фашизмот педесет метри потаму.

Овој бисер на префинетата сатира на белградскиот афоризматичар Александар Баљак беше отпечатен во раните осумдесети кога кобилката на југословенскиот танкер веќе почна да струга по плиткото газалиште на историјата. Одликите на најдобрата сатира што се раѓа во пазувите на режими во кои автоцензурата е посилна од официјалната цензура, се состојат најмногу во поетската акробатика на исказот што може да се чита на два сосем спротивни начина. Едното читање дава питом и тривијален исказ што служи за званична употреба, додека другото е субверзивно, наменето за вистинските читатели на сатирата. Така и изјавата дека сме на вистинскиот пат, та дури некои веќе се враќаат, ако се чита просторно и географски, го афирмира избраниот пат

зашто повратниците се очебиен доказ и сведоштво за веродостојноста на изборот. Но, ако патот од афоризмот е идеен, концептуален и политички избор, тогаш батките што решиле да се враќаат веќе увиделе дека се работи за ќорсокак. Генијално.

Во нашиов случај, деновиве по историското потпишување на конечната спогодба за името македонско и нејзината ратификација во Собранието на Републиката, Баљаковата генијалштина може да послужи како непогрешлив компас со кој се докажува исправноста на избраниот пат. Ви текнува, нели: не постои подобар доказ за тоа дека спогодбата е нашиот најдобар, најбезбеден и историски најверодостоен пат кон посветлата иднина, отколку што е тоа глетката кон глутницата што веќе се враќа! Фактот што феноменот Хорхе познат како Торо Кастрадо де ла Водно, заедно со ВМРО Лоповска и толпата лумпен-патриоти, демонстративно се враќаат во спротивната насока, при тоа хистерично пењавејќи и еманирајќи зло, омраза и јад, е космичкиот доказ дека Заев и Димитров се на правиот пат!

Не велам дека ноторно нерешливиот спор што го имавме со ОН, ЕУ, НАТО и САД околу грчките поплаки за нашето присвојување на нивното име, историја и култура, не не остави сите со амбивалентни чуства: некои понижени, некои налутени или разгневени, некои дезориентирани или индиферентни... Но, на крајот, со ова изненадно но сосем неочекувано решавање на спорот, на сите што се двоумат, на сите што се конфузни и не можат да проценат дали е ова добро решение за сите нас, како спасение им се појавува Хорхе, Злиот Вол од Водњанскиот Дол, како светилник во темното узбуркано море да им го покаже вистинскиот пат: тоа е спротивниот пат од негови-

от! Бирајте го секогаш спротивниот пат од Хорхе Еступидо, почитувани читатели, секогаш обратно од ВМРО и немате шанси да го згрешите патот!

Веќе пишував дека во младоста имав проблем да ја сфатам народната изрека „секое зло за добро", но дека вистинитоста на ова сублимирано искуство и мудрост ми се открива се повеќе со годините. Е, па, неверјатното зло што го добивме Хорхе за претседател, цела една предолга деценија – еееееј! – долго ми изгледаше непробојно црно, хемиски чисто, елементарно Зло во кое ни теориски не може да се изнајде некое макар микронско добро. Но, со време почнав да ги поимам – колку и тоа да изгледа неверојатно – и добрите страни на оваа морбидна појава. Да! Ќе речете дека е невозможно, дека претерувам, но во екстремно матни историски моменти, кога навистина малкумина можат да ја согледаат тенката линија на светлоста што води во единствената спасоносна патека, да имате привилегија во таква темница да се управувате според апсолутно сигурен ориентир како што е тоа Поднадуениот Ништожник, кој секогаш и апсолутно секогаш ќе тргне во спротивната насока од вистинската, е, тоа е вистинска срејча - мора да признаете. Во таа смисла Јорге добива филозофска функција да го дефинира Доброто, и тоа е негативна дефиниција на Доброто. Што е Добро? Тоа е нешто што не е Хорхе, што е обратно од него, што е на спротивниот пол од Хорхе, под агол од 180 степени со Хорхе, па така Хорхе како апсолутно Зло станува филозофскиот патоказ кон Доброто. Тој е Моралната Црна Дупка од чиешто средиште се измолкнува тенкиот млаз на светлината, како оска која води кон неговата дијалектичка спротивност - Доброто. Да не претерав?

Сепак, и покрај светлинската патека што ни се отвора со конечната спогодба со соседите, останува да се соочиме со нашата сопствена стварност, а тоа е, пред се, едноставната и сосем банална вистина за нашата општествена инерција, за нашата институционална декапацитираност, за статус квото што го одржуваме на сите нивои на нашата колективна свест, за нашата неспособност храбро и компетентно да почнеме да се менуваме самите себеси. Да, патот е отворен, неговата веродостојност е очигледна, но нашата подготвеност да се извелчеме од длабоката јама во која не закопа владеењето на ВМРО е повеќе одошто сомнителна. Ние сме сè уште истите оние што цела деценија ја толерираа криминалната власт на партиската мафија на ВМРО.

Еве, за пример, ние молчешкум гледаме како булдозерите го јадат армираниот бетон на модерното здание на стоковната куќа Беко, наместо да го издробат партискиот плоштад и белата Куќа на фашизмот педесет метри потаму. И година дена од ослободувањето ние сме немоќни да го очистиме стиропорното загадување на вмровскиот фашистички проект „Скопје 2014", кршејќи прсти пред „невозможноста" да се руши изграденото, и „прескапото" рушење на Спомениците на Злото, а не се ни прашуваме кој, зошто и за кои пари го руши модерното здание што содржи бетон и челик колку сите споменици и столбови на фашизмот заедно.

Ние сме, за жал, сè уште заробена држава, но овој пат заробени во сопствената малограѓанштина, конформизам и импотенција. Да, на правиот сме пат, но никако да тргнеме.

# ОД НИШТОТО – НИШТОЖНИК БИДУВА!

**30.06.2018**

> Ако не се осмелуваме да го судиме за рушење на уставниот поредок, тогаш треба да го сметаме за она што тој суштински е: Ништо.

Се сеќавам, шеесет и втора ли беше, кога се доселивме во новата универзитетска зграда, вклештена во североисточното крило на Дебар Маало, на потегот кон старииот влез во Зоолошката градина... Глетката беше небаре во црно-бела техника, како да излегла од италијанските неореалистички филмски ремек-дела. Новата, блештечки бела зграда, ко слетана директно од друга планета, со апстрактна геометрија на паралелопипед или кутивче кибрит, беше опкружена со стутканите и од боја измиени, некогаш горди дебармаалски куќи, накитени со скромни обиди за „големџиство" на влезовите, со тремови и по некое столбче и ѓоа капителче, а, над тремовите во малтер рељефно испишана годината на градбата: 1927, 1929... Но, во раните шеесети, кога модернизмот ја совладува-

ше првата космичка брзина, на нас доjденците од „град“ овие скромни но очаjни архитектонски обиди со цигла и малтер да се реконструира повреденото достоинство, нас ни изгледаа потполно беспредметни. Зашто – гледано низ суровите детски очи - маалото ни беше целото сивуркаво и со извалкан и неугледен изглед што можеби ни беше пренагласен од обилството на голубjи посеротини: во маалото немаше куќа без голубарник.

Небрежно спомнатите голубешки посеротини ме потсетиjа, почитувани читатели, на порано многу проширеното верување дека ако од небесите те зашлапа голубешка посеротина, или вранешка, или коjа и да е птичjа курешка, тоа да ти било знак за голема среќа што ќе те снаjде... Од каде потекнува ова исконско верување, дал од небеското потекло на птичjата поганштиjа, што носи среќа зашто е Небески Дар, или зашто доаѓа од мистичните височини на ангелите и нивните божествени голубари, тоа не успеав да го дознаам. Но затоа, со мнозината други сомаченици, jа доживеав тоталната негациjа на ова верување, отелотворена во нашиот Ел Пресиденте, Jорге Еступидо, коj падна од никаде и jа зашлапа в лице македонската напатена државичка, како кондорска посеротина што ни донесе само несреќа, фрустрациjа и срам.

Поjавуваjќи се на македонската политичка сцена во форма на смрдлива птичjа посеротина, мистериозниот Хорхе - покраj старото верување во среќата-курешница – во потполност го „ошамути“ и декласира дури и класичниот Парменидов филозофски принцип коj потоа стана основа и за сите природни науки на новиот век – ex nihilo nihil fit, односно дека од ништо не може да излезе ништо. Поjавуваjќи се, значи, екс нихило, Хорхе

навидум го потврдува филозофското начело – зашто содржински, демек политички, интелектуално и човечки, тој не претставува ништо. Од друга страна, доаѓајќи од Никаде во форма на Ништо, Хорхе успеа да го направи невозможното: од Ништо тој прерасна во едно Големо Ништо кое еманира толку Голема Морална Смрдеа што се заканува да ја задуши македонската асматична и боележлива демократија. Пак да не претерав малку?

Шегата настрана, македонскиот претседател стана универзална филозофска алатка за негативно дефинирање на базични начела, морални вредности или политички концепти. Но, излегува дека анализата на политичкиот феномен на Хорхе, не води дури и подалеку - во центарот на генетичките слабости на либерално демократската правна држава. Врз основа на анализата на феноменот на партиско-мафијашката држава на ВМРО, а сега и на непостоечката појава на Хорхе Еступидо, станува повеќе од јасно дека либерално-демократските уставни механизми за поделба на власта, слободните демократски избори, независните институции и најмногу од се – правната држава, не се никаква делотворна одбрана од Глупоста и од Злото. Вмровските ништожници се живи докази дека Уставот, законите и институциите што ја чинат правната држава, се по својата природа религиски принципи, дека постојат само доколку се верува во нив, и дека за оние што се од друга вера – мафијашка, лоповска или фашистичка, каков што е случајот со ВМРО и Хорхе, целата уставно-правна конструкција на либерално-демократската држава, заедно со нејзината институционална инфраструктура, не претставуваат ништо, во секој случај ништо што може да ги попречи во нивните злодејства.

И, најгрдата иронија во нашата несреќа со Хорхе е што правната сила што му овозможува да го крши Уставот, неговата сувереност да биде над пишаниот закон, му ја даваме сите ние однесувајќи се како тој навистина да може и да има право да го прави тоа што го прави. Неговата аболиција на партиско-мафијашките криминалци од ВМРО беше според словото на законот ништовна, но нашите протести и барањето на меѓународната заедница да ја повлече, всушност и ја дадоа правната сила. Истото се случи и со недавањето на мандатот: со тој акт Хорхе Еступидо се исклучи од уставниот поредок, но општото инсистирање токму тој да го даде мандатот на парламентарното мнозинство, практично го врати назад во правото и го легализираше неговото велепредавство. Спасувајќи ја институцијата на претседателот на Републиката од злоупотребите на криминалецот што ја окупираше, ние самите ја демонтиравме правната држава и ја обезбедивме сувереноста на Хорхеовото самоволие.

Поради тоа, непотпишувањето на законите што ги донело Собранието е веќе нормална практика, стекнато право на Претседателот Кондорска Курешка, а не државен удар. Виновни сме единствено ние, што притиснати од верската догма за правната држава, не успеваме да ја согледаме ниту фактичката ниту правната стварност. Хорхе сам се исклучи од правото, па доколку не се осмелуваме да го уапсиме и судиме за рушење на уставниот поредок, тогаш барем треба да го сметаме за она што тој суштински е: Ништо. И, согласно тоа да го игнорираме како да не постои.

# МАГАРЕ ВО ПРИЛЕП, МАГАРЕ ВО БЕЧ

**04.08.2018**

> Рдокви во одбрана на пропаста на Македонија.

Во своите „Мали спомени“ големиот португалски писател Жозе Сарамаго ја раскажува неверојатната приказна како го добил своето презиме. Кога дошол на свет, во раните дваесетти на минатиот век, во едно мало селце по име Азињага, татко му морал да оди дури до административниот центар на областа за да го запише новороденото дете во матичната книга. Матичарот, кој ги познавал луѓето од селото, веројатно под дејство на алкохол, решил до името што му го издиктирал таткото – Жозе де Соуза, сосем на своја рака и вон памет, да го допише погрдниот прекар што семејството го носело во своето село – Сарамаго, што значи „трупка“ или „рдоква“. Оваа пијана подлост на матичарот не била откриена цели се-

дум години, кога – при запишувањето во училиште – на малиот Жозе требало да му се извади матичниот лист.

Но, приказната не завршува на шокот и понижувањето што го доживеал татко му во тогашното патријалхално општество, туку се развива во сосем неверојатна насока: бидејќи Португал веќе станувал фашизоидна диктатура што со пререгулација воведувала тоталитаризам, станало сомнително како тоа татко му се шета слободно со истото име – Жозе де Соуза, а син му се презива Сарамаго!? И, како и во сите драми на апсурдот, за се да биде по закон и пропис, на кутриот татко не му преостанало ништо друго туку и тој да се прекрсти во Жозе де Соуза Сарамаго! На крајот, како ја заклучува оваа драма гениjалниот писател во своите спомени, пишувани во самата приквечерина од животот? „И така, благодарејќи и по се изгледа на божествената интервенција, а тука, се разбира, мислам на Бахус, богот на виното и на оние што го уживаат без мерка, немав потреба подоцна да го измислувам псевдонимот со кој ќе ги потпишувам своите книги."

Мислам дека нема поубава приказна, почитувани читатели – и, попоучна! – што зборува за имињата и идентитетите, суштината и нејзините означувачи. Нема ништо свето во имињата: тие се најчесто плод на историски случајности, произволности, чудни и непредвидливи околности, а како што видовме, и на смешни и трагични апсурди. Моќната поука на оваа спомен-приказна е дека суштината на работите е во нивниот квалитативен „полнеж", во нивната содржина, во вредностите што ги носат, во нивните способности, дела, во богатството на доблестите и пораките што ги носат со себе, а не во нивните имиња. Така што, мислам дека Македонија си го губи

времето бавејќи се упорно и опсесивно со географската референца пред името – наместо со сериозно разнишаните фундаменти на државноста и културата. И дека најдобриот начин да се гледа на ова прашање е оној погоре, на големиот Сарамаго, кој од неговите демиуршки височини - не може појасно! - ни ја сликуваше тривијалноста и апсурдноста на случајот со неговото име, во споредба со грандиозноста на неговата личност, дело и животен пат.

А, кога го споменав животниот пат, да додадам: да, целата епопеја на спорот со името, евроатлантските интеграции и огромните проблеми што ги имавме во врска со нив, сето тоа е драма на одбирот на вистинскиот пат за Македонија, на патот на животот. Во таа драма воопшто не се работи за одбир помеѓу борба и капитулација, патриотизам и предавство, или други трици и кучини, малоумштини и отровни лаги, што ги продуцираат ѓаволовите претставници во земјата – тврдокорните вмровци и на нивниот композитум налепените будалетинки. Не, се работи за одбир помеѓу сигурна пропаст, или поточно – сигурно пропаѓање на Македонија во корупциска, мафијашка, ултра-националистичка и фашистичка партиско-бандитска вертикално надолна траекторија, како што, конечно, тоа и се случуваше целата деценија под власта на ВМРО, или пат кон стабилност, гарантирана безбедност и просперитет во заедницата на европските народи. Колку човек треба да биде глуп или зол, тап и кофузен, плиток и занесен, или заслепен од нарцисизам и омраза, а да не го препознае единствениот пат што му овозможува јасни можности за живот и благосостојба?

Џабе му е на тој и тој (името му го забравих), што толку патувал по развиениот свет, рекол веројатно Сократ во

еден од големите Платонови дијалози, доколку ме служи сеќавањето, што му вреди што се нагледал свет, кога тргнал и цело време шетал тегнејќи погрешен багаж со себе! Што зборуваш глупости, о, Сократе, го прашале соговорниците, згадени од Сократовите претерувања, каков е тоа багаж што може да го направи патувањето залудно? А, Сократ им одговорил дека багажот поради кој човекот немал никаква полза од патувањето по светот е тој самиот – човекот секаде се носел себе си! Тоа значи дека будалетинка не само што не може да го препознае патот, туку нема ни да го изоди, а, ако го проталка, ќе се врати иста будалетинка каква и што тргнал. Во таа смисла и Марко Цепенко запишал дека Прилепчаните имале една лапидарна изрека: магаре во Прилеп, магаре во Беч!

Македонскиот погрешен багаж, тој кофер полн со радиоктивен ментално осиромашен вмрониум, тој терет што не ни дава да зачекориме во пресрет на сопствената подобра иднина, тоа е, се разбира, партијата ВМРО-ДПМНЕ и нејзините криминални инсталации во државните институциии и македонското децениски кретенизирано општество. Дали, конечно, отвореното но подло опструирање на преспанскиот договор и на сите евроинтеграциски македонски аспирации од страна на ВМРО, на нашите власти и на чичковците и тетките од ЕУ, САД и НАТО ќе им помогне да ја сфатат вистинската природа на ВМРО?

# РЕФЕРЕНДУМСКО ПАЛМИНО ДРВО

12.08.2018

Дали сега, кога сме исправени пред последното референдумско чилеанско палмино дрво, дали конечно ќе му „прибегнеме на разумот“?

Дури кога ќе ги потрошат сите други средства, луѓето му прибегнуваат на разумот. Но, дали е така? Мислам дека оваа Марфиева теорема сепак содржи премногу од историјата непоткрепен оптимизам, и (за Марфи) невообичаена верба во човечката рационалност. Од друга страна, ако го гледаме напредокот на човештвото како вид, изразен како во најубедливата биолошка мерка за успешност – вкупниот број на единки, така и во исто толку очигледните показатели за технолошкиот напредок, можеме да претпоставиме дека токму разумот бил тој неверојатно успешен двигател на напредокот на видот. Не може да се замисли дека нешто друго отколку разумот ги овозможило пронајдоците што го обележија цивилизацискиот напредок на човештвото: обработениот камен, животин-

ските кожи, обликуваните коски и дрво, припитомениот оган, ткаењето, семињата за јадење, куќите, селата, грнчарството, градовите, металот, тркалата, машините, експлозивот... Забрзувањето е она што запрепастува во оваа нелинеарна функција на напредокот: од првиот поткршен камен до првото парче истопено железо требало да помине безмалку три милиони години, но од првото парче обработено железо до хидрогенската бомба поминаа само три илјади години, наведува Рајт во својата куса историја на напредокот.

Сепак, кога човек ќе навлезе во поединостите на напредокот, во случаите на развој на конкретни човечки заедници, ќе види дека во многу од овие посебни истории постојат темни и незнајни ирационални сили што премногу често не им дозволувале на цели заедници, па и цивилизации, „да му прибегнат на разумот“, дури ни по цена на сопствената пропаст. Примери за ова несопирливо работење во полза на сопствената штета, се нижеле како мониста толку многу што можат да ја облечат светската историјата во тешка и богато украсена невестинска носија. Случајот со човечката заедница што се развила на Велигденското остров е најчесто цитиран во вакви ситуации, толку многу што е веќе банален, но јас – ќе ми простите, почитувани читатели – сум како маѓепсан од него, та и овој пат нема да му одолеам.

Елем, кога на Велигден 1722 година една холандска флота му се приближила на островто, затекнала глетка што до пред некоја деценија немаше рационално објаснување. Непознатото остров изгубено во океанот на илјадници километри од какво и да е копно, било толку голо и еродирано што морнарите помислиле дека наместо брда на островто се формирале пустински дини. Уште пого-

лемо запрепастување предизвикале стотици грамадни камени ликови расфрлани по брегот од кои некои биле „повисоки од амстердамските згради“. Како било можно на остров без ниту едно дрво и вода да се развие цивилизација што била во состојба да изгради колосални скулптури и градежна технологија за да ги одвои од вулканската карпа, транспортира и постави на брегот тие божествено моќни, небаре вонземјански скулптури? И, конечно, каква катастрофа ја избришала таа цивилизација од лицето на земјата? Денес ги имаме одговорите на сите прашања за мистеријата на Велигденскиот остров, но тие воопшто не го осветлуваат мракот на човековата ирационалност, ниту пак ни се од помош кога треба да го препознаеме моментот кога треба да му прибегнеме на разумот?

Епската трагедија на Велигденското остров е ваква: островто било обилно пошумено со густи шуми од чилеанска палма - дрво моќно и големо како нашиот даб; било богато и со вода за пиење и наводнување и со плодна вулканска земја. Некаде во петиот век од нашата ера островто го населиле доселеници од Маркиските и Гамбиските острови – илјади километри оддалечени, очигледно светски шампиони на сите времиња во морепловство и бродарска технологија; со своите совршени катамарани натоварени со кучиња, кокошки, садници и семиња од прехрамбени билки, со кои ја воспоставиле својата островска цивилизација. За некој век овие горди претставници на хомо сапиенсот создале моќна цивилизација од повеќе од десет илјади жители, на територија од само сто и шеесеттина квадратни километри земја. Случајот сакал заедницата да се подели на кланови што се натпреварувале меѓу себе во подигање на монумен-

тални скулптури со кои ги славеле своите предци и богови. Секоја генерација камени ликови била поголема од претходната и секоја трошела повеќе дрвена граѓа, коноп и работна сила, се до моментот додека проретченото дрвје не се свело, логично, на едно единствено дрво што преостанало на островт. Едно единствено дрво што можело да послужи за повторното пошумување на островт, последното дрво што секој разумен човек на светот би го поштедил, зашто било премногу очигледно дека неговото сечење ќе ја означело неминовната смрт на животот на островт. Дали генијалците од Велигденскиот остров му „прибегнале на разумот“ кога стасале до последното дрво? Не. Иако можеле да бидат сосем свесни дека никогаш повеќе немало да никне ниту едно друго дрво на нивниот проколнат остров, тие – вон секоја разумна мисла - го исекле и последното дрво. И го трасирале патот за еродирање и исчезнување на плодната земја, вода и вкупниот човечкиот живот на островт.

Ќе речете, почитувани читатели, дека го потрошив просторот од колумната на предолг вовед, и дека не остана ниту ред за осврт на македонцките работи. Но, марфиевата велигденска метафора го сликува премногу очигледно времето на ирационално пропаѓање на нашата цивилизација, додека гиградеше малоумните стиропори и бетони од „Скопје 2014“. Дали сега, кога сме исправени пред последното референдумско чилеанско палмино дрво, дали конечно ќе му „прибегнеме на разумот“? Се надевам. Сакам да се надевам.

# МЕНТАЛНО ОСИРОМАШЕН ВМРОНИУМ

**18.08.2018**

> Злата намера на ВМРО насочена кон македонскиот државен и културен порект, постои од неговото основање во 1920 година и трае непрекинато до денес.

Читам деновиве за некои експлозии од сајбер војната што ВМРО подло но упорно ја води против Македонија и Македонците. Лансираа, велат, лажни гласини дека НАТО ќе користел бомби со осиромашен ураниум на воениот полигон Криволак. Министерството за одбрана ургентно и остро ги демантираше овие вмровски малоумштини, но очигледната штета од специјалната војна што ВМРО веќе предолго време ја води портив постоењето на македонската република е неспорна. Оваа – и безброј други! – злонамерни лаги што штаб-квартирата на ВМРО ги емитува во менталниот етер на Македонците, за жал, секогаш ја погодуваат целта. Зошто, ќе прашате? Па, затоа што злата намера никогаш не промашува! Оваа нејзина моќ најубаво ја опишал Жан Жак Русо: „Од сите

зла што ни се случуваат, ние сме позасегнати од нивната намера отколку од учинокот. Ќерамида што се откачила од покрив може да не повреди навистина сериозно, но таа рана ќе биде помалку длабока од онаа што ја прави камен фрлен од злонамерна рака. Каменот може и да промаши, но намерата секогаш ја погодува целта." Потребен ли е додатен коментар?

Злата намера на ВМРО насочена кон македонскиот државен и културен порект, постои од неговото основање во 1920 година и трае непрекинато до денес. Кога се раѓаше македонската држава во антифашистичката војна, ВМРО беше со фашистите и ги убиваше македонските комунисти – носителите на првата македонска државност. Кога во југословенската федерација се еманципираа и обликуваа сите елементи на македонската држава, нација и култура, ВМРО од великобугарски позиции го негираше постоењето македонскиот јазик и на македонскиот народ. Кога ја градевме меѓународната позиција во деведесеттите, ВМРО закажуваше конгрес во Солун, и го саботираше приемот на земјата во Обединетите нации. А, кога дојде на власт 1998, за само три години не фрли во граѓанска војна што за малку ќе ја разнебитеше земјата и ја ограби татковината толку темелно, што веќе не можеше да се одлепи од калливата надолнина по којашто почнавме да се лизгаме. За, на крајот, да воспостави мафијашко-партиска држава од 2006 па се до минатата година, во која практично го оствари својот паразитски генетски запис: уништувањето на „домаќинот" со чијашто крв се хранеше. И, како реагира "домаќинот" денес, кога сме ѓоа „ослободени" од врмровскиот паразит? Го носи гордо, како псевдодемократска значка во форма на крлеж, закачена на гола кожа, за да може и понатаму

да ни ја вбризгува во крвта лајмовата болест, нивната вечна зла намера...

Но, што ми беше првата мисла? А, да: целиот државен одбрамбен апарат се возбуди (со право) поради лажни гласини за непостоечкиот осиромашен ураниум, што никогаш нема да осамне во онаа ненаселена вукојебина од Криволак, а, ниту еден министер, генерал, полицаец, во униформа или цивил, каков и да е претставник на власта, не изрази - до денешен ден - ниту бегли знаци на загриженост за здравјето на населението што е веќе со годиништа изложено – насекаде и во чудовишни, сеуништувачки размери! – на убиственото зрачење на Ментално Осиромашениот Вмрониум!? Не слушнавте ниту вие? Па, тоа е остриот врв на вмровското најубиствено оружје: Ментално Осиромашен Вмрониум е идејната антиматерија од која се изградени сите вмровски градби... и Александар, и неговото семејство, и одвратните зданија и споменици од вмрококо стилот што го претворија скопје во цивилизациска септичка јама, и нивната штаб-квартира... Да, и нивната Casa del Fascio, крената на украдена земја, изградена со украдени пари, пред која сите ние изградивме еднопартиски фашистички плоштад, на кој сè уште весело жубори партиско-мафијашката фонтана, со високо ерективан партиски симбол од народна македонска, демек патриотска бронѕа?! Од ментално осиромашениот вмрониум се изработени и илјадниците книги, малоумни преводи, фашизоидни учебници, теве серии со историско ударение, безмалку илјада дебилни закони и многу повеќе прописи и друга вмронска бирократска радиоактивна супстанца. Вмрониумот зрачи од секаде, тој не затру сите, а ни ги озрачи и децата..., а ние спокојно весламе како да е се океј, неба-

ре поминавме низ вмровскиот радиоактивен облак како низ водена піреа чиишто партали се виорат околу нашите крилја, што не носат кон осончениот хоризонт?

А, токму нашата колективна несвесност за опасноста од зрачењето на Ментално Осиромашениот Вмрониум, е клучниот симптом на луѓето што ја примиле „полната“ доза од овој уништувачки контаминат, зашто вмрониумот ги кретенизира сите што ќе потпаднат под неговото зрачење! Кретенизирачкото зрачење на вмрониумот го поттикнува создавањето на вонклеточниот амилоид-бета плак во нашите мозоци, што потоа ги попречува и уништува неуронските синапси и конечно ја предизвикува и смртта на неуроните. Изложеноста на зрачењето на вмрониумот така ја поттикнува прогресивната неуродегенерација која кај озрачените првин ја уништува меморијата, а потоа доаѓаат и другите симптоми на вмронската деменција: губиток на моќта за препознавање, разумно расудување, исчезнување на личноста и обесчовечување. Симптомите се исти како кај Алцхајмеровата болест, со таа разлика што болните од вмронска деменција се организирани во најбогатата партија во Европа и себе си се сметаат за патриоти.

Кога македонското општество ќе стане свесно за смртоносното делување на Ментално Осиромашениот Вмрониум и дали навреме ќе успее да ги евакуира огромните наслаги од овој убиствен контаминат од животната средина? Ќе ни помогне ли претстојниот референдум за нашата иднина во ова освестување? Или, можеби, веќе сме премногу озрачени и кретенизирани, м?

# ВО РАМКИ НА СТАТИСТИЧКА И ГЕНЕТСКА ГРЕШКА

**25.08.2018**

> Кога ова суштество ќе се посече на бричење, мора да му потекува однатре чисто зло, ко густа опиумска смола...

Веќе постојат цврсти докази дека нашите мистериозни роднини и европски претходници – неандерталците, кои ја населиле Европа стотини илјади години пред нас – кромањонците, иако физички значително посупериорни, а, по се изгледа, интелектуално сосем рамноправни, почнале забрзано да исчезнуваат од лицето на земјата по појавата на нашиот вид на територијата на денешна Европа, некаде пред 40.000 години. „Соживотот“ помеѓу родбинските подвидови на луѓе траел можеби десеттина илјади години и завршил најверојатно со потполното истребување на неандерталците. Дали исчезнале како последица на губењето на тоталната војна што против нив ја повеле новодојденците од Африка (можеби најсмртоносната миграциска криза во праста-

ра Европа!), или од некоја друга еволуциска причина, не ни е познато. Факт е дека последните упоришта на неандерталците биле планинските предели на териториите на денешна Шпанија и некогашна Југославија. Тие ни ја оставија во наследство мистеријата за нивното постоење и исчезнување и по неколку проценти од нивниот генски запис во нашата крв.

Но, прашањето што науката со најмногу усилби и имагинација сака да го одговори е: што било вистинската причина за нивното исчезнување, односно што се покажало како најживотоспособното својство на нашите предци, што им ја обезбедило супериорноста во натпреварот со неандерталските европејци? Најчестата хипотеза - што веќе прерасна во научна парадигма - е дека клучот на биолошкиот успех на хомо сапиенсот е активната и дотогаш во еволуцијата невидено брза и прилагодлива интеракција помеѓу нашиот мозок и природата. Брзината на оваа интеракција е неспоредливо поголема од темпото на генетските прилагодувања во биолошката еволуција, а оваа брзина нашиот вид ја обезбедува со помош на најсилното биолошко оружје во познатата вселена: културата. Човечката култура е таа што може секавично брзо да се прилагодува на нови ситуации, да ги препознае опасностите, да ги препознае и инвентивно организира излезните патишта, да ги изгради мостовите и бродовите потребни за спасоносните или победничките решенија.

Основно средство со кое културата се формира, негува и шири е јазикот, односно комуникацијата помеѓу луѓето, а единствен и најдобар „проводник“ на комуникацијата е густината и хомогеноста на човечките заедници. Оваа „проводливост“ (да го злоупотребам овој електротех-

нички поим) е толку поголема колку што се посилни и погусти социјалните релации помеѓу луѓето, колку што се позаеднички нивните вредности, надежи, мотивации, колку што е поголема општествената солидарност во заедничкиот живот.

Од тука и произлегува најголемата еволуциска драма на денешницата: колку што е поочигледно дека својствата на културата се најважните чинители што го обезбедиле победничкото освојување на планетата од страна на човечкиот вид, толку станува поочебијно парадоксалното современо исчезнување токму на тие до недамно заеднички морални принципи, вредности и надежи, додека за солидарноста денес веќе станува анахроно и да се зборува. А, доколку во лефтерно друштво, при ракија и мезе, почнете да зборувате за најчовечната фаза од културната еволуција на видот, за социјалистичката идеја и за социјалната револуција во чиишто фундаменти ќе биде токму хомогеноста на општеството врз основа на принципот на солидарност и еднаквост, тогаш очекувајте сите да почнат нежно да ве тапкаат по рамо, благо буткајќи ве кон вратата, ш`шкајќи умирувачки да не ви ја влошат очигледната ментална растроеност.

Социологот Томас Едсол пишува дека глобалниот неолиберален капитализам ја бутка општествената еволуција кон безмилосна состојба во која поединците, сите без остаток, мораат да се снаоѓаат сами, и дека во последните три децении е извршена таква атомизација и индивидуализација на општествата – Маркс тоа го нарече отуѓување – што е поразена и самата идеја за општествена, солидарна надеж, а закопана е во незнајна јама и политичката имагинација што може да ги мотивира движењата чијашто цел би била послободен свет и благосостојба на

сите, што, се разбира, би се темелела на солидарноста и братството помеѓу луѓето. Ова дробење на културниот и социјалниот медиум ги намалува капацитетите на заедницата за решавање на заедничките проблеми, а „приватизацијата на надежта“, како ја нарекува Едсол, го умртвува и најосновното чувство на заедништвото и смислата на постоењето на колективот. Најперверзниот симптом на оваа еволуциска патологија на видот е појавата на движења и политички трендови секаде во светот што полетно и страсно работат во корист на очигледната штета и пропаст на сите. Во светот - тоа е вистинскиот бехар на фашизмите, кај нас – тоа е македонскиот фашизам во куси панталони, генетската грешка во зачнувањето на македонскиот проект – вие веќе погодувате на кого мислам – тоа е ВМРО.

Појавата на движење, на партија, на злосторничко здружување што злобно работи на пропаста на целата заедница е, без секое сомневање, во рамките на статистичка генетска грешка во биолошката еволуција на видот, зашто солидарноста и заедништвото беа, како што видовме, најсилните и најчовечните својства на хомо сапиенсот. Затоа изјавите за кобожемски статистички истражувања во кои “поддржувачите на преспанскиот договор се во рамките на статистичка грешка“, се само фенотипска експресија на една длабинска генотипска грешка на македонскиот хомо.

# ТЕМНИОТ ЕНДЕК ШТО МИРИСА НА БУНИШТЕ

**01.09.2018**

> Најстрашно е што и мракот и лизгавата кал и влажниот мирис на буниште, сите амбиентални константи на Македоња Вечна, тие успеаја да им ги направат нормални на мнозинството од своите жртви.

Во еден свој дамнешен интервју Ноам Чомски, зборувајќи за единствената рационална метода според која работат сите науки, го прераскажа стариот виц за пијаницата што среде ноќ тетерави околу бандера со улична светилка на неа. Се наведнува и гледа надолу во земјата, паѓа, лази наваму - натаму, се крева потпрен на бандерата и пак упорно се загледува надолу. Проаѓаат задоцнети минувачи, го здогледуваат пијаниот како се мачи барајќи нешто залудно на земјата под него, застануваат и го прашуваат: „Што бараш толку очајно?“ А, тој им одговара: „Си го барам пенкалото што ми падна од џебот, мно-о-гу ми е важно – тоа е се што ми остана од татка ми!“ Добронамерните минувачи решаваат да му помогнат на несреќникот, па го прашуваат: „Па, добро, пока-

жи ни каде се сеќаваш дека ти испадна?“ А, овој одговара: „Е, паа, ми се загуби таму во ендекон, од другата страна на улицата.“ Минувачите се вчудовидуваат: „Добро, бе, чоек: со кој ум тогаш ја бараш тука, под бандерава?!“ А, тој: „Како ќе барам во црна темница – тука барем има светло.“ Тоа е начинот на кој работат науките, коментира Чомски: проблемот што сакате да го решите е можеби карши улица, но вие можете да работите таму каде што има светло. Ако се обидувате да го поместите светлото во вистинската насока, малку по малку, можеби на крајот ќе стасате и до спротивната страна на улицата, кајшто се наоѓа решението на вашиот проблем.

Низ пијаното бладање од вицов проговори наједноставната но величествено мудра метода што веќе четири века ги движи науките и човечката мисла нанапред. Тоа е каменот на мудроста за сечиј џеб и магичното упатство за решавањето на секој проблем под капата небеска: разумот работи таму каде што има светло, а не талка по темни долови. Се разбира, доколку ситуацијата од вицот се сфати буквално и се устојува во малоумното повторување на неуспешните обиди на погрешен начин и на погрешно место да ги решавате вашите проблеми, единствениот резултат ќе биде создавањето на уште повеќе нови проблеми. Така, се сеќавам, во седумдесеттите години, кога безмалку сите во градов заимавме автомобили, поради несовршеното масовно производство на ефтини возила, особено кога ќе фатат зимските мразови, првиот звук што ќе ве разбудеше сабајле беше упорното и раздразнувачко „верглање“ на автомобилските мотори што нејќеа да запалат. Не беше редок случајот изнервираните тактовци што веќе доцнеа на работа да паднат во тап инает и да го стискаат клучот од колата „на палење“

додека да го потрошат акумулаторот, и, се разбира, од еден проблем да создадат два. За нас, што под јорган се нервиравме заради бучавата – а особено раздразнувачка беше глупата упорност на актерите – секојдневната зимска трагедија најчесто завршуваше со среќен крај: со звук на бесно тресканје со вратата на мртвото возило и потем - рајска тишина.

Вие веќе погодувате, почитувани читатели, дека од каде и да ја почнам приказнава, неиминовно ќе ја донесам до истиот темен, стрм и каллив ендек, далеку од светлината, во кој ВМРО-ДПМНЕ и нивните придружни орди на патриоти и тврдокорни домољуби, ја држат повеќе од деценија Македонија и сите нас со неа. Во темен ендек од слеп пат што води во спротивна насока од Европа. А, најстрашното е тоа што и мракот и лизгавата кал и влажниот мирис на буниште, сите амбиентални константи на Македоња Вечна, тие успеаја да им ги направат нормални на мнозинството од своите жртви, да ги вградат длабоко во законите и животната пракса, така што и денес, година дена по нивното паѓање од власт, татковината не може да се ослободи од наплавините од пререгулираната фашизоидна вмровска држава, од задушувачкиот мирис на буниште што тлее и шири реа до небото.

Ќе ви ја сликувам оваа реа на „длабоката вмровска држава" на еден, малку езотеричен, но елементарен пример – на правната заштита на сопственоста, една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, токму со тие зборови врежана в камен, во членот 8 став 1 алинеа 6 од Уставот. Оваа темелна вредност на нашата либерално капиталистичка и парламентарна демократија е разработена во системскиот Закон за сопственоста и другите стварни права, што се донесу-

ва во Собранието со двотретинско мнозинство. Таму, во членот 112 пишува како се стекнува правото на сопственост, и тоа се случува генерално на четири начина: врз основа на правна работа, според закон, со наследување и со одлука на надлежен државен орган. Онаа „правна работа“ значи - со купување, а она „според закон“ значи - со создавање односно со градење, и да не го објаснуваме очигледното. И? Што е тука спорно, ќе прашате веќе нестрпливо. Спорно е она што пишува во Законот за катастар на недвижности, во членот 137 – цитирам: „Со запишувањето во катастарот на недвижности се стекнува правото на сопственост (...)“!!!. Уште не ја забележувате трагата од ѓаволската чепунка на чудовишната тоталитарна држава, што тлее, чади и смрди од длабочините на македонското законодавство? Во членот 137 не се руши само уставниот поредок од темели, туку се множи со нула целата стварност, реалниот живот, имотот и правата на луѓето. Тоа дека дури „со запишувањето во катастарот“ луѓето се стекнуваат со сопственост, а не со стварните дела и животи, градења, премрежиња, судбини и наследства... токму со тоа длабоко насилство секоја тоталитарна држава ги претвора своите жители во поданици, во пасивни ништожници.

А, тие... всушност, а ние!, ниту да забележиме дека нашите животи и судбини станаа зависни само од државниот печат и од бескрајните процедури на кафкијанскиот замок. Со членот 137 како да се тврди дека човекот не се родил кога мајка го родила, та не живее ниту постои во стварноста, додека не биде запишан во матичната книга на родените. Е, референдумското „ЗА“ не е за друго, почитувани читатели, туку токму за осветлениот пат што води подалеку од членот 137 и од темниот ендек што мириса на буниште.

# СИМЕТРИЧНО РЕШЕНИЕ НА АСИМЕТРИЧНИОТ СПОР

**07.09.2018**

> За „Отвореното писмо“ што го потпишаа 76 видни домашни и странски интелектуалци.

Во кусото и млако лето што меланхолично и збунувачки одлучно го скуси, наместо да го развлече, времето помеѓу преспанската спогодба и септемврискиот референдум, не успеав да слушнам ниту еден вреден и супстанцијален аргумент против договорот или против нашиот пат кон зачленувањето во европската заедница на народите и северно-атлантскиот воено-политички сојуз. Нискиот ниво на јавната дебата што главно го наметнаа противниците на преспанскиот договор – кајшто „најсилните“ аргументи беа бесмислиците дека се работи за „предавство“ односно „капитулација“ – ме демотивираше воопшто и да трошам време на читање на тоа најчесто безвредно четиво. Од оваа моја апатија, меѓутоа, ме подразбуди „Отвореното писмо“ што го потпишаа 76

видни домашни и странски интелектуалци, научници, книжевници и уметници, од кои повеќемина почитувам, некои ги сакам со безусловна љубов, а меѓу кои секако најсилно свети ѕвездата на Милан Кундера, чијашто „Шега“ одигра важна улога во моето созревање.

Иако преспанскиот договор го сметам за дипломатско ремек-дело, ќе ви звучи можеби перверзно, почитувани читатели, но со радост и нетрпение седнав да ги исчитам аргументите против договорот што оваа респектабилна колона интелекти ни ги понуди во предреферендумската дебата. Писмото е концизно и писмено срочено, а поради скудниот простор на колумнава, јас ќе ги издвојам најважните поенти, по редот како што се напишани. Што е, значи, лошо во договорот?

1. Тој не е заснован на респект за меѓународното право, човековите права и демократските принципи

2. Бидејќи се обидува да дефинира политички, историски и културни граници помеѓу „античка Македонија“ и (она што треба да биде) Северна Македонија, тој е бизарен потфат несоодветен за 21 век

3.Конструкцијата на идентитетите не е работа за било која влада

4. Македонија е подложена на арбитрарен меѓународен инженеринг

5. Овој асиметричен договор нема да ги намали регионалните тензии, бидејќи само послабата страна е принудена на компромис

6. Договорот претставува негација на уставниот суверенитет на Република Македонија

7. Атрибутот „македонски“ ќе биде избришан од сите службени документи и од јавна употреба под закана од орвелијански санкции

8. Членството во НАТО нема да доведе до социјален и економски прогрес или безбедност за малата македонска држава.

Што може да се рече за овие аргументи? Ако одиме по ред, ќе забележиме дека ставовите од 1 до 6 се прифатливи навидум за секого, но од сосем разочарувачки причини: затоа што се општи места и затоа што се однесуваат на проблемот, а не на неговото решение! Прво, спорот околу името никогаш не бил правен спор, или етички спор, а ниту пак имал некаква врска со демократските принципи: се работи за политички спор што се решава единствено со политички договор. И, толку! Се разбира дека дефинирањето на политички и културни граници помеѓу нас и античка Македонија е „бизарен потфат несоодветен за 21 век"! Кој не го знае тоа? Но, не е бизарен преспанскиот договор, туку е бизарен децении стариот спор за името што го „верификуваа" Обединетите нации уште пред четврт век, а во меѓувреме стана услов за нашата геополитичка судбина, да не речам опстанок? Спорот е тој бизарен потфат, дами и господа, а не договорот, кој е неговото изненадувачки елегантно решение.

И петтиот аргумент ја сликува замената на тези што се провлекува низ целото „Отворено писмо": дека договорот е „асиметричен". Всушност, потписниците на писмото цело време го гледаат апсурдниот спор за името помеѓу двете држави, што прерасна во планетарно прашање кога стана пречка за македонските интеграции во меѓународните организации, та епитетите што овој спор веќе предолго време обилно ги заслужува, тие сега му ги препишуваат на неговото миракулозно решение!? Затоа ставот дека договорот е асиметричен е празен софизам, бидејќи никогаш не постоел симетричен договор... и

нема да постои. Спорот е тој што е асиметричен; Македонија и Грција се асиметрични; ние и НАТО сме асиметрични, а само преспанскиот договор е симетричен, зашто договорите – политички или други – познаваат само еквиваленција, а симетријата ја создаваат изјавите на двете страни дека се сложиле, (исто како и симетричните реакции на противниците на договорот од двете страни на границата), а не материјалната, содржинската симетрија на предметите на договорот, која не постои ниту во теоријата.

Истото важи и за шестиот аргумент: општо место, откритие на млака вода, чиста баналност. Да, точно е дека со договорот се негира дел од суверенитетот на земјата, но секој меѓународен договор тоа нужно го прави! Секој! Релативизацијата, ограничувањето и деапсолутизацијата на државниот суверенитет е „кондицио сине ква нон" на денешницата, на стварноста што ја создадоа Обединетите нации и, конечно, на сите меѓународни договори во коишто без исклучок секогаш „валута" е дел од државниот суверенитет. Тоа би требало да се учи уште во средно школо.

Седмиот аргумент нема да го коментирам, зашто се работи за дезинформација, недоразбирање или лага. Но, осмиот – иако се работи за „аргумент од кристална топка" е интересен, особено затоа што е длабоко вистинит: да, со двете раце потпишувам дека членството во НАТО нема автоматски, само по себе да доведе до социјален и економски прогрес, па ниту безбедност во оваа културно, општествено и ментално опустошена земја. Тоа ќе треба сами да го заработиме, се надевам во услови што се подобри од оние во мафијашката држава на ВМРО, што библискиот градбеж го „покриваше" со „патриотска" фа-

шизоидна идеологија на повторното раѓање на македонските ариевци!

Се на се, во Отвореното писмо сосем оправдано се протестира против недостојните политички реалности што се тркалаат удолу по планетава последниве децении, при што на потписниците им се поткрадоа две грешки: времето на испраќањето и адресата на примателот.

# ЗАТВОРАЊЕ НА ВМРОВСКИОТ КОНЗУЛАТ

**15.09.2018**

> ВМРО сѐ уште работи како најуспешно задгранично конзуларно претставништво за регрутирање баратели за издавање бугарски пасоши.

Дедо ми Ѓошо Грчев, роден во далечната 1878 година, и пристапил на Тајната македонско-одринска револуционерна организација неполни две години по нејзиното основање во 1896. Во струмичкиот музеј постои оригинална фотографија на која - со сериозни фаци и чудно дефокусирани погледи - позираат девет млади мажи, сите со едвај формирани мустаќи, освен централната фигура која гордо држи мустаќ модел „Гоце Делчев“ ( Ѓошо седи втор од десно). Под фотографијата пишува: „Околиски комитет на ВМРО – Струмица, од 1902 до 1904 година“. Како момче покажував невообичаено интересирање за муабетење со старците од семејството, па повеќе пати го потпрашував дедо ми за неговите видувања со Гоце Делчев и премрежињата во Тајната организација.

Она што ме чудеше кај дедо ми тогаш, што тој - наместо да се фали и гордее што бил учесник во настаните за кои ние учевме в школо и што лично го познавал славниот Гоце и другарите - сосем нерадо говореше за тоа време. Си мислев дека е тоа поради лошиот крај на неговите младешки бунтувања, бидејќи 1904, кога струмичката организација била провалена, бил фрлен во солунската зандана Беас-Куле, каде ја чекал смртната казна или прогонството во источна Анадолија се до Хуриетот, кој и нему и на другите затворени македонски револуционери им донел слобода.

Подоцна сфатив дека дедо ми не сакаше да зборува со своите внуци за личностите и настаните што лично ги познавал и ги проживеал, зашто неговите сеќавања биле во сериозна дискрепанца со официјалната историја и со верзијата за почетоците на македонската револуционерна борба за национална еманципација и слобода, што нам ни била сервирана да ја голтнеме со мајчиното млеко. Паметам, особено се нервираше кога ќе го запрашав за Гоце и неговото ВМРО, кога ќе ме прекинеше обидувајќи се да ме исправи, но бидејќи веќе беше во своите деведесети, без ниту еден заб во устата (социјалната вилица ја презираше), поради неговиот шушкав и беззаб изговор, никогаш не успеав да разберам што сакаше да ми соопшти толку упорно. Ми викаше: „Не е точноо, ние бевме ту-моо-роо!“ Имав збунка со тоа нејасно пелтечење што ми личеше единствено на англиското „утре“, но дедо ми не знаеше ниту збор англиски, а и мојот „превод“ беше очигледно бесмислен. Многу подоцна сфатив дека митот за ВМРО како единствена организација што го обезбедува континуитетот на револуционерните стремежи на македонскиот народ од крајот на 19-иот век и наваму,

е „грев“ на службената комунистичка историографија, која во првите децении од постоењето на македонската држава се трудеше „политички коректно и опортуно“ да ги „испреде“ нишките на континуитетот на нашата борба за слобода барем половина век наназад. Дури многу, многу подоцна разбрав што ми викаше дедо ми в лице: дека тогаш не постоело ВМРО, туку дека организацијата се викала ТМОРО.

Да, помина ептен многу време откога дедо ми Ѓошо правеше гадлива фаца и ја брчкаше устата во неверојатна гримаса на плукање или бљување: тој акронимот ВМРО го врзуваше единствено за вистината на својот живот, а не за подизмислените приказни за деца што неговите внуци му ги плескаа в лице. А, таа вистина беше дека ВМРО е основана после првата светска војна од страна на бугарската царска полиција, со единствена цел да ги одржува во живот великобугарските интереси во Вардарска Македонија. Тие вмровци дедо ми секогаш ги викаше „бугараши“ или „кољачи“, зашто цела деценија и пол по Првата светска војна тој – како велетрговец што не сакаше да им плаќа рекет - беше на нивниот црн список за убивање. Дека вмровските кољачи направиле дури три обиди да го ликвидираат, ми сведочеше и мојата тетка, која – уште девојче - во еден од обидите, убиецот го затекнала како прикрадувајќи се влегува во нивната семејна куќа.

Така што, си мислам, почитувани читатели, колку време ќе и треба на оваа наша запустена држава и потклекната култура да ја демонтира грандиозната измама на денешните вмровци дека постои каков и да е континуитет – организациски, идеолошки или патриотски – помеѓу стремежите, целите и борбата на Илинденците

и целите и прикљученијата на ВМРО на Александров и Михалјлов... или ова денешново ВМРО на Груевски и Мицковски. Всушност, постојат други два силни континуитети: едниот е помеѓу Илинденците и Титовите партизани, кои се бореа за истата македонска кауза и во Втората светска војна беа на истата антифашистичка страна, а другиот е помеѓу фашистичкото ВМРО помеѓу двете светски војни и ова денешново. Ако ништо друго, и онаа „бугарашката" партија – како што ја викаше дедо ми Ѓошо, и оваа мафијашката, имаат очигледно заеднички и забележителни заслуги за остварување на деветнаесетовековната великобугарска кауза. Додека онаа ВМРО на Александров и Михајлов може да се пофали дека подло егзекутирала повеќе илјади невини Македонци кои не сакале да им го плаќаат „бугарашкиот" рекет, оваа ВМРО-ДПМНЕ успеа за само една деценија на Македонците да им издаде повеќе од 100 000 бугарски пасоши!

Во вакво светло гледано, кукавичкото, саботерско и навидум неразбирливо однесување на ВМРО-ДПМНЕ по однос на претстојниот референдум, станува сосем логично и лесно објасниво. Бидејќи ВМРО сѐ уште работи како најуспешното задгранично конзуларно претставништво за регрутирање на баратели за издавање на бугарски пасоши, перспективата дека Македонците ќе можат да патуваат низ Европа со македонски пасош, а бугарскиот ќе ја загуби својата пазарна вредност во земјава, практично ја уништува иднината на скопскиот конзулат (познат како Куќа на фашизмот), кој ќе мора да го затвори дуќанот!

# НОЌНАТА СМЕНА, НАШИОТ ВОДАЧ НИЗ ЖИВОТОТ

**29.09.2018**

> Ваше е да ја „нахраните“ потсвест со вистинската формулација на проблемот и со вистинските чувства потребни за неговото решавање. Самото решение оставете ѝ го на потсвеста.

Изјавата дека „една слика вреди повеќе од илјада зборови“ сум ја слушнал и прочитал премногу пати во животот, и најчесто таа била злоупотребувана за да ја оправда мрзата на читачот да се вдлабочи во текстот или како објаснување за поголемата  леснотија на следењето слајдови на предавања отколку да се слушаат и разбираат зборовите на професорот. Се претпоставува дека поговорката настанала пред повеќе од еден век, како формула за уредување на весници, како издавачки „мамец“ за привлекување на вниманието на читателите или за лесно и сугестивно соопштување на пораките. И, факт е: нејзината применливост во векот на масовните комуникации и брзината со која сликите комуницираат со луѓето станаа непобитни, а секавичната сугестивност и пре-

носната моќ на сликата станаа „законот“ на денешните масмедиуми.

Но, ако човек се замисли некоја минута над ова неравенство, бргу ќе забележи дека ниту математички, ниту семантички, исказот за поголемата вредност на една слика од илјада зборови не може да биде вистинита. Да не ораме подлабоко, доволно е да си припомниме дека зборовите се всушност слики, зашто нивното звучење во нашата свест најчесто предизвикува слики - на предмети, ликови, животни, настани и сенешто. Па, ако зборот има сликовен еквивалент во нашиот мозок, тогаш неравенството „едно е поголемо од илјада“ е неточно и, се разбира, комплетно бесмислено. А, сепак не е. Зашто, иако зборовите носат и значења што немаат сликовен еквивалент и не можат непосредно да се поврзаат со слика, како што е тоа, на пример, зборот „чест“, кој носи значење на морална вредност во нашата свест, и, заедно со многу други слични ни помага да ги формулираме нашите несликовни мисли, сликата е помошно средство за комуникација од зборот од проста причина зашто е постара од јазикот. И тоа буквално.

Денес, на науката ѝ е веќе јасно дека потсвеста е таа што управува со животот, дека таа е вистинскиот „механизам за управување“ со животното, и дека човекот пред да стане „сапиенс“ ја имал само потсвеста да го води низ премрежијата на животот. А, потсвеста работи само со слики и симболи... и чувства, се рабира. Така што вистинското „јас“ е сместено подлабоко од нашата свест – која сака да мисли, а мислите да ни ги соопштува со зборови. Тоа вистинско сопство, што некаде длабоко под нашата будна свест ги предизвикува сите примални дамари на животот во нас, е сместено длабоко во нашата потсвест и со нас

се обидува да комуницира само на сон - со слики односно цели филмови во кои нашето „јас“ е секогаш главниот јунак. Но, тоа се најчесто необјасниви, до апсурд невозможни ситуации, неретко тегобни, но секогаш со некаква неразбирлива, само навестена, а некогаш и упорно наметлива симболична порака. Кормак Макарти, големиот американски писател, во својот неверојатно паметен прв научно-филозофски есеј „Кекулеовиот проблем“, тврди дека е сосем разбирливо зошто нашата потсвест не ни зборува, туку во соништата ни „прожектира“ филмчиња со тешко разбирливи пораки. Потребно е само да сфатиме дека таа симболичкиот сликовен јазик на соништата го практикувала повеќе од два милиони години пред човекот да „го измисли“ јазикот. Конечно, кој би се откажал од толку стара навика?

Сепак, не треба да не залажува неразбирливоста и привидната апсурдност на нашите соништа: тие не се такви зашто нашата потсвест е глупава или сосем „одлепена“, туку затоа што нашиот вид пребргу мигрирал во друг јазик – во говорниот јазик, јазикот на зборовите, врз основа на кој изградил сосем нов систем за социјална комуникација, формирање на социјални релации, организирани форми на здружување и култура. Бидејќи овие последниве се покажаа како еволуциски најуспешни алатки за човештвото, хомо сапиенсот и се посветил исцело на меѓусебната комуникација, па јазикот му станал средство за мислење и комуницирање и со сопствената свест, односно со себе си. И во тие последни стотина илјади години од еволуцијата на човекот, во кои е пронајден и развиен говорот и јазикот, човекот го заборавил сликовниот симболичен јазик на својата потсвест и ја оставил неа самата да се грижи за неговите најважни

животни функции и да ги решава сите негови најважни животни проблеми.

А, дека потсвеста ги решава сите наши проблеми, додека свеста само ја „храни“ со податоци за проблемите, и со упорноста и грижата за нивното решавање го формулира проблемот и го утврдува приоритетот и значењето што неговото решавање го има за нашите животи, тоа е познато веќе со милениуми. Скоро да нема голем проблем или пронајдок за чиешто решавање гениите на науката и уметноста не сведочеле дека им дошле во вид на симболична ситуација или слика на сон, или пак, по долго и макотрпно работење на случајот, едно утро не се разбудиле со готово решение на проблемот. Оваа ситуација кај инженерите и нучниците е толку честа и вообичаена, што тие потсвеста ја нарекле Ноќна смена. Ова е особено изразено кај математичарите – кои, всушност, не ни работат со броеви, туку со апстрактни симболи – зашто кај нив е веќе општо место дека еден ден се будат со готово решение, по месеци или години макотрпна но неуспешна работа на него. Проблемите нашата свест најчесто ги формулира со помош на зборови, зашто јазикот е најпогодното средство во вселената за објаснување на нештата, но вистинскиот процес на мислењето – и тоа во секоја дисциплина – е главно несвесна односно подсвесна работа, вели Макарти.

Така што, почитувани читатели, не очекувајте со секојдневна и рационална мисла да ги решите големите проблеми на вашиот живот: тоа безмалку никој не го може. Ваше е да ја „нахраните“ вашата потсвест со вистинската формулација на проблемот и со вистинските чувства потребни за неговото решавање, а самото решение оставете го на вашата потсвест, која едно утро непогрешно ќе ви

го сервира кога ќе се разбудите со чудно јасен поглед кон иднината, и со одлука остро исцртана и весела, осветлена со контрасните зраци на ниското сонце што како да чекори со вас.

# ИЛИ ВМРО ИЛИ МАКЕДОНИЈА

**06.10.2018**

> „Македонците се големи уметници, зашто вистинска уметност е да бидеш поглуп од Босанците.“

Деновиве по мрежите, во коишто се препелкаме ко милионско јато сардини, прошета еден кус, духовит и тажен поздрав од Босна, во форма на афоризам. Вели: „Македонците се големи уметници, зашто вистинска уметност е да бидеш поглуп од Босанците“. Горка порака од босанските браќа, што во она време – младите веќе не паметат – кога бевме заедно, произведуваа генијални вицеви на своја сметка, во кои се величаше нивниот вицарошки „идентитет“, да бидат најглупави од сите... Радосно, креативно и сосем непредвидливо глупи, а всушност возвишено надреални. Така, со децении беше омилен вицот во кој Босанецот на печалба во Германија, обидувајќи се да добие работа, се поти на интервју пред

потенцијалниот работодавач. А, овој, со охола тевтонска рамнодушност го одбива: „Што беше ти“, прашува тевтонецот, „Босанец, нели... па вие сте најмрзливи од Југословените?“ Рипа Босанецот, засркнат од неправдата и се обидува да ја поправи очигледната грешка и да ја добие работата: „Наајн, најн, хер шефе“, го моли тој работодавачот, „голема грешка: најмрзливи се Црногорците, а ние сме најглупави... ве молам!!“. Така беше во далечната Југославија, во време коешто во нашата Вечна историографија и јавен простор веќе како и да не постоеше, а оттогаш до денес, ако добро паметам, ова е за прв пат Босанците да ни го предадат својот долго време за секој друг неосвоив Пехар на глупоста нам, на Македонците...

Интересно е што референдумот – тој во ѕвезди кован институт на демократијата и на народниот суверенитет – се почесто во светот произведува обратен ефект од оној за којшто е наменет и за којшто е измислен. Наместо да биде триумф на демократијата, тој ги прави нациите да испаднат глупави ко цепаници. Најдобар пример за оваа контроверза е веќе ноторниот британски „Брегзит“ референдум, пред две години, кој направи Британците од најзрелата, најмудрата и најпаметната политичка нација на светот, во еден миг да се престорат во тешки глуперди. Од кралеви на демократијата и политичката уметност – како со магионичарски трик – станаа толпа на будалетинки што малоумната грешка од референдумот ја исправаат како и нашиве вмровци: со гордо и цврсто инсистирање дека грешката не е грешка и дека од малоумниот „вокс попули“ нема да се отстапи, па макар јаделе корења! Ние практично незаслужено го добивме од браќата Босанци Пехарот на глупоста, зашто ние не испаднавме поглупави по референдумот отколку што

бевме пред него: да не заборавиме дека земјава е заглупавувана повеќе од деценија од страна на вмровската диктатура на глупоста. Така што, пехарот им припаѓа на Британците, а нас референдумот може да не направи само попаметни, зашто може и на последните наивци и добричини да им ги отвори очите, за да сфатат дека не може да постои Македонија додека постои ВМРО.

Така е веќе цел век и кусур, колку што постои македонскиот национален и кутурен проект. Идејата за македонската државност и културна посебност, откога никна од земјата и ги пушти првите нежни ливчиња кон крајот на 19-иот век, беше изгорена од балканските војни и од Првата светска војна, за практично да умре во времето на вистинското ВМРО, од 1919 до 1934 година, кога оваа терористичка организација убиваше само Македонци. Македонскиот проект повторно про`ртува по 1934 година – кога бугарската царска полиција го распушти ВМРО, за да израсне во вистинска историска нужност и реалност до АСНОМ 1944. Македонија се појавува на историската сцена само кога фашистичката ВМРО е на гробиштето на историјата. Најголемиот и единствениот период на изградба и исполнување на македонската посебност, најплодниот и најцветниот период на самосоздавање и репродукција на нашата култура, од 1944 до 1991 повторно беше можен само со непостоењето на ВМРО. Од нашата независност и повампирувањето на оваа дотогаш мртва крипто-фашистичка дружина, почна повторно да ја снемува супстанцата на македонската култура, за да дојде безмалку до клиничка смрт за време на деценискаta диктатура. И, да не должам, толку е просто и толку очигледно: ВМРО е македонското непостоење, а Македонија е можна само без ВМРО како политички фактор.

Инаку, ако анализираме детали од постреферендумската реторика на ВМРО и вмроидите, пехарот можеме сепак да им го преземеме на Британците. Зашто, да тврдиш дека на референдумот се изјасниле „против“ милион и двесте илјади граѓани со право на глас, а во таа бројка да ги пресметуваш не само сите што од која било причина не излегле да гласаат, туку и најмалку половината милион непостоечки гласачи сè уште и кој-знае-како запишани во избирачкиот список, навистина треба да бидеш најголемиот кретен на светот. Таквата сметка не само што е идиотска, туку таа е суштински недемократска, односно смртоносна за демократијата, зашто ги делегитимира сите што ја практикуваат демократијата и што излегуваат на демократски избори, и, конечно, ги делегитимира и безмалку сите демократски влади што се кога и да е избрани во политичката историја на светот! Потоа, тука е идиотлукот во кој сите се плеткаме упорно пресметувајќи го процентот на излезност како клучен и најегзактен показател за успешноста на референдумот. Но, не се прашуваме: 37 проценти од ШТО? Ако прашаш осмооделенец колку се 37 проценти од непознат број, детето ќе ти се изнасмее во лице, зашто тропаш очигледни глупости...

Но, како што реков, да не бистрам детали: брзите парламентарни избори се единствениот референдум во кој непознатиот број на избирачи во Македонија нема да создава математички и политички апсурди, зашто таму се бројат само вистинските избирачи - оние што излегле да гласаат. Но, без антивмровската поука од погоре, дури и со избори не мора да излеземе паметни, зашто во библиската земја изборите имаат смисла само доколку тие се инструмент за исфрлање на вемерето од политиката. Или ВМРО или Македонија, нема трето.

# ХОЛИВУДСКОТО ВЛАЖНО КРПЧЕ

**13.10.2018**

> Во сите мои ноќни анализи, ламентации и други писанија, постојано ја критикувам сегашната власт! За трите најголеми грешки што ги направи, ги прави сѐ уште, а, гледам, има намера да ги прави и натаму.

Постојат само два буквално стопостотно успешни лека за сите болести и рани, животни ситуации и проблеми. Првиот е, вие веќе погодивте, смртта, а вториот е холивудското задолжително бело марамче или друга ткаеница, што натопено во вода се става нежно на местото на повредата. Додуша, упорното верување на пристојно парче од човештвото во живот и по смртта, како и убедливата појава на разни видови на бивши луѓе што продолжуваат да бамборат и прават белји и по умирањето – разни политички вампири, зомби активисти и најразлични други вмровски пролиферации, ја разнишаа репутацијата и на смртта. Така што и за неа денес може да се рече дека веќе не она што некогаш беше! Од

друга страна, репутацијата на водената облога е сѐ уште беспрекорна, зашто не е регистриран ниту еден случај во историјата на Холивуд, раната да не помине веднаш и без трага – веќе во следните неколку кадри – и тоа повреда што настанала од преминување на тенковска гасеница преку глава, од експлозија на граната од базука во градите или друга повреда од слична магнитуда. Тајната на лекот е што ладната облога мора да биде аплицирана од страна на заљубена учесничка во секогаш вистинската филмска приказна, која емпатично трепка со очите за време на применувањето на универзалниот иљач. Како и да е, ниту еден од овие најефикасни лекови за сите животоопасни ситуации, не беше употребен за лекувањето на македонското општество од болеста од коешто умира: од метастазираната малигна вмрома. Но, дали е така?

Ми зборуваат добронамерни луѓе дека моите писанија изгледаат така како да не сум забележал дека власта е сменета, и, дека не е ред и понатаму да ја критикувам ВМРО кога, кутрата, се пати во опозиција и тешко и засипнато дише во најфашистичкото седиште на една политичка партија во Европа, не можејќи да се мрдне ни влево ни вдесно од страв да не и се измкне некој милион од петте милијарди украдени евра на коишто седи како квочка на јајца. Дека еден слободен мислител како мене мора секогаш да ја критикува власта и само власта, а не кревката и сиромашка опозиција! Но, јас, почитувани читатели, тоа бескомпромисно и го правам: во сите мои ноќни анализи, ламентации и други писанија, постојано ја критикувам сегашната власт! И, тоа, упорно и досадно ја критикувам за трите најголеми грешки што таа веќе ги има направено, ги прави сѐ уште, а, гледам, има намера да ги прави и натаму.

И да не должам, тие три наајголеми грешки се: 1. што не ја демонтираше фашистичката власт на ВМРО од институциите на државата, 2. што не создаде и не презентираше вистинска антифашистичка програма врз основа на јасна  социјалдемократска идеологија што злосторите и светогледот на вмровската власт идејно и моралновредносно ќе ги осудеше и ќе ги испратеше на гробиштата на историјата, 3. што усвои темелно погрешен концепт на преземање на власта – инаку, наметнат од владеачите на планетата: САД, НАТО и ЕУ – концепт на државно-функционален, правен, економски и културен континуитет со фашистичката држава на ВМРО, наместо политика на тотален дисконтинуитет со наследството на мафијашко-партиската власт, 4. што – исто така на инсистирање на меѓународната заедница – проблемот на демонтирање и кривична одговорност на фашистичката држава на ВМРО го сведе на судско гонење на неколкуте раководители на мафијата, и, наместо да им даде амнестија на луѓето, а да биде безмилосна кон нивните злостори, кон нивните фашистички инсталации, кон самата злосторничка организација, кон нивната фашистичка зграда, и нивните фашистички споменици, згради и фасади, што од темел го сменија македонскиот национален идентитет, и од нас направија нација на кретени, (уште сум под 4.?), да, наместо правда за злосторите односно за жртвите, власта се одлучи токму за спротивното: за судско гонење на врхушката и за масивна амнестија на сите злостори на фашистичката држава на ВМРО, на партијата, на украдените пари и изградените споменици чијашто единствена порака е дека ВМРО е уште на власт и дека „сите сме ВМРО“, и, на крајот, под 5. што не ги мобилизира најдобрите во Македонија, сите што се најдобри во своите струки, да го пресоздадат и заменат

малоумното и тешко криминализираното фашистичко законодавство коешто е сè уште на сила, и се спроведува и понатаму во идилична тишина. Стасав до пет?.... тоа е затоа што скратив седум.

Лекувањето на македонската смртна болест со холивудско влажно крпче, по препорака на сонувачите на либерално капиталистичкиот сон, е засновано на нереални и дури апсурдни претпоставки: дека ВМРО може да стане конструктивна опозициска партија; дека ВМРО може да биде дел од решението на проблемот што самата го отелотворува; дека каква било политичка отстапка што ќе и се направи на ВМРО, може да помогне во нејзиното вразумување; дека е воопшто можно да се преговара со ВМРО за што и да е друго освен за остварување на нејзините партикуларни партиски, мафијашки и лукративни интереси, и уште многу други заблуди. Тажните постреферендумски „преговори" со оваа општествена болест – а не партија – ќе покажат не само дека се губење на скапоцено време, туку и дека по секоја фаза разговори со ВМРО и по какви и да е отстапки и политички подароци што им се даваат за да се „стават в ум", Македонија излегува послаба, пофалична, со помалку време и можности пред себе, и – најтажното од се - со помалку надеж.

# ПИРОВИ ПОБЕДИ НА ПАТОТ ВО ЕВРОПА

**20.10.2018**

> ВМРО е смрт за Македонија како што филоксерата е смрт за виновата лоза.

Повеќе од четири илјади денонокија македонското општество трпеше порази од мафијашката партија-држава на ВМРО. Оваа епска трагедија го испразни нашево напатено земјиче од неговите најважни и бесценети блага: од младината што избега од земјата, од културата на солидарност и соживот, од моралните вредности и од надежта за подобра иднина. Материјалните траги од овие порази денес како отворени гнојни рани ни го дефинираат идентитетот. Нашата престолнина стана светски позната депонија на најгротескниот архитектонско-скулпторален кич од кој еманира свежа реа на вмровскиот фашизам. Ние, поданиците на „заробената држава", со чиишто пари е изградено ова чудовиште, го

носиме „Скопје 2014“ како личен белег со кој се препознаваме во целиот свет како нација на кретени, што во сопствената земја не можат да го одбранат ниту своето културно наследство, ниту сопствената историја, а ниту пак консензусот околу основните факти за своето постоење. И, конечно но не и последно, земјата е сурово ограбена од мафијата на ВМРО, а институциите на државата се сè уште потполно декапацитирани и дисфункционални.

Сепак, со здружени граѓански и политички сили и со значителна помош од нашите пријатели од странство, успеавме да оствариме изборна победа над режимот, тенко парламентарно мнозинство и нова извршна власт, што почна да реди и други победи над огромното метастазирано мафијашко-партиско чудовиште на ВМРО. Кое, се разбира, беше само нежно, козметички обезглавено, но не и победено, не и демонтирано. Најголемата победа на новата власт беше неочекуваното и запрепастувачки елегантно и брзо решавање на заложничката криза што ни ги затвораше вратите во евроатлантските интеграции. За сите овие победи таа плаќаше висока цена, зашто власта ја презема под услови што од самиот почеток се покажаа како неодржливи: услови кои диктираа дека власта треба да ја третира злосторничката партија ВМРО како легална опозиција, дека во државната администрација не треба да замени ниту еден државен службеник, дека не треба да го „дразни“ фашистички ориентираното население со расчистување на архитектонските фекалии од центарот на престолнината, дека не смее да направи генерален реизбор на судии и обвинители, дека треба да го одржува правниот и фискалниот континуитет по сите бразди што ги заора претходниот криминален режим и

дека промената на до малоумност нефункционалното законодавство треба да се менува полека, рака под рака со злосторничкото здружување како легален и легитимен политички опонент и партнер.

Затоа, сите овие победи што ги нанижавме во битката со вмровското зло, до тегобност несопирливо ме потсеќаат на веќе пословичните Пирови победи пред 23 века. Се сеќавате, почитувани читатели, нели? Кралот Пир од Епир, успеал да влезе во историјата славно победувајќи во две битки против Римјаните, во битката на Аскулум во 279 п.н.е. и една година подоцна, во битката кај Хераклеа. Но, историјата не го памети Пир поради победите над тогаш растечката римска воена моќ, туку поради зборовите што ги изговорил по победите. Според Плутарх, тие зборови биле: „Ако ги победиме Римјаните во уште една битка, ќе бидеме потполно уништени.“ Пир всушност ја коментирал огромната цена што ја платила неговата армија за добиените битки: губитокот на 15 000 војници, поголемиот дел од активната војска, и погибелта на скоро сите Пирови команданти и пријатели, што веќе на никаков начин не можел да ги надокнади. Така Пировата победа за сите времиња стана синоним за победа која повеќе личи на пораз, зашто според жртвите што се дадени за неа, во ништо не се разликува од него.

Цената што Македонија и ја плаќа на ВМРО веќе сега ги претвора во Пирови победи сите досегашни и идни нејзини победи на патот кон геополитичката безбедност и безусловното меѓународно признавање. Зашто, самата политика на континуитет и признавањето на ВМРО-ДПМНЕ за легална партија и активна опозиција, практично значи комплетна амнестија на злосторничката партија за сите злостори што ги сторила како кри-

минална организација – како и мафијата, и како и сите фашистички партии – кога се поистоветила со народот и државата, ги заробила и злоупотребила, и потем ги ограбила и уништила. Општата амнестија што е безгласно но безусловно прогласена над целото ова злосторничко здружување, ги поништува и суштински и практично сите можни победи на патот кон Европа. Донесените измени на законот за влада, на пример, во кои моделот на таканаречената „пржинска влада“ стана општа норма за сите избори, се можеби најгротескниот пример за самоуништувачката димензија на нашите „победи“. Со овој самоубиствен политички подарок практично се легализираше деценискaта злоупотреба на власта од страна на ВМРО, односно таа стана моралниот, политичкиот и правниот стандард за сите идни влади, без оглед што тие можеби нема да посегнат ниту по делче од монструозните злоупотреби на вмрото.

Но, да се разбереме, почитувани читатели, не ни помислувајте дека чувствувам омраза кон ВМРО: јас дури не ги сметам ниту за виновни за злочините што ги сторија! Тие се смрт за Македонија како што филоксерата е смрт за виновата лоза, како што тоа за компирот е компировата златица или како што за човекот е вирусот на еболата: тоа се штеточини во чиишто гени е запишана смртта на нивниот домаќин. Не се тие виновни, туку сите оние што не ја препознаваат природата на вмровското Зло: нашите ментори од меѓународната заедница и ние останатите што ги оставаме да уживаат во амнестијата, ушушкани во купот украдени пари, во украдената Куќа на фашизмот, пред која жубори украдената јавно-партиска фонтана со еректираниот јавно-партиски споменик среде неа.

# ПОВТОРНО САМИ СО ВМРОВСКИОТ ФАШИЗАМ

**27.10.2018**

> Не треба да нè залажува фактот што меѓународната заедница застана на македонска страна во нашата борба со домашниот мафијашки фашизам.

Едно Галупово истражување спроведено во 2012 година во Соединетите Американски Држави, покажа дека само 15 одсто од возрасните Американци ја сметаа еволуционата теорија за кредибилна и мислеа дека човекот се развил по пат на природната селекција како што ја опишал Чарлс Дарвин. 32 одсто беа убедени дека е можно човекот да се развил од некои претходни организми низ милиони години, но дека со тој процес без сомнение управувал господ Бог лично, а дури 46 одсто веруваа цврсто дека човекот настанал токму така како што пишува во Светото писмо, со волјата и чинот на нашиот Создател, некаде пред 6.000 години. Резултатите од подоцнежните истражувања на истата тема недвосмислено

покажуваат дека се зголемува бројот на луѓе во земјата „лидер на слободниот свет“ што не верува во најважната научна парадигма што видот Хомо Сапиенс успеа да ја изнедри како доказ дека го заслужува своето презиме. Јасно е дека земјата „лидер“ забрзано заглупавува и веќе сега – според објективни показатели – ја зазема водечката позиција како најглупава во развиениот свет.

Слични истражувања се направени последниве години и во земјата од која потекнуваат сите бели надлуѓе на планетава – Македоња Вечна, а резултатите ја кренаа на нозе научната заедница. Возбудата настана особено поради фактот што земјата „колевка на човештвото“ покажа резултати што во глупоштија сериозно ги загрозија лидерите во дисциплината, до таа мерка што се претпоставува дека интелектуално и когнитивно Вечна е толку успорена во развојот што како да останала во колевката од која го „кренала“ целото човештво. На прашањето за потеклото на човекот дури 46 одсто од припадниците на библискиот народ оговорија дека се убедени оти „он“ бил со македонско потекло, и дека настанал во античко време, пред 65 милиони години, и тоа како православен христијанин. Повеќе од 90 отсто од испитаниците се изјаснија дека се од православен происход, дека верата ја темелат на тоа што ќе го чујат додека се возат со автобус, а Светото писмо го прочитале точно 0,0000000000000016 одсто од учесниците во анкетата. Заклучоците од истражувањето во врска со верувањата на етничките Македонци кои убедливо испредњачија пред Америте како најглупава нација, се крајно контроверзни: иако со докажано најспор умствено-интелектуален развој, натпреварувачите од Македоња Вечна во последната деценија покажале убедливо најголемо забрзување на процесот на самозаглупавувањето!

Настрана од шегата, неспорен факт е дека верувањата и религиите секогаш биле во тесна релација со базичните претпоставки за начинот на кој човечките општества ја обезбедувале егзистенцијата, политичките уредувања и аспектите на самоспознавањето. Така, најстарите номадски култури во палеолитот, одгледувале анимистички верувања, во кои сите географски места - планините, реките и карпите по кои се движеле ловците-собирачи, како и сите растенија и животни што го чинеа нивниот свет, биле живи, со имиња и душа, во секој поглед рамноправни со човекот. Оваа рамноправност е укината во многубожечките неолитски култури, и тоа на штета и на припитомените домашни животни и билки, но и на големото мнозинство на луѓе, кои со специјализацијата на работната сила и вертикалната структура на старите кралства, останаа на дното на општествената хиерархија. Монотеистичките религии – јудаизмот, христијанството и исламот, го одвоија човекот во потполност од природата и му подарија душа, и тоа бесмртна душа, но само за да ја стават во рацете на единствениот и застрашувачки Бог. Затоа процутот на монотеистичките вери настанал по згаснувањето на античките демократии и живописните многубожечки заедници, а златното доба на монотеизмите - кога од човекот се барала апсолутна потчинетост на „цара и бога", се совпаѓа со темниот среден век и апсолутистичките царства што произлегоа од него. По просветителството и научната револуција пред три века, човештвото влезе во модерната ера кога почна да им верува на фактите што ги испорачува науката, а божјите чуда станаа технолошките пронајдоци и индустриски производи: човекот стана бог и апсолутен господар на природата. Со воздигањето на човекот и човечкиот живот на пиедесталот на највисоките вредности – по-

рано резервирани само за божествата, покрај верувањето во Дарвиновата еволуциона теорија, се еманципираа и воспоставија и модерните хуманистички вредности: слободата, еднаквоста, солидарноста, човековите права и современата демократија.

Зошто беше потребен овој ролер-костер низ милениумите, ќе се запрашате, почитувани читатели? Само за да укажам дека историската поврзаност помеѓу верувањата и општествено-политичките системи - факт секому познат уште од основно училиште – стана предвесник на злото што ѝ се заканува на иднината. Од аспект на оваа зловеста релација, планетарното разочарување и раскрстување со модернизмот, како и враќањето кон потрошените и обезсмислени религии од минатото, не укажуваат само на очигледниот историски регрес и заглупавување на човештвото, туку и на евапоризација на вредностите на сободата и еднаквоста на луѓето, принципите на човечките права и солидарноста и сите квалитативни културни придобивки на модерното доба. Застрашувачкото растење на движења за коишто сè уште се употребуваат еуфемизми од типот на „десничарски популизам“, „антиглобализам“, или „идентитетски“ или „антимиграциски“ атрибути, не се ништо друго туку новото историско појавување на фашизмот.

Затоа, не треба да нè залажува фактот што меѓународната заедница застана на македонска страна во нашата борба со домашниот мафијашки фашизам. Причините за оваа меѓународна помош не се од идеолошка, а уште помалку од антифашистичка природа: тоа се случи поради совпаѓањето на геополитичките интереси. А, кога тие ќе се исполнат, доколку во меѓувреме не расчистиме одлучно со него, ние повторно ќе си останеме сами со вмровскиот фашизам.

# ЗА СВЕСТА НА МАКЕДОНСКИОТ СТАОРЕЦ

**03.11.2019**

> Мафијашки режим ја обезбедува најстабилната психосоцијална состојба на свеста: душевниот замор и апатија, меланхоличниот нихилизам и атмосфера на долга, тивка и убава смрт - како од хипотермија.

Дека човекот не е единственото суштетство со свест на планетава – инаку, предрасуда што од искона ни служи за оправдување на „природното“ право да ги убиваме сите други живи суштества за храна, облека, граѓа, профит или друг ќеиф – веќе постојат премногу докази, но еден од најспектакуларните е експериментот со стаорците во развојните лаборатории на фармацевтската индустрија. Така, барајќи хемиска супстанца што ќе послужи како лек против клиничката депресија, корпорациите одамна сфатиле дека луѓето и сите цицачи имаат практично иста невролошка подлога од која се генерира свеста во мозокот, а доказ за ова богохулие е самиот факт што антидепресивите се пронаоѓаат и тестираат токму

на стаорците! Елем, главораспрснувачкиот експеримент со стаорците оди вака: земате сто стаорци и секој од нив го ставате во засебен висок стаклен сад наполнет до половината со вода – доволно длабока за стаорецот да е далеку од дното и доволно под работ на садот, за да не може ниту теоретски да го дофати. Сите стаорци реагираат практично исто: првин се мачат залудно да се искачат по стаклените ѕидови на садот и да се измолкнат од водата, но по безмалку точно петнаесет минути паѓаат во очај, престануваат со обидите да се спасат и продолжуваат рамнодушно да плутаат на површината на водата. Сите, без исклучок, лежат во водата со раширени и опуштени екстремитети, со кренати муциња над водата, како живи лешеви што апатично дишат во безнадежта што ги обзела, со еден збор – токму така како што прават луѓето во слични трагични околности.

Но, експериментот не завршува тука, почитувани читатели: најневеројатното допрва следува! Во продолжение на експериментот, се зема нова стотина стаорци што не го доживеала траорното искуство на претходната група, и се ставаат во садови со вода – исто како и нивните другари – но, овој пат, по четиринаесет минути, значи само една минута пред да паднат во очај и апатија, се вадат од водата. Стаорците потоа се сушат, хранат и одмараат доволно долго за да се оправат од психолошкиот шок што го преживеале, и потоа повторно се ставаат во вода. И, тука се случува невозможното! Сите стаорци – или најголемото мнозинство, да бидеме прецизни – во вториот обид пливаат и гребат по стаклените ѕидови цели дваесет минути пред да паднат во очај и да почнат безживотно да плутаат!? Неверојатно! Реакцијата на стаорците е практично идентична со онаа на луѓето: тие

имаат меморија, искуствена анализа на настаните и интенционална свест, заедно со сите емоционални состојби потребни овој свестен механизам да се покрене. Додатните шест минути активна борба за спас на стаорците им беше обезбедена со јасното искуство дека борбата се исплати и дека со продолжена упорност се обезбедува спасот (во форма на раката на Спасителот). Надежта е таа состојба на свест што ги одржува во живот и ги мотивира да издржат подолго во борбата за преживување и стаорците и нас, луѓето!

Додека го читав описот на ова траорно стаоречко житие кај Харари, порој мисли и слики ми ја заплиснаа свеста: влегов во кожата на лабораторискиот стаорец, го осетив и неговиот дамар, додека залудно гребе по стаклените ѕидови, но и неговиот очај што моментално преоѓа во индиферентност... и сфатив дека тоа не е емпатија, туку повеќе пати доживеано, лично искусено чувство. Најинтимниот шок од тоа емпатиско дежаву е сеќавањето на божественото олеснување што се чувствува по треморот на борбата и препуштањето да те обземе заслепувачката убавина на смртната рамнодушност, на апсолутното помирување! Како да лежиш на песок или плуташ на површината на мирно море, лесен, опуштен, без мисла и грижа, а свеста ти ја исполнува заслепувачката белина од сонцето, што моќно и несопирливо ти продира низ очните капаци... Кој не се сеќава на тоа помирувачко олеснување кога ќе се откаже од полагање испит, кога случајот ќе му „помогне“ да не одлучува за нешто важно и суштествено за неговиот живот? И, колку ни беше лесно кога сите топтан се откажавме од слободата?

Всушност, овој фантастичен експеримент со стаорците ги објаснува и неврофизиолошките и психолошките ос-

нови за однесувањето на луѓето во тоталитарни општества. Стабилноста на апсолутистичките режими во историјата, практично се должи на состојбата на свест што е дефинирана со губитокот на надеж, односно со нормализацијата на индиферентноста и рамнодушноста. Излегува дека најкорисната работа што режимот на ВМРО ја направи во онаа мрачна деценија за уцврстување на својата криминална власт, е што ги втера македонските граѓани во безнадеж. На тој начин еден тоталитаристичко мафијашки режим ја обезбедува најстабилната психосоцијална состојба на свеста: душевниот замор и апатија, меланхоличниот нихилизам и атмосфера на долга, тивка и убава смрт - како од хипотермија.

Но, ние Македонците ги обединуваме искуствата од двете групи на стаорци во експериментот: ние плутавме цела деценија смирено прегрнувајќи ја вмровската смрт, за пред година и кусур да бидеме извадени од лабораторискиот стаклен сад, потоа осушени, нахранети и повторно пуштени во вода. И, бидејќи во стварноста не се можни контролираните лабораториски услови, македонскиот стаорец, за жал, погрешно го разбра експериментот изведен врз него: наместо отворениот пат кон Европа и своето спасување од сигурното давење, да го искористи како мотивација за продолжување на борбата за обезбедување на сопствената иднина, тој продолжува да плута на површината, со тапа рамнодушност чекајќи Вишата Сила да ги одработи длабинските реформи што му се неопходни на македонското општество. Наместо со оставање на избраните да го решат техничкото прашање со уставните измени и преокупација со вистинско чистење на земјата од контаминираниот вмровски отпад и со пресоздавање на законите, реформирање на

институциите, менување на обрасците на однесувањето и состојбата на свест, ние, будали, плутаме мирно на грб опружени по површината на вмроизираната нормалност, со муцките сантим над водата, и се бавиме со тоа што рекол некој безначаен мицко или друг вмрон, или дали волот потпишал или не, а ако не, дали тоа било кривична или политичка одговорност и други трици и кучини.... Аман, до кога?

# КРЕТЕНИ ВО СОВРШЕН ВМРОВСКИ КОСТУМ

**10.10.2018**

> Кретенското оделце и уште поглупавото недоветно тетеравење упорно ги носиме со себе, каде и да одиме.

Елем, дава нашиот јунак штоф на шнајдер, договара кројка – костумот да е „уз тело“, оди редовно на проби, и на крајот оди со детско решение од кај кројачот да излезе облечен во новото оделце и во помин да продефилира и да ја заблесне чаршијата. Упаѓа внатре – кројачот го чека со костумот в рака и со горда мајсторска насмевка, го облекува и застанува пред огледалото. Гледа: едната нагавица покуса! Што е ова, мајсторе, прашува, а овој му објаснува: Види сега, тоа ти е оти не стоиш рамно, туку поткрени ја и подвиткај ја малку ногата и се ќе дојде во ред. Прави нашиот јунак како што му е кажано, и стварно: во новата позиција ногавиците изгледаат како што треба. Се потсвртува да погледне отпозади, кога таму се

затега укосо брчка преку целиот грб!? Каква е оваа брчка позади, мајсторе, па уште и ме затега? А, немај гајле за тоа: требаш само да го подигнеш левото рамо малку..., и да го потсвртиш вратот, ете така, и – гледаш? – ја нема веќе брчката, сугестивно го опслужува мајсторот. И, така – да ја скратам приказната – на секоја фалинка на костумот, мајсторот виртуозно му го подместува телото на нашиот јунак, до завршната глетка во огледалото, кајшто веќе нема што да му се забележи на кројачкото ремек-дело. Плаќа поштено нашиот јунак за услугата и излегува директно во чаршија како паун да се пофали со своите нови перја. Проаѓа покрај првата кафеана, строго внимавајќи да ги испочитува сите позиции и движења на телото што мајсторот му ги кажа, со недоветно поскокнување и подвиткување на ногата, со подигнато рамо и потсвртен врат и сите други згрчки, го здогледуваат првите двајца што седат на маса и едниот му коментира гласно на другиот (во оригинал): „Пази кретена, ал свака част: одело му је ко саливено!!

Вицот е толку стар, почитувани читатели, што она „пази кретена, а одело му ко саливено“ стана веќе идиом ширум земјите од некогашната југословенска федерација. Решив да ви го прераскажам затоа што на најдобар начин ги илустрира последиците од состојбата на свест и обрасците на однесување што одбиваат да ги препознаат и признаат сторените грешки, и наместо да учат од нив и да се потрудат да ги исправат во следниот обид, тие упорно ги маскираат со повторување - демек, тоа не биле грешки, туку така требало да биде! И, така се додека токму грешките не станат нивниот нов идентитет, и нивната вистинска природа. Политиката на јавно и демонстративно повторување на грешките, па дури и нивно

нормирање од позиции на власт, беше основната карактеристика на децениското владеење на ВМРО, а гледаме дека тој образец на однесување ги карактеризира чуварите на вмровскиот „свети грал" и ден-денес. Тоа сега не би го привлекло моето внимание, а уште помалку би ме загрижувало, да не согледувам – во ужас! – дека психологијата на одбивање да се признаат грешките, што од темел ја онеовозможува нивната корекција, стана, со тек на ѓаволското време, што ли, колективна карактеристика на библискиот народ, еден вид нов идентитет што е составен не само од нормализација на грешките, не ниту само адаптација кон нормалноста на нивнотот перзистентно изопачено постоење, туку вистински колективен идентитет, природа, менталитет. Ние, всушност, ги одгледуваме грешките што ги направивме и што ги правиме како да се наше најбесценето културно богатство, како наша суштина, душа, традиција и арматура на зданието на нашето самочувство!

И повеќе од тоа: леснотијата и тишината, блескавата егзекутивност, самодоверба и гордост со која ги правевме – или го дозволувавме правењето на катастрофалните грешки во минатата деценија, и воедно несовладивата инерција, дури активен отпор, нешто како стаписаност предизвикана од табу, кога денес треба да ги исчистиме гомната што сме ги расфрлале по сопствената култура, по сопствениот јавен простор, и подлабоко – по сопственото самоспознавање, укажува дека обрасците на однесување усвоени во деценијата на владеење на партиско-мафијашката диктатура на ВМРО, ги усвоивме како нормалност со која сме решени да буткаме и во незнајната иднина. Тоа што поминувајќи низ светот со новоскроеното вмровско оделце, предизвикуваме уни-

сони реакции на нормалните набљудувачи од планетарната чаршија: дека сме кретени со оделце ко солиено (во стиропор!), тоа очигледно веќе не ни пречи, доколку некогаш воопшто и ни пречело.

Зашто, доколку ужасот на „Скопје 2014“, кој активно нè идентификува како нација на кретени, не само што не ни пречи на вкусот, не ни ги навредува сетилата, не ни мириса на канализација, туку не го навредува ни нашето достоинство, ниту пак нашата морална интуиција, тогаш тој товар гомна во центарот на престолнината навистина нè репрезентира! Нема друга: леснотијата со која тетеравиме со недоветно подрипнување, со свиткана лева нога, малку подгрбавени и со извртен врат, е очигледен доказ дека не само што нашата појава не ни пречи, не само што одвратно скроеното франкенштајнско оделце не го доживуваме како лошо, туку напротив – тераме гордо напред, утврдувајќи ја со време сопствената кретенизација како вроден „со векови“ граден идентитет за кој „не се преговара“ и за кој веќе ниту сакаме да правиме муабет.

Та иако успеавме да се ослободиме од хегемонијата на вмровската глупост и, еве, чекориме низ коридорот на славата во меѓународните и геополитичките односи, кретенското оделце и уште поглупавото недоветно тетеравење упорно ги носиме со себе, каде и да одиме. И, доколку не сфатиме дека грешките за една рационална човечка цивилизација постојат само како поука за корекција на состојбите и однесувањето, кретенското оделце и мизеријата на сопствената глупост ќе бидат единствените културни придонеси на нашиот пат во Европа.

# СКАСКА ИДИОТ ШТО ЈА РЕДИ

**17.11.2018**

> „Тоа е скаска идиот што ја реди, / Полна со врева и јарост бесна, / Што не значи ама баш ништо.“ (Шекспир, Магбет)

Како човек да ја опише апсурдната јавна опсесија со бекството на Груевски, што громогласно се тркала по библиската земја, а и пошироко, по балканската рељефна збрчкотина, се до Панонската низина, а да не посегне по генијот на Шекспир? Вака очајниот Макбет ја опишува бесмислата на македонската јавна, политичка и општествена сцена, искажана низ мојот слободен превод, да не речам препев:

„Македоња е само една сенка што мрда,
Невешт глумец што мигот на сцена
На мафтање и прчење го троши,
А потоа без трага ќе го снема.
Тоа е скаска идиот што ја реди,
Полна со врева и јарост бесна,
Што не значи ама баш ништо.“

Но, ќе речете, распаметениот Магбет не го спомнува зборот „Македоња“ туку „животот“, но зарем тоа за нас, жителите на Вечна не е исто? Како човек во оваа рапсодија од глупост и бесмисла да се фати за рационална мисла, како да препознае што е добро, а што не е; како, по ѓаволите, да се препознае што навистина е потребно и што е неопходно да се прави во оваа проколната вукојебина, кога најважна работа на светот ни стана бекството на еден криминалец преку граница?!

И, зарем е бество на Груевски најстрашната работа што и се случи на земјава: демек, конечно видовме дека „нешто има труло во Македоња Вечна“, дека некои работи се случуваат вон Уставот и законите, дека некој треба да „понесе одговорност“, и, сиот тој пискот заради едно бекство на осуден криминалец? Ајде тогаш да се потсетиме на некои неважни трици од периферниот вид на нашата стварност, на некои маргинални појави што не го вознемируваат нашиот нервен центар за правда, уставност и законитост ни колку милионити дел од скандалозното бекство што го ниша од темели кревкото македонско постоење. Да почнеме со првото:

1. Партијата ВМРО-ДПМНЕ, што пред деценија и кусур воведе мека фашистичка диктатура, го собори уставно-правниот поредок, ја ограби земјата за повеќе милијарди евра народни пари, ја уништи животната средина за векивеков, го уништи македонското самопознавање и култура... и што се не. И, наместо да биде избришана согласно законот од регистерот на партии, и наместо да одговара политички, кривично и материјално како злосторничка организација, таа е легална и легитимна опозициска партија што ужива во својот партиски кварт што го украде, во белата Куќа на фашизмот

што ја украде, на украдена државна земја, со украден плоштад и украдена фонтана (и одвратни канделабри што од тежина и срам ќе го пробијат украдениот гранит под нив). Меѓутоа, тоа никому не му пречи спокојно да си го живее животот?

2. Партијата што ја „зароби државата“ и го злоупотреби целиот државен апарат, сите институции, „слободните медиуми“ и „реалниот сектор“ во лажирање на сите изборни циклуси од своето владеење, вклучително и изборите од 2016 година, (да не го спомнувам и априлскиот државен удар), со куп нелегални пратеници сè уште го сочинува врвното законодавно тело на државата, та со нелегални пратеници го обезбедува „легалитетот“ на парламентот. Не забележав дека тоа некому му го зема сонот.

3. На местото на претседател имаме криминалец избран со злоупотреба на „заробената држава“, што како баронот Владимир Харконен од Хербертовата Дина, левитира во својата резиденција на Водно, подналуен од пликови и од сопствените гасови и глупаво арогантно го крши Уставот, ги крши законите, потпишува аболиција според непостоечка законска одреба, ја злоупотребува должноста што согласно Уставот мора да ја врши... и ништо!

4. Тоа што иљадуте неправни, неуставни и малоумни закони што фашистичката партија-држава на ВМРО ги донесе и ги менуваше и изопачуваше цела деценија, се сè уште на сила, и целата државна администрација и сите ние ги браниме и почитуваме како да се Свето писмо; тоа што глумиме правна држава правно спроведувајќи криминални закони, тоа цела година и кусур од преземањето на власта уште не предизвикива констернација во јавноста?

5. А, тоа што обидите да се обезбедат правни услови за промена на законодавството, и да се подготват реформски закони што ќе го вратат правото, разумот и рационалноста во земјата, се опструираат од страна на моќната државна администрација и институциите, истите оние што ја чинеа „заробената држава“, и тоа од позиции на вмровското статус кво... тоа, претпоставувам, не може да се пласира ниту во ќошињата од јавниот медиумски простор.

6. И, конечно, за да не ми замерите дека одамна не сум го спомнал: тоа што ужасот на криминалната и фашистичка творба „Скопје 2014“ не пречи веќе никому (освен на неколку осамени гласови), и, наместо да се сруши и како градежен шут исчисти од градот, ние ги напрегаме своите два неурона за мислење да изнајдеме „креативен“ начин споменичното и архитектонското зло да го „разубавиме“ и легитимираме?!?

Алооооо, господа фром Македоња, имаме многу поважни работи за мислење и работење отколку што е тоа општата врева и јарост бесна поради бекството на Груевски! Таа скаска што идиот ја реди, не значи ама баш ништо!

# МОНТИ ПАЈТОН СРЕДЕ ВОДЊАНСКА!

**24.11.2018**

> Административната декапацитираност ја негуваме како културно наследство!

Во далечните и веќе заборавени деведесетти, новоформираните локални власти на градот Скопје (на првите избори за градоначалници, есента 1996) излегоа со најамбициозниот инфраструктурен проект што можеа да го замислат: проширувањето на улицата „Водњанска“ и нејзиното претворање во современа колекторска сообраќајница со два коловоза. Во тоа време „Водњанска“ беше калдрмисано џаде со коловоз неполни шест метри широк, со релјеф како во долината на Сома 1916 година и со несовладлива сообраќајна затка низ којашто требаа секојдневно да минат амбулантните возила, претседателската и премиерската колона, странските гости и уште илјади заболени, загрижени и задишани Скопја-

ни. Проектот со филмска брзина го оствари моќното градежно претпријатие „Гранит“, а современиот булевар беше со зурли и тапани свечено пуштен во употреба по само една година.

Во ритамот на тапаните, разбира се, никој не посвети внимание на еден детал: имено, дека улицата не е завршена и дека во никој случај не смееше да се пушти во употреба, затоа што една стара куќа остана да се издига од самиот коловоз, пресекувајќи го тротоарот така што сите пешаци мораат да се изложат на смрт одејќи по автомобилската површина на булеварот! Согласно законот, градските власти мораа да го експроприраат објектот, да го обесштетат сопственикот, да го урнат старото здание и да ја обезбедат законската, сообраќајно техничката, градежната и безбедносната исправност на булеварот. Кој се го прекрши законот, со пуштањето во употреба на незавршениот, небезбедениот и незаконскиот булевар? Нема кој не: општината, градот, владата, инспекцијата, полицијата, обвинителството, и, на крајот сите ние што молкум поминуваме покрај стапицата што трпеливо ја чека својата прва фатална жртва.

Како реагираше македонската вековна цивилизација во дводецениското „решавање“ на проблемот на смртоносната „Водњанска“? Како и за се друго: наместо да го разреши проблемот од неговиот корен – да го експроприра објектот и да го урне, за да ја изгради сообраќајницата во полн профил – секоја власт проблемот го сметаше за наследен и импровизираше во маскирањето на неговите симптоми. Првин се ставија некакви бетонски жардинери, кои требаше да го „обезбедат“ движењето на пешаците по автомобилската лента, за на крајот од импровизациите, градот – наместо да го реши проблемот

– го нормираше и го нормализираше за век и веков: го исшпарта со бела хоризонтална сигнализација - „се ѓоа по пропис“, и нареди среде коловозот столбчиња што се ставаат на тротоари! Како целата наша милениумска, безбели вечна цивилизација да е креирана во Летечкиот циркус на Монти Пајтон! Наместо да ги решаваме проблемите, ние ги нормализираме и ги претвораме во баналност, во нешто наследено, непоправливо и беспредметно, во нешто што тивко почнува да го сочинува нашиот идентитет, нашата посебност и вселенска неповторливост. И, денес, згора на целиот зловестен циркус, градбата среде тротоар работи турбо, а наместо хамбургери, гледам, конечно се сместил вистинскиот бизнис: погребно претпријатие, со излог среде сообраќајниот профил на булеварот! Ниту Џон Клиз и другарите не можеа да го смислат тоа подобро!

Но, приказната за зградата среде модерниот булевар, е приказна за нашата потполно нарушена политичка, правна, општествена, културна и граѓанска свест. На ниту едно рамниште од оваа древна Фаланга на кретени не вирее свеста дека нема наследени проблеми, туку има проблеми што мораат да бидат разрешени и за кои е потребна одговорност, решителност и компетентност тие да се решаваат! Како никој да не сака да разбере, во оваа „вековна“ државна творба, дека проблемот на „Водњанска“ е одговорност на секоја власт, и дека сообраќајната полиција би морало да ја држи трајно затворена улицата, а зградата среде улицата би морало чим поскоро да биде експроприрана и урната, што значи дека целата држава оманува, сите 20 години и секој секунд од „нормалното“ незаконско функционирање на булеварот. Всушност, таа гротескна импровизација што ја чека својата прва фа-

тална жртва, е вистинската слика за нашата „правна држава“, нејзините перформанси, капацитети и перверзни нормалности!

А, кога ќе падне првата фатална жртва од импровизацијата со столбчињата среде коловоз (досега се кршени и виткани металните столбчиња безброј пати, а „правната држава“ уредно ги исправа и менува), е, тогаш ќе врисне македонската јавност и ќе бара длабинска анализа кои странски разузнавачки служби учествувале во злосторот, која е рутата на бегалецот и колку, по ѓаволите, уште има непријавени Кинези на светот?!? Да, почитувани читатели, приказната за Летачкиот циркус на Монти Пајтон на улица „Водњанска“ е приказна за Вечната Македоња и бекството на Груевски од земјата. И, повторно и упорно, нашето внимание е насочено кон бизарните детали од неговото бекство, како и кон последиците што тој херојски акт ќе ги предизвика.

А, во некоја друга и посериозна стварност би требало да е сосем обратно: не да се бавиме со последиците од состојбите што малоумно сме ги „нормализирале“, туку со нивните причини; не со земјите низ коишто минал, туку со земјата што ја напуштил! Не со способноста на оние што го овозможиле бекството, туку со нашата неспособност да ја смениме состојбата на свест, спомениците на злото и административната декапацитираност што Груевски ни ги остави зад себе, а ние ги негуваме како културно наследство!

# ДЕНОТ КОГА СЕ ЗАПАЛИ ФАКЕЛОТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕПУБЛИКА

**01.12.2018**

> Упорното државно непразнување на 29 ноември е очигледен симптом на длабоката идентитетска дупка.

Седам денес и со тешко срце пишувам, додека низ телово – како низ ѓевгир – ми протекува уште еден сив и влажен, мамурлив 29-ти ноември, уште еден неодбележан и непразнуван роденден..., додавајќи така уште еден годишен нанос тиња врз вистината за потеклото на нашата република, врз сеќавањата за сопственото државно појавување на светската политичка мапа, продлабочувајќи ја така тивко и незабележително, во недоглед, македонската криза на идентитетот. Зашто, државниот идентитет – како и секој идентитет, впрочем – се гради првин од податоците за датумот, местото и околностите на зачнувањето и настанокот на државата, како и описот на нејзините особености во почетокот на нејзиното постоење. Што, се разбира, потоа би требало да се слави и

чествува додека државата постои и додека постои континуитетот на нејзините колективни мемории (од коишто е и изграден нејзиниот идентитет). Конечно, основното значење на зборот „идентитет" е „истоветно", па идентитетот така претставува збирен квалитет на секое поединечно нешто да биде **исто на себе си**. Поради тоа, вистината за раѓањето и родителите би морало да биде непроменливото јадро и на македонскиот државен и културен идентитет, односно националниот идентитет би морало секогаш да биде ист, барем во врска со раѓањето!!

За жал, не е така, зашто упорното државно непразнување на 29-ти ноември е очигледен симптом на длабоката идентитетска дупка што се продлабочува уште од почетокот на нашата државна независност 1991. Дупка, што со помош на тешката државно-партиска идеолошка механизација на ВМРО стана огромна идентитетска јама, видлива и од вселената. Во тој мрачен идентитетски ќенеф, ВМРО повеќе од деценија ги натрупуваше своите историски фалсификати и безумни бладања за тоа кои сме и што сме.

Но, за инает на нашиот заборав, на 29-ти ноември 1943 година – сред најголемата од сите војни! - во босанското Јајце, се одржа Второто заседание на АВНОЈ – Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Југославија, на кое ова тело се прогласи за носител на сувереноста на новата југословенска федерација, за врховно законодавно претставничко тело на сите југословенски републики и народи. Токму во Одлуката број 3 на Второто заседание – за прв пат во историјата на светот! – во еден државно конституционален документ се уредени македонската држава и македонскиот народ како посебен државотворен национален ентитет, со што 29-ти но-

ември стана роденден и на македонската република и на југословенската федерација! А, ние, и година и пол дена по „ослободувањето“ од вмровската партиско-мафијашка окупација, сѐ уште во списокот на државни празници славиме дузини на неисториски датуми од настани апсолутно нерелевантни за македонската држава, или настани што никогаш не се ни случиле, додека датумот на нашето државотворно зачнување го оставаме незапаметен и непразнуван, препуштен на есенската гнилеж, да исчезнува од супстанцата на нашиот национален идентитет, во рамнодушното и еднолично ромореење на времето?!

Текстов, почитувани читатели, излезе во „Слободен“ пред точно година дена, а денес, со мали измени, безмалку дословно го повторувам, прашувајќи се резигнирано: можно ли е ништо да не се сменило во нашето идентитетско саморазбирање? Можно ли е македонскиот државен идентитет да е неповратно заменет за еден товар сточен измет составен од неподносливи вмровски, малограѓански, простачки и сосем малоумни бладања? Можно ли е веќе да нема Македонци што се сеќаваат на себе си, што се исти со својот вистински историски наратив? Или, јас само се залажувам дека тука постои избор и можност за корекции, а всушност, за време на деценијата тивко но страствено подаништво ние станавме исти со товарот на бетонски, псевдоисториски, стиропорни, учебнички и правнички гомна што го отелотворуваат  нашиот нов вмровски идентитет?!

Но, сепак, што и да сме во овој момент, да се потсетиме дека на 29 ноември 1943 година, кога европскиот континент бил згазнат од најмоќната и најзлата армија што дотогаш марширала по планетата, во средината на тоа

разбранувано и смртоносно фашистичко море, во едно бајковито балканско планинско место светна антифашистичката искра како вселенска супер-нова и најави раѓање на нов слободарски планетарен систем, ја најави југословенската федерација! Вака гласи славната точка број 2 од Одлуката број 3 од Второто заседание на АВНОЈ: „За да се оствари принципот на сувереноста на народите на Југославија, за Југославија да ја претставува вистинската татковина на сите свои народи и никогаш да не стане доминион на која било хегемонистичка клика, Југославија се гради и ќе се изгради на федеративен принцип, кој ќе ја обезбеди полната рамноправност на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, односно на народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина."

Токму врз основа на оваа авнојска одлука, неполна година потоа, на заседанието на АСНОМ е изведено и дефинитивното институционално создавање на македонската Република, што денес ужива во својата независност и сувереност, но, за жал, страда и од тешко ментално нарушување на личноста. Зашто, иако земјава, конечно, зачекори храбро кон својата посветла иднина, таа и понатаму не ги слави и ги препушта на заборав своите вистински родители и податоците за настаните и околностите на своето раѓаање. А, да се разбереме: денот кога се запали факелот на македонската република, во огнениот сноп на југословенскиот државен грб, нема историска алтернатива: тоа се случи еднаш и единствен пат од почетокот на времето, и тоа на 29 ноември 1943 година! Честит роденден, Македонци од сите етнички, верски и идеолошки провениенции, што се сеќавате на својот идентитет!

# ЕСЕЈ ЗА ВМРОТО И КОПРОФАГИЈАТА

**08.12.2019**

> Луѓето ми забележуваат како премногу често ги употребувам „фекалните метафори“. Па да одговорам.

Во повеќе пријателски и несомнено добронамерни критики, луѓето ми забележуваат како премногу често - во овие куси есеи - ги употребувам „фекалните метафори“ за да изразам вредносни судови за вмрото и вмровштината. Овие забелешки секогаш ме затекнуваат неподготвен и изненаден, па мојот одговор наликува на оние на сексуалниот манијак од вицот, на кого сите различни мастилови размачкотини од Роршаховиот тест му личеле на женски полови органи: што сум јас виновиен кога мотивите коишто ги обработувам не само што личат, туку и мирисаат на гомно!? Од друга страна, не сметам дека тоа што ја „хранам со гомна“ историски најштетната појава, што веќе цел век ги убива Македонците и го

уништува македонското, е нешто што може да се нарече политички некоректно. Токму спротивно: мое скромно мислење е дека на копрофагијата (како што јадењето гомна стручно се нарекува) со споредбата со вмрото и се нарушуваат основните права и фекалното достоинство.

Да појаснам. Копрофагијата е појава многу честа кај живите суштества, особено кај животните, и претставува легитимно позиционирање на видот во синџирот на исхраната во секоја биоценеза. И, повеќе од тоа: кај некои животински видови јадењето екскременти од други живи суштества е единствениот извор на прехраната – како што е случајот кај египетскиот симбол на сонцето скарабејот или бубачката лепешкар. А, имаме примери и каде што – додуша пошироко сфатен - изметот длабоко се вдишува за животното да се одржи во живот! Погодивте - тоа сме ние, хомо сапиенсот, што удира шлаканици на своите кучиња миленици кога ќе ги фати како се гостат со измет, и што „хранењето со гомна“ го смета за најдолна работа, што ја прават само свињи и политички непријатели. Но, доколку поимот измет или екскремент го сфатиме физиолошки исправно – како остаток од процесот на исхрана и варење на храната – тогаш ние живееме од специјален вид на копрофагија каде што изметот се вдишува во гасна состојба. Вие повторно погодивте, се работи за кослородот, нашиот роден кислород, без кој за само четири минути ќе умре секое од седумте и кусур милијарди човечки суштества. А, кислородот што го дишеме со воздухот настанал и настанува како екскремент од прехраната на дрвјата и сите растенија и алги, што ја произведуваат својата храна со процесот кој народски го викаме фотосинтеза. Се разбира, од деликатност и политичка коректност, за дрвјата и другите растенија се вели

дека „ослободуваат“ кислород, а не дека го кењаат, но на крајот се сведува на исто: дрвјата произведуваат гликоза (со која се хранат) користејќи ја енергијата од сончевата светлина, јаглерод двеоксид од воздухот и вода, при што за создавањето на еден молекул гликоза се „испуштаат“ шест молекули кислород, како нузпродукт на процесот.

Но, една друга копрофагија што неверојатно драматично се случува - повторно на сметка на дрвјата – е можеби уште подобар пример за легитимноста на овој начин на исхрана. Лисните вошки како едни од најстрвните паразити во животинското царство, се населуваат на листовите од своето дрво-домаќин, и со своите рилки се „приклучуваат“ директно на лисните жилички или капиларите низ коишто тече крвта на дрвото, дрвниот сок пребогат со свежо создадената гликоза. И, бидејќи притисокот на сокот е огромен, а протокот несопирлив, најголемиот дел од гликозата проаѓа несварена низ вошката и излегува од нејзиниот задник како најслаткото и најхранливото гомно во целата шума. Тоа се оние лепливи капки што ќе ве дочекаат на шофершајбната од вашето возило, ако сте го паркирале под дрво што „капе“. Е, тој благословен измет знае да биде најомилената исхрана на шумските мравки: тие оваа шеќерна посластица ја ркаат директно од газот на лисните вошки! Мравките се така „навлечени“ на ова слатко гомно, што со своите пипци ги скокоткаат вошките така што им предизвикуваат пролив, кој, се разбира, шумските мравки го голтаат непосредно од „кладенчето“! Алелуја!

И, како сега да го завршам овој есеј за доблестите на копрофагијата, почитувани читатели, кога толку длабоко се втурнав во тајниот живот на шумата? Како да се вратам назад, до работите на хомо сапиенсот? Можеби есејот за

копрофагијата, што така неконтролирано ми заталка в шума, ќе го вратам на човечката трага преку „случајот“ на шумскиот мед? Да! За љубителите на деликатесниот шумски мед ширум светот, ќе биде особено интересно да слушнат дека медоносните пчели – исто како и шумските мравки – се одушевени од слаткиот измет на лисните вошки, па бидејќи голтањето на цели купови готова гликоза е многу полесно и порационално од копањето по илјадници цветови, економичните пчели го срkaат вошкиниот измет и од него го прават омилениот темен шумски мед! Така човекот влезе во оваа копрофагиска сага, во уште еден говнојадски циклус – овој пат на истата трпеза со шумските мравки и пчелите – зашто, како што реков (а, кој не ми верува, нека прочита во шумската библија на Волебен) шумскиот мед е исцело направен од изметот на лисните вошки, а не од цветовите на шумските дрвја! А, конечно, од каде мислите дека е онаа темна боја, па оној силен вкус и штипкав мирис, што толку ги сакаме, м?

# ПОНИЖУВАЧКАТА ТИШИНА НА САМОЗАБОРАВОТ

**15.12.2018**

> Зошто упорно молчиме за нашата мајка родителка, како да ни била маќеа за чиишто зла што е најдобро да се однесуваме како воопшто и да не постоела?!

Да, си помина неодбележан и непразнуван 29 ноември, едиповскиот роденден на македонската република, а со него – во понижувачка тишина на самозаборавот – помина и 75-иот роденден на втората Југославија, нашата социјалистичка мајка родителка. Да не потсетувам дека два дена подоцна помина и јубилејниот стоти роденден на нашата државотворна баба – првата Југославија, која беше прогласена во сѐ уште жешката повоена пепел, над повеќето од милион свежи гробови, на 1-ви декември 1918 години во Белград. Добро, првата Југославија беше во многу нешта проблематична творба, во која македонската еманципација можеше да се сонува само во илегалност, но не може да и се одрече дека таа ги собра јужните словени – што долга половина милениум претходно беа

распарчани и маргинализирани во двете огромни царства – во една државна граница и, барем во првата деценија, за прв пат во историјата им донесе повеќепартиска демократија, уставна монархија и либерален капитализам од вилсоновски тип, не полоши во замислата отколку што тоа беа и во другите европски земји. И, иако македонштината беше забранета и прогонувана, а државата се претвори во одвратна корумпирана диктатура, првата Југославија е важна за нас не само затоа што ги дефинираше трите од нашите четири меѓународни граници, туку и затоа што за дваесетте и кусур години – колку што траеше – изврши сериозна европеизација на македонската земја под нејзина власт, стопанска, културна, урбанистичка и инфраструктурна европеизација што остана наша трајна детерминанта до ден денес.

Но, на страна со заслужено несаканата баба: зошто толку упорно молчиме за нашата мајка родителка, како да ни била маќеа за чиишто зла што ни ги сторила е најдобро - за нашето ментално здравје - да се однесуваме како воопшто и да не постоела? А, обратната вистината, која е толку очигледна и неспорна што го исполнува целиот светоглед, е дека не само што втората Југославија – социјалистичката творба на Тито и неговите партизани – ја породи македонската држава, туку и ја задои и порасна во најдобрите општествено политички, културни, социјални, економски и геополитички услови што светот ги искусил во целата своја богата историја!? Антифашистичкото движење под водство на Тито и комунистичката партија на Југославија беа практично единствениот самосоздаден победник над фашистичката чума во Втората светска војна, и единствената независна земја победничка над фашизмот, покрај Советскиот сојуз, Ве-

лика Британија и Соединетите американски држави. Целиот свет ни ја признаваше таа победа и ја почитуваше Југославија како еманципаторски светилник што ги инспирираше сите ослободителни и напредни револуции, движења и независни политики за целото време од нејзиното постоење. Социјалистичка Југославија најверодостојно им ги испорача на своите народи и граѓани сите три темелни вредности во кои – од француската револуција до ден денес – се колнат сите демократии на планетава: слободата, еднаквоста и братството!

Понатаму, социјалистичка Југославија им обезбеди на своите граѓани безмалку четири децении на напредок, развој, изградба на стопанството, инфраструктурата, образованието и културата, во услови на дотогаш буквално невидена социјална правда, динамика, слобода на движењето и индивидуална „потрага по среќата". Југословенските експерименти со самоуправувањето, општествената сопственост на средствата за производство, децентрализацијата и дистрибуцијата на уживањето во придобивките од општите добра, се до денешен ден најсериозните и најуспешните примери на социјалистичка граѓанска и работничка демократија што човештвото ги постигнало кога и да е. Југословенскиот социјализам во кој се роди и израсна македонскиот културен и државен проект, беше просветителски и модернистички во вистинската смисла на зборот, што овозможи незабележан процут на сите области на културата, науката и уметностите. Ако ги споредиме делата и дострелите во југословенската културна продукција со кој било период од историјата – да, и со трите децении на нашата независнот – ќе видиме дека тоа било вистинското „златно доба" и на македонската култура и на културата на сите

држави и народи што произлегоа од распадот на југословенската држава. Не постои подобра дефиниција на социјалистичката Југославија отколку дека тоа беше единствената „реализирана утопија“ што светот ја породи.

Не е потребна некоја сложена и длабока анализа на историските факти, за да утврдиме дека Македонија никогаш не била помакедонска, а македонците никогаш не биле посреќни, побезбедни, поздрави, пообразовани, поеднакви меѓусебе, погорди граѓани на светот, масовно со поголем стандард, попочитувани и посакани, отколку што тоа беа во Титова Југославија. Ние бевме и најголеми добитници од таа неверојатна космичка случајност: македонската држава е југословенска доцна рожба, галено сугаре што – за жал – кога се осамостали, во своите зрели години почна да манифестира сериозна и понижувачка криза на идентитетот, но и тешка конфузија на основните морални вредности, криејќи го потеклото, молчејки за вистинските родители, и не славејќи ги вредностите што не создадоа: антифашизмот, слободата, еднаквоста, братството, секуларноста, просветителството и модернизмот.

И, наместо да ги негуваме вредностите што ги испивме со мајчиното млеко, ние допуштивме во Македонија да се случи нивната тотална негација: со земјата цела деценија да владее една профашистичка, реакционерна, партиско-клеро-мафијашка структура чијашто прва – и најтемелно изведена! – задача беше да го кретенизира македонското население со историски ревизионизам, малоумно антиквизаторско преродбеништво и длабоко понижувачки самозаборав. Така и понатаму молчиме за нашето југословенско потекло и се идентификуваме пред светот со триесет метарската грдотија на Алехан-

дро Магно на нашиот главен плоштад. Која брука, која срамота, кој чемер! Па – ова веќе го напишав, но ќе повторам: доколку големината на споменикот произлегува од неговиот историски придонес за постоењето на Република Македонија, тогаш на Тито, неговите партизани и социјалистичка Југославија, би требале да им изградиме споменик висок 16 километри, од титаниум, иридиум, злато и платина, за да се гледа со голи очи од вселената!

# HOMO NONSAPIENS MACEDONIENSIS

**22.12.2018**

> На место на старата „мудрост“ за непроменливиот мозок, денес невронауката пласти докази дека во мозокот се создаваат и нови неврони и нови синаптички врски.

Целиот дваесетти век неврологијата се развиваше зацврснувајќи ја догмата дека нервниот систем на човекот е анатомски и физиолошки потполно непроменлив, по периодот на раст и оформување во текот на детството. Дека бројот на клетки во мозокот – невроните, е непроменлив и дека тој број може само да се намалува со стареењето, е денес веројатно најпроширената заблуда во светот. Оваа догма прв почнал да ја поткопува младиот невролог Мајкл Мерценич, во своите есперименти со мајмуните, пред рамно половина век. Тој открил дека структурата на мозокот и нервите се менува и реструктурира на ќелијско ниво, и тоа не само во услови на повреди, туку и како последица на однесувањето односно

на движењето и учењето. Тоа беше првото научно откритие на денес во невронауката општо познатото суштинско својство на мозокот, таканаречената невропластичност.

На место на старата „мудрост“ за непроменливиот мозок, денес невронауката пласти докази дека во мозокот се создаваат и нови неврони и нови синаптички врски, та дури дека тој се развива и расте во текот на целиот живот. Всушност, невропластичноста е неговото основно структурално и функционално својство буквално во сите домени на неговата функција (и градба), и тоа како последица не само на дразби, сетила и движења, туку и поттикнат од чувства, мисли, перцепција, паметење и сеќавање. Еден од најголемите придонеси кон новата неврологија на мозочната невропластичност, е експериментот на биологот Ерик Кандел врз морските полжави аплисии, кои се особено погодни за истражувања од овој тип, поради ислучително едноставниот нервен систем и големите и лесни за набљудување нервни ќелии. Експериментот открил дека кога на полжавот ќе му се допрат пипците, тој рефлексно ги вовлекува, при што 90 насто од сензорските нерви е генетски и трајно поврзано со моторичките неврони што ги придвижуваат пипците. Но, доколку по допирот не следува болка или каква било заканувачка дразба, инстиктот за повлекување на пипците ослабува, се до фаза кога морскиот полжав станува сосем неосетлив на таа дразба и почнува потполно да ја игнорира. Е, Кандел добил нобелова награда за биологија зашто воочил и научно објаснил дека само по 40 дразби нервниот систем на аплисијата потполно ги реструктурирал своите синаптички врски, при што моторичките ќелии останале врзани само со 10 насто од сензорните неврони, како последица од процесот на учење.

Микроневрологијата денес буквално ги брои новите нервни ќелии и новите синаптички завршетоци и врски што организмот ги создава како последица од секоја негова активност, и што е најфасцинантно, не само од обрасците на однесување и моторичките движења и тренинзи, туку и од чисти ментални активности, мисли, чувства, мемории и емоции. Најфасцинантен доказ за последново е експериментот во кој со таканаречената транскранијална магнетна стимулација се мерени промените во мозокот на ќелиско ниво на две групи на испитаници, од кои едните требале да свират на клавир една иста мелодија два саати дневно во текот на пет дена од експериментот, додека другата група требала само да замислува дека ја свири мелодијата. Резултатот покажал дека невропластичните промени на мозокот се видни и по само пет дена активност, но и дека се сосем истоветни и кај двете групи! Тоа значи дека не само учењето и вежбањето, туку и мислењето, а особено долгорочното паметење го менуваат нашиот мозок пластично, исто како што со физичкото вежбање ги менуваме, зголемуваме и јакнеме нашите мускули. Невропластичноста на централниот нервен систем е најголемата еволуциска добивка на хомо сапиенсот, но и извориште на огромен број на патологии, зашто исто како што добрите обрасци на однесување - вештините, логичкото мислење и паметењето, не прават невропластично подобри, така и пасивноста, погрешните и штетните ментални ативности и состојби оставаат пластични, односно трајни последици и „дупки“ во мозокот.

Во областа на невропатологиите, науката своите продори ги заснива на експериментите врз најстарите видови на луѓе (од коишто настанале сите други хомо сапиенси),

таканаречените homo nonsapiens macedoniensis. Овој биолошки исклучително успешен вид што се расеал по целиот свет, кој сè уште најгусто ја населува својата прапостојбина Македоња Вечна, е од непроценлива вредност за невронауката, особено за истражување на невропластичноста, заради тоа што – поради биолошката старост, веројатно – има слична едноставна, да не речам простосрдечна, граѓа на нервниот систем како и онаа на морските полжави аплисии. Елем, на неполни два милиони примероци од овој вид бил извршен болен општествено политички и културен експеримент, кој, додуша, траел повеќе од една деценија, во кој на Македонците им е сменет идентитетот, сменети им се законите и сите обрасци на однесување, сменет им е целиот систем на вредности, за да се провери какви промени тоа ќе има на нивните мозоци. Резултатите се поразни: се покажа дека промените на македонскиот мозок не само што се невропластични и трајни, туку се и темелни до непрепознатливост. Македонците, исто како и апласиите, веќе не реагираат рефлексно на вообичаени етички или естетички дразби, а логичката и аналитичката мисла веќе воопшто не ја распознаваат и ја игнорираат. Одвратните грдотии во нивната престолнина веќе не им пречат, а кретенските закони за нив се норма, и сето тоа во слава на дарвинската способност за адаптација, што е овозможена од фасцинантата невропластичност што нивните мозоци ги претвори во дупки. Мистеријата за вечноста на груј-фашизмот е решена, слава и на науката!

# ЗАМАГЛЕНИТЕ ХОРИЗОНТИ НА НАШИТЕ КОПНЕЖИ

**29.12.2018**

> Минатото го градиме од заблудите за тоа што сме, а иднината ја предвидуваме низ очилата на нашите желби и очекувања.

И погледот station наназад, во минатото, како и погледот во непроѕирната иднина, секогаш нè ставаат во невозможна ситуација, зашто ние – човечкиот вид – не сме во состојба да го сфатиме времето. Затоа, сите обиди да го реконструираме минатото или да проникнеме со поглед низ темницата пред нас, се сведуваат на интроспекции, на очајни средби со самите себе си. Минатото го градиме од заблудите за тоа што сме, а иднината ја предвидуваме низ очилата на нашите желби и очекувања. И најчесто, погрешните убедувања за сопствениот идентитет и можности, се најодговорните „објективни историски сили“ што доведуваат до неисполнувањето на нашите очекувања. Навистина, што да очекуваме од новата 2019 годи-

на, кога 2018 не исполни со тивкиот јад на изневерените надежи, што ни ги истенчи резервите на трпение, разбирање и конструктивен оптимизам? Каде се замаглените хоризонти на нашите копнежи, а каде – во таа проклета несознајна иднина – да ги препознаеме цврстите точки за проектирање на нашите надежи?

Минатата година тешко потфрли безмалку во сите области во коишто го предвидувавме и очекувавме напредокот: во возобновувањето на правната држава, онаа вистинска правна држава што своето постоење го оправдува единствено преку дистрибуција на поредокот и правдата, а најмногу во својата улога на сервис и заштитник на граѓаните. Ова потфрлување на новата власт го предизвика најголемото разочарување на стотиците илјади граѓани што се чувствуваа силувани, заробени, уценети и заглупавени од единаесет годишното владеење на партиско-мафијашката држава на ВМРО. И, наместо општонародна катарза и системско реформирање и оправок од фашистичката диктатура, 2018 ни донесе дневнополитичка прагма, и некоординирано „снаоѓање" на купиштата раздробени државни органи и институции, што претходно функционираа „како машина" во строго пирамидалниот и субординиран авторитарен поредок.

Наместо чистење на фекалните остатоци од злосторничкото ребрендирање на нацијата во центарот на престолнината – и тоа, ребрендирање од модерна, образована и секуларна нација, во потчинета, заглупавена и залудна глутница на кретени што наместо со своите родители се идентификуваат со Алехандро Магно; велам, наместо брзото см`кнување на шизофреничната маска, ние ги одгледуваме фашистичките споменици и другите одвратни злоупотреби на архитектурата, уметноста и јавниот

простор, како да ни се дадени лично од единствениот бог севишни Јахве, со посредство на никој друг до пророкот Мојсеј. Понатаму, наместо темелно и координирано реформирање не само на правосудниот систем, туку и на целото тоталитарно и криминализирано законодавство, ние талкаме спроведувајќи го слепо наследениот криминален „законски“ поредок на ВМРО, во пародијата што ја нарекуваме „легализам“! И, конечно, наместо вистинска и сеопфатна обнова и системска реконструкција на граѓанското општество, првата година од новата власт ни донесе политика на континуитет на институциите на државата – истите оние што го „возеа“ жолтиот автобус на вмровската партија-држава – во кои најмоќната сила е инерцијата на бирократијата што својот легитимитет го црпи од сопственото соучество во создавањето и спроведувањето на криминалниот вмровски поредок на „заробената држава“.

Од друга страна, единствените вистински успеси во 2018 беа оние што никој ниту можеше да ги предвиди – па дури и да ги замисли – та, поради тоа, тие ниту беа цврсто вградени во нашите очекувања и надежи. Епохалното решение на грчко-македонскиот спор околу името, блесна како небеско тело што со неслутена енергија влета во нашата застојана и усмрдена атмосфера, засенувајќи ги со светлина нашите изневерени очекувања, осветлувајќи ја иднината толку остро и прецизно, што почнавме и да го мериме времето според датумите и случувањата запишани како пророштво во преспанскиот договор. Заедно со договорот за пријателство со нашите бугарски соседи - кој беше дипломатска рожба побрза од очекувањата на сите бабици – преспанскиот договор ни го структурира времето, ни ја осветлува иднината, ни

дава цврсти референтни точки за анкерување на нашите распарталени надежи, создава треперлива фатаморгана на нашата идна евроинтеграциска благосостојба.

Но, токму таа заслепувачка и нејасна светлинска илузија над хоризонтот, што е повеќе составена од нашите надежи и очекувања отколку од „цврста материја", токму таа визуелна пајажина од којашто ние ги ѕидаме нашите очекувања од Новата година, ги содржи трите сурови и безмилосни вистини – стапици, во кои е навистина тешко да не се падне. Првата се состои од едноставната и, верувам, секому спознајна вистина дека самото влегување во НАТО и проектираната евроинтеграција, нема и не можат да ни решат ниту еден од нашите внатрешни проблеми со кои сме тргнале на патот кон Европа. Втората е дека ниту една од земјите членки на НАТО, ниту една од членките на Европската Унија, и ниту пак двете семејства на држави, нема да пројави интерес да ги одзатнува нашите септички јами. Третата е пак, најстрашна: таа се состои од неодминливата автодеструкција што е производ на илузијата дека првите две стапици не се неизбежни и дека решенијата на нашите домашни проблеми ќе бидат решени самите по себе, со нашето зачленување во европските и трансатлантските сојузи. Така што, почитувани читатели, ви ја пожелувам онаа среќа во Новата 2019 година, што ќе ни ја овозможи паметта и одговорноста да ги одбегнеме стапиците кон кои веќе весело и самоуверено газиме.

# ДЕСНО ОД ЦЕНТАРОТ - ГУЖВА, ЛЕВО НЕМА НИКОГО

**05.01.2019**

> Сите партии, без оглед на нивните имиња и идеолошки атрибуции се тискаат десно од центарот, па во испразнетата лева половина од политичкиот спектар веќе нема никого... да се бори против фашизмот.

Додека светот ги илуминира ноќите со ватромети и други светлински изблици во слава на животот, само малкумина „расипувачи на забави“ остануваат незаслепени од блесоците на радоста, и успеваат да го согледаат растечкото глобално затемнување што веќе непристојно долго време и се заканува на планетата. Пред неполн век оваа закана радосно и гордо самата се нарекуваше „фашизам“, додека глобалното растење на неговото 21-вековно чедо, по историската компромитација на фашизмот во Втората светска војна, сѐ уште не го нарекуваме по татковото семејно име, туку нагалено, со поими како што се: „десничарски популизам“, „нелиберална демократија“ и разни други самозамајувачки еуфемизми. Но, застра-

шувачки факт е дека се повеќе либерални демократии не само што ги избираат своите лидери од редовите на „десничарскиот популизам", туку го менуваат и „однесувањето" на општествено-политичкиот систем, како да е нешто сосем друго од она што бил: од либерално демократски преоѓаат во тоталитарен команден капитализам со ултра-националистичка програма што се храни и ја потикнува омразата, гневот и незадоволството на „тивкото мнозинство", на пауперизираната средна класа. Иако светот веќе ја видел оваа плима на фашистички движења во дваесеттите и триесеттите години од минатиот век, интересно е дека денешново повампирување на фашизмот е сè уште „невидливо" не само за милијардите обични луѓе, туку и за интелектуалните елити. Како е можна оваа повторена „невидливост" на една толку чудовишна појава што по втор пат му се заканува со уништување на човештвото?

Одговорот на ова прашање е познат уште од почетоците на времето, зашто разумните луѓе одамна сфатиле дека човекот не е во состојба да ги „види" работите што ги „гледа", доколку нема предзнаење за нив или доколку нивното постоење барем не го претпоставил. Така е и во науката: додека не се претпостави некоја појава, додека не се создаде метафора за неа, ниту една научна теорија не е можна, и, ниту една појава не може да биде согледана и објаснета. Но, најневидливите феномени во природата, исто како и најневидливите апстрактни идеи во науките, се оние појави во кои сме целосно нурнати, зашто основната операција во сите човекови „прогледувања" е децентрацијата. За да согледаш нешто, за да решиш некој проблем, единствен пат е да „излезеш" од него, за да го согледаш од страна. Изместувањето на точката на

гледиштето вон центарот на појавата, е единствената метода со помош на која е можно мисловното согледување на нештата.

Тоа е и решението на мистериозната „невидливост“ на фашизмот: општествата на капиталистичката либерална демократија не можат да го забележат ова чудовиште зашто тоа се самите тие, па фашизмот не само што секогаш се раѓа од кризата на капиталистичката либерална демократија, тој всуштост е една нејзина форма или – како би ја нарекле хемичарите – тој е нејзина алотропска модификација (истото што изгледа поинаку и се однесува различно). Така што, глобалното застранување на капитализмот в десно, не е можно да се согледа зашто за последните четири децении светот ја уништи алтернативната левичарска точка на гледиштето, и тоа не само идејата за социјализмот – за комунизмот и анархизмот и да не зборувам – туку се откажа и од единствениот филозофски систем што можеше да ја препознае, да ја објасни и да се бори против чудовишната појава на фашизмот. Со исфрлањето на марксистичката филозофија и на нејзините деривати, човештвото се лиши себе си од интелектуалната алатка со која може да го „забележи“ и објасни новиот планетарен фашизам, и, се разбира, се обезоружа себеси од единственото природно и ефикасно антифашистичко оружје што му беше достапно.

Конечно, ако малку ја разбуричкаме плитката хоризонтала на нашата меморија, зарамнета од преобилството на информации што ни ја чинат конфузна и сегашноста, ќе видиме дека и оригиналните фашизми процутеа за прв пат како оружје на капитализмот против „заразата на комунизмот“ и „болшевичката наезда“. Поради тоа, фашизмот никаде не се бавел со демонтажа на капита-

лизмот – кој цутел во секоја фашстичка диктатура, туку со уништување на најлевичарското движење што кога и да е му се заканувало на капитализмот. И, да, наци-фашизмот во Втората светска војна не беше поразен од капитализмот, туку од неговиот единствен природен и смртен непријател – комунизмот, олицетворен во Црвената армија и партизанските движења во окупираните европски земји.

А, денес..., денес веќе нема левица во земјите што себе си сè уште се нарекуваат либерално демократски. Сите партии, без оглед на нивните имиња и идеолошки атрибуции во нив, се тискаат десно од центарот, па во испразнетата лева половина од политичкиот спектар веќе нема никого.... да се бори против фашизмот. Со светот никогаш не владеело поголемо едноумие од ова денес. А, напуштањето на лево ориентираната, а ќе да е и секоја друга филозофија од страна на човештвото, на крајот резултираше со предавањето на огромното мнозинство на сиромашни, несигурни, онеправдени и економски поробени луѓе на планетата, на милост и немилост на купчето од 0,00016 одсто капиталистички и политички олигарси. Навистина, што да се зборува за денешната левица, кога единствениот и најавтентичниот левичар на светската политичка сцена е осамениот Папа Франциско!?

И, на крајот, ако не ги препознавате знаците на пропаста, почитувани читатели, еве ви еден „тазе“: и Бразил, во низата на најголеми земји – според своите човечки, економски и природни ресурси: Русија, Иднија, Кина и САД, избра ултра-десничарски, ултра-националистички и расистички претседател, чијшто министер за надворешни работи влезе во својата канцеларија со ставот

дека „климатските промени се марксистички заговор“ скован против западните земји и Бразил! Не ви се римува ли ова со „глобалниот еврејско масонско болшевички заговор“ од времето на „првиот“ фашизам?

# ЗА НЕОЛИБЕРАЛИЗМОТ, НИ НОВ, НИ ЛИБЕРАЛЕН

**19.01.2019**

> Циклусите во кои либералниот капитализам го богати едниот процент, за потоа катастрофалните економски кризи и воени катастрофи да ги платат останатите деведесет и девет - упорно се повторуваат.

Никој не би требало да ѝ се сити на најголемата уставна криза на демократијата во Обединетото Кралство. Вакво непоимливо пијано и малоумно тетеравење на најстарата парламентарна демократија, на секој човек со здрав мозок би требало да му предизвика загриженост и дури егзистенцијален страв за сопствената иднина. Зашто, симптомите на агонија на разумот на некогаш „најпаметната“ нација на светот се непогрешно лоши знаци за здравјето на либералната демократија на целата планета. Првин се случи непромислениот референдум, во кој Британците излегоа да одговорат на прашање чиишто последици никој од нив не ги разбираше, поради што и најлесниот одговор беше оној што бара најмалку разум.

Потоа, цели две и пол години политичките елити ѓоа слепо се држеа за непромислениот „глас на народот“, за на крајот парламентот да го одбие договорот за излез од Европската Унија со најголемо мнозинство во британската парламентарна историја. Па така, применувајќи ги сите средства освен разумот, некогаш најмоќната империја на светот ја разниша вербата и во темелните механизми и вредности на самата демократија.

Референдумот наместо најверодостојното директно „владеење“ на народот, се покажа како најлесен механизам за произведување на општонароден раскол, политичка конфузија и неизвесна иднина. Парламентарната демократија покажа дека во тешки ситуации партиите престануваат да ги претставуваат своите избирачи и да го користат разумот, туку стануваат слепи за секој поширок интерес од оној теснопартискиот. И, на крајот, се покажа (по кој знае кој пат) дека либералниот капитализам закономерно произведува кризи кои со своите животи, скршени судбини и мизерија, секогаш ги плаќаат „долните“ 90 и кусур насто од населението. Токму како што тоа го пишуваше Карл Маркс во своите анализи пред повеќе од век и половина, во времето кога првата индустриска револуција и првиот размафтан либерален капитализам ги жнееше своите најголеми успеси.

Циклусите во кои либералниот капитализам го богати едниот процент, за потоа катастрофалните економски кризи и воени катастрофи да ги платат останатите деведесет и девет, упорно се повторуваат. Првиот либерален капитализам ги предизвика судирот и пропаста на европските империи во Големата војна. Вториот замав на либералниот капитализам ја предизвика најголемата економска криза во историјата 1929 година, потоа

планетарната појава на фашизмот, која експлодираше во Најголемата од сите војни. Третиот голем бран на либералниот капитализам од пред 40 години - што првин ги уништи придобивките на „опаметувањето" на човештвото по Втората светска војна и „златните триесет" години на државите на благосостојбата и социјалистичката идеја - пред десет години веќе ја произведе втората најголема глобална економска криза, и еве, денес, и повторната планетарна појава на идеологијата на омразата – фашизмот.

Да, историјата не се повторува, но нејзиното „римување" – како што тоа ингениозно го срочи Марк Твен – не може да не се забележи. Интересно е дека најскриениот и воедно најзагрижувачкиот симптом на глобалната криза на капитализмот, либералната демократија и на хуманистичките вредности воопшто, е токму неподносливото отсуство на филозофија, идеологија или каква и да е артикулирана политичка мисла што може да даде разумно објаснување на она што се случува. Еве како за тоа пишува во триесеттите Џорџ Орвел, во неговата малку позната книга „Патот за Виган": „Кога по прв пат се сретнав со невработените, бев запрепастен колкумина од нив се срамеа заради тоа... Не бев упатен во ситуацијата, но сепак сфаќав.... дека луѓето што останале без работа заради губитокот на странските пазари, се исто толку виновни за својата судбина како и оние што не успеале да ја добијат премијата на коњските трки во Калкута... А, горните класи сѐ уште зборуваа за нив дека се „мрзливи денгуби на социјална помош" и дека „сите тие би можеле да си најдат работа, само да сакаа"... Кога ги запознав, сфатив дека се работи за пристојни млади луѓе, што на својата судбина гледаат со немушта унезвереност

на животно фатено во стапица. Тие едноставно не можеа да разберат што им се случува... и, се разбира, во таква ситуација ги прогонуваше чувството на личен неуспех. Таков беше општиот став кон невработеноста: беше тоа катастрофа што ви се случила вам како индивидуа, и за која сте вие самите виновни.“

Ова е најужасната последица на секој либерален капитализам, а особено на денешниов неолиберализам – за кој, инаку, Ноам Чомски вели дека не е ниту нов, ниту пак е либерален – а, тоа е што не само цената, туку и вината за неговите системски и глобални кризи секогаш ги префрлува на индивидуата. Луѓето се првин „унезверени како животни фатени во стапица“, не разбирајќи што им се случува, а потоа, прогонувани од чувството на личен неуспех, неминовно развиваат одбрамбена реакција во која за својата несреќа го обвинуваат другиот, некоја малцинска група, некои други несреќници – овој пат се тоа мигрантите, минатиот пат беа Евреите – и, неизоставно колективниот бес се вперува во системот, во парламентарната демократија, која, на бранот на гневот и неартикулираното незадоволство се заменува со најлошто решение во вселената: со десничарска „популистичка“ диктатура, разбира се – со фашистичко идејно ударение и происход. Жртвите на транзицијата што станаа вмровци, брегзетирците, американците што го исфрлија Трамп на површина, источноевропските фашисти, жолтите елеци... вие веќе ја препознавате таа малигна „немушта унезвереност“, нели?

# „ТАКВО НЕШТО КАКО ШТО Е ОПШТЕСТВО НЕ ПОСТОИ“

**26.01.2019**

> Македонската стварност под власта на еден криминален и морално первертиран режим каков што е оној на ВМРО, во потполност структурално наликува на дистопијата во Вестворлд

Насловот е точен цитат од една од најславните изјави на „челичната лејди“ Маргарет Тачер, дадена во далечната 1987 за еден женски магазин. Триесет години подоцна, оваа изјава како да доби историска потврда дека станала она што филозофот Карл Попер го нарече „Едипов ефект“, самоисполнувачко пророштво што директно влијае на сопственото остварување. Навистина, откога лидерскиот пар Реган – Тачер, го започнаа глобалниот поход на неолиберализмот во раните осумдесетти, па до денес, веќе е јасно – и на голобално и на национално ниво – дека општествата исчезнуваат од мапата на човештвото. Првин, самодробејќи се однатре во процесот на атомизација и индивидуализација, а потем и со поли-

тички и економски диктираниот процес на евапоризација на најважните социјални придобивки што по еден век крвава борба се изборија за еманципација дури по Втората светска војна: социјалната правда, еднаквоста, синдикалното самоорганизирање, работничките права, јавните сервиси, праведната дистрибуција во уживањето и управувањето со општите добра... можам уште многу да набројувам.

Полната изјава на Тачер е вистински манифест на вечниот „нео“ либерализам, во кој низ славењето на индивидуата и индивидуализмот, всушност се формулира единствената филозофија на неолиберализмот. Едно, со кое се „убиваат две муви“: 1. се врши атомизација на социјалните групи што можат да се самоорганизираат во борбата за нивните права, 2. одвоените индивидуални или семејни ќелии се отуѓуваат една од друга во егоистичната битка за сопствениот просперитет, и 3. жртвите на глобалниот поход на неолиберализмот – во кој најголем дел од популацијата се „раздружува“, а крупните капиталисти се здружуваат – вината, значи, за сиромашењето или губењето на права се префрла директно на самите жртви, на индивидуите.

Вака гласи (се разбира, во мојот немушт превод) таа изјава во целост: „Мислам дека минавме низ период кога на премногу луѓе им беше овозможено да мислат дека кога ќе заимаат некаков проблем, неговото решавање е работа на владата. „Ако имам проблем, ќе добијам помош. Ако сум бескуќник, владата мора да ме удоми.“ Тие ги префрлаат нивните проблеми на општеството. А, знаете, такво нешто како што е општество не постои. Постојат само поединечни мажи и жени и постојат нивните семејства. И никаква влада не може да направи ништо а да не

е преку овие луѓе, а луѓето мораат да се грижат прво за себе си.“ Светот што го гледаме денес е полн со фрустрирани индивидуи што не знаат што им се случило, додека самите се грижеле за себе си и за своите семејства, и не знаат како осиромашиле, како ги изгубиле стекнатите права, работнички и социјални, како останале без пензија, без работа или во таканречен „прекарен“ статус, состојба на константна несигурност. Како од самодоволната средна класа на индивидуи станале припадници на класа што работи на договор, или пола работно време, или бара работа или тоне во безнадеж без работа; не знаат овие индивидуи како станале класен материјал за новонаречениот  „прекаријат“ - новата класа што уште од првата индустриска револуција упорно се бори да се искорне од својот работнички мизерен статус на „пролетаријат“; тоа се „гордите“ мажи и жени од тачеровскиот свет што ја надживеаја „челичната лејди“ во општества што не постојат.

Четириесетте години неолибералистички глобален кариер што го доживеа целата планета, а ние – постсоцијалистичките општества – го нарекуваме период на бескрајна „транзиција“ од општества во кои сите „индивидуални“ проблеми очекувавме да ги реши социјалистичката држава, во општества во кои сите сме индивидуи што се самите виновни за својата судбина, сите овие четири децении сведочиме – без разбирање за она што ни се случува – на моќни процеси на идеолошко перење на мозоци во кои новата религија на неолибералниот капитализам се претставува како природен тек на историјата, како нејзин крај, како неидеолошка „природна“ сосотојба на процесите на економијата, слободниот пазар и слободниот протек на капиталот, идеите и бла,

бла, бла. Суровото политичко истребување на социјалистичките движења, идеи и вредности, на некогаш моќните работнички движења и развиените системи и механизми за остварување на социјалните права, заедно со уништувањето на социјалистичките држави, исто како и на нивните современици – капиталистичките држави на благосостојбата, односно капитализмот со хуман лик, со имплементирани социјалистички програми; сето тоа се престори во сеќавање на пензионери и старци што бладаат за исчезнатиот свет на нивната младост.

А, всушност, на дело беше – и сè уште е – една моќна диктатура на капиталот, една нерегистрирана партија на 26 индивидуи чиешто богатство е еднакво на посиромашната половина на човештвото, на „долните“ 3,7 милијарди луѓе; сето тоа е реалност на самоостварувачкото пророштво на „челичната лејди“ што стана релегијата на 21-иот век. Религија што се темели на неколку основни догми: лажна дерегулација на економијата зад која се кријат протекционистички супер-регулации и инструментализации на државите и меѓународното право во полза на капиталот, рамните даноци, односно редукција на прогресивното оданочување и даночна амнестија на најбогатите, приватизација и драстично намалување на опсегот на јавните добра и уништување на секаков вид на синдикално, работничко или какво и да е друго организирање на осиромашените луѓе.

Накусо, религијата во која основната догма е дека општеството не постои, неумитно произведува општества што не постојат. И, што да ви кажам: социјализмот е, по се изгледа, единствената алтернатива како општество што навистина постои, но изгледа како веќе да е доцна за таа ерес. Или, можеби, не е?

# ПОДОБРО ДА ИСПАДНЕШ БУДАЛА, ОТКОЛКУ ОД ВОЗ

02.02.2019

> Ако сакаме темелни промени во државата, треба да ги менуваме темелите на државата!

Славната максима од насловот е на Грунф, членот на тајната и неверојатно смешна организација за борба против злото во светот, која веќе половина век ја следиме преку стрипчињата за авантурите на Алан Форд. Овој од урнебесен и необјасниво привлечен инфантилен хумор, од ден за ден се повеќе станува прецизниот опис на нивото на свеста, мислата и стилот на политичкиот говор во се повеќе земји во светот, а за најстарата од сите нив - Македоња Мракобесна – тој е веќе децениски закон. Што беше, и што е сè уште толку смешно во аланфордовските максими, кои како да пермутираат општи места, во хумор со сè уште неодгатната формула, не би се осмелил да кажам. Тоа спонтано течење на откачени инфантилни тавтологии, што успеаја да создадат една посебна плео-

настичка поетика – да се изразам едноставно и разбирливо – за мене е и ден денес извор на смеа, но и почит кон појава што нема лесно и рационално објаснување. Како и да е, никој не можеше ниту да сонува дека тој откачен и чудесен хумор денес ќе ја дефинира политичката реалност, се разбира, губејќи 100 насто од својот дух и ведрина, процвакан низ устите и праксата на македонските државотворни актери, претворајќи се во глупава и заморно банална стварност.

Дека е подобро да испаднеш будала отколку од воз (во движење, се разбира), е единствениот принцип што го водеше македонскиот шеф на државата, во донесувањето на сите негови политички одлуки, додека цели два мандати ја претвораше институцијата на претседател на државата, првин во извор на политичка нестабилност и неуставност, потоа во патологија на малоумност и гротеска што ќе ја срами нацијата уште долго, долго време, за на крајот да ја претвори во Ништо. Се разбира, возот од кој се плашеше да испадне целото време од своето „шефување", за да најде мир во состојбата на тотална будала, за Хорхе Еступидо беше – вие веќе погодивте, нели - возот што татни во спротивна насока од македонската иднина, политичка стабилност и просперитет. Не е за чудење, затоа, туку повеќе е за жалење, што в зори на претседателските избори што се пред нас, политичките партии и пристоен дел од јавноста, веќе воопшто не знаат што треба да се направи за да се реставрира непостоечката институција на шефот на државата. И, наместо да се замислиме што е навистина потребно за да се обнови оваа важна уставна функција на извршната власт - каква политичка акција треба да и ја поврати изгубената смисла на претседателската институција, како и каква личност е неопходно да се замоли и да се мотивира да го заложи

сопствениот животен, искуствен, вредносен и мисловен капитал, за да помогне во оваа невозможна мисија, ние повторно тонеме во плиткоумен перформанс воден од „плеонстичката поетика“ на аланфордовските јунаци, овој пат изговорена од шефот на тајната организација, таинствениот Број 1. Вели тој, длабокоумно: Ако сакаш да победиш, не смееш да загубиш.

Но, како што гледаме деновиве: сите институции на македонската држава се изпразнети од државотворна смисла и каков и да е поредок, не само правен, туку буквално било каков разумен поредок. Врховниот суд истрча да не потсети дека не само што цела деценија не ја врши својата уставна улога, туку дека сака сопствената празнотија да ја исполни со елементи од законодавната власт и, дури, да се игра малку и со улогата на Уставниот суд. Ова судско преточување од шупливо во празно, не потсети дека македонската република повеќе години, во сосем помирливо и незаинтересирано психичко расположение, живее без Уставен суд, односно со гротескно глупава зграда на Уставниот суд, но без функционален Уставен суд, туку со цврсто мнозинство личности што парадираат во торжествените тоги на уставни судии, без да ги исполнуваат уставните критериуми за судии на Уставниот суд, и без способност да обезбедат и глумечки перформанс кој би убедил и мало дете дека во таа провинциска претстава има каква и да е уставноправна супстанца. Или, во аланфордовска парафраза: Проклетство, овој суд е празен како празен суд!

Ако се завртиме налево и надесно, ќе забележиме дека практично нема ниту една институција – од сите три власти во државата, што успеала да ја задржи смислата на своето постоење, по повеќегодишното партизирање, криминализирање, демонтирање и декапацитирање,

што систематски и секојдневно се вршеше за време на вмровската диктатура на глупоста. Ниту една, освен Специјалното јавно обвинителство, кое е оформено вон системот на контрола на вмрото, а и тоа, кутрото, тешко дише во непријателското опкружување што го чинат практично сите структури на прегломазниот бирократски апарат на државата. Прегломазен, но испразнет од смисла. Испаѓа дека неверојатните успеси што ги постигнавме на планот на нашите меѓународни односи, со кои ги обезбедивме условите за долгорочна геополитичка стабилност, меѓународно признавање и гаранции за безбедност на нашата сувереност, унитарност и културна посебност; дека овие надворешни успеси на внатрешен план ни обезбедија мирен сон, пријатен заборав и безбедно и тивко слепило пред фактот дека цели година и половина од промената на власта, не сме успеале да смениме ниту една од системските карактеристики на „заробената држава“ на Груевски.

Не знам веќе дали вреди да се зборува или да се пишува за тоа, но за да обезбедиме вистински промени на подобро, треба да сфатиме дека метафората „заробена држава“ не смее да се сфати како нашата совршена држава да била заробена од мала партиско-мафијашка банда на Груевски и неговата вмро, а таа – кукла уплашена, седи деценија со врзани раце и трепка со очите во тивок очај! Не, туку тоа беше и сѐ уште е системска деградација не само на институциите на државата, туку и на моралните и културните вредности на целото општество. Така што, како што велат аланфордовците: Ако сакаме темелни промени во општеството, треба да почнеме темелно да го менуваме општеството. Или, подобро: Ако сакаме темелни промени во државата, треба да ги менуваме темелите на државата!

# ПО СТРМНА ИСТОРИСКА СУВОДОЛИЦА СО РАСИПАНИ КОЧНИЦИ

09.02.2019

> Македонската стварност под власта на еден криминален и морално первертиран режим каков што е оној на ВМРО, во потполност структурално наликува на дистопијата во Вестворлд

Државата што ја наследивме од единаесетгодишната злоупотреба од страна на вмро е како жолт автобус пуштен да се тркала по стрмна историска суводолица со расипани кочници, пролупан мотор, расшрафено подвозје, испокрадени делови, што наместо тркала има дрвени трупци, а раздробената шасија е подврзана со сиџими и селотејп... Ние се возиме во него и понатаму не знаејќи што ни се случува, и очекуваме од новата екипа што управува со автобусот да го сврти тоа раскантано чудовиште од суводолицата на рамен асфалт, по кој меко и тивко ќе не однесе угоре, високо угоре кон нашата посакувана благосостојба. Но, како тоа нашиот нов шофер и неговата благонадежна екипа, што едвај го додржуваат

искршениот волан и возилото на куп, ќе го оправи проколнатиот жолт автобус, кога е тој во движење што се чини апсолутно несопирливо, надолно и опасно, како порој што надошол после разбеснетиот библиски предпотопен дожд?

Пред да се обидеме и да помислиме да ја одгатнеме оваа нерешлива апорија, оваа нова Замка 22, мораме да ги сознаеме структуралните, односно производните карактеристики на нашето државно возило. Неговиот производен сертификат е напишан во книвчето што го нарекуваме Устав, во кое се опишани сите градбени системи и делови, принципи и начела по коишто возилото е замислено и според кои треба да се употребува. Нашата држава е, според Уставот, (нема да читам ред по ред, не се секирајте, почитувани читатели), парламентарна демократија со политичко-економско устројство на либералниот капитализам. Темелните вредности на ова устројство се гаранциите за сите слободи и права на граѓаните, поделбата на државната власт, политичкиот плурализам, владеењето на правото, правната заштита на сопственоста и, да скратам, слободата на пазарот и претприемништвото.

Нашиот капитализам, со еден збор, треба да го карактеризираат сите основни својства на економскиот либерализам: слободата на движење на луѓето и капиталот, пазарното стопанство и слободниот пазар, како и ограничената и балансирана државна регулација на овие основни либералистички вредности. Улогата на државата е да биде јавниот сервис што ќе ги овозможи овие слободи, а регулацијата ќе биде балансирана само во сферите на општите добра, јавните сервиси (образование, правда, школство и сл.) и социјалната грижа, а во економските

односи таа ќе се фокусира само на регулацијата на монетарната и фискалната политика, јавната потрошувачка, безбедносната и меѓународната политика и слично. Е, да беше вака како што пишува, немаше ниту да се наоѓаме како избезумени патници во жолтиот автобус што се струполува по најстрмниот  дол од осојната страна на планината.

Наместо тоа, нашата држава се „вози“ според пререгулирана, суперконтролирана командна економија, според политичко-економски односи што најмногу наликуваат на командна компадорска капиталистичка држава, што некогаш гордо себе ќе си се нарекуваше фашистичка. Ќе ви сликувам само еден аспект на чудовишната пререгулација што е изведена во земјава во последнава деценија; пререгулација што според законодавството со која е донесена е сè уште и те како на сила, и е карактеристична само за тоталитаристичките држави - државите на тоталната контрола. Елем, во законодавствата на целиот слободен капиталистички либерализам, само три професии се традиционално „регулирани“ професии, а тоа се оние што имаат директна одговорност за здравјето, правната и имотната добробит на нивните клиенти. Тоа се медицината, правото и архитектурата, односно конструктерското градежништво. Само во овие професии либералната држава пропишува посебни овластувања и лиценци за пристап до професијата, со неопходни степени на образование, дополнителни државни стручни испити и специјални струковни етички кодекси. Сите други професии се по дефиниција слободни и пристапот кон нив и бавењето со дејностите од тие професии по стручното образование мора да е слободен. Тоа е таа основна слобода на работата, претприемаштвото, дви-

жењето на работната сила и на капиталот. А, што имаме ние, патниците на жолтиот автобус?

Кај нас нема закон што уредува материја од која било област, а во него да не се вметнати посебни услови со кои државата (министерот или министерството) го условува пристапот кон вршењето на сите можни професии со полагање на дополнителен испит (кај министерот - и според програма што ја пропишува министерот!) и плакање на суми пари за стекнување на овластување за работа – за физичките лица, односно лиценца за вршење на дејност – за правните лица. Никој, ама баш НИКОЈ во државава не го избројал бројот на лиценци и овластувања со кои се условува, ѓоа регулира, а всушност контролира и рекетира, бавењето со струки и вршењето на дејности, кои во либералниот капитализам би морало да бидат сосем слободни! Според моето скромно искуство, мора да ги има за најмалку неколку стотини дејности! Безмалку е полесно да се избројат дејностите и работите за кои не е потребно да и се плати рекет на државата за да се излезе на „слободниот пазар“ на трудот и капиталот; состојба што мислам дека не е достигната ниту во референтниот фашистички капитализам!?

Така што, законите коишто ја создадоа „заробената држава“ на Груевски останаа на сила и ден денес, и ние со болен ентузијазам ги спроведуваме и понатаму! Нивниот „останок“ во земјата би требало да е центарот на нашето внимание, а не бекството на нивниот творец!

# ВО ЛЕДЕНАТА СЕНКА ОД ТРАГЕДИЈАТА

16.02.2019

> Луѓето не се будат од затапеното трпење на злото кога работите се „навистина лоши“, туку кога ќе им стане подобро.

Замислен и згрчен, во ледената сенка од трагедијата што однесе премногу животи, чијшто безразложен бес уште не стивнал, свеста ми ја дразни упорното и здодевно појавување на народната поговорка „секое зло за добро“. Оваа толку често повторувана изрека – секогаш во моменти исполнети со несреќа, кога злото преовладува – од многуте народни изреки што не можев да ги разберам во младоста, ми беше можеби на врвот од „мудростите“ чијашто бесмисла најмногу ја повредуваше мојата морална интуиција. Кое проклето добро, по ѓаволите, може да произлезе од превртен автобус, дузина и повеќе трагично изгубени животи, повредени што се во критична состојба, многу ужалени семејства, и несреќа

и јад што кој знае колку долго ќе врежува лузни во човечките души? Иако со време најдов разбирање и објаснување за оваа народна мантра за преживување, сепак – не, никакво добро не може да произлезе од злото, барем не директно, секако не за жртвите. Ако запне човек да и најде рационална основа на поговорката, од злото трошка добро може да извлече само човечката заедница, и тоа под услов трагедијата да разбуди конструктивна решителност од несреќата да се извечат поуки за поправање на состојбите што го овозможија или предизвикаа злото. Да, почитувани читатели, единственото добро што може да произлезе од злото е поуката што ќе ја извлечеме за тоа да не се повтори.

Но, дали се луѓето способни да учат од грешките? Сите грешки што човештвото ги направило се во пазувите на минатото, та учењето од историјата би требало да биде најважната човечка дисциплина. А, како што ни кажува еден филозофски гигант – Хегел ли беше? – ако воопшто нешто научивме од историјата, тоа е дека ама баш ништо не сме научиле од неа. Па, иако учењето од минатото би требало да биде најлесниот и најефтиниот начин на учење, зашто за поуките со своите трагедии платиле другите, а не ние самите, испаѓа дека не само што тешко или никако не учиме од туѓите грешки, туку сме и прилично неспособни за учење и врз сопствените со јад и покој платени пропусти. Па, на прашањето дали македонското општество ќе научи нешто од оваа свежа трагедија, и дали со решителност и аналитичност ќе преземеме конструктивна акција што барем малку, барем симболично ќе ја намали неподносливата залудност на овие жртви, одговорот е: не знам. Или, поточно - не верувам.

При што, да се разбереме, почитувани читатели, оваа неверба не произлегува од животниот замор и песимизам, а ниту пак од циничниот увид во фактот дека Македонците сепак му припаѓаат на видот што арогонтно себе си се нарекол „сапиенс“, иако не успеал ниту еднаш во историјата да употреби разум во учењето од сопствените грешки. Невербата во нашата колективна способност да ги поправаме состојбите што самите сме ги предизвикале, произлегува од свежите искуства: ние сме општество што уништило, демонтирало и ограбило поголем дел од сопствената колективна целост и посебност. Што обезвреднило лавовски дел од државата и културата што ја наследивме од родителите и уште не покажавме доблест ниту да ја напишеме белата книга на нашите грешки, а камо ли подготвеност да исправиме било што суштетвено од планината грешки по чијашто каллива осојница тивко се лизгаме. Ние цврсто одлучивме – како и во поголемиот дел од деценијата на вмровското убивање на татковината – да глумиме нормалност, всушност, да го обезбедуваме континуитетот на нашето неразумно, мрзеливо и изопачено согледување на стварноста. Поточно, на нашето одбивање да ја согледаме изопачената реалност.

Луѓето не се будат од затапеното трпење на злото кога работите се „навистина лоши“, како што виспрено наведува Жижек, туку кога ќе им стане подобро, што ќе им ги разбуди очекувањата за уште подобро – кои ќе им бидат на крајот изневерени! Примерите за ова се безбројни: во Унгарија 1956 антикомунистичката побуна изби откога Имре Наѓ обезбеди две години слободно развивање на слободниот говор, Египетската „пролет“ изби во 2011 откога Мубарак го отпочна омекнувањето на својата че-

лична стега, сириската голгота отпочна не во времето на страховалдата на стариот Асад, туку после ѓоа демократските реформи на неговиот син. Па, и ние молчевме кога вмровската диктатура ја растураше македонската државна и културна супстанца од 2006 до 2014, а незадоволството од власта се зголемува дури сега, кога новата власт што не ослободи од прангите на диктатурата не ни го испорачува ветениот рај!? Ние не учиме од минатото, туку реагираме инстинктивно со бурно незадоволство кога условите за живот објективно ќе се подобрат, но истовремено кога нашите зголемени очекувања ќе бидат изневерени!

Без оглед на искуствата и поуките од историјата, ние реагираме како да сме првото човечко општество на планетата: кога е навистина лошо, трпиме и глумиме нормалност, во дарвинскиот опортунизам на преживувањето, но затоа го креваме гласот во гневно незадоволство – и за мали, поединечни проблеми – кога вистинската несреќа ќе биде надмината. Тој опортунизам не не двои нас – сапиенсите, од нашите „попримитивни" роднини, бидејќи колективното паметење го заменуваме со несвестен биолошки опортунизам, адаптирање на околностите на денот. Таа ниска, безмалку биолошки базична свест – или, поточно, несвест – ни го обезбедува и континуитетот што го глумиме во однос на ужасните историски грешки што ги направивме во изминатата деценија од вмровската темница. Исконскиот инстинкт за прилагодување и преживување ни го крати паметењето и не прави неспособни да ги исправиме грешките од минатото. И да произведеме некакво добро од сопствените трагедии, и барем од некое зло да произведеме добро.

# ИДНО ПОТРОШЕНО ВРЕМЕ

**23.02.2019**

> Баталете го чувството за осет: вмро буквално ја отуѓи иднината на нашите деца, зашто тоа не е чувство, туку чиста математика.

Не е спорно дека ние, луѓето, сме производ на повеќе од 3,5 милијарди години контунуиран процес на еволуција на животот на оваа планета, во која суштинскиот механизам на преживувањето на живите видови е нивниот биолошки опортунизам, односно брзината и успешноста со која тие им се прилагодуваат на надворешните промени. Кај нас оваа брзина се претвори во способност за културни и социјални промени што во однос на биолошкото мутирање претставува безмалку незамисливо илјада пати поголемо забрзување. Навистина, не постојат околности на кои човекот – и како индивидуа и како колектив – не е во состојба исклучително бргу да се адаптира. Оваа брзина е евидентирана уште во првите урбани цивилизации, но изгледа како забрзувањето да

се зголемува со текот на времето, до денешните случувања.

Интересно е дека со зголемувањето на брзината на културните промени, кај луѓето се појавуваат три сосем специфични психолошки прилагодби. Тие се неумитни последици од биолошкото економирање на мозокот да ги перцепира, меморира, разбере и употреби нештата што му се случуваат. Првата е површната утилитарност: почнавме да се интересираме и учиме за нештата само толку колку што сметаме дека е неопходно за нивната употреба. Втората е первертирана неуро-психолошка последица на првата: колку помалку знаеме за работите, толку повеќе ги употребуваме. И, третата произлегува од првите две, а тоа е дека пропорционално со зголемувањето на брзината на нашето „учење" и прилагодување, ни се крати и паметењето.

Времето, предметот на паметењето, е еден од најубавите примери за горе кажаното: ниту најпаметните примероци на видот не успеаја да го сфатат времето, но целиот свет денес функционира врз основа на несфатливо прецизните часовници, кои се основниот елемент буквално на секој процес и машина во светот. Никој не знае што е времето, а сите суверено го трошиме! Но, иако потполно несфатено, времето е вградено во самата срцевина на современиот капитализам, во кој е извршена таканаречената финансијализација на економијата, па најважната стока на пазарот станаа парите, всушност – позајмувањето на време. Ингениозен опис на оваа фундаментална измама наведува Жак ле Гоф од спис што потекнува дури од тринаесеттиот век и зборува за тогашните средновековни лихвари. „Лихварите се огрешуваат од природата на нештата, сакајќи парите да раѓаат пари како што

коњот раѓа коњ или магарето магаре. Лихварите се при тоа обични крадци, зашто го продаваат времето што ним не им припаѓа, а продавањето на туѓа сопственост без знаење на нејзиниот сопственик е без секое сомневање кражба. И, така, бидејќи не продаваат ништо освен исчекувањето на парите, тоест времето, единственото што лихварите го продаваат се деновите и ноќите." Ингениозно. При што, мора да забележиме, како што не потсетува Хорват, дека во средниот век никој уште не спорел дека времето му припаѓа единствено на Господ, а денес тоа е практично единствениот предмет на трговија, отуѓување и присвојување од страна на финансиските институции – црквите на финансискиот капитализам.

Не е случајно, значи, нашето чувство дека со преголемото задолжување на земјата во погубната деценија на вмро, Груевски и бандата практично ни ја украдоа иднината, односно времето на нашите деца. Баталете го чувството за осет, почитувани читатели: вмро буквално ја отуѓи иднината на нашите деца, зашто тоа не е чувство, туку чиста математика. Бидејќи заемодавците продаваат време, нашиот долг е всушност нашето време, а кога го должиш идното време на своите деца што никогаш нема да можеш да го отплатиш, тоа значи дека не постои ниту нивната иднина. Нашиот долг е математички искажана иднината, зашто идното време е единственото време со кое денес (и кога и да е!) се врши финансискиот промет. Иднината е единствениот ресурс што финансискиот капитализам денес го експлоатира и натрупува, а иднината на граѓаните на библиската земја е точно онаа вредност што коруптивниот мафијашко-партиски државен капитализам на вмро ја украде и улудо и неповратно ја потроши.

Кога дојдов до неповратноста на нашиот безизглед, се сетив на обратната пропорција помеѓу неразбирањето и употребата на нештата, од почетокот на моево тетераво писание. Нели до скоро слушавме, почитувани читатели, како вмровците врескаат: „Не сакаме простување, сакаме амнестија!“ Е, зборот амнестија, и на старогрчкиот коине јазик и во денешната употреба значи ништо друго до буквално – простување и заборавање. При што, најважен детал од ова врескање не беше барање амнестија за злосторите што таа фашистичка партија ги направи крадејќи ја нашата и иднината на нашите деца!? Не, тие бараа амнестија само за „крвавиот четврток“, зашто општата амнестија, односно безусловното простување за крадењето на петте милијарди евра од нашата иднина, ја добија и од меѓународната заедница и од сите нас, уште во првиот миг од смената на власта.

Останува уште само ние да побараме амнестија, простување на нашиот јавен долг – барем во износ што вмро го украде, на што имаме право и според меѓународното законодавство – од нашите меѓународни пријатели, во чиишто банки се чува нашата отуѓена иднина. Хаха, би дал рака само да им ги видам фаците на кредиторите на вемерето, кога Република Северна Македонија би им побарала простување на јавниот долг што ним им го должиме! Многу би сакал и да им го чујам одговорот, но пусти желби: никогаш нема да имам прилика да аплаудирам со една рака!

# ЗАРОБЕНО ОПШТЕСТВО

02.03.2019

> „Никој не е побезнадежно поробен од оние што грешно веруваат дека се слободни.“

Не верувам дека синтагмата „заробена држава“ е смислена со зла намера да ја замати суштината на вмровската партија-држава и да ни го одвлече вниманието од вистинските причини за нашата несреќа. Нека е и случајно непрецизна, оваа дијагноза на болеста од која болуваше македонското општество повеќе од една деценија, не само што е мистификаторска, туку е и смртоносно погрешна. Каква бесмислица: ниту државата беше заробена од Груевски и бандата, а ниту пак е денес таа „ослободена“. Како што секој со здрав ум може да забележи, македонската држава е во истата состојба во којашто беше и во времето на вмровската тоталитарна мафиократија. Таа си е жива и здрава, дури болно здрава, зашто функ-

ционира на истиот начин како што функционираше и за време на вемерето (само без мафијашката субординативна пирамида), а нејзините органи без какви и да е промени си ја вршат истата работа како и кога беа органи на вмровскиот фашизоиден тоталитаризам.

Вистината е како и секогаш премногу очигледна за да биде воочена, а тоа е така зашто дијагнозата на болеста беше погрешна од самиот почеток: не беше државата заробена, туку нашето општество! А, државата беше основното оружје, главната алатка на поробувањето! ВМРО имаше време да го редизајнира целиот државен апарат, сите институции на државата, заедно со целиот владеачки „софтвер" – стотиците поробувачки и криминални закони, со единствена цел: да ги држи граѓаните на Македонија потчинети, и со чувство дека немаат друг избор отколку да го прифатат губитокот на слободата како нешто нормално. Сите институции на државата, сите структурални делови на еден опресивен државен апарат, денес го изгубија својот Фирер, ја изгубија својата фашизоидна преродбеничка програма и своите мафијашки контролори, но останаа негибнати да функционираат по автоматизмот според кој се создадени, продолжувајќи го криминалното и малоумно владеење на државата над општеството и вршејќи насилство врз своите граѓани, наместо да бидат нивниот сервис.

Агенцијата за катастар е можеби најочигледниот – иако не и осамен – пример за тоа како еден државен сервис станал центар на отуѓена моќ, темен замок во кој се одлучува за судбините, имотите и иднините на граѓаните. Катастарот би требало, инаку, да биде тивок, услужлив сервис, каде што се регистрираат односно запишуваат правата на недвижностите. Таа јавна услуга би требало

да биде квинтесенција на државниот јавен сервис кој се плаќа со даночни пари, со кој се обезбедува веродостојноста на имотот, правните дела и инвестициите. Но, од сервис оваа институција се претвори во зол господар на животот и смртта; а, наместо само да се запишуваат, таму се утврдуваат правата на граѓаните, таму мрзоволно се одлучува дали воопшто ги имате или ги немате недвижностите што сте ги наследиле, купиле или изградиле.

Не ви се верува? Веќе ви го цитирав, почитувани граѓани, злогласниот член 143 од Законот за катастар на недвижности, во кој пишува дека „правото на сопственост и другите стварни права на недвижностите се стекнуваат со запишувањето во катастарот на недвижности, а престануваат со бришење на запишувањето." Внимавајте: не се запишуваат претходно стекнатите права – како што е единствено можно, туку тие се СТЕКНУВААТ со запишувањето! Каков државен криминал, какво ропство! Со овој член практично се бришат владеењето на правото и воопшто секое право, се негира реалноста на историјата на стекнувањето на сопственоста, се порекува значењето на фактите за купувањето, наследувањето или градењето на недвижностите... Со членот 143 буквално се ништат и правото и стварноста и се заменуваат со бирократското решение, со печат, со мистична парадржавна шалтерска волја!

Што е најсташно во оваа неуставна, апсолутистичка легислатива и пракса? Тоа што целата професионална заедница и покорното „пучанство" сè уште и упорно веруваат дека членот 143 ја кажува божјата вистина, дека него го донесе на земјата Пророкот лично, директно од Синајската гора... И, што и две години од „ослободувањето" никому во државава ова сурово неправо не му пречи,

никому ни да му текне овој поробувачки и недостоинствен срам да го избрише од законот... А, Агенцијата се претвори во митскиот змеј Шмауг, од Толкиновата приказна за Хобитите; мрзоволен змеј што лежи во пештера, во сред планина, врз сето народно богатство што го присвоил со сила, и ја наплаќа секоја „услуга“, секоја „информација“ што по никој основ не е негова, туку им припаѓа на оние што ги ограбува... И, згора на тоа, грешките во катастаските планови, поместувањето на линиите, меѓите, градбите и куќите, секогаш се толкуваат како поместувања на недвижностите, а единствената референтна состојба не е физичката реалност, туку катастарските планови. Поради тоа, граѓаните се секогаш виновни за „поместувањето“ на нивните куќи и меѓи, и никој не забележува дека оваа практика не се разликува ни за влака од кое и да е историски потврдено апсолутистичко самоволие. Заменувањето на стварноста со Агенциската односно државната волја, е всушност една од безбројните дефиниции на нашата изгубена слобода.

Мислам дека Гете беше генијот кој рекол дека „никој не е побезнадежно поробен од оние што грешно веруваат дека се слободни“.

# АМНЕСТИЈА БЕЗ ПОКАЈАНИЕ

**09.03.2019**

> Без покајание и казна, си го го трасираме патот за нова трагедија.

Иако почини чудовишен злостор против македонското општество и уставниот поредок, културата на целата нација, достоинството и идентитетот на граѓаните на библиската земја; иако ја ограби земјата за повеќе милијарди евра, ги фрли во мизерија дури и генерациите што уште не се ни родиле, злосторничкото здружување ВМРО-ДПМНЕ е сѐ уште регистрирано како политичка партија, се башкари во единствената активна casa del fascio во Европа и ги ужива сите права што Уставот ги гарантира на една демократска политичка опозиција. Тоа значи дека оваа фашизоидна мафијашка партија добила полна амнестија, простување и заборав на сите општествено-политички, економски, финансиски, социјални и културни злочини што ги сторила; амнестија што е да-

дена во некој матен и незнаен миг, во временскиот вир на промената на власта, тивко и молкум, та никој и да не ја забележал дека воопшто се случила?

Оваа општа амнестија, меѓутоа, претставува само суров технички чин на општ заборав, еден вид сенародна амнезија на која сите ние доброволно пристанавме: на состојба во која жртвите на злосторот немаат никаква сатисфакција во форма на правда, обелоденување на вистината за злосторот, а не добија, кутрите, ниту покајување или извинување од страна на познатите злосторници?! Ваквата амнестија, затоа, не само што не е општонародно помирување и цврста основа за градење на заедничко општество во иднината, туку не овозможува ниту да се извлечат вистинските поуки од децениските системски злостор. Амнестијата без правда, па макар таа била и само изрекување на вистината, дури само консензус дека мафиократијата на ВМРО е зло што не смее да се повтори, а да не зборувам за човечката потреба (на жртвите) да чујат зборови на покајување и извинување, ваквата амнестија само ја продолжува поделеноста на општеството, го пренесува незадоволството собирано цела деценија кон новата власт, и подмолно ја компромитира целата македонска иднина.

Стенли Хенкман, директорот на Институтот за правда и помирување во Јужноафричката Република, институцијата што ја наследи славната Комисија за вистина и помирување со која Нелсон Мандела и Дезмонт Туту успеаја да обезбедат транзиција од монструозен апартхејд во демократија, тврди дека амнестијата, односно „процесот на помирување, кој за крајна цел ја нема вистината и правдата, е осуден на пропаст“. Тој потенцира дека помирувањето е процес на окончување со ужасно-

то минато, само доколку е тоа воедно и начин да се дојде до вистината за злосторот. Иако е сосем вон рамките на процесната правда, туку е длабоко всаден во емоционалната и моралната интуиција на човечкиот вид, процесот на помирувањето може да биде успешен само доколку откривањето на вистината е проследено и со покајување на злосторниците. Испаѓа дека на човечката душа, која била убивана и ограбувана со децении, и е доволна сатисфакција само вистината за неправдата и извинувањето од злочинецот. Но, од ВМРО не само што не добивме ниту збор вистина до денешен ден, туку тие топтан, на чело со нивниот лидер – кој можеби бил и добар во нешто во другиот живот, велам можеби, зашто според неговото однесување како лидер на ВМРО тоа воопшто не изгледа можно - значи, целата таа разбојничка банда се однесува како жртва на политички прогон, како невини цивили фрлени да бидат растргнати од диви ѕверови за забава на римскиот плебс, и наместо покајување само папагалски ги повторуваат криците на своите жртви?! А, за покајание не може ниту да се сонува, зашто од злосторниците извира само праведничкиот гнев на онеправдени жртви!?

Не е згора оваа фашизоидна мафијашка дружина да се потсети дека тие идеолошки се декларираат – лажно, се разбира – како демохристијанска партија. А, во Светото писмо покајанието има клучно и незаобиколливо значење за секој чин на приведувањето кон Бога, за секој ден во верата. Вистинското библиско значење на покајанието значи „промена на умот". Во Библијата вистинското покајание резултира единствено со промена на однесувањето. Така, на пример, во Евангелието по Лука (Лука 3:8-14; Дела 26:20) Христ говори дека „им проповедав на

луѓето да се каат и да му се обраќаат на Бога чинејќи дела достојни за покајание". Дури и злогласната инквизиција ја условувала амнестијата со покајание: познат е случајот во Валенција, кога инквизиторите му се обратиле на папата Григур Деветти за совет во врска со голема група еретици што биле ставени „на испитување". Тој им наредил на инквизиторите еретиците да ги помират со црквата, бидејќи тие се покајале, што, се разбира, и било сторено.

Доколку грешниците од ВМРО не се запознаени – бидејќи се тотални дунстери за христијанскиот морал - дека Светото писмо се темели на искреното покајание што се докажува со „промена на умот" и промена на однесувањето со чинење на добри дела, сметам дека многу ќе им значи и фактот дека страниците на Куранот се практично исполнети со зборови со истото значење. „О, верници, бојте се од Алах и зборувајте ја само вистината"(сура Ахзаб, 71. ајет), и понатаму: „Вие што верувате, искрено покајте му се на Алах, за вашиот Господар да премине преку вашите зли дела, за во рајските бавчи да ве воведе..."(сура Тахрим, 8. ајет). Конечно, децениските поборници на суровото вмровско шеријатско лоповско право, би морало да се потсетат дека самиот израз „шеријат" потекнува од арапското „сариа", што го означува патот на покајанието, патот по кој би морало сите верници да одат низ своите животи. А особено вмровските верници.

Што ми е зборот: тоталната и општа амнестија на злосторничката партија ВМРО-ДПМНЕ, и глумењето на нормална либерална демократија во којашто институциите на системот – а особено судската власт – ќе ги санкционира неколкуте криминалци од врхушката на бившата мафиократија, е потполно погрешна стратегија со која цели-

ме да ја обезбедиме благосостојбата на општеството, возобновувањето на владеењето на правото и уставниот поредок и, се разбира, интегрирањето во европскиот „рај“. Без вистината за димензиите и природата на злосторот и без покајание од злосторниците, ние само го трасираме патот за нивното повторно раѓање и трагедијата на нашата повторна преродба, кој знае која по ред.

# ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА ШТО ТОА НЕ Е

**23.03.2019**

> „Демократија е единствено кога сите слободни граѓани ја имаат власта, а олигархија е доколку неа ја држат само богатите.“

Мислам дека нема уставна власт на планетава – со исклучок на неколку реликти - што за себе не тврди дека е воспоставена на демократски принципи и дека суверенитетот што ја дефинира не произлегува од народот. А, сепак, не знам за демократија во која народот навистина владее: губењето на значењето на зборот и празнењето на неговата смисла, е особено актуелно прашање деновиве, при крајот на тинејџерството на 21-иот век, кога во мнозинството земји што и во името и во уставот се декларираат како демократски, се остваруваат политики во коишто демократијата или не може лесно да се распознае, или не постои воопшто, или пак нема никаква смисла. Сведоци сме и на гротескен перформанс, или подобро речено, на тажен и траорен колапс на парламентарната

демократија и во Велика Британија, каде што таа – прва во новиот век - почнала да се кова дури таму некаде од крајот на 13-от век. Начинот на кој институциите на британската парламентарна демократија – еве, веќе трета година - се препелкаат во тотална неефикасност што се граничи со апсурд, не само што ја доведува во прашање причината за постоењето на демократијата – ако е тоа нешто воопшто демократија – туку и нејзината смисла. Ова би можело да забавува некои сеирџии, да не беше толку унисона историската поука од практично сите современи кризи на либералната демократија: тие секогаш завршуваат со десничарски популизам што пред неполн век не се срамеше себеси да се нарече фашизам. Ако би го искористил исказот што Адам Михњик го употреби за комунизмот, демократијата е ужасна не толку поради сопствените слабости, колку поради она што доаѓа по неа.

Но, ако земе човек да се замисли над секојдневните појави - и зборовите што ги означуваат - и си дозволи мислата невнимателно да му заталка во прашања што – додека постоеја филозофи – беа филозофски теми, ќе се вчудоневиди од празнотијата на темелните поими врз коишто се гради целата наша општествено-политичка свест и стварност. Ова особено се однесува на поимот на демократијата, за кој и децата знаат дека значи „владеење на народот“. Меѓутоа, и во теоријата и во уставното право, како и во практиката - во „живите устави“ (како што милуваат да се изразат правниците по вокација), владеењето на народот ниту постои, а ниту пак некогаш било остварено! Ако го следиме упатството на Тејар де Шарден - дека се што е можно е остварено, тогаш испаѓа дека демократијата во вистинската смисла на зборот, како

владеење на народот, воопшто и не е можна, бидејќи историјата не запаметила дека таа некогаш се случила на јаве!

Да појаснам некои детали околу овоа епохално откритие на топла вода, кое, сметам, почитувани читатели, од темели ќе го потресе светот... доколку имаме среќа работите да се завршат само со тресење. Еве и зошто: единствените два остварени облици на демократија се таканаречените „директна" и „претставничка" демократија. Трета форма на демократски систем на владеење уште не е измислен, иако дузини врвни светски мозоци деноноќно работат, на скриено и безбедно место, на нејзиното пронаоѓање. Елем, директната демократија е всушност претседателски систем на владеење, во кое владетелот се избира на „директни" или „непосредни" избори, додека претставничка демократија е таканаречениот парламентарен систем на демократија, во која се избираат претставници од политичките партии, кои потоа формираат партиско мнозинство во парламентот што го бира првиот министер на владата. И во двата системи на „демократско владеење" народот има во најдобар случај занемарувачко, а во реалноста никакво влијание врз политичкото одлучување, односно во вршењето на власта на избраните. Всушност, зборот и во колоквијална употреба и во јазичните стандарди означува владеење на политичарите и политичките партии што се врши ВО ИМЕ на народот. Чист еуфемизам, да не употребам потежок збор. Не е ни чудно тогаш, што под истиот поим што е разработен во уставите на парламентарните либерални и какви се не демократии, се одвива жив паноптикум на практики на владеење: фашизми и нацизми, диктатури, мафиократии, олигархии, плутократии и секакви дру-

ги видови на владеење на поединци и групи, владеачки елити што практикуваат власт над сите други, над народот, а во негово име. Тапа!

Најдлабок увид во слабостите на демократијата имал – кој друг, ако не – Платон, кој уште врз искуствата од првата демократија на планетата се посомневал во нејзината оправданост, сметајќи дека демократски избраните се секогаш под можностите на сфаќањето на прашањата за коишто треба да решаваат. Но, сепак, најчистата дефиниција на демократијата ја дал Аристотел, во неговата „Политика“: „Демократијата не е задолжително она кога мнозинството е тоа што ја држи власта. Од друга страна, олигархијата не е задолжително она кога малцинството ја има власта над системот. Доколку мнозинството во државата се богатите и ја држат власта, никој тоа не би го нарекол демократија, исто како што доколку мал број на сиромашни имаат контрола над поголемата популација богати, никој тоа не би го нарекол олигархија. Всушност, демократија е единствено кога сите слободни граѓани – а особено сиромашните – ја имаат власта, а олигархија е доколку неа ја држат само богатите.“

Што да се каже повеќе? Од Аристотеловата дефиниција е јасно дека демократијата во капитализмот воопшто не е можна, зашто во тој општествено-политички систем моќта – економската како и политичката – по природата на нештата ја имаат само оние што го поседуваат капиталот. А, во неолибералниот капитализам на 21-иот век нивниот број секавично се намалува. Со истата динамика како што исчезнува и смислата, та дури и привидот на демократијата.

# ДРЖАВА ШТО НЕ ГО ОПРАВДУВА СВОЕТО ПОСТОЕЊЕ

**30.03.2019**

> Од читањето на филозофските анализи на Платон и Аристотел за атинската демократија може да се разоткријат сите генетички мани на современата демократија.

Како што преку читањето на генскиот запис на еден човечки ембрион генетичарите денес можат да предвидат од кои наследни болести ќе биде болен уште неродениот човек, така и од читањето на филозофските анализи на Платон и Аристотел за атинската демократија и за државното уредување на античкиот полис, може да се разоткријат сите генетички мани на современата демократија... И да се предвидат и прогледаат безмалку сите системски причини за нејзиното пропаѓање. Читајќи ги овие сѐ уште најдлабокоумни мисли продуцирани од видот сапиенс – повторно и упорно - човек не може да не доживее вистинско откровение ѕирнувајќи низ нивната сегледачка оптика со која тие како милениуми нанапред да го набљудуваа грчењето и фибрилациите на

денешните истенчени и изопачени демократии, секаде по земјината шир!

Така, на пример, прашањето што Аристотел си го поставил во најтесниот фокус на неговиот филозофски интерес не било наоѓањето на идеалниот начин на владеење – целта што си ја поставил неговиот учител Платон, туку според него најважното прашање на едно државно уредување: неговата одржливост! Длабокоумноста на овој избор не може да се презголеми со зборови, зашто од времето на големиот Стагирец до денес – а особено последниве децении на глобалниот неолиберализам – прашањето на одржливоста на политичките системи, на државните уредувања, а особено на идеологиите и политиките на безмилосниот материјален раст, се покажа како судбоносно прашање што денес се поставува и за целата планета.

Прашањето со какво државно уредување треба да биде уреден секој конкретен полис, античката форма на град-држава, за да може да опстане, да трае и да се одржува низ времето, е централното прашање што Аристотел си го поставува во неговите дела. Самата смисла и причината за постоењето на полисот, на државата, тој ја гледа единствено во неговата функција на општа дистрибуција на благосостојбата на сите слободни граѓани, при што праведноста би морало да биде клучот на рамномерната распределба на заедничкото добро. Одржливоста на државата е можна само врз принципот на „реципрочна еднаквост" – како што нагласува Аристотел – еден вид на политички активна, инклузивна и партиципативна размена на добробит помеѓу рамноправните граѓани.

Така што, во оваа дефиниција на одржливоста на секое државно уредување, се сплотени принципите на взаем-

на, реципрочна еднаквост, на слободата на природно еднаквите граѓани и на општата дистрибуција на заедничкото добро, што можат да се остварат единствено преку Платоновиот принцип на праведност, кој е сфатен како грижа за добробитта на другиот. Доколку не ги почитува овие основни премиси во уредувањето на државната заедница, секоја држава е осудена на неодржливост и неминовна пропаст. На спротивната страна на овие основни својства и доблести на одржливата држава, се наоѓаат најголемите неправди, кои според Аристотел никогаш „не се чинат од нужност, туку единствено од амбиција другиот да се надмавне, надмине и надбие". Нарцисистичките узурпации на власта, извршени за задоволување на сопствените – лукративни, партиски или психопатолошки – потреби, ја прават државата штетна и непотребна, но пред се ја прават неодржлива и ја водат директно во пропаст.

И, тука, претпоставувам, почитувани читатели, веднаш ја забележавте очигледната контроверза на денешниот глобален капиталистички систем во кој сме сите длабоко нурнати, а тоа е дека не само што тој не ги поседува единствените својства на одржливост што го оправдуваат постоењето на државата, како што се реципрочната еднаквост, рамномерната дистрибуција на добробитта и грижата за доброто на другиот, туку и дека тој се темели токму на спротивните принципи: на безмилосната компетитивност, неограниченото и неправедно надмавнување на другите, нарцисистичкото и психопатолошко богатење и присвојување на општото добро, што ја продуцираат најголемата можна нееднаквост помеѓу луѓето... која денес е веќе пароксизматична. Според генетичките анализи на Аристотел, значи, неолиберални-

от капитализам е државно уредување во кое доблестите на слободата, рамноправноста и праведноста не се ниту можни, па според тоа, се работи не само за неодржлив систем на владеење, кој е осуден на неминовна пропаст, туку и начин на државно уредување што никако не го оправдува и своето постоење.

Ова лефтерно потсетување на длабокоумните мисли на античките филозофи – четиво досадно како одамна заборавена гимназиска лекција - не би имало некаква смисла, почитувани читатели, доколку и нашата држава не беше капиталистичка држава со груевистичко неолиберално ударение, што ја преземовме од канџите на вмровската партиска мафиократија во сосема неодржлива, декапацитирана, ограбена и до кретенизам обесмислена состојба. И, додека за овие неполни две години од „ослободувањето“ од диктатурата на ВМРО, новата власт успеа спектакуларно да ја разреши геополитичката закана за меѓународната безбедност на државата, и со тоа да ја обезбеди и нејзината стратешка внатрешна кохезија и унитарност, за длабинските генетички зафати и реформи со кои би се обезбедила нејзината аристотеловска одржливост, уште никој не почнал ниту да размислува. А, видовме, без темелните својства на одржливоста - реципрочната еднаквост, рамномерната дистрибуција на добробитта и грижата за доброто на другиот – нашата девастирана државна дребност тешко да може да ја обезбеди и самата смисла, а богами и оправданоста на своето постоење.

# ПОГОВОР

## Второ читање

Фељтонот, колумнистиката и уредничкиот коментар, политичката анализа или, пак, културната критика, ... веќе со децении наназад и со беспоговорен авторитет, ги задаваат толковните обрасци на она, вообичаено штуро и честопати нејасно пренесување на вестите во медиумскиот простор. Денес, меѓутоа, изгледа дека набројаните книжевни форми на довчерашниот свет - форми коишто ги објаснуваа важните собитија на секојдневието и ги расветлуваа неговите главни ликови како временски, епизоден след на некоја историска целина - самите стануваат настан во просторот изграден од кревки, привремени, а сепак, категорично соопштени мненија за правно-политичките, општествено-економските и културните структурни тенденции од најблиското минато. Поинаку кажано, праксата на објавување збирка од веќе објавени новински писанија во печатените и електронски медиуми, го претставува мигот на преобразба, пресоздавање на приказните за значењето и поврзаноста на, навидум, дискретни инстанци наредени долж временската оска, во приказни за носечките процеси во едно општествено окружување. Тоа е мигот на второ читање, ... на поинаква средба со индивидуалните сведоштва за одредена, доволно распознатлива или, дури и јасно заокружена етапа на колективно оджививеаното искуство.

Во случајов, второто читање на коешто сега сакам да се навратам, поточно, онаа веќе остварена средба со книгата колумни од Мирослав Грчев (Пирови победи на патот за Европа - тексто-

ви од скорешниот заборав 2016-2019, Темплум, Скопје 2020), ги содржи поттиците, навестувањата и последиците на соочувањата и судирите со втемелувачките општи места на современиот културен амбиент. Затоа, ќе почнам од почетокот - од моите високопарно соопштени уводни појаснувања за приодните патеки кон книгата на Грчев, ... патеки коишто и самите се веќе доволно разгазено општо место на тековниот критички дијалог со основната проблематика на книжевниот род, на неговиот израз и постапка.

Имено, постои извесна, молкум искажана согласност дека формата на колумнистиката во којашто Грчев е длабоко навлезен во последниве децении, има една и единствена тема: одбрана и реафирмација на модерниот и доцно-модерен канон на вредности, аспирации, творечки биографии, лични и колективни достигања. Самиот наслов на неговата книга (Пирови победи ...) наликува на потврда и застапување на надмоќниот, насилен евро-центричен модел на модерноста и модернизацијата - модел којшто не прави разлика помеѓу образованието и школувањето.

Што се однесува до изразот, ... делото на Грчев, барем навидум, како целосно да ги репродуцира преокупациите на матичната книжевна форма; тука се работи за израз натопен во негативната есхатологија на опаѓањето и, речиси неизбежната пропаст на погоре набројаните одредници од задолжителниот список за идентификација на модерниот идентитет. Се разбира, во улога на концептуална противтежа на „катастрофичните“ визии на иднината, Грчев редовно го приведува и противречното барање за мобилизација - за изградба на новиот, преку темелната обнова на стариот, познат и удобен свет.

Конечно, на ред е постапката, односно, проблематиката на приодот кон темите и кон хиерархијата на аргументи понудени пред второто читање на она што е познато, а ново. И веднаш

ќе подвлечам дека изборот на постапката најнапред го разоткрива односот на авторот кон сопствениот репертоар на општи места чиишто, пак, лесни деривати дополнително и нецелосно се појавуваат во текстот како навики, очекувања и предрасуди. Во тој поглед, Грчев се надоврзува на долгата и доблесна традиција на каузалните јазични врски, поточно, на една нео-позитивистичка доктрина родена во почетокот на минатото столетие. Сепак, неговата примена на зборовите коишто стекнуваат значење при нивната употреба, добива современо толкување и уточнување во силогизмот на функционалното, историски насочено објаснување - постапка којашто е мошне блиска до обратното, пресвртено логичко изведување на врски помеѓу фактот (тековната стварност) и условите за неговата можност (причини од поранешната стварност). Накусо, постапката на Грчев е историзирање на психо-социјалните чинители, спроведено преку спротиставување на минатото нарушено од моќната единка и иднината загрозена од беспомошната заедница.

## Трето читање

Општите места на современата гео-култура се само спонтани, условени изблици на процесите на социјализација. Потребно е трето читање за да се отвори пристап кон мачното носење одлуки и правење избори во творечкиот процес. Поточно, потребни се допонителни напори за допирање до замислената, а сепак, вистинска автономија на авторот. Кај Грчев, третото читање ги поставува прашањата за потеклото на една, мошне специфична и конкретна определба, ... поимно заснованата организација и презентација на четивото.

Впрочем, доволен е еден поглед врз насловите наредени во содржината на книгата, за да се заклучи дека станува збор за збирка од енциклопедиски интонирани одредници за некои

од клучните поими на модерноста: држава, демократија, нација, општество, идентитет, право, политика, партија, република, либерализам, фашизам, ... слобода. Но, ова јасно соопштено чествување на просветителството и просветленоста е производ на дидактички, а не педагошки одлуки. Текстовите на Грчев се цврсто вплетени во мрежата на актуелноста и историчноста на македонското секојдневие, прикажано во дијалектичката врска помеѓу недофатливиот, нараснувачки системски неред, и стабилното продлабочување на поларизацијата во општествените разногласија. Оттука, привидната несомерливост помеѓу голата поука (образование) и раскошното знаење (школување), изгледа дека е бесполезно да се дебатира. Ќе повторам уште еднаш, изборот на авторот е остварен во поимно заснованата организација и презентација на четивото, та следствено, и во носењето на јасни дидактички одлуки; предност имаат поуките за она што воопшто може да се соопшти, за она знаење коешто го содржи молкот на незнаењето, за кревкоста на општествените конструкти коишто ја легитимираат рационалноста на спротиставените толкувања на јавниот интерес.

Сепак, останува нејасно потеклото на личните избори и самостојни одлуки кај Грчев. Би се рекло дека третото читање на Пирови победи на патот за Европа не дава доволно цврста подлога за одредување на либералниот универзализам како идеолошко извориште и методолошко упориште на приведените текстови. Бидејќи - да не оставам простор за недоразбирања - во капката македонска стварност за којашто пишува Грчев, несомнено се одразува и целиот свет, ... тоа е капка којашто самата раскажува за вистините на океанот. Од друга страна, пак, четивото како да потекнува од некоја поинаква замисла за универзалноста - замисла којашто настојува да се оддалечи и да се одрече од постојано присутниот призрак на расизмот и сексизмот во доминантната либерална гео-култура. Тогаш, од што се состои идеолошкиот супстрат на којшто виреат стојалиштата

на Грчев? Тука, се разбира, пред сè мислам на неговите напори за посредување на една категорија (општото и општоважечкото), преку значењата на поимите во употреба (посебното и поединечното).

Еве, ќе се осмелам да нагаѓам дека идеолошката (класно-социјално определена) подлога на Пирови победи на патот за Европа, е изградено од транс-атлантското, ролсовско толкување на егалитарниот либерализам. Ова нормативно јадро на моралното општество - во процес на засега нејасна акреција - е обложено со тенок слој на пост-марксистички (не-економски) тематизации на социјалната правда и меритократски појаснувања на општествената, статусна и трудова стратификација од либертаријанско потекло. Толку за идеологијата!

За крај, должен сум да одговорам на настојчивото прашање за важноста на моите мотиви и за издржаноста на мојот приод кон збирката текстови од скорешниот заборав, Пирови победи на патот за Европа од Мирослав Грчев. Навистина, ... значи ли нешто сево ова?

Да, ... под одредени услови. Не сакам никого да терам или убедувам дека треба да ја чита книгата на Грчев. Ова е поговор, та мојата намера е да поттикнам препрочитување на овие колумни - пожелно, преку активен дијалог со авторот и неговите теми, ... и надвор, настрана или отаде можностите коишто јас се обидов да ги понудам како груба, недовршена скица за љубопитноста на читателот.

Бојан Иванов

ноември 2020, Скопје





збирка скаски идиот што ги реди... за македонскиот политички канцер наречен вмрома, злиот вол од водњанскиот дол, скопските копролити скриени под брдо, свеста на македонскиот стаорец, темниот ендек што мириса на буниште, пандорината кутија на европа...